РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1318

Скопје, 15 ноември 2024 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
**проф. д-р Биљана Ангелова, ректор**

**Уредник на Билтенот:**
**Илија Богоевски**

**Лектори:**
**Весна Илиевска-Цветановска**
**Соња Попоска**

**Техничко уредување:**
**Зоран Кордоски**

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1318 ОД 15 НОЕМВРИ 2024 ГОДИНА


**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Теодора Михајловска**)....................6

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Симулационо моделирање на водостопански системи** од авторот **вонр. проф. д-р Стевчо Митовски**....................7-22
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Валон Весели**)....................23
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Бејан Моукоч**, **Дарко Јовески**, **Ирена Јакимоска**, **Јована Кузевска**, **Кристина Ицковска**, **Мерита Исмаили**, **Методиј Хаџи Паунов**)....................24-25

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Гордана Ѓорѓиевска, Марија Наумовска, Милан Ѓорѓиовски, Тања Танеска, Елена Даскаловска, Марија Стојановска**)....................26-27

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област маханика на Машинскиот факултет – Скопје (**д-р Марјан Цидров**)....................28-35
2. Рецензија на ракописот **Современи материјали: Вовед во модерните инженерски материјали** од авторката **вонр. проф. д-р Елисавета Дончева**....................36-41

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: хирургија, здравствена нега и пластична хирургија, на Медицинскиот факултет – Скопје (**вонр.проф. д-р Боро Џонов**)....................42-56
2. Реферат за избор на два наставника во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геронтологија, здравствена нега и хепатогастроентерологија, на Медицинскиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Калина Гривчева Старделова, вонр. проф. д-р Ѓорѓи Дерибан**)....................57-95
3. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања во научните области (дисциплини): патофизиологија и нуклеарна медицина, на Медицинскиот факултет – Скопје (**ас. д-р Анамарија Јанкуловска**)....................96-106
4. Реферат за избор на едно лице во научно звање во научните области: гинекологија и акушерство, гинекологија и акушерство со нега, на Медицинскиот факултет – Скопје (**ас. д-р Ромир Кадриу**)....................107-119
5. Реферат за избор на еден асистент по предметот Епидемиологија со биостатистика и медицинска информатика на Медицинскиот факултет – Скопје (**д-р Љубица Лазаревска**)....................120-124
6. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Имплементација на фокусирана проценка со ултрасонографија кај траума (еФАСТ) во Универзитетскиот ургентен хируршки центар – ТОАРИЛУЦ** од **д-р Никола Брзанов**, пријавена на Медицинскиот факултет – Скопје....................125-134

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област применета политика на политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први” – Скопје (**вонр. проф. д-р Милена Апостоловска Степаноска**)........................................................135-151
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Владеењето на правото како темелна вредност на Европската Унија и процесот на европска интеграција и во политиката на проширување со фокус на Западниот Балкан** од **м-р Лепосава Огњаноска Ставровска**, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје.........................................................................................................................152-171
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Стекнување на правото на сопственост во македонското и споредбеното право** од **м-р Бесиана Џафери-Беќири,** пријавена на Правниот факултет ,,Јустинијан Први” - Скопје................172-180
4. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Распаѓањето на Југославија и создавањето на нови држави во меѓународното право** од **м-р Ферит Идризи**, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје...............................181-184
5. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Никола Љ. Илиевски, м-р Алма Доко, м-р Ирена Јосифова**).......................................................185
6. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Драгана Петковска, Блаже Камчев, Николина Климовска, Марија Витанова, Кирил Стојков**).............186

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) математика на Природно-математичкиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Анета Гацовска-Барандовска**)......................................................................................187-203
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) општа етнологија, национална етнологија, општа антропологија, културна антропологија и социјална антропологија на Природно-математичкиот факултет – Скопје (**проф. д-р Инес Црвенковска Ристеска**)..........................................................................204-234
3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област нуклеарна физика и физика на Природно-математичкиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Ламбе Барандовски**)......................................................................................................235-250
4. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област биофизика и физика на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Ристе Попески-Димовски**)..........................251-264
5. Реферат за избор на еден асистент од областа на ботаника, екологија и животна средина и биогеографија на Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет – Скопје (**м-р Сара Вурмеска Цветаноска**)............................................265-272
6. Рецензија на ракописот **Етнографски материјали од професорот Ѓорѓи Здравев**, втора книга од авторите **Ѓорѓи Здравев** (автор) и **Инес Црвенковска Ристеска** (уредник).....................................................................................................................273-277

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**
1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Павел Илоски**)..........................................................................................................................278

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**
1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област заразни болести, на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје (**вонр. проф. д-р Кирил Крстевски**)..................................................................................................................279-295
2. Рецензија на ракописот **Болести на дигестивниот систем на преживните животни** од авторите: **проф. д-р Дине Митров** и **проф. д-р Игор Џаџовски**.....................296-300

3. Рецензија на ракописот **Практикум за вежби по ветеринарна имунологија** од авторите: **проф. д-р Искра Цветковиќ, проф. д-р Славчо Мреношки** и **ас. Ивана Шикоска**....................301-304

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **од областа на музичката интерпретација на делата Соната за пијано оп. 111 бр. 32 во c-moll од Лудвиг ван Бетовен, *Гробот на Купрен* од Морис Равел, *Павана за починатата принцеза* од Морис Равел и Концерт за пијано и оркестар оп. 2 бр. 2 во g-moll од Камиј Сен-Санс и теорискиот труд „Почетните школи за пијано во Косово** од **м-р Агрон Шујаку**, пријавена на Факултетот за музичка уметност - Скопје.......................................305-308

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**исправка**) (**Марија Јанакиевска**).........................................................................................................309
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ивана Тасевска, Катерина Илијоска, Сања Јосифовска, Дамјан Бужаровски**)..................................310

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: англиски јазик (6.02.01.16) и преведување и толкување (6.02.01.31), на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје (**д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска**).....................................311-328

**ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ, ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“**

1. Рецензија на учебното помагало **Практикум по Урбана дендрологија** прво издание, од авторот **вонр. проф. д-р Бојан Симовски**.........................................................................................329-333

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) аналитичка хемија на Земјоделскиот институт – Скопје (**д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски**)..........................................................................................................334-349
2. Рецензија на ракописот **Карантински вируси и фитоплазми за Република Северна Македонија** прво издание, од авторката **д-р Катерина Банџо Орешковиќ**.......................350-355

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Рецензија (на македонски и на англиски јазик) за оцена на докторската дисертација **Подобрени самоцентрирачки челични рамки со дијагонали во сеизмички активни региони** од **м-р Ангела Попоска**, пријавена на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје................................................356-372

**ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО И РИБАРСТВО**

1. Реферат за избор на едно лице во сите наставно-научни звања во наставно-научната област: биохемија и физиологија на Институтот за сточарство и рибарство – Скопје (**д-р Петар Петров**)...........................................................................................................................373-394

**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Елмазе Нура**)............395

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор на истражувач во сите научни звања во научноистражувачките области: историја на Македонија (6.01.01.01) и историја на стариот век (6.01.01.03) во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 година) на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје (**д-р Дамјан Донев**).....................396-409

***Прилоī бр. 5***

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | М-р Теодора Михајловска | **ПАРАМЕТАРСКО ПРОЕКТИРАЊЕ НА ЛАЦИ И ЛУШПИ СО ПРИМЕНА НА ГРАФИЧКА СТАТИКА** | PARAMETRIC DESIGN OF ARCHES AND SHELLS USING GRAPHIC STATICS | проф. д-р Ана Тромбева – Гаврилоска | 08-6/117 од 7.11.2024 година |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

**НА РАКОПИСОТ „симулационо моделирање на водостопански системи“ ОД АВТОРот вонр. ПРОФ. Д-Р Стевчо Митовски**

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, арх. бр. 02-2/153-349 од 8.11.2024, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Симулационо моделирање на водостопански системи“ од авторот вонр. проф. д-р Стевчо Митовски, наменет за студентите на Градежниот факултет во Скопје, за предметот Симулационо моделирање на водостопански системи, избрани се: проф. д-р Љубомир Танчев и проф. д-р Љупчо Петковски.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

I. Општ дел

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| Назив на ракописот: | Симулационо моделирање на водостопански системи |
| Назив на предметната програма: | Симулационо моделирање на водостопански системи |
| Назив на студиската програма: | Градежништво – хидротехника (втор циклус на студии) |
| Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | фонд на часови: 3+2<br>5 ЕКТС |
| Предметот Симулационо моделирање на водостопански системи на Градежниот факултет во Скопје е изборен предмет со фонд на часови 3+2, број на ЕКТС-кредити – 5 и се слуша во третиот семестар. | |
| Реден број на изданието: | прво издание |
| Општи податоци за ракописот: | Ракописот кој е предаден на рецензија е напишан во формат B5 на компјутер, со големина на фонт 11 точки. Содржи насловна страница и 8 воведни страници (нумерирани од i до viii) во кои, покрај општи работи, даден е и список на табели (вкупно 4) и на слики (вкупно 42). Главниот текст содржи 132 страници, поделени во 5 поглавја плус користена литература. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Љубомир Танчев, с.р.**
**Проф. д-р Љупчо Петковски, с.р.**

## I. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Љубомир Танчев

| | |
|---|---|
| Краток опис на содржината: | Главниот текст на учебникот „Симулационо моделирање на водостопански системи”, наменет за студентите што го слушаат истоимениот предмет на втор циклус студии на Градежниот факултет, содржи 132 страници, уредно нумерирани, поделени во 5 поглавја плус користена литература.<br><br>Во првото поглавје – *Вовед*, на 16 страници, илустрирани со 10 слики и 4 табели, даден е богат приказ на расположливите води на планетата Земја и во нашата Република – ресурс, без кој би бил невозможен животот. Наведени се и областите во кои е неопходна, како и методите за нејзино користење. Илустрирана е и нејзината нерамномерна распределба како по простор, така и по време. Анализиран е развојот на цивилизацијата, поврзан со развојот на водостопанските системи. Истакнати се трите фази во развој на водостопанските системи, поврзан со порастот на потрошувачката на вода. Потоа се прикажани трите клучни, доста различни, но поврзани области на еволуцијата, кои во последниве 50 години битно влијаеле во донесувањето одлуки за водните ресурси. При крајот на првото поглавје, накратко е даден развојот на водостопанските системи, поврзан со рационалното користење на расположливите квалитетни води, кои се помалку ги има. Јасно е укажано на комплексноста и повеќедимензионалноста на управувањето со водостопанските системи, заострена со тешкотиите за обезбедување на потребните количини вода за различни корисници, со заостреното прашање за заштита на водите и, во врска со тоа, опасностите од сè поголемото загадување на водата и деструкцијата на водните екосистеми. Потенцирано е дека за справување со заострени барања за обезбедувањето на потребните количини на вода по време, простор и квалитет, потребно е планирање на комплексни водостопански систем, што подразбира формирање на нови акумулации, со рационално планирање и ефективно управување со акумулациониот простор. За да се постигне таа важна цел, неопходна е примена на напредна техника и алатки за управување со водните ресурси.<br><br>Второто поглавје – *Историски развој на симулацијата и симулационите модели*, содржи 24 страници со 8 слики, и е поделено во три точки. Во првата точка –Појава и развој на кибернетиката и програмските јазици како |

| | |
|---|---|
| | предуслов за симулационите модели – објаснет е поимот „кибернетика“, кој во литературата е дефиниран на различни начини. Потоа е опишан развојот на кибернетиката, при што клучна улога изиграле програмските (алгоритамските) јазици, кои содржат вештачки збир на инструкции кои му овозможуваат на човекот да комуницира и да ги управува пресметувачките машини. Истакнат е значајниот напредок на ова поле со појавата на современи програмски јазици, како FORTRAN, ALGOL, LISP, PL/I, COBOL. По кусиот опис на наведените програми, како и на некои други, развиени во поново време, заклучено е дека се креирани повеќе програмски пакети за симулационо модеделирање, базирани на ALGOL, FORTRAN, C++ и Java Script.<br>Во втората точка – Симулација – општо, дефиниција, генеза и развој – јасно е дефиниран поимот „симулација“ со главните карактеристики, со опширен приказ на истражувањата досега спроведени со примена на симулацони модели. Дадена е генезата и развојот на симулационите модели, кој што е тесно поврзан со напредокот на кибернетиката и програмските јазици. Оваа точка е илустрирана со три слики, и тоа: *шематски приказ на систем; категоризација на системи; концепт за проучување на одреден систем.*<br>Во третата точка – Примена на симулациони модели за моделирање на водостопански системи – преглед на позначајни досегашни истражувања во обласа – како што покажува и насловот, на десетина страници, даден е детален преглед од примената на симулационите модели за моделирање на, главно, сложени водостопански ситеми, со нивен графички приказ на седум слики. Ова е многу полезно за разбирање на проблематиката, особено што меѓу опишаните и илустрирани проекти, нашле место и проекти од нашата Република, во кои учествувал и авторот на учебников, со колеги од обласа. Притоа, потсливот на реката Треска со повеќе акумулации е илустриран на две слики.<br><br>Третото поглавје – *Управување со водните ресурси*, содржи 22 страници и е илустрирано со две слики. Уште на почетокот на поглавјето укажано е на комплексноста на прашањето за управување со водните ресурси и наброени се бројните фактори кои ја потенцираат неговата сложеност. По воведниот дел, поглавјето е обработено во пет точки.<br>Првата точка – Размер на управување со водните ресурси – при што како прва инстанца во управувањето со водните ресурси се дефинирани просторот и временскиот домен, а идентификувана е просторната нерамномерност на водните ресурси |

| | |
|---|---|
| | како дополнителен аспект, со кој е отежнато нивното управување, а сливот е означен како природен систем со дефинирана граница.<br>Во втората точка – *Пристапи при управување со водните ресурси* – најнапред се анализирани двата генерални пристапа при управувањето со водните ресурси: од горе кон долу, наречен команда и контрола и од долу кон горе, наречен уште изворен пристап. Потенцирана е потребата при управување со водните ресурси да се применуваат современи аналитички алатки. Нагласено е дека во последниве декади се применува пристапот сите засегнати страни задолжително да бидат вклучени во процесот на донесување на одлуки уште од самиот почеток, со што е овозможена добра соработка и посветеност на плановите што се донесуваат.<br>Третата точка – Одредени аспекти и концепти на управувањето со водните ресурси – е поделена на неколку потточки: *технички аспект; финансиско-економски аспект; институционален аспект; модус за заедничка визија и градење на консензус; модус на адаптивност; интегрирано управување со водните ресурси; концепт на одржливост и одржлив развој*. Во сите нив, со текст, цитирана литература и преку две слики, се појаснуваат наведените аспекти, значајни за разбирање на управувањето со водните ресурси.<br>Четвртата точка – Осврт на примена на системска анализа при управување со водостопански системи – наведени се два нови развојни правца кои последниве декади се сметаат за многу важни при управувањето со водните ресурси: апликацијата на техниките на системска анализа за подобрување на планирањето и донесувањето одлуки, и потребата од интердисциплинарен пристап при системска анализа. Наведените развојни правци се во блиска меѓусебна врска. Притоа, јасно е дефиниран и поимот *системска анализа*.<br>Во петтата точка – Симулационен пристап за управување со водни ресурси – анализирано е зошто треба да се создаде модел на системот што се студира, односно да се креира пресметковен код кој што ќе овозможи да се дефинираат структурата и карактеристиките на моделот, па со помош на пресметувачка машина да се симулира однесувањето на системот. Притоа, истакната е неопходноста од примена на моќни компјутери.<br><br>Четвртото поглавје – *Моделирање на водостопански задачи за управување со водостопански системи* – е од исклучителна важност за областа што ја третира учебников. Во него, на 20 страници, во шест точки, се опишани |

| | |
|---|---|
| | принципите и барањата при моделирање на водостопанските задачи за управување со водостопански системи, посебно на комплексните водостопански системи.<br>Во првата точка – Карактеристики на водостопанските проблеми – обработени се особеностите на водостопанските системи, битни за моделирањето. Нагласено е дека за спроведување на процесот на моделирање, потребно е: *расчленување на водостопанскиот систем во однос на структурата; интердисциплинарен пристап; примена на математички поставки.* Наведени се и вообичаените постапки при моделирањето.<br>Во втората точка – Задачи и учесници во процесот на моделирање – како што покажува насловот, опишани се обврските на различните учесници во процесот, како планерите, кои треба да решаваат бројни комплексни прашања и притоа да се придржуваат на: законските норми, претходни одлуки, барањата на доминантните учесници и засегнатите групи, техничките и економските аспекти и друго, зашто одлуките за управувањето со водните ресурси имаат директно влијание на населението.<br>Третата точка – Примена на модели во реалното инженерство – е, главно, посветена на целта на моделирањето на процесот на управување со водостопанските системи, која е да се обезбедат корисни и навремени информации за доносителите на одлуки, на пример при изработка на водостопански план или реализација на водостопански систем. Посебно се наброени и подетално објаснети целите што треба да се постигнат со примена на симулационите модели за управување со водостопанските системи.<br>Во четвртата точка – Евалуација на успешноста на моделирањето – наведени се и опишани методите, односно критериумите за оценка на успешноста или неуспешноста на применетите модели за проучување на водостопански системи (*аналитичка успешност; успешност во однос на примената; успешност на исходот).*<br>Во петтата точка – Методи при решавање на задачи на управување со водостопанските системи – во потребниот обем, во пет потточки, се опишани различни методи за решавање на поединечни управувачки задачи кај водостопанските системи, од *експериментално управување применето на самиот систем,* па преку: *физичка симулација на системот и управување; симулациони модели; оптимизациони модели,* па се до најсовремените *методи базирани на машинско учење,* на кои во точката им е посветен најмногу простор. Машинското учење е гранка на новитетот – |

| | |
|---|---|
| | вештачката интелигенција – со помош на која се градат програми кои учат од искуството, притоа вклучувајќи континуирано подобрување и надградување со помош на новодобиените податоци. Од оваа современа гранка во постојан развој се очекува многу и на полето на моделирањето и симулацијата на водостопанските системи.<br>Во шестата точка – Особености на моделот – авторот, покрај другото, го цитира проф. Б. Ѓорѓевиќ, според кого планирањето на сложените водостопански системи, па и нивното управување, може да се систематизираат во три вида: *симулациони, информациони* и *валоризациони*. Опишувајќи ги наведените видови, авторот го нагласува значењето на математичките модели кај кои, преку интерпретација на излезните големини, се добиваат вредни одговори за случувањата во системот, при востановени негови вредности, со примена на определено управување. На крајот на точката, дадени се и опишани општи начела и насоки за успешно креирање на математички модели, и тоа: *моделот претставува динамичко-адаптивна категорија; со изработените моделите се истражуваат релациите помеѓу параметрите на водостопанските системи од суштинско значење; претпоставките и поедноставувањата со кои се формулираат математичките модели мора да бидат јасно наведени и образложени; операторот на водостопанскиот системи и водокорисниците мора да бидат активно вклучени во изработката на математичкиот модел; моделирањето и собирањето на потребните податоци треба да се паралелни процеси; математичките модели треба да се изработуваат така што ќе може да ги поврзат веќе донесените одлуки со долгорочно планирањае.*<br><br>Петтото поглавје – *Симулациони модели за управување со водостопански системи* – е многу значајно и треба да им помогне на студентите да ги комплетираат знаењата од областа и на вежбите, со помош на асистент, и самите да применуваат определени симулациони модели. Содржи 40 страници, 22 слики и повеќе формули. Материјалот е систематизиран во три точки.<br>Во првата точка – Симулационен модел – најнапред авторот го дефинира и го објаснува поимот *симулационен модел*, за потоа да рече дека, во суштина, за водостопански систем тој е симулација на оперативноста на водостопанскиот систем, односно како се однесува во согласност со зададени оперативни правила и каков одговор |

| | |
|---|---|
| | продуцира, врз основа на хидролошките серии на дотекувања во акумулацијата, со предефинирани параметри на водостопанските објекти и побарувачката за вода. Објаснет е и степенот на сложеност на моделите, кој се движи во дијапазон од едноставни до многу сложени, што зависи од видот на анализираната водостопанска задача. Се наведува и дека, притоа, и најкомплексниот модел е некој вид на поедноставување на реалниот систем. Во оваа точка, даден е и подетално е објаснет шематски приказ на компоненти на алгоритамот на симулационен модел на водостопански систем, како и шематски приказ на студија на системот со примена на симулационен модел. Приложен е и шематски приказ на „осморката“ на водостопанскиот систем како динамички систем, и дадени се и објаснети соодветните формули.<br>Во втората точка – Видови на симулациони модели – наведени се постојните симулациони модели: *статички и динамички; детерминистички и стохастички; континуирани и дискретни* и *временски секвенционирани или секвенционирани по настани.* Преку соодветни равенки и текстуално објаснета е нивната улога и поле на примена кај симулационото моделирање.<br>Во третата точка – Креирање на симулационен модел и спроведување на симулационата постапка – прво преку соодветни равенки со добро објаснети составни елементи и две слики, јасно е објаснет процесот на креирање на симулационен модел. На трите слики, јасно е даден *шематски приказ на елементи на симулационен модел на водостопански систем*. Потоа, во повеќе потточки подетално се разработени потребните чекори во процесот на креирање на симулационен модел. Во првата потточка, *Поставување на водостопанскиот проблем,* нагласено е дека поставување и дефинирање на водостопански проблем се врши во системската анализа и диктиран е од потребите за вода за различните водостопански гранки, од плановите за економски развој во определено подрачје и од заштитата на животната средина. Поставени се и потребните равенки и даден е шематски дијаграм на водостопански систем. Во втората потточка *усвојување на влезни големини во моделот* опишан е многу важен елемент во процесот на креирање на симулационен модел, што може битно да влијае на конечниот исход. Прикажана е хидролошка серија на средномесечни дотекувања за период од 30 години, илустрирани се зоните во акумулациониот простор, прикажани се топографски криви за акумулацијата, крива на испарување од слободно водно огледало, влезен и |

| | |
|---|---|
| | излезен хидрограм на протекувања при трансформација на поплавен бран во акумулацијата и посветено е доволно внимание на текстуалните појаснувања. Во третата потточка, *Спецификација на потреби за вода и капацитет за производство на електрична енергија,* опишани се потребите за вода за различни корисници и водостопански гранки, графички се прикажани потребите за вода за наводнување во временски домен, како и месечниот и неделниот дијаграм на оптоварување (време/снага на електрична енергија), со потребните формули. Во четвртата потточка, *Оперативни правила за управување со водостопански систем,* се наведува дека при управувањето со водостопанските системи се задаваат оперативни правила, се модифицира варијабилноста на површинските води генерирајќи регулирани протекувања, за задоволување на потребите за вода. Се наведуваат и клучните параметри што треба да се определат со симулационото експериментирање во временски домен. Прикажана е крива на зависност за оперативно правило во временски домен од една година. Опишана е неопходноста од исполнувањето на еколошките критериуми (обезбедување еколошки гарантирано протекување, низводните потрошувачи мора да го обезбедат водостопанскиот минимум за низводните водокорисници, гарантираното протекување на делницата од водотекот секогаш да е поголемата вредност од двете големини: еколошки гарантираното протекување и водостопанскиот минимум). Потоа се анализира хидроенергијата, која извесен период беше занемарена, а сега пак е актуелна, како значаен обновлив извор на електрична енергија. Се анализираат неколку случаи на дефинирање на криви на зависност меѓу нивото на вода во акумулација и капацитетот на хидроцентралата за оперативните правила за работата на хидроцентралата: *при заполнетост на акумулацијата во зоната на нормално ниво; во зависност од дотекувањата во акумулацијата; при заполнетост на акумулацијата во зоната на минималното ниво; со задавање на нормирано производство на електрична енергија на месечно ниво.* Концептот за хидроенергијата е илустриран со две слики на кои се прикажани криви за оперативно правило за акумулација со конвенционална хидроцентрала. Во петтата потточка, *Излезни големини од моделот,* се анализираат истоимените прашања, со графички приказ на варијација на ниво на вода во акумулација и регулирани протекувања од акумулацијата во временски домен во рамки на повеќенаменски водостопански систем и на |

| | |
|---|---|
| | ангажирана снага и производство на електрична енергија со хидроцентрала во временски домен, во рамките на повеќенаменски водостопански систем, како и на приказ на споредба на потреби за вода и испорачана вода и приказ на крива не обезбеденост на потреби за вода во зависност од бараниот параметар. Во шестата, последна потточка, *Ефикасност на применетите оперативни правила,* се даваат заклучни разгледувања во контекст на насловот на потточката.<br>Може уште еднаш да нагласиме дека петтото поглавје, се разбира заедно со претходно стекнатите знаења, треба да го обучи студентот на вежбите, со помош ма објаснувањата на асистент, да може да работи на *симулациони модели за управување со водостопански системи,* во почетокот поедноставни.<br><br>На крајот е даден список на богата и соодветно цитирана литература од околу 145 наслови, главно од светски автори, но и од наши, со кои се илустрирани достигнувањата на ова поле во нашата држава, а цитираната литература ќе им послужи на студентите за натамошно продлабочување на знаењата од предметнава област. |
| Оцена за усогласеноста со предметната програма: | Учебникот „Симулационо моделирање на водостопански системи“ во целост е усогласен со предметната програма за истоимениот предмет на втор циклус студии на Градежниот факултет во Скопје |
| Предлози за потребни корекции: | Немам предлози за подобрување на ракописот. Единствено на авторот му препорачувам, ако смета за потребно, да стави легенда под некои цртежи (на пример 5.11, 5.18 и 5.19) со значењето на одделни линии, иако се, главно, објаснети во текстуалниот дел. |
| Оцена на ракописот: | Учебникот е пишуван на чист македонски јазик, во убав и разбирлив стил, поделен во добро избрани поглавја, со логичен редослед кој се движи низ текстот од општите прашања кон посебните, со убав опис на развојот на определените фази, доаѓајќи на крајот до најзначајните аспекти на симулационото моделирање на водостопанските системи. Сосема одговара на својата намена и е логично продолжение на претходната наобразба на студентите од Хидротехничката насока. Учебник, или книга од друг вид, што ја третира оваа современа област на хидротехниката, многу полезна и потребна за водостопанството, досега кај нас не е издадена.<br><br>Избрана е богата и сосема соодветна цитирана литература од околу 145 наслови, главно од светски автори, но и од наши, со кои се илустрирани достигнувањата на ова поле во нашата држава. |

| | |
|---|---|
| | Цитираната литература добро ќе им послужи на студентите за натамошно продлабочување на нивните знаења од предметната област. |
| Категоризација: | учебник |
| Заклучок со предлог за оправданоста за објавување: | Учебникот е квалитетно изработен, од автор кој е наполно квалификуван и докажан во областа на хидротехниката, посебно во симулационото моделирање на водостопански системи, пишуван е на јасен и разбирлив јазик и стил за студентите, соодветно илустриран и богато снабден со цитирани книги и трудови, главно објавени во научни списанија. Учебник, или друга книга од овој вид, што третира современа материја, досега не е објавена кај нас, и покрај евидентната потреба. Покрај студентите за коишто е наменета, книгата добро ќе им послужи и на студентите од повисок циклус на студии од областа на хидротехниката, како и на инженерите од праксата за освежување и продлабочување на нивните знаења.<br><br>Имам задоволство, на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, да му предложам учебникот „Симулационо моделирање на водостопански системи“, од авторот вонр. проф. д-р Стевчо Митовски, да го прифати за печатење. |

**Во Скопје, 11.11.2024 година** **РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Љубомир Танчев, с.р.**

II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Љупчо Петковски

| | |
|---|---|
| Краток опис на содржината: | Содржината на ракописот има вкупно 132 страници, систематизирани во 5 поглавја и поглавје со наведена користена литература.<br><br>Во Поглавје 1 – *Вовед*, даден е концизен приказ на значењето на водата и на поврзаноста на цивилизацискиот развој со користењето на водата и развојот на водостопанските системи. Во продолжение се дава приказ на расположливите води на планетарно ниво и одредени аспекти на недостаток на водниот ресурс преку индекс на ранливост и степен на притисок на достапност на вода, согласно со неговата нерамномерна просторна и временска распределба.<br>Фазите на развој на водостопанските системи во три главни сегменти и еволуцијата при донесувањето на одлуки за водните ресурси се прикажани и образложени. Притоа, дадено е и согледување во однос на моменталната состојба со достапност на водните ресурси на Земјата и причините за ваквата неповолна состојба. Во продолжение на поглавјето, концизно е отсликана еволуцијата на водостопанските системи, тесно поврзана со рационалното користење на расположливите води во тек на цивилизацискиот развој, кој по аналогија се одразил и во развојот на водостопанските системи. Акцентирана е влошената состојба во однос на обезбедување на потребните количини на вода по време, простор, квантитет и квалитет и еклатантно е потенцирана потребата да се планираат и градат комплексни водостопански систем (од типот брани со акумулации), со усвојување на најповолни управувачки стратегии, како решение за моменталната состојба на заострен јаз помеѓу расположливите и потребните води. Ваквиот пристап подразбира примена на методите на системска анализа за управување со водните ресурси, како напреден пристап за таа намена.<br><br>Второто поглавје – *Историски развој на симулацијата и симулационите модели*, е систематизирано во три точки. Во поглавјето, дадени се генезата и развојот на кибернетиката и на програмските јазици, како претходница за појавата и развојот на симулационите модели. Притоа, детално е опишан поимот кибернетика и развојниот процес, каде што суштинската компонента се програмските јазици. Имено, клучниот исчекор е создавањето на програмските јазици FORTRAN, ALGOL, LISP, PL/I, |

| | |
|---|---|
| | COBOL, кои се основа за креирање на програмски пакети за симулационо моделирање на системите.<br>По аналогија на претходното, дадена е дефиниција, генеза, развој и карактеристики на поимот симулација. Дополнително, даден е концизен хронолошки приказ на генезата и развојот на примената на симулациони методи и модели за управување со комплексни водостопански системи.<br>Примената на симулациони модели за моделирање на водостопански системи е илустрирана преку преглед на позначајни досегашни истражувања во областа, при што е опфатена примената на симулационите модели за моделирање на сложени водостопански системи, дополнето со графички приказ на позначајните студии на случај.<br><br>Третото поглавје – *Управување со водните ресурси,* е обработено во пет точки. Во воведниот дел е нотирана комплексната проблематика на управувањето со водните ресурси и се наведени факторите кои влијаат на неа. Образложен е размерот на управување со водните ресурси од аспект на простор и временски домен, при што е потенцирано дека сливот е основна единица во која треба да се врши водостопанското планирање и да се спроведуваат стратегиите за користењето на водните ресурси.<br>Во однос на пристапите за управување со водните ресурси, дадени се два генерални пристапа: од горе кон долу (команда и контрола) и од долу кон горе (изворен пристап), соодветно елаборирани во ракописот.<br>Притоа, јасно е наведено дека пристапот каде што сите засегнати страни се вклучени во процесот на планирање на водостопанскиот систем и подоцнежното донесување на одлуки од самиот почеток, резултира со успешност при имплементацијата на одлуката, умешно објаснето преку аналогија со јапонскиот пристап наречен “Ринги систем”.<br>Наведени се аспектите на управувањето со водните ресурси, при што се опфатени техничките, финансиско-економските и институционалните аспекти, како и концептите кои вклучуваат модус за заедничка визија и градење на консензус; модус на адаптивност; интегрирано управување со водните ресурси и одржливоста.<br>Апликацијата на системската анализа (детално образложена во предметната точка) за подобрување на планирањето на водостопанските системи со сегментот на донесување на одлуки и потребата од интердисциплинарен пристап се наведени како клучни |

| | |
|---|---|
| | компоненти во процесот на управување со водните ресурси.<br>Во последната точка, недвосмислено е укажано на потребата да се креира симулационен модел за разгледуваниот водостопански систем, со создавање на пресметковен код, кој ќе овозможи да се инкорпорираат структурата и карактеристиките на системот и да се спроведе симулација на неговото однесување.<br>Четвртото поглавје, кое ја третира тематиката на *моделирање на водостопански задачи за управување со водостопански системи*, содржи шест точки.<br>Пред да се премине на точките, даден е опис на принципите и потребните елементи при решавањето на водостопанските задачи за управување со комплексните водостопански системи со пристап на моделирање.<br>Даден е приказ на карактеристиките на водостопанските проблеми, кои треба да се земат предвид при моделирањето, како и неопходните чекори: расчленување на водостопанскиот систем во однос на структурата, интердисциплинарен пристап и примена на математички поставки.<br>Во продолжение на поглавјето се дава спецификација на задачите и учесниците во процесот на моделирање, како и нивните обврски при решавањето на комплексни водостопански проблеми.<br>Преку примената на модели во реалното инженерство се акцентира целта на моделирањето на процесот на управување со водостопанските системи. Имено, клучната цел е обезбедување на корисни и навремени информации за доносителите на одлуки во моментот на донесување на одлуката.<br>Процесот на моделирање е потребно да биде евалуиран и, согласно со тоа, даден е опис на критериумите за оценка на успешноста на применетите модели, групирани во три дела, и тоа: аналитичка успешност, успешност во однос на примената и успешност на исходот.<br>Во ова поглавје е даден концизен опис на методите за решавање на управувачки задачи кај водостопанските системи: експериментално управување применето на самиот систем, физичка симулација на системот, симулациони модели, оптимизациони модели и методи базирани на машинско учење, како пристап од најнов датум.<br>Во однос на особеностите на моделот се наведените функциите на моделите, кои се користат при планирањето и управувањето со сложените водостопански системи, систематизирани во три |

| | |
|---|---|
| | видови: симулациони, информациони и валоризациони.<br>На крајот, наведени се општите начела и насоки за успешно креирање на математички модели, кои воедно се и соодветно опишани.<br><br>Петтото поглавје – *Симулациони модели за управување со водостопански системи,* се смета за јадро на ракописот. Систематизирано е во три точки.<br>Во првата точка, насловена *Симулационен модел*, се дефинира и објаснува поимот симулационен модел, и детално се дава опис на неговата функционалност во сложениот контекст кој вклучува симулација на оперативноста на водостопанскиот систем за зададени оперативни правила, врз основа на природните ресурси (хидролошки серии на дотекувања во акумулацијата), водостопански системи со објекти и побарувачката за вода. Образложен е степенот на сложеност на моделите (од едноставни до многу сложени), во зависност од видот на водостопанската задача.<br>Во следната точка е дадена категоризацијата на симулационите модели, и тоа соодветно: статички и динамички; детерминистички и стохастички; континуирани и дискретни и временски секвенционирани или секвенционирани по настани.<br>Креирањето на симулационен модел и спроведување на симулационата постапка е јасно и концизно објаснето. Подетално, во рамки на повеќе потточки се разработени неопходните чекори во процесот на креирање на симулационен модел, кои вклучуваат:<br>- поставување на водостопанскиот проблем, што соодветно се спроведување со системската анализа, предефинирано од потребите за вода за различните водостопански гранки, од плановите за економски развој во определено подрачје и од аспектот на заштита на животната средина.<br>- усвојување на влезни големини во моделот, што вообичаено е една од најсложените задачи при моделирање, со клучно влијание на излезните големини, еклатантно посочено со фразата “garbage in, garbage out”.<br>- спецификација на потреби за вода и капацитет за производство на електрична енергија, со опис на потребите на вода за различните водостопански гранки (водоснабдување, наводнување) и спецификација на капацитетот за производство на електрична енергија на хидроцентралата.<br>- оперативни правила за управување со водостопански систем, со чие задавање се модифицира варијабилноста на површинските води и се генерираат регулирани протекувања, во |

| | |
|---|---|
| | насока на задоволување на потребите за вода. Потенцирано е исполнувањето на еколошкиот критериум и дефинирањето на водостопанскиот минимум за низводните водокорисници, како основа за определување на гарантирани протекување на делницата од водотекот (поголемата вредност од двете големини). Се анализираат неколку случаи на дефинирање на криви на зависност за оперативните правила, меѓу нивото на вода во акумулација и капацитетот на хидроцентралата при нејзината оперативност.<br>- излезни големини од моделот, каде што се анализираат добиените големини во рамки на симулационото моделирање, преку споредба на потребите за вода и испорачаната вода и преку дефинирање на крива не обезбеденост на потреби за вода во зависност од бараниот параметар.<br>- ефикасност на применетите оперативни правила се дава сублимат на спроведените аналитички пресметки и пристап за оцена на степенот на ефикасност на спроведената студија на случај.<br><br>На крајот е даден список на широк опус на цитирана литература од 145 наслови, актуелна и референтна за областа која се обработува во ракописот. |
| Оцена за усогласеноста со предметната програма: | Содржината на ракописот одговара во целост на курикулумот за соодветниот предмет на вториот циклус студии на Градежниот факултет во Скопје. |
| Предлози за потребни корекции: | Немам предлози за подобрување на доставениот ракопис. Имено, авторот во континуитет беше во комуникација со рецензентот во тек на подготовка на ракописот во однос на содржаниот материјал, при што забелешките и сугестиите се инкорпорираа соодветно во доставената верзија на ракописот. |
| Оцена на ракописот: | Поднесениот ракопис претставува одлично концептуално и методолошки оформен учебник, напишан со разбирлив стил, имајќи ја предвид спецификата на темата која се обработува во него и неговата намена. Евидентно е дека ракописот ги поседува сите елементи и особености на референтна литература од наставен и научен аспект, со што неминовно ќе ја исполни клучната цел – едукација на студентите од хидротехничка насока во областа на симулационо моделирање на водостопански системи. Во поширок контекст, ракописот е солидна основа за спроведувања на научни истражувања во истата област. Ракописот, покрај примарната примена во наставниот процес, се очекува да има и дополнителен придонес во реалното инженерство во доменот на управување со водните ресурси, овозможувајќи продлабочување на знаењата на хидротехничките инженери – планери на водостопанските системи. |

| | |
|---|---|
| Категоризација: | учебник |
| Заклучок со предлог за оправданоста за објавување: | Ракописот е авторски труд, во кој е содржан наставниот материјал, кој во целост го покрива курикулумот по предметната програма Симулационо моделирање на водостопански системи. Во ракописот е изложена актуелна тематика, обработена систематично и концизно.<br>На мислење сум дека издавањето на учебникот е од голема важност, и тоа од: едукациски аспект – студентите ќе се стекнат со потребните знаења во областа; научен аспект – истражувачите ќе го користат во своите научни истражувања; практичен аспект – ќе им овозможи на хидротехничките инженери планери на комплексните водостопански системи, надградување и продлабочување на своите знаења и понатамошна примена во секојдневната инженерска пракса.<br>Од методички аспект, ракописот овозможува преку еден внимателно креиран, а во исто време систематичен и сукцесивен пристап, совладување на концептот и поставките на предметната тематика. Воедно, ракописот е напишан во време кога сè повеќе се заострува јазот помеѓу расположливите води и потребите за вода, при што како императив се поставува рационализација при управувањето со водните ресурси и во фаза на развој на водостопанските системи, преку обединување на парцијалните водостопански системи во интегрални, што ја одразува неговата актуелност. Податокот дека ракописот е прв од ваков вид кај нас е негова дополнителна додадена вредност.<br><br>Врз основа на претходно изнесеното, како рецензент ми претставува чест и задоволство да го поддржам овој ракопис и да му предложам на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје да го прифати како учебник по предметот Симулационо моделирање на водостопански системи. |

Во Скопје, 11.11.2024 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Љупчо Петковски, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРИФАТЕНА ТЕМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

**на 544. седница на ннс 6.11.2024**

| Ред бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќа-ње на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | м-р Валон Весели, дипл.град. инж. | Развој на сеизмички безбедни армиранобетонски рамовски системи со исполна од автоклавиран аериран бетон врз основа на експериментални и аналитички истражувања | Development of seismically safe reinforced concrete framed systems with autoclaved aerated concrete infill based on experimental and analytical investigations | проф. д-р Сергеј Чурилов | 8.11.2024<br>02/153-353 |

# П Р Е Г Л Е Д

**НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје, УКИМ - 544. седница на ннс од 6.11.2024г.**

| Р. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | **Бејан Моукоч**, дипл. град. инж. | *Техничко-економска анализа при планирање на градските сообраќајници* | *Technical economic analysis during city roads planning* | Проф. д-р Златко Зафировски | 13.11.2024 02/153-381 |
| 2 | **Дарко Јовески**, дипл. град. инж. | *Употреба на рециклирани пластични шишиња во лесни блокови за ѕидање* | *Use of recycled plastic bottles in lightweight masonry blocks* | Проф. д-р Тодорка Самарџиоска | 13.11.2024 02/153-382 |
| 3 | **Ирена Јакимоска**, дипл. град. инж. | *Споредбена анализа помеѓу DIN и МКС при проектирање и изведување на долен строј на сообраќајници* | *Comparative analysis between DIN and MKS in designing and construction of road sub structure* | Проф. д-р Златко Зафировски | 13.11.2024 02/153-383 |
| 4 | **Јована Кузевска**, дипл. град. инж. | *Решенија за топлински мостови кај челични конструкции* | *Solutions of thermal bridging in steel structures* | Проф. д-р Тодорка Самарџиоска | 13.11.2024 02/153-384 |
| 5 | **Кристина Ицковска**, дипл. град. инж. | *Влијание на ширината на сообрќајните ленти врз безбедноста на пешачкиот и велосипедскиот сообраќај во урбана средина* | *The impact of line width on pedestrian and cycling safety in urban environment* | Проф. д-р Слободан Огњеновиќ | 13.11.2024 02/153-385 |
| 6 | **Мерита Исмаили**, дипл. град. инж. | *Споредбена анализа на натоварувања на мостови од сообраќај според еврокодови и македонски прописи* | *Comparative analysis of traffic loads on bridges according to Eurocodes and Macedonian regulations* | Проф. д-р Тони Арнѓеловски | 13.11.2024 02/153-386 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | **Методиј Хаџи Паунов**, дипл. град. инж. | *Проценка на енергетска ефикасност на зелени покриви кај објекти* | *Assessment of energy efficiency of green roofs in buildings* | Проф. д-р Тодорка Самарџиоска | 13.11.2024<br>02/153-387 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Гордана Ѓорѓиевска | „Улогата на управувањето со промени во подобрување на организациските перформанси: студија на случај кај малопродажната индустрија во Велика Британија“ | “The role of change management in improving organizational performance: a case study of Great Britain’s retail industry“ | проф. д-р Леонид Наков | 5.11.2024 година Бр.02-1883/26 |
| 2. | Марија Наумовска | „Аналитика на човечкиот капитал како алатка за откривање на ДНА-структурата на организацискиот успех“ | „Human Capital Analytics Unveiling the DNA of Organizational Success“ | проф. д-р Виолета Цветкоска | 5.11.2024 година Бр.02-1883/27 |
| 3. | Милан Ѓорѓиовски | „Невидливата страна на психичкото вознемирување на работното место-мобинг“ | „The Invisible Side of Psychological Harassment In The Workplace – Mobbing“ | проф. д-р Љупчо Ефтимов | 5.11.2024 година Бр.02-1883/28 |
| 4. | Тања Танеска | „ Улогата на дигитализацијата и дигиталниот претприемач во трансформирање на претприемачкиот процес“ | „The role of digitization and the digital entrepreneur in transforming the entrepreneurial process“ | проф. д-р Александра Јанеска Илиев | 5.11.2024 година Бр.02-1883/29 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Елена Даскаловска | „Влијанието на вештачката интелигенција врз развојот на сметководствената професија: Промени во улогата и вештините на сметководителите“ | „The influence of Artificial Intelligence on the development of the accounting profession: Changes in the role and skills of accountants“ | проф. д-р Зоран Миновски | 5.11.2024 година Бр.02-1883/41 |
| 6. | Марија Стојановска | „Важноста на корпоративното управување за ефективна контрола во компаниите“ | „The importance of corporate governance for effective control of companies“ | проф. д-р Стојан Дебарлиев | 5.11.2024 година Бр.02-1883/40 |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕХАНИКА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 19 јуни 2024 год., за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област 2.03.00.13 – механика, како и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-876/2, донесена на 29 август 2024 год., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Виктор Гаврилоски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Златко Петрески, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје и д-р Кочо Анѓушев, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) 2.03.00.13 – механика, во предвидениот рок се пријави еден кандидат, д-р Марјан Џидров.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот Марјан Џидров е роден во Штип, каде што завршил основно и средно образование – гимназија (природно-математичка насока) со одличен успех. Високото образование го продолжил на Машинскиот факултет во Скопје и дипломирал во 2007 **година** како првенец на генерацијата со просек 10,00 и се стекнал со титулата дипломиран машински инженер.

Во 2007 год. продолжил на постдипломските студии на Машинскиот факултет во Скопје, каде што предвидените испити ги положил со просечна оценка 10,00 и на 6 ноември 2009 год. успешно го одбранил магистерскиот труд.

Од 2014 год. е докторанд на трет циклус студии – докторски студии на студиската програма Машинство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. На 12 март 2018 год., успешно ја одбранил докторската дисертација под наслов: „Детекција на оштетувања и примена на површински пиезоелектрични претворувачи во системи за следење на состојбата на континуирани витки елементи“, и се стекнал со научниот степен доктор по технички науки.

Кандидатот од јуни 2007 до април 2012 год. е вработен како помлад асистент и асистент на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на Факултетот за информатика. Ангажиран е во наставната дејност за одржување на аудиториски и лабораториски вежби на Факултетот за информатика и Факултетот за природни и технички науки во Штип, Струмица и во Кавадарци.

Од април 2012 год., кандидатот е избран во соработничко звање – помлад асистент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Машинскиот факултет, Институт за механика. Во јануари 2015 год. е избран во соработничко звање – асистент, во ноември 2017 повторно е избран во истото звање, а во декември 2019 година е избран во наставно-научното звање доцент на Машинскиот факултет во Скопје, каде што се уште е вработен.

### 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот Марјан Џидров е вработен во наставно-научното звање доцент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет – Скопје, и во досегашниот период на работа учествува во спроведувањето на наставните активности

на Факултетот при Институтот за механика. Во текот на периодот од неговиот избор, ја спроведува наставата и вежбите на повеќе предмети од прв циклус студии: Механика 1, Механика и динамика на материјални системи, Основи на мехатроника, Принципи и апликации во мехатрониката, Основи на мехатронички системи и Моделирање и симулации на механички системи.

Во периодот како доцент бил член во комисија за одбрана на дипломска работа на 20 кандидати од област што ја покрива Институтот за механика .

Вкупниот број на бодови со кои е вреднуван кандидатот за наставно-образовната дејност, во периодот од последниот избор, а согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје изнесува 51,9 бода. Согласно со член 11 од Правилникот, минималните поени од посебните услови за избор во звање – вонреден професор изнесуваат 20 бода од изборот во звање доцент. Кандидатот го задоволува условот.

Конкретните активности и вреднувањето на посебните услови за наставно-образовната дејност се наведени во табелата од Образец 2, кој е составен дел од овој извештај.

### 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Марјан Џидров, во последните пет години, како автор или коавтор, има објавено 6 научни труда, и тоа: 2 труда објавени во научно списание кое е индексирано во електронска база на списанија со трудови достапна на интернет (Web of Science, Scopus, Journal Citation Report, SCImago, Ebsco), 3 труда објавени во научно списание со меѓународен уредувачки одбор и 1 труд објавен во зборник на трудови од конференција. Кандидатот се јавува како прв автор во 2 од објавените 6 труда и тие се објавени во научното списание на Машинскиот факултет во Скопје.

Со објавените трудови, кандидатот д-р Марјан Џидров ги исполнува општите услови согласно со Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018) за избор во наставно-научно звање.

Конкретните активности и вреднувањето на општите услови се наведени во табелата од Образец 1 кој е составен дел од овој извештај.

Покрај општите услови предвидени со Законот за високото образование, кандидатот треба да ги исполнува и посебните услови предвидени со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018). Согласно со Правилникот и Образецот 2, за кандидатот кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, Рецензентската комисија научните труда ги наведува, ги оценува и ги вреднува во Образец 2, односно Комисијата треба да оцени и да вреднува само еден труд. Согласно со член 25 од Правилникот, трудовите кои не се внесени во Ризницата на трудови на Универзитетот не се вреднуваат при изборот во соодветно звање. Ниеден од приложените трудови не се внесени во Ризницата на трудови, поради што Комисијата не го вреднуваше трудот во посебните услови.

Од приложената документација може да се воочи дека кандидатот нема остварено учество на меѓународен научен стручен собир со реферат и усна презентација.

Кандидатот има учествувано како соработник во 2 домашни научноистражувачки проекта финансирани од Машинскиот факултет во Скопје. За проектите не е доставен доказ со пријавата, но во архивата на Машинскиот факултет се заведени тие и затоа Комисијата ги зема предвид при вреднувањето.

Во пријавата, кандидатот пријавува учество на два меѓународни научни проекта, за кои се приложени договори за ангажирање од здружение на граѓани, но тие не се вреднувани како научни проекти бидејќи нема доказ дека се научноистражувачки проекти, а се вреднувани во стручно-применувачка дејност.

Вкупниот број на бодови со кои е вреднуван кандидатот за научноистражувачката дејност во периодот од последниот избор, а согласно со

Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, изнесува 6 бода. Согласно со член 11 од Правилникот, минималните поени од посебните услови за избор во звањето вонреден професор изнесуваат 20 бода од изборот во звањето доцент. Кандидатот не го задоволува условот за избор во звањето вонреден професор, согласно со овој критериум.

Конкретните активности и вреднувањето на посебните услови за научноистражувачка дејност се наведени во табелата од Образец 2, кој е составен дел од овој извештај.

## 4. СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Марјан Цидров, за стручно-применувачката дејност, има пријавено учество како соработник, одговорен проектант или ревидент во идејни, основни и изведбени проекти за конструкции , кои се однесуваат на еден ист објект и за еден ист нарачател. Со пријавата не се поднесени проектите од кои може да се оцени учеството и стручниот ангажман, а поднесени се потврди од фирмата која го ангажирала при што е вреднувана секоја поднесена потврда. Вреди да се напомене дека кандидатот нема учествувано во стручно-применувачка дејност преку Машинскиот факултет во Скопје, но Комисијата го вреднуваше овој ангажман со препорака кандидатот во иднина активностите да ги врши преку матичната институција.

Кандидатот има учествувано како експерт во 2 меѓународни проекта преку здружение на граѓани, за што се приложени договори за ангажман. И покрај тоа што ангажманот не е во областа во која се бира кандидатот, Комисијата го вреднуваше овој ангажман.

Вкупниот број на бодови со кои е вреднуван кандидатот за стручно-применувачката дејност, во периодот од последниот избор, а согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, изнесува 24,5 бода. Согласно со член 11 од Правилникот, минималните поени од посебните услови за избор во звањето вонреден професор изнесуваат 5 бода од изборот во звањето доцент. Кандидатот го задоволува условот.

Конкретните активности и вреднувањето на посебните услови за стручно-применувачката дејност се наведени во табелата од Образец 2, кој е составен дел од овој извештај.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изложеното во овој извештај, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Марјан Џидров ги исполнува условите на конкурсот за избор во наставно-научно звање – доцент, но не ги задоволува посебните услови за научноистражувачка работа за избор во звање – вонреден професор, согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Согласно со претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Марјан Џидров да биде избран (реизбран) во наставно-научното звање доцент во наставно-научната област 2.03.00.13 – механика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Виктор Гаврилоски,**
**Машински факултет – Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Златко Петрески,**
**Машински факултет – Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Кочо Анѓушев,**
**Машински факултет – Скопје, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Марјан Џидров
**Институција:** Машински факултет – Скопје
**Научна област:** механика

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 10.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Доктор на технички науки по машинство<br><br>Назив на научната област: механика; поле: машинство; подрачје: технички технолошки науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: Vehicle system dynamics<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Journal Citation Report, Scopus, Ebsco<br>3. Наслов на трудот: Estimation and analysis of various influential factors in the braking process of rail vehicles<br>4. Година на објава: 2021 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: International Journal of Structural Integrity, Special issue: Innovative methods for structural integrity and reliability assessment and material characterisation under environmental effects<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Journal Citation Report, Scopus, Ebsco<br>3. Наслов на трудот: Sustainability and environmental life cycle analysis of welding processes<br>4. Година на објава: 2024 | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на научното списание: SAR Journal - Science and Research<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови 26, број и припадност по земји): 26 члена, 17 земји, најмногу од Србија (6 члена = 23% од вкупниот број)<br>3. Наслов на трудот: Ergonomics as a relevant factor in the field of nondestructive testing<br>4. Година на објава: 2024 | |
| 3.4 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: Mechanical Engineering - Scientific Journal<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови 18, број и припадност по земји): 18 члена, 10 земји, најмногу од Србија (5 члена = 28% од вкупниот број)<br>3. Наслов на трудот: Overcoming industrial robotics challenges and the role of offline programming<br>4. Година на објава: 2024 | |
| 3.5 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Mechanical Engineering - Scientific Journal<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови 18, број и припадност по земји): 18 члена, 10 земји, најмногу од Србија (5 члена = 28% од вкупниот број)<br>3. Наслов на трудот: Kinematics analysis of 6 dof industrial manipulator and trajectory planning for robotic welding operation,<br>4. Година на објава: 2024 | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент<br>Датум: 19 декември 2019, број на Билтен: 1204 | |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Виктор Гаврилоски,**
**Машински факултет – Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Златко Петрески,**
**Машински факултет – Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Кочо Анѓушев,**
**Машински факултет – Скопје, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат**: д-р Марјан Џидров
**Институција**: УКИМ, Машински факултет –Скопје
**Научна област**: механика

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ (НО)**

| Р. бр. | Назив на активност: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на настава (прв циклус студии) | |
| 1.1 | Механика 1 (2020 – 2022) (2*15*0,04*2=2,4) | 2,4 |
| 1.2 | Механика и динамика на материјални системи (2020-2024) (2*15*0,04*5=6) | 6 |
| 1.3 | Основи на мехатроника (2021 – 2024) (2*15*0,04*4=4,8) | 4,8 |
| 1.4 | Принципи и апликации во мехатрониката (2020 – 2024) (2*15*0,04*5=6) | 6 |
| 1.5 | Основи на мехатронички системи (2020 – 2022) (2*15*0,04*3=3,6) | 3,6 |
| 1.6 | Моделирање и симулации на механички системи (2023 – 2024) (2*15*0,04*2=2,4) | 2,4 |
| 2 | Одржување на вежби (прв циклус студии) | |
| 2.1 | Механика 1 (2020 – 2022) (2*15*0,03*2=1,8) | 1,8 |
| 2.2 | Механика и динамика на материјални системи (2020 – 2024) (2*15*0,03*5=4,5) | 4,5 |
| 2.3 | Основи на мехатроника (2021 – 2024) (2*15*0,03*4=3,6) | 3,6 |
| 2.4 | Принципи и апликации во мехатрониката (2020-2024) (2*15*0,03*3=2,7) | 2,7 |
| 2.5 | Основи на мехатронички системи (2020 – 2022) (2*15*0,03*3=2,7) | 2,7 |
| 2.6 | Моделирање и симулации на механички системи (2023-2024) (2*15*0,03*2=1,8) | 1,8 |
| 3 | Одржување на настава (втор циклус студии) | |
| 3.1 | Дизајн на мехатронички системи | 3 |
| 3.2 | Сензори и актуатори | 3 |
| 4 | Консултации со студентите (2020 – 2024) (779 x 0.002) | 1,6 |
| 6 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (20 x 0.1) | 2,0 |
| | Вкупно | 51.9 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ (НИ)**

| Р. бр. | Назив на активност: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | |
| 1.1 | Mickoski, H., Marjan Djidrov, Mickoski, I. (2021). Estimation and analysis of various influential factors in the braking process of rail vehicles. Vehicle system dynamics, Taylor & Francis. | / |
| 1.2 | Elisaveta Doncheva, Nikola Avramov, Aleksandra Krstevska, Martin Petreski, Jelena Djokikj, Marjan Djidrov (2024), Innovative methods for structural integrity and reliability assessment and material characterisation under environmental effects, International Journal of Structural Integrity, Emerald. | / |
| 2 | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови | |
| 2.1 | Filip Zdraveski, Jasmina Calovska, Trajce Velkovski, Marjan Djidrov (2024) Ergonomics as a relevant factor in the field of Nondestructive Testing (NDT), SAR Journal - Science and Research, Uikten. | / |

| | | |
|---|---|---|
| 2.2 | Marjan Djidrov, Elisaveta Doncheva, Damjan Pecioski (2024), Overcoming industrial robotics challenges and the role of offline programming, Mechanical Engineering – Scientific Journal. | / |
| 2.3 | Marjan Djidrov, Elisaveta Doncheva, Dejan Shiskovski (2024), Kinematics analysis of 6 dof industrial manipulator and trajectory planning for robotic welding operation, Mechanical Engineering – Scientific Journal. | / |
| 3 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | |
| 3.1 | Elisaveta Doncheva, Aleksandra Krstevska, Marjan Djidrov, Filip Zdraveski, Trajche Velkovski (2023), Wire-arc additive manufacturing: recent developments and potential, International Scientific and Professional Conference Politehnika, The Academy of Applied Technical Studies. | / |
| 4 | Учесник во национален научен проект | |
| 4.1 | Дизајн за адитивно производство (ДАП), (2022 – 2024), МФС, УКИМ | 3 |
| 4.2 | Развој на економичен систем за електролачно адитивно производство на метални компоненти (РЕСЕАП), (2023 – 2025), МФС, УКИМ. | 3 |
| | Вкупно | 6.0 |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Р. бр. | Назив на активност: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Идеен проект / Студија, физибилити-студија, истражување на пазарот | |
| 1.1 | Соработник за Опрема Градинг ДОО (3x1=3) | 3 |
| 1.2 | Одговорен проектант за Опрема Градинг ДОО (2x2=4) | 4 |
| 2 | Основен проект | |
| 2.1 | Соработник за Опрема Градинг ДОО (6x2=12) | 12 |
| 3 | Изведбен проект | |
| 3.1 | Соработник за Опрема Градинг ДОО (1x0,5=) | 0,5 |
| 3.2 | Одговорен проектант за Опрема Градинг ДОО (1x1=1) | 1 |
| 4 | Експертски активности | |
| 4.1 | Agile leadership transformation for business in circular economy, AGILE4CIRC, Erasmus+ Project, KA204, (2019 – 2021). | 1 |
| 4.2 | Connecting Makerspaces in the Western Balkans Region, Western Balkans FUND, FOSTER Association, (01/01/2023 – 30/05/2023). | 1 |
| 5 | Раководител на лабораторија | |
| 5.1 | Лабораторија за вибрации, бучава и механика на машини (2020 – 2023), Институт за механика, Машински факултет во Скопје. | 1 |
| 6 | Дејности од поширок интерес | |
| 6.1 | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (соработник). 2 x 0.5=1 | 1 |
| | Вкупно | 24,5 |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Виктор Гаврилоски,**
**Машински факултет – Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Златко Петрески,**
**Машински факултет – Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Кочо Анѓушев,**
**Машински факултет – Скопје, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

**НА РАКОПИСОТ „СОВРЕМЕНИ МАТЕРИЈАЛИ: ВОВЕД ВО МОДЕРНИТЕ ИНЖЕНЕРСКИ МАТЕРИЈАЛИ“ ОД АВТОРКАТА ВОНР. ПРОФ. Д-Р ЕЛИСАВЕТА ДОНЧЕВА**

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет, бр.02-1218/2 од 29.9.2024 г., за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Современи материјали: Вовед во модерните инженерски материјали“ од авторката д-р Елисавета Дончева, вонр. проф., наменет за студентите на Машинскиот факултет во Скопје, за предметот Современи материјали и површински третман, избрани се: проф. д-р Зоран Богатиноски, Машински факултет, Скопје и проф. д-р Перица Пауновиќ, Технолошко-металуршки факултет, Скопје.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. Општ дел

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Современи материјали: Вовед во модерните инженерски материјали |
| **Назив на предметната програма:** | Современи материјали и површински третман |
| **Назив на студиската програма:** | Материјали, процеси и иновации (МПИ) |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | 1. циклус студии:<br>- Современи материјали и површински третман, 30 часа, 5 кредити, III семестар (МПИ), задолжителен;<br>2. циклус студии:<br>- Инженерски материјали, 30 часа, 6 кредити, I семестар (МЗКИ), задолжителен;<br>- Заварливост на материјали и вовед во современите материјали, 30 часа, 6 кредити, II семестар (МЗКИ), изборен. |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 130 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 8 поглавја и содржи 58 слики и 10 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

1. Проф. д-р Зоран Богатиноски, с.р.
2. Проф. д-р Перица Пауновиќ, с.р.

## II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Зоран Богатиноски

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Содржината на предметот Современи материјали и површински третман е поделена во 14 недели. Првите 7 недели, односно првиот дел на содржината на предметот Современи материјали и површински третман се однесува на инженерските материјали кои имаат подобрени особини во однос на традиционалните материјали, како што се метали, керамики, полимери и композити. Па, според тоа:<br><br>Во 1. недела се обработува првата тема (**Поглавје 1**) со наслов „Вовед во современите материјали”, при што се дефинираат и се разграничуваат овие материјали во однос на традиционално применуваните инженерски материјали. При дизајнирање на производи, дадени се насоки за тоа како да се направи правилен избор на материјал и производен процес. Во ова поглавје е даден акцент на начините на пронаоѓање на оптимална комбинација на сите значајни особини кои треба да ги има новиот иновативен дизајн, сè со цел да се постигне максимална ефикасност со минимални трошоци.<br><br>Во 2. недела се обработува темата дадена во **Поглавје 2,** со наслов: „Метали и легури: категоризација од макро- до наноскала, потенцијал за прогрес и примена”. Во ова поглавје се опфатени новитетите во областа на металните материјали поврзани со микроскопското карактеризирање на металите и легурите, повеќескаларното адитивно производство на метални структури, сегашните трендови кај лесните метали и површинскиот третман.<br><br>Во 3. недела се обработува **Поглавје 3** од овој учебник, со наслов: „Современи керамики: класификација, особини и примена”. Во ова поглавје, современите керамики се опишани како интегиран дел од модерната технологија, кои се многу важни за извршување на критични функции во секојдневниот живот. Терминот „современа керамика” е прецизно дефиниран, а дадена е и споредба со традиционалните керамики за да може лесно да се препознаат и благодарение на нивните специфични особини да најдат примена во различни индустрии.<br><br>Во 4. недела и 5. недела, предвидено е подетално да се обработат полимерните материјали, начинот на нивно класифицирање, особини и примена, а тоа одговара на содржината во **Поглавјето 4,** со наслов: „Полимери: класификација, особини, примена и перспектива за понатамошен развој”. Во ова поглавје се потенцираат основните аспекти од областа кои се потребни за разбирање на особините и примената на овие материјали. Дадени се повеќе информации кои може да послужат како надополнување на основните знаења на студентот. Со оглед на комплексноста која произлегува од опсежноста на оваа индустрија, овде се сумирани знаењата за да се разбере направениот прогрес до денес кај современите полимери. Покрај ова, во ова поглавје се дава насока за понатамошен развој на овие материјали, кои денес се сметаат за материјали на иднината.<br><br>Во 6. недела и 7. недела се обработува **Поглавјето 5,** со наслов: „Современи композитни материјали: калсификација, особини, примена”, каде што се зборува за подобрените особини на овие материјали, начинот на нивно основно групирање во однос на матричната фаза и се образложува подетално нивната широка примена. |

| | |
|---|---|
| | Понатаму, по завршување на проверката на знаењата од првиот колоквиум по овој предмет кој е во 8. недела, се преминува кон предавање на останатите поглавни современи материјали, како што се: наноматеријали, паметни материјали и биоматеријали. Тие, во согласност со содржината на учебникот, се опфатени во следните 3 поглавја:<br>- **Поглавје 6** од учебникот со наслов: „Наноматеријали и нанотехнологија”, се обработува во 9., 10. и 11. недела од наставната предметна програма. Во ова поглавје се опфатени особините на наноматеријалите (механички, електрични и оптички особини). Понатаму, дадени се методите на нивно производство и примената. Во посебен дел е опфатено влијанието на наночестичките врз животната средина и здравјето на човекот.<br>- **Поглавје 7,** со наслов: „Биоматеријали: вовед, дизајн и примена, се обработува во 12. и 13. недела. Во ова поглавје е дадено детално образложение за тоа што се смета за биоматеријал и кои се нивните главни карактеристики. Опфатени се различните типови на биоматеријали и различните аспекти кои се вклучени во фазата на дизајнирањето. Исто така, дадени се повеќе примери на примена преку повеќе слики и табели.<br>- **Поглавјето 8**, со наслов „Паметни материјали”, е опфатено во последните две недели, во 14. и 15. недела од програмата. Во ова поглавје, на почеток воведно е дадено што претставува паметен материјал и каде се применува. Во продолжение се образложува класификацијата на овој тип материјали и подетално секој од нив се разработува. Во посебно потпоглавје е објаснет и механизмот на трансформација на паметните материјали, а на крај е опфатена и нивната примена. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Поглавјата кои се обработени во оваа книга во целост одговараат со редоследот и содржината на предавањата по предметот Современи материјали и површински третман. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Посочените забелешки на рецензентот се разработени во текот на рецензијата на учебникот и сите се прифатени и коригирани од страна на авторката. |
| **Оцена на ракописот:** | Наставната програма по недели во целост е покриена со оваа книга. Содржината е прецизна, јасна и разбирлива за читателите. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 130 страници (формат Georgia), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 8 поглавја, а на крајот од секое поглавје е дадена литературата. Содржи 58 слики и 10 табели. |

| | |
|---|---|
| | Врз основа на наведеното се заклучува дека учебникот „Современи материјали: вовед во модерните инженерски материјали” претставува ракопис кој е напишан на разбирлив начин со цел студентите полесно да ја совладаат материјата и да се стекнат со нови знаења од областа на материјалите. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Современи материјали и површински третман, примарно наменет за студентите на Машинскиот факултет во Скопје.

Во Скопје, 11.11.2024 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

Проф. д-р Зоран Богатиноски, с.р.

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ПЕРИЦА ПАУНОВИЌ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот под наслов ,,Современи материјали: вовед во модерните инженерски материјали“ од д-р Елисавета Дончева, вонр. проф., е учебник кој претставува основна литература за студентите од трета година на студиската програма Материјали, процеси и иновации на Машинскиот факултет во Скопје, по предметот Современи материјали и површински третман. Исто така, учебникот може да го користат студентите на втор и трет циклус студии, како и дипломираните инженери машинци, како прирачна литература. Ракописот опфаќа 8 тематски единици: 1. Вовед во современите инженерски материјали, 2. Метали и легури: категоризација од макро- до наноскала, потенцијал за прогрес и примена, 3. Современи керамики: класификација, примена и приоритети за понатамошни истажувања и развој, 4. Полимери: класификација, особини, примена и перспектива за понатамошен развој, 5. Современи композитни материјали: класификација, особини, примена, 6. Наноматеријали и нанотехнологија, 7. Биоматеријали: вовед, дизајн и примена, 8. Паметни материјали и Литература.<br><br>Целта на ракописот е воведување на студентите во теоретските фундаментални аспекти на материјалите, нивна систематизација и поделба, како и воведување корелација помеѓу нивната обработка, структура, својства и примена.<br><br>Тематските единици се наредени во логичен распоред. Редоследно, во првото поглавје е даден вовед во современите инженерски материјали, од аспект на иновациите во инженерството и современиот технолошки развој, направена е систематизација на материјалите според нивната природа (метали, керамика, полимери и композити), димензионалност (наноматеријали) и функционалност (биоматеријали и паметни материјали). Понатаму следува опис на сите овие материјали, по принципот структура, својства, обработка и промена. При излагањето на материјалот, авторката водела сметка да го пренесе на разбирлив начин со соодветни илустрации.<br><br>Содржината на учебникот е направена според современите стандарди на научната јавност од оваа област и претставува одлична основа за стекнување нови знаења во натамошното студирање на студентите на насоката Материјали, процеси и иновации, како и апсолвирано знаење кое може да се примени во понатамошна пракса како дипломирани инженери. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Содржината на ракописот е произлезена од предметната програма и е целосно усогласена со неа. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Забелешките и сугестиите кон ракописот од моја страна се прифатени од авторката и се коригирани. |

| | |
|---|---|
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот е автентичен, актуелен и изнесен со разбирлив јазик, поради што претставува солидна основа за квалитетна настава по предметната програма. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Од деталниот увид во приложениот материјал, може да се заклучи следново:<br>Авторката на едноставен и разбирлив јазик го објаснува изнесениот материјал, објаснувајќи сложени поими и појави. Ракописот укажува на нејзиното искуство во педагошката работа во областа на материјалите, но и ориентираноста кон научната работа, што се гледа од целисходноста на структурата и содржината на учебникот.<br>Користената литература е сеопфатна и соодветна, и дава насоки за понатамошно и подетално изучување и проучување на одредени проблематики опфатени во учебникот.<br>Материјалот технички е подготвен на солидно ниво, сликите, табелите и дијаграмите одговараат на текстуалниот дел, давајќи јасна слика на обработениот материјал и сочинуваат заокружена целина. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство ракописот „Современи материјали: вовед во модерните инженерски материјали“ од авторката д-р Елисавета Дончева, вонр. проф., да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Современи материјали и површински третман, примарно наменет за студентите на Машинскиот факултет во Скопје, на насоката Материјали, процеси и иновации.

Во Скопје, 11.11.2024 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

Проф. д-р Перица Пауновиќ, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ХИРУРГИЈА, ЗДРАВСТВЕНА НЕГА И ПЛАСТИЧНА ХИРУРГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 5.10.2024 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области хирургија, здравствена нега и пластична хирургија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-5555/11, донесена на 28.10.2024, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Елизабета Мирчевска Жоговска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Ѓорѓе Цокиќ, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје и д-р Горан Кондов, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: хирургија, здравствена нега и пластична хирургија, во предвидениот рок се пријави д-р Боро Џонов, вонреден професор.

### Вонр. проф. д-р Боро Џонов

**1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот е роден на 12.1.1972 год. во Скопје. Основно и средно образование завршил во Скопје. Се запишал на Медицинскиот факултет во Скопје, во 1990 година, адипломирал во 1996 год., со успех 9,92. Во 1994 година престојувал како практикант 2 месеца на интерната клиника во Градската клиника во Нирнберг, Германија, а во 1995 год., исто така, како практикант, 2 месеца поминал во Невролошкиот институт во Фрајбург, Германија. Во 1996 год. добивал едномесечна владина ДААД-јазична стипендија. Истата година се вработил на Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија. Во 1998 година ја започнал специјализацијата по општа хирургија и е избранза помлад асистент на Катедрата за хирургија. Во 2001 год. добил повторно ДААД-стипендија и престој од 9 месеци на Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија при Техничкиот факултет во Минхен, Германија, кај проф. д-р Едгар Бимер. Специјализирал општа хирургија во 2002 год. и завршил со постдипломските студии. Магистрирал во 2006 год., со успех 10, и е избран за асистент на Катедрата за хирургија. Истата година започнал со супспецијализација по пластична и реконструктивна хирургија, и како дел од неа престојувал во 2007 год. два месеца во Љубљанскиот клинички центар на Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија. Од 2005 до 2007 година бил претставник на асистентите од хируршките гранки во Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје. Во 2008 год. станалсупспецијалист по пластична и реконструктивна хирургија и е избран за член на управниот одбор на Македонското лекарско друштво, каде што е и избран за потпретседател во 2013 год. Во 2010 е реизбран за асистент. Во 2014 докторирал на Медицинскиот факултет во Скопје при УКИМ, на тезата „Клиничка проценка

и евалуација на параметри за прокрвеност на резанки и кожни трансплантати при реконструкција на кожни и мекотkивни дефекти на екстремитети“. Избран е за доцент во 2016 година. Избран е за вонреден професор во 2020 година. Моментално е претседател на МАПРЕХ. Работи како суспецијалист хирург по пластична и реконструктивна хирургија на истоимената клиника во Скопје. Шеф на Катедрата за хирургија е од 2017 до 2020 год. Член е на управниот одбор на Медицинскиот симулациски центар од ноември 2019, а потоа и претседател од 2023 година. Член е на Одборот за евалуација на високото образование од февруари 2024 година, назначен од Владата на Република Северна Македонија. Учесник бил на повеќе конгреси и работилници во Македонија и во Европа и автор и коавтор е на повеќе стручни трудови. Во моментот е вонреден професор на Медицинскиот факултет, по предметот Хирургија. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1211 од 15.3.2020 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни,стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Медицинскиот факултет, кандидатот д-р Боро Џонов, вонреден професор, изведува наставно-образовна дејност – предавања на прв циклус студии за студентите по општа медицина, стоматологија на предметите: Хирургија/Пластична хирургија, како и Здравствена клиничка практика. Одржува настава за втор циклус специјалистички студии (физиотерапија во ортопедија – 12 студенти). Кандидатот е ментор на 9 специјализанти и едукатор на специјализанти од хируршките области при спроведување на турнусите според Правилникот за специјализации и суспецијализации на Медицинскиот факултет. Одржува настава за тригодишни стручни студии (студиски програми за: акушерки, рендген-технолози, стручни медицински сестри) (4). Член бил на комисија за рецензија на пишан труд (3 пати). Член бил на комисија за оцена на докторска дисертација (2 пати), како и на Рецензентска комисија за реизбор во звање (4 пати). Исто така, член бил на: Комисија за проценка на услови за спроведување на практичниот дел од специјалистички турнуси во ЈЗУ Клинички болници; Работна група за изготвување на програма за специјализации на здравствени работници со високо образование за гранката на специјализации по ортопедија и трауматологија; Работна група за изготвување на програма за суспецијализација на здравствени работници со високо образование за гранката на геријатриска медицина; член на Одборот за издавачка дејност на Медицинскиот факултет во Скопје.

Кандидатот е автор на две книги од стручна област на медицински науки и коавтор на учебник од стручна област на медицинските науки.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Боро Џонов има објавено вкупно 17 научни трудови од областа на пластичната хирургија во меѓународни научни списанија и 8 апстракти во зборници од научни собири.

Учествувал на повеќе конгреси во земјата и во регионот.

Свои секциски предавања одржал на научни/стручни собири во земјата.

Кандидатот учествувал како активен член на научни проекти.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Боро Џонов активно е вклучен во стручно-применувачката работа на Универзитетската клиника за пластична и реконструктивна хирургија како специјалист по општа хирургија и суспецијалист по пластична и реконструктивна хирургија.

Автор е на стручната монографија „Хируршки аспекти во лекувањето на периферните нерви“.

Учесник бил во клиничка студија во областа на медицинските науки и здравството: „Компаративна анализа на предоперативна и постоперативна дијагноза кај меланом на кожа“.

Автор е на стручна монографија: „Компендиум VII – Невромускулни болести“ и коавтор на учебник за Општа хирургија за студенти по дентална медицина.

Раководител е на внатрешна организациона единица (раководител на Одделот за хирургија на рака при Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија).

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Боро Џонов, во учебната 2018/2019 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Медицинскиот факултет.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Боро Илија Џонов**
**Институција: МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ/УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ПЛАСТИЧНА И РЕКОНСТРУКТИВНА ХИРУРГИЈА**
**Научна област: ХИРУРГИЈА – ПЛАСТИЧНА ХИРУРГИЈА**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,92.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: **клиничка медицина;** поле: **хирургија;** подрачје: **пластична хирургија**. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: **International Journal of Recent Research in Arts and Sciences**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 66 членови, 19 од РСМ, Хрватска (6), Италија (2), Србија (12), Словенија (3), Полска (3), Албанија (3), Романија (1), Бугарија (3), Египет (1), Словачка (2), Ирак (1), Пакистан (1), Иран (1), Турција (2), Судан (1), Португалија (1), Босна и Херцеговина (3), В.Британија (1).<br>3. Наслов На Трудот: **Reconstruction Of Hand After Shotgun Injury-Case Report** | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Година на објава: **2020** | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: **Academic Medical Journal – International Journal of Faculty of Medicine-Skopje**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 32 членови, 11 од РСМ, Србија (5), В.Британија (1), САД (1), Грција (1), Австрија (4), Словенија (3), Италија (1), Турција (1), Норвешкта (1), Хрватска (1), Германија (2).<br>3. Наслов На Трудот: **Comparative Analysis Of Preoperative And Postoperative Diagnosis In Skin Melanoma**<br>4. Година на објава: **2021** | ДА |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Назив на научното списание: **Prague Medical Report**<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД **Prague**<br>3. Наслов на трудот: **WALANT as an Optimal Approach in Hand Surgery during Pandemics**<br>4. Година на објава: **2022** | ДА |
| 3.4 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: **Academic Medical Journal – International Journal of Faculty of Medicine-Skopje**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 32 членови, 11 од РСМ, Србија (5), В.Британија (1), САД (1), Грција (1), Австрија (4), Словенија (3), Италија (1), Турција (1), Норвешкта (1), Хрватска (1), Германија (2). | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: **No Pain Is A Patient’s Gain – A Review Of Surgical Techniques For Prevention And Treatment Of Postamputation Pain**<br>4. Година на објава: **2022** | |
| 3.5 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: **Academic Medical Journal – International Journal of Faculty of Medicine-Skopje**<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 32 членови, 11 од РСМ, Србија (5), В.Британија (1), САД (1), Грција (1), Австрија (4), Словенија (3), Италија (1), Турција (1), Норвешкта (1), Хрватска (1), Германија (2).<br>3. Наслов на трудот: **Reviving Cranial Outer Table Perforations As A Modern Inovation For Complex Scalp Avulsion Injuries Reconstruction: A Case Report**<br>4. Година на објава: **2023** | ДА |
| | 3.23 Сертификат за успешно завршено стручно усовршување на тема „Синдром на полицистични јајници – дијагноза и современ третман“, 10.3.2021<br>3.24 Учество на 6th Macedonian Ian Donald Course – Advances in Ultrasound in Obstetrics, Gynecology and Neonatology 16 – 17.11.2019, Скопје.<br>3.25 Учество на 6th Albanian Ian Donald Course – Advances in Ultrasound in Obstetrics and Gynecology, 3 – 5.11.2019 Тирана.<br>3.26 Учество на работилница со тема: Методологија на систематски прегледен труд и мета анализа за медицинските и сродните науки (Systemic review,Meta-analysis), 14.9.2020 – УГД.<br>3.27 Обука на гинеколози за медикаментозен абортус, 3.9.2023, МЛД | |
| 3. | **Настава во школи и работилници** | |
| | Одржување на теренска настава<br>Дел од проектот: Безбедни и иновативни здравствени услуги во време на КОВИД-19, како едукатор на средношколци за сексуално преносливи инфекции, поддржан од УНФПА, а во реализација на Македонското лекарско друштво. | 0.04 |
| | **Вкупно** | 73.476 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учесник во национален научен проект:<br>1. „ Учесник во национален научен проект: “Integrative bioinformatic analysis of multi-omics data in biomedical sciences”. Работилница подржана од НАТО-проектот со наслов: „Теренски детектор за генотоксичност од хемиски, биолошки, радиолошки, нуклеарни и експлозивни направи”. | 3 |
| 2. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>2.1 Sivevski A, Karadzova D, Davceva N, Aleksioska-Papestiev I, **Kadriu R.**, Velickovic I, Markovic I, Pejcic N and Baysinger CL (**2020**) Post Partum Death in a Patient Diagnosed With COVID-19. Front. Glob. Womens Health 1:567810. doi: 10.3389/fgwh.2020.567810<br>2.2 Stojanoska T, Cvetanovska M, Demiri I, Stevanovic M, Saveski V, Ridova N, **Kadriu R.** Pulmonary embolism: a complication of covid -19 infection in postpartum – case report. **Journal of Morphological Sciences,** [S.l.], v. 4, n. 3, p. 126-130, dec. **2021**. ISSN 2545-4706.<br>2.3 **Kadriu, R**., Demiri, I., & Dimitrov, G. (**2023**). Coronavirus in Pregnant Patients and their Clinical Outcomes – Results of a Case-Control Study. Macedonian Medical Electronic Journal, 3(1), 1–6. https://doi.org/10.3889/mmej.2023.6107 | 3<br>3<br>4<br>3<br>3<br>3 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2.4 **Kadriu,R.,** Demiri,I., Dimitrov,G., Asani,P., &Demiri-Kadriu, A. (**2023)**. Pregnancy outcome in patients with previous infection with COVID-19 and the health of newborns. Open Journal of Medical Sciences, 3(1), 46–52. Retrieved from.https://www.scipublications.com/journal/index.php/ojms/article/view/823<br><br>2.5 ROBSON CLASSIFICATION OF CESAREAN SECTION IN NORTH MACEDONIA-CURRENT TRENDS I Kjaev, A Daneva Markova, P Asani, V Jovanovska , **R. Kadriu**... - Медицински преглед=<br><br>2.6 Macrohematuria in SARS-COV-2 pregnant patient - Rina Purrini, Jadranka Georgievska, Maja Pejkovska Ilieva, Vesna Livrinova, Albina Bejta and **Romir Kadriu** - University Clinic for Obstetrics and Gynecology, “Mother Teresa”, Skopje, Macedonia- Macedonian Medical Review **2021.** | |
| 3 | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно стручно/научно списание со меѓународен уредувачки одбор<br><br>3.1 Asani P, Stojcevski S, Aluloski I,***Kadriu R*** *et al* #1024â€…Low-grade malignant peripheral nerve sheath tumor of the uterine cervix *International Journal of Gynecologic Cancer* **2023**;33:A106-A107.<br><br>3.2 Milkovski D, Stojovski M, Jovanovska V,***Kadriu R*** *et al* 852â€…A rare case of pleomorphic dermal sarcoma presented during pregnancy, a case report *International Journal of Gynecologic Cancer* **2024;**34:A243. | 1.8<br><br>1.8 |
| 4 | Апстракти објавени во зборник на конференција – меѓународна:<br>4.1 Uterine Rupture in Second -Trimester Mifepristone- Misoprostol-Induced Abortion with two previous cesarean secation - Adelina Dalipi, Igor Aluloski, Irena Todorovska, Ivo Kjaev, Ana Daneva Markova, Arta Bina, Pajtim Asani, Igor Samardziski, Mile Tanturovski, **Romir Kadriu**, Majlinda Azemi University Clinic for Gynecology and Obstetrics-Skopje, Medical Faculty-Skopje - 20th World Congress in Fetal Medicine, Valencia, Spain,**2023**<br><br>4.2 The most common causes of postpartum infection among cesarean and vaginal deliveries - Adelina Dalipi, Romir Kadriu, Eva Sozovska Belchovska, Sasho Dimitrovski, University Clinic for Gynecology and Obstetrics, Skopje, North Macedonia- ABSTRACT BOOK FOR THE 5TH CONGRESS OF MAGO • OHRID **2023**<br><br>4.3 Interstitial pregnancy - Pajtim Asani, Jadranka Georgievska, Adelina Dalipi, Romir Kadriu, Marija Joksimovic University Clinic of Gynecology and Obstetrics, Skopje R.N. Macedonia- ABSTRACT BOOK FOR THE 5TH CONGRESS OF MAGO • OHRID **2023**<br><br>4.4 Постпартална анемија-ретроспективна пресечна студија - *Мартина Камилоска, Марија Јоксимовиќ,* ***Ромир Кадриу****,* *Ива Панева, Мети Маркоски ЈЗУ УК за гинекологија и* | 1<br><br>1<br><br>1<br><br>1<br><br>1<br><br>1<br><br>1 |

| | | |
|---|---|---|
| | *акушерство, Скопје, С. Македонија* ABSTRACT BOOK FOR THE 5TH CONGRESS OF MAGO • OHRID **2023**<br><br>4.5 The outcome of cesarean scar pregnancy in a woman using IUD, managed with systemic methotrexate: a case report - **Romir Kadriu**, Adelina Dalipi, Pajtim Asani, Martina Kamiloska, Marija Joksimovic-University Clinic for Gynecology and Obstetrics, Faculty of Medicine. University "St. Cyril and Methodius", Skopje, North Macedonia - ABSTRACT BOOK FOR THE 5TH CONGRESS OF MAGO • OHRID **2023**<br><br>4.6 Potter Syndrome with oligohydramnios-Leandra Kadriu1, Slagjana Simeonova Krstevska1, Igor Samardziski1,Orhideja Stomnaroska1, Blagica Krstevska2, Irena Todorovska1, Vesna Livrinova1, **Romir Kadriu**1, Iva Paneva1, Adelina Dalipi1-University Clinic of Gynecology & Obstetrics - University Institute for pathology, Medical Faculty Skopje,University Ss Cyril and Methodius -International Case Report Congress ~ April 2024<br><br>4.7 Cystadenoma mucinosum in pregnant patient-Elena Verushevska, Bekim Elezi, Goran Kocoski, Pajtim Asani, **Romir Kadriu**, Nezhla Sabani, Ajla Sabani,University Clinic of Obsetrics and Gynecology, Mother Theresa Hospital,Skopje, North Macedonia<br><br>4.8 Medical abortion in the first and second trimester of pregnancy in North Macedonia-Jadranka Georgievska,Eva Sozovska,Sasho Dimitriovski,Adrijana Shterjovska,Bekim Elezi,**Romir Kadriu**-University Clinic of Obsetrics and Gynecology, Mother Theresa Hospital, University "St. Cyril and Methodius", Skopje, North Macedonia-International Federation of Abortion and Contraception Professionals 20-21.09.2024,Brussels | 1 |
| 5 | Учество на научен/стручен собир со реферат-постер:<br>5.1 The outcome of cesarean scar pregnancy in a woman using IUD, managed with systemic methotrexate: a case report - 5TH CONGRESS OF MAGO • OHRID **2023** | 0.5 |
| 4 | **Учесник во национален научен проект** | |
| | 4.1. Имплементација на Робсонова класификација на царски резови со цел намалување на стапката на царски резови на ниво на Северна Македонија во родилиштата низ државата. | 3 |
| | **Вкупно** | 37,1 |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. бр.** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, РС Македонија. Специјализација по гинекологија и акушерство. | 2 |
| 2 | Експертски активности | |
| | 2.1. Член на Комисија за лекарски конзилиум за издавање на конзилијарно мислење за остварување/продолжување на привремена спреченост од работа при ЈЗУ УК за гинекологија и акушерство. | 5<br><br>5 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2.2. Акредитиран испитувач за полагање на стручен испит за лиценца за работа – при Лекарска комора на РС Македонија | |
| | 2.3 .Член на Испитна комисија за полагање на стручен испит – априлска испитна сесија, 2024, Лекарска комора на Р Северна Македонија | 1 |
| | **Вкупно** | 13 |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| | | |
|---|---|---|
| | Пофалници, плакети, благодарници и признанија:<br>1. Благодарница од Лекарската комора на РС Македонија, за особен придонес и ангажираност при справување со пандемијата предизвикана од коронавирусот COVID-19.<br>2. Благодарница – за активно учество во извршување на целите и задачите на Македонското лекарско друштво, МЛД, Скопје, 2023. | 3<br>3 |
| | 3. Член на Лекарската комора на РС Македонија<br>4. Член на Македонското лекарско друштво – МЛД<br>5. Член на Здружението на гинеколози и акушери на Македонија – МАГО<br>6. Член на Македонската асоцијација за фетална медицина<br>7. Член на Македонската асоцијација за перинатална медицина – МАПМ | 0.3<br>0.3<br>0.3<br>0.3<br>0.3 |
| | 8. Член на Работна група за изработка на потребни процедури на имплементација на процесот на акредитација на УГАК. | 1 |
| | **Студиски престој во странство (до три месеци)** | |
| | 1. Престој во Грац, Австрија – 2009 год.<br>2. Престој на Медицинскиот факултет при Универзитетот во Тракија, Едирне, Р Турција, 1 – 10.7.2010<br>3. Двонеделна обука на Медицинскиот факултет при Универзитетот во Тракија, Едирне, Р Турција, 9 – 20.9.2013 | 0.5<br>0.5<br>0.5 |
| | **Вкупно** | 10 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 73,476 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 37,1 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 13 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 10 |
| **Вкупно** | 133,576 |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јадранка Георгиевска, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Стојчевски, с.р.**
**Доц. д-р Миле Тантуровски, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на ас. д-р Ромир Кадриу.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека ас. д-р Ромир Кадриу поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето научен соработник во научните области: гинекологија и акушерство, гинекологија и акушерство со нега.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, ас. д-р Ромир Кадриу да биде избран во звањето научен соработник во научните области: гинекологија и акушерство, гинекологија и акушерство со нега.

.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јадранка Георгиевска, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Стојчевски, с.р.**
**Доц. д-р Миле Тантуровски, с.р.**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТОТ ЕПИДЕМИОЛОГИЈА СО БИОСТАТИСТИКА И МЕДИЦИНСКА ИНФОРМАТИКА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 17.8.2024 година, за избор на еден асистент по предметот Епидемиологија со биостатистика и медицинска информатика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, на X седница одржана на 25.9.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Весна Велиќ Стефановска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Бети Зафирова Ивановска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје и д-р Ирина Павловска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден асистент по предметот Епидемиологија со биостатистика и медицинска информатика, во предвидениот рок се пријави д-р Љубица Лазаревска.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката е родена на 23.6.1991 година, во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје, со одличен успех. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје (2010 – 2018 година), со просечен успех 8,44. Стручниот испит го положила во декември 2019 година, непосредно по завршувањето на приправничкиот стаж.

За време на студирањето била учесник на интернационалните научни конгреси на студентите по медицина одржувани во Охрид, 2016, 2017 и 2018 година.

Учесник е и на меѓународен симпозиум: „Здружение за хуман папилома вирус на Македонија” и зема учество на педијатрискиот конгрес одржан во Струмица во 2019 година.

Учествувала и во работилницата „Подобрување на знаењето и вештините кај избраните лекари за рано откривање и рана интервенција кај деца со попреченост” во Скопје, во 2018.

Во текот на студирањето била и волонтер во Црвениот крст на град Скопје, во отсекот за посета на стари лица.

Првото работно искуство го стекнува во ЗЕГИН ДОО – Скопје, на работното место медицински претставник на медицински и фармацевтски производи.

Од декември 2020 година, д-р Љубица Лазаревска е редовно вработена на Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика при Медицинскиот факултет во Скопје.

Во септември 2022 година, д-р Лазаревска ја започнала специјализацијата по епидемиологија на Институтот за епидемиологија со биостатистика и медицинска информатика при Медицинскиот факултет, УКИМ, Скопје, која е во тек.

На 17.2.2022 година, д-р Љубица Лазаревска е избрана во звањето асистент на Медицинскиот факултет, УКИМ, Скопје, во областа епидемиологија со биостатистика и медицинска информатика. Во моментот е асистент за предметите кои ги реализира Катедрата за епидемиологија со биостатистика и медицинска информатика, Медицински факултет, УКИМ, Скопје.

Во учебната 2021/2022 година, д-р Љубица Лазаревска се запишала на трет циклус (докторски) студии – јавно здравство на Школа за докторски студии, УКИМ, Медицински факултет – Скопје.

Д-р Лазаревска активно се служи со македонскиот и англискиот јазик (според Европската јазична рамка на Советот за Европа CEFR-B2 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје.)

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни и стручни остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, и тоа базирано на сета поднесена документација од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје, д-р Љубица Лазаревска, од 2022 година, како асистент учествува во реализација на практичната настава, вежбите и семинарите од прв циклус студии на студиските програми за општа медицина, за предметите: Медицинска статистика и информатика и Епидемиологија; и кај тригодишните стручни студии за дипломирана медицинска сестра/ техничар, радиолошки технолог, физиотерапевт, логопед, дипломиран инженер по медицинско – лабораториска дијагностика и дипломирана акушерка/акушер, за предметите: Информатика, Јавно здравство со епидемиологија и статистика, Информатика и здравствена статистика, Основи на здравствена статистика и Биостатистика со информатика. Кандидатката д-р Љубица Лазаревска, како асистент, учествува во реализација на практичната настава по предметот Епидемиологија и на Стоматолошкиот факултет, УКИМ, Скопје.

Во рамките на наставно-образовната дејност, д-р Љубица Лазаревска континуирано одржува консултации со студентите, особено во изработката на семинарските трудови како активност за сите предмети, обучувајќи ги за пребарување во литературата, анализа и приказ на податоци, воведувајќи ги во научната работа од областа.

### Научноистражувачка дејност

Д-р Љубица Лазаревска има објавено повеќе научни трудови од различни области, како автор или коавтор, од кои 4 научни труда во научни списанија, 1 труд во меѓународни научни списанија и 4 труда во зборници од научни собири. Учесник е и во проектот „Електронските цигари – нов јавноздравствен проблем“, реализиран од страна на Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, РС Македонија, во 2021 година, како истражувач соработник. Трудовите за последниот избор за асистент на Институтот за епидемиологија со биостатистика и медицинска информатика, Медицински факултет, УКИМ, Скопје, се објавени во Билтен на УКИМ бр. 1252, од 1.1.2022 година.

Кон овој конкурс за избор, кандидатката ги приложи следниве научни трудови:

Ljubica Dimitrievska1, Zafirova B.1, Pavlovska I.1,Lazovska L.2.- Smoking and passive smoking as risk factors for development lung cancer . 55 Dani Preventivne Medicine, Nis, Srbija,26-29 Septembar 2023.

Irina Pavlovska1, Zafirova B.1, Dimitrievska Lj.1, Lazovska L.2- The role of some risk factors in occurrence of low back pain syndrome 54 Dani Preventivne Medicine, Nis, Srbija,27-30 Septembar 2022.

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Љубица Лазаревска е член на Здружението на епидемиолози од 2022 година. Учествувала на повеќе стручни состаноци, домашни и меѓународни конгреси од областа на епидемиологијата, со фокус на незаразните и заразните заболувања, имунизацијата и мерките за контрола и превенција за заразни болести и се здобила со сертификати, потврди и уверенија за усни и постерски презентации, како и за присуство на работилници, семинари и други стручно-научни собири.

Д-р Љубица Лазаревска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за епидемиологија со биостатистика и медицинска информатика, Медицински факултет, УКИМ, Скопје. Таа била активно вклучена во следните активности:

- едукатор и модератор на интерактивната работилница ЧИСТА БОЛНИЧКА СРЕДИНА, одржана во рамките на програмата на Министерството за здравство на Република Северна Македонија, за спречување и сузбивање на болничките инфекции, кај пациентите и здравствениот персонал, на Институт за епидемиологија со биостатистика и медицинска информатика, Медицински факултет, УКИМ, Скопје;

- едукатор за обука на овластени лица за вршење на преглед на умрени лица, како дел од програмата на Владата на Република Северна Македонија за мртвопроверители, организирана од Институт за епидемиологија со биостатистика и медицинска информатика, Медицински факултет, УКИМ, Скопје.

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:**
Љубица Гоце Лазаревска

**Институција:**
Институт за епидемиологија со биостатистика и медицинска информатика, Медицински факултет, УКИМ, Скопје

**Научна област:** *ЕПИДЕМИОЛОГИЈА СО БИОСТАТИСТИКА И МЕДИЦИНСКА ИНФОРМАТИКА*

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,44. | Да |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br><br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик – B2<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески”, Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 16.7.2024 | Да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Весна Велиќ Стефановска, с.р.
Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, с.р.
Проф. д-р Ирина Павловска, с.р.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува научноистражувачката и стручно-применувачката дејност на д-р Љубица Лазаревска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека д-р Љубица Лазаревска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент по предметот Епидемиологија со биостатистика и медицинска информатика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Љубица Лазаревска повторно да биде избрана во звањето **асистент** по предметот Епидемиологија со биостатистика и медицинска информатика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Весна Велиќ Стефановска, с.р.

Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, с.р.

Проф. д-р Ирина Павловска, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА**
**„ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ФОКУСИРАНА ПРОЦЕНКА СО УЛТРАСОНОГРАФИЈА КАЈ ТРАУМА (ЕФАСТ) ВО УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ УРГЕНТЕН ХИРУРШКИ ЦЕНТАР – ТОАРИЛУЦ“**
**ОД Д-Р НИКОЛА БРЗАНОВ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на член 73 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 458/2019 и број 458/2021 – Анекс), член 61 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 245/2013) и член 91 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020), по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии – докторски студии по медицина, Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на XI редовна седница одржана на 28.10.2024 година, со Одлука бр. 0905-5555/64, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот д-р Никола Брзанов со наслов: „Имплементација на фокусирана проценка со ултрасонографија кај траума (еФАСТ) во Универзитетскиот ургентен хируршки центар – ТОАРИЛУЦ“, во состав: проф. д-р Светозар Антовиќ (претседател), проф. д-р Никола Лабачевски (ментор), проф. д-р Симон Трпески, (член), проф. д-р Оливер Станков (член) и доц. д-р Андреа Гавриловски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**<u>Анализа на трудот</u>**

Докторскиот труд на кандидатот д-р Никола Брзанов, со наслов: „Имплементација на фокусирана проценка со ултрасонографија кај траума (еФАСТ) во Универзитетскиот ургентен хируршки центар – ТОАРИЛУЦ“, содржи 101 страница компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со проред 1,5 и големина на букви 12, со 101 библиографска единица, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Докторскиот труд е структуриран во 8 глави, вклучувајќи ги воведот и заклучните согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Врз основа на начинот на кој е презентиран материјалот обработен во докторскиот труд, може да се заклучи дека кандидатот одлично ја владее материјата која е предмет на трудот.

**Првата глава** од докторската дисертација претставува вовед, кој е правилно структуриран и е поделен во 4 точки, односно тематски единици.

Во целина, воведот се однесува на дијагностички методи кои можат да помогнат во рано идентификување и дијагностицирање на пациентите со траума.

Во почетокот, даден е приказ на потребата од брзата идентификација на повредите како особено важно за да може да се пристапи кон ран третман, што е од суштинско значење за успешен исход на пациентите со траума, бидејќи ненавремената

дијагностика на повредите и нивниот одложен третман може да резултираат со смртен исход. Кандидатот ги наведува и ги опишува тераписките можности кај пациенти со траума примени во Ургентниот хируршки центар.

Во првата тематска единица е обработена компјутерската томографија (КТ), која е неинвазивна дијагностичка метода и претставува златен стандард во проценка на пациентите со трауматска повреда која може да даде јасна слика за повредите. Компјутерската томографија овозможува деталност и прецизност, што на клиничарите им овозможува да откријат поширок спектар на повреди, вклучувајќи оштетување на меките ткива и внатрешно крварење, со поголема прецизност и точност.

Во втората тематска единица е обработена дијагностичката перитонеална лаважа (ДПЛ). ДПЛ е дијагностичка метода која обично се изведува во единиците за итна медицинска помош, кога другите дијагностички тестови не се конклузивни или кога не можат да бидат изведени во соодветно време. Со напредокот на полето на медицината, на имеџинг-технологијата и достапноста на други дијагностички тестови, ДПЛ се поретко се употребува, но останува есенцијална алатка во менаџирање на одредени пациенти со траума.

Во третата тематска единица е обработена нативната рендгенографија која долго време беше основен дијагностички алат во евалуацијата на пациентите со траума, особено за идентификација на фрактури, дислокации и повреди на градниот кош.

Во четвртата тематска единица, обработен е фокусираниот ултрасонографски преглед за пациенти со траума (еФАСТ), како најсовремено откритие во полето на медицината и како „point of care” тест, кој се изведува покрај самиот кревет на пациентот за рана дијагностика на пациенти со траума. Дадено е научно објаснување на анатомијата на региите вклучени во е-ФАСТ проценката. Објаснета е клиничката значајност на е-ФАСТ ултрасонографијата. Сето ова ќе овозможи подобар и навремен третман на пациентите со траума. Затоа што сите овие состојби се животно загрозувачки и за брза и соодветна дијагностика, хемодинамски стабилните пациенти може да бидат испратени со транспорт на примарно КТ-скенирање. Но со оглед на фактот што некои од хемодинамски нестабилните пациенти може да се однесат директно во операционата сала за итна лапаротомија, отсуството на формална и сеопфатна дијагностика (КТ) може потенцијално да го продолжи времето на стигнување до операционата сала бидејќи местото и степенот на повредите се непознати. Фокусираната проценка со ултрасонографија при траума (ФАСТ) е имплементирана во моменталната светска пракса. Како метода, ФАСТ е лесно изводлива, употреблива, достапна, повторлива, неинвазивна и не побарува многу време за изведување. Понатаму, опишани се анатомските регии кои се испитуваат при ФАСТ-прегледот, со посебно внимание на перикардот, тораксот и абдоменот. Во воведот, дефинирани се и индикациите и контраиндикациите за овој преглед. Кандидатот детално ја објаснил опремата која се користи и техниките за успешно извршување на ултрасонографскиот преглед.

Во **втората и третата глава** на докторскиот труд се наведени мотивот и целите на истражувањето. Главниот мотив на истражувањето е да се имплементира е-ФАСТ во протоколите за работа како иницијална дијагностичка процедура кај пациенти со траума во најфреквентниот ургентен хируршки центар во РСМ. Целите на истражувањето се јасно дефинирани. Со истражувањето во овој докторски труд се добиени прецизни одговори за ефикасноста и безбедноста при користење на ФАСТ-ултрасонографијата. Истражувачките цели се компарацијата за веродостојноста на ФАСТ-методата споредено со постојната пракса, односно КТ-дијагностиката на пациенти со траума и /или ДПЛ; да се евалуира времетраењето на дијагностичките методи на одделните дијагностички техники и негова компарација; да се опсервира должината на престојот на пациентот во ургентниот центар.

**Четвртата глава** на докторскиот труд ги обработува материјалот и методите кои се користени при спроведување на истражувањето со цел да се даде одговор на прашањата идентификувани како цели на истражувањето. Прецизно се обработени критериумите за вклучување на испитаниците во истражувањето, критериумите за невклучување и за исклучување од истражувањето, дијагностичките техники кои се користени во истражувањето, лабораториските анализи што се користени, како и третманот. Дизајнот на клиничкото испитување користи современи методи од клиничката пракса. Методите кои се користени за дијагностика на патолошки суспстрат во анатомските шуплини се соодветни и се направени на апаратура која одговара за анализата која е предмет на одредување. Статистичката анализа е направена со користење на статистички тестови и програми кои се соодветни за оваа намена. Начинот на проценување и мерење на сите параметри е прикажан текстуално и сликовито, со шеми на кои е прикажана постапката за проценка на параметрите.

Во **петтата глава** се прикажани резултатите од истражувањето. Резултатите се прикажани текстуално, со табели, графици и слики. Добиените резултати за време на истражувањето се прикажани на начин кој овозможува јасен и прецизен увид на читателот во повредите на прием, разликата во времетраење на дијагностиката помеѓу различните дијагностички методи, лабораториските наоди, потребата од интервенција и исходот на лекувањето. Разликите во резултатите во однос на времето за дијагностика, прием и интервенција, добиени при различни дијагностички третмани, и нивната статистичка значајност се добро видливи на графиците (1 и 10 на број) кои се користени за прикажување на резултатите од истражувањето.

**Шестата глава** е дискусијата. Во неа, кандидатот ја опфаќа анализата на добиените резултати од истражувањето и дава компаративен осврт на сознанијата од досега објавените слични студии, со аргументирани толкувања за причините за утврдените сличности и разлики.

**Седмата глава** се заклучоците. Во заклучните согледувања, кандидатот ги изнесува најзначајните заклучоци добиени во текот на истражувањето. Заклучоците се јасни и прецизни и одговараат на поставените цели.

Врз основа на добиените резултати во истражувањето, кандидатот утврдил дека:

- ✓ ФАСТ-методата има висока веродостојност и ефикасност при дијагностицирање на абдоминални и торакални трауми, со резултати слични на оние добиени со КТ-дијагностиката. Придобивката од брзината на изведување го прави ФАСТ особено корисен кај итната патологија, особено во средини со ограничени ресурси.
- ✓ Времетраењето на ФАСТ-процедурата беше значително пократко споредено со КТ-дијагностиката. Ова овозможува навремена дијагноза и побрза интервенција кај пациентите со траума. Оваа брзина е критична во ситуации кога времето е пресудно за преживување на пациентот.
- ✓ ФАСТ-методата се покажа како брза и точна што овозможи поефективното донесување одлуки за итен третман и хируршка интервенција. Кај пациенти каде што беа откриени значајни интраабдоминални крварења или повреди,
- ✓ ФАСТ директно влијаеше врз итно упатување на пациентите на операција, што резултираше со подобри исходи, а исто така и кај пациентите кај кои беше откриена значајна торакална повреда, како пневмоторакс, имаат пократок временски период до спроведување на тртманот.
- ✓ Пациентите кои беа дијагностицирани со ФАСТ немаа продолжен престој во

ургентниот центар поради изведувањето на самата метода додека трае

иницијалното згрижување и прием во ургентниот центар.

- ✓ ФАСТ се докажа како ефикасен и сигурен метод за иницијална дијагноза на
  трауми, и во ова истражување се нагласува потребата за негова
  имплементација во стандардните протоколи за третман на пациенти со траума.

Со оглед на неговата брзина, прецизност и достапност, ФАСТ би треба да стане прв избор во ургентни ситуации за брза проценка на пациентите.

**Посебен дел во докторскиот труд** е литературата, која содржи 101 референца, прикажани според редоследот на цитирање во текстот.

**Предмет на истражувањето**

Предмет на истражувањето е употребата на фокусираната проценка со ултрасонографија кај пациенти со траума на ЈЗУ ТОАРИЛУЦ – Скопје, дел: Урентен центар.

За остварување на целите на истражувањето, беа употребени стандардните дијагностички методи и фокусираната проценка со ултрасонографија кај траума (ФАСТ). Според методологијата на истражувањето, била спроведена проспективна лонгитудинална рандомизирана клиничка студија на 2 паралелни групи на испитаници. Испитаниците биле пациенти со трауматски повреди, кои биле третирани во ЈЗУ Универзитетска клиника за ТОАРИЛУЦ – Скопје, дел: Ургентен центар. Проспективното време на изведување на истражувањето се однесувало на периодот од моментот кога првиот пациент потпишал информирана согласност до завршување на лекувањето, сè до вклучување на последниот пациент до добивање на репрезентативен примерок на испитаници. Пациентите биле рандомизирани во две групи во зависност од спроведените дијагностички методи и техники од страна на истражувачот. Во зависност од групата во која биле распределени пациентите, била спроведувана соодветната дијагностичка метода. Според компјутерски софтвер се извршило рандомизирање на пациентите, и тие се делеле во две групи. Следствено на тоа, групите биле поделени во: група I – пациенти кај кои се извршила ФАСТ-дијагностика заедно со другите стандардни дијагностички процедури ФАСТ/КТ; група II – пациенти кои подлегнале само на стандардните дијагностички процедури – КТ. Пациентите биле испрашани и прегледани за постоење на симптоми. Во истиот момент се спроведувал и иницијалниот преглед на пациентот кој вообичаено се спроведува според А, Б, Ц, Д и Е-протоколот. По оваа иницијална проценка кај пациентите од група I, веднаш се пристапувало кон ФАСТ-проценка според одредениот протокол. Пациентот лежел на рамна, на грб позиција, од неговата десна страна се позиционирал испитувачот, а од спротивна страна се местел апаратот за ултрасонографски преглед. Се скенирале пет регии: десен горен квадрант, лев горен квадрант, перикарден преглед, супрапубичен, а продолжен ФАСТ-преглед бил спроведен за евалуирање на торкалниот простор преку преден торакален преглед. По завршување на ФАСТ-прегледот, пациентот бил транспортиран за дијагностика на Институтот за радиологија со цел да се спроведе снимање со компјутерска томографија. Откако била комплетирана дијагностиката, се одредувала потребата од хоспитализација и прием на пациентот на соодветниот оддел. Независен испитувач – специјалист по радиологија, одговорен на смената, кој, исто така, не бил запознаен со наодите од ФАСТ-прегледот и алокацијата на пациентот во групата, го читал наодот од КТ сосема независно, со што се намалила можноста од пристрасност. Во тек на истражувањето се следени одредени параметри според соодветен тренд и динамика на мерење. Параметри

кои се заведувале во тек на ФАСТ-прегледот биле: течност во абдомен (крв или друга слободна течност и нејзината локализација), плеврални изливи, пневмоторакс, излив во перикард, времетраење на прегледот и времетраење на хоспитализацијата во ургентниот центар. Пациентите, пак, кои припаднале на група II, по иницијалниот клинички преглед, според институционалниот протокол, биле транспортирани за дијагностика на Институтот за радиологија со цел да се спроведе дијагностика со компјутерска томографија. Откако била завршена КТ-дијагностика, се одредувала потрбата од третман кај пациентот, хоспитализација и прием на соодветниот оддел. Независен испитувач – специјалист по радиологија, одговорен на смената, кој, исто така, не бил запознаен со групната алокација на пациентот, го читал наодот од КТ сосема независно, со што се намалува можноста од пристрасност. Параметри кои се заведувале кај оваа група пациенти при прегледот се: времетраење на хоспитализацијата во УЦ, времетраење на КТ-дијагностиката. Сите овие податоци биле споредени и компарирани кај двете групи пациенти.
Дополнително биле анализирани потребата од хируршки третман на пациентите и траењето на болничкиот престој, како и исходот кај пациентите.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Фокусираната процена со сонографија за траума (ФАСТ) е критична алатка во современата медицина, особено во полето на урегентната медицина. Тоа е брза ултразвучна дијагностика покрај креветото на пациеентот, која им овозможува на здравствените професионалци да оценат пациенти со траума за интраабдоминални и торакални повреди. Откако е воведен овој метод, тој го трансформираше пристапот кон оценување и лекување кај траумите, подобрувајќи ги резултатите за пациентите и забрзувајќи го процесот на донесување одлуки. Главната важност на оваа дијагностичка алатка лежи во неговата способност брзо да идентификува слободна течност, што може да биде индикативно за внатрешно крварење по повреда. Традиционалниот метод на дијагностицирање често вклучувал опсежно радиолошко сликање, што може да го одложи лекувањето затоа што е зависно од многу варијабли како потребата од хемодинамски стабилен пациент, потребата од помошен персонал за транспорт, потребата од специјалисти од областа итн. Од друга страна, ФАСТ им овозможува на лекарите да извршат брза проценка на местото, овозможувајќи навремени интервенции. Ова е особено клучно во случаи на траума, каде што „златниот час“ — првиот час по повредата, е критичен за преживување. ФАСТ е особено значаен во итни ситуации поради својата мобилност, брзината со која можат да се добијат резултати, повторливоста. Лекарите во ургентните центри можат да го користат овој алат без потреба да ги транспортираат пациентите во одделот за радиологија, што може да биде времетрајно и да ги влоши резултатите во критични случаи. Можноста за спроведување на ултразвучно испитување веднаш при прием на пациент со траума, овозможува непосредно донесување на клинички одлуки, како што е евентуалната одлука дали пациентот треба да подлегне на итна хируршка интервенција или може да се лекува конзервативно. Покрај тоа, разновидноста на ФАСТ се протега и надвор од доменот на траумата. Оваа способност може да ја забрза негата и да доведе до побрзо поставување на дијагноза во акутни ситуации, подобрувајќи ги резултатите и исходот на лакување на пациентите. Студиите покажуваат дека имплементацијата на ФАСТ во ургентните центри довела до намалување на времето до хируршка интервенција и намалување на стапките на смртност. Брзата и точна проценка на повредите овозможува приоритизација на

хируршките случаи, забрзувајќи го процесот на справување со трауми и подобрувајќи ги стапките на преживување на пациентите. Сепак, иако ФАСТ е моќен алат, неговата ефикасност многу зависи од вештината и искуството на операторот. Правилната обука и континуираната едукација за здравствените работници се есенцијални за оптимизирање на употребата на ФАСТ во клиничката пракса. Како што технологијата напредува, интеграцијата на вештачка интелигенција и подобрени ултразвучни уреди веројатно ќе биде уште поважна алатка во рацете на лекарите во ургентните центри.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

За ФАСТ-проценката била користена абдоменална сонда од 2 MHz до 5 MHz. Кардијалната сонда е, исто така, користена особено за парастерналниот прозорец. Најпрво се испитувал десниот горен квадрант, кој се нарекува уште и перихепатичен преглед. Во средна аксиларна линија помеѓу 8. и 11. ребро се позиционирала сондата за да се визуелизираат хепарот и десниот параколичен простор. Во овој квадрант се евалуирал и хепатореналниот простор или уште наречен Морисонов простор. Со цефалично поместување на сондата се овозможувало визуелизација на дијафрагмата и долниот хемиторакс, користејќи го хепарот како акустичен прозорец. При перикардниот преглед, кој уште се нарекува супкостален или субксифоиден преглед, се овозможува да се визуелизизира перикардиумот за евентуално присуство на перикардна ефузија. Следен за евалуирање бил левиот горен квадрант или уште наречен перилиенален прозорец. Сондата се поставувала во задна аксиларна линија помеѓу 6. и 9. ребро во сагитална ориентација, прикажувајќи го перилиеналниот и лиенореналниот простор. Со цефалично придвижување се визуелизирал субдијафрагмаленот простор а со каудално придвижување се визуелизирал левиот параколичен простор. Следно се пристапило кон евалуација на супрапубичниот прозорец со трансверзално ориентирање на сондата. Движењето на сондата каудално и цефалично овозможувало евалуирање на слободна течност во ректовезикалниот простор кај машкиот пол и ректоутериниот Дугласов простор и везикоутериниот простор кај жените. Продолжен ФАСТ-преглед бил спроведен со евалуирање на торкалниот простор, односно преден торакален преглед. Предниот торакален преглед бил спроведен за да се детектира постоење или отсуство на трауматски пневмоторакс. Сондата била позиционирана со сагитална ориентација во средна клавикуларна линија.

Статистичката анализа на податоците добиени од истражувањето била направена во статистичките програми: STATISTICA version 10; IBM SPSS 20.0. Собраните податоци се обработени со помош на следните статистички методи:

- Базите на податоците се формирани со примена на специфични компјутерски програми за таа намена. Нивната обработка се изврши со помош на стандардни дескриптивни и аналитички методи.
- Атрибутивните статистички серии се анализираат со одредување на коефициент на односи, пропорции, стапки и со утврдување на статистичката значајност меѓу откриените разлики – тест на разлики – Difference-тест.
- Нумеричките серии се анализирани со мерки на централна тенденција и со мерки на дисперзија на податоците (просек и стандардна девијација).
- Статистичката сигнификантност на разликите се анализирани со Studentov t- тест.
- Статистичката сигнификантност на повеќе од две варијабли, разликите се анализирани со Analysis of Variance – ANOVA.

- Од тестовите на повеќекратна споредба во студијата е користен Post hoc Tukey HSD тест
- Корелативните односи се испитувани со Spearman Rank Order Correlations (R).
- Корелативните односи се испитувани со коефициент на корелација (r).
- Статистичката сигнификантност на разликите е анализирана со Mann-Whitney U тест.

Статистичката сигнификантност е дефинирана на ниво на $p<0.05$.

**Краток опис на резултатите**

Во студијата проспективно биле вклучени 80 пациенти, поделени во две групи: група I, односно пациенти кај кои се изврши ФАСТ-преглед, заедно со стандардните дијагностички процедури, и група II, односно пациенти кои подлегнале само на стандардните дијагностички процедури, односно конмпјутерска томографија (КТ).

Биле иследувани сите пациенти чиј иницијален прием на ургентниот хируршки центар бил траума. Механизамот на повредата (траумата) во кохортата бил различен. Најзастапени механизми на повреда биле несреќа со автомобил (n = 28, 35 %) и повредени како пешак (n = 21, 26.25 %), потоа следеа останатите механизми на повреда како пад од височина (n = 13, 16.25 %), несреќа со мотор (n = 10, 12.5 %), огнострелна повреда (n = 5, 6.25 %) и физички напад (n = 3, 3.5 %). Во однос на механизмот на повреда, во двете групи не се пронашло разлика.

Според демографските карактеристики, значително поголем дел од кохортата биле мажи (n = 70, 87.5), на просечна возраст од 40.27 години.

Споредено е времетраењето на спроведените дијагностички методи. Времетраењето на ФАСТ-методата било значително пократко од КТ-методата кај ФАСТ-КТ групата на пациенти ($p = 1.4 \times 10^{-14}$). ФАСТ-методата кај овие пациенти траела во просек 5.12 минути (медијана: 5.08, опсег: 3.92-6.7, СД: 0.71), споредбено со просечното времетраење на КТ-методата од 23.55 минути (медијана: 20.50, опсег: 9-50, СД: 10.27). Многу значајно за истражување било да се види дали дијагностиката со ФАСТ ја продолжува стандардната дијагностичка постапка на пациентите со КТ и евентуалниот третман.

Спроведувањето на ФАСТ-методата не го сменило времетраењето на КТ-методата кај ФАСТ-КТ групата пациенти, кои немаа разлики во времетраењето на КТ-методата споредбено со КТ-групата пациенти (просек: 24.73, медијана 22.5, опсег: 9-50, СД: 10.51,p = 0.52).

Дополнително, користењето на ФАСТ-техниката пред КТ го нема одолжено времето поминато од прием до добиен КТ-резултат (p = 0.67).

Двете дијагностички методи имале висока точност во утврдување на траумата на торакс, при што ФАСТ имал точност од 92,5 %, додека КТ имал точност од 97,5 % во утврдување на траума на торакс. Точноста била пониска во утврдување на траума на абдомен, при што точноста на ФАСТ била 85 %, додека точноста на КТ била 86,25 % во утврдување на траума на абдомен.

Речиси кај една петтина од пациентите имало хемодинамска нестабилност, што е прифатливо доколку се земе предвид дека се работи за политрауматизирани пациенти со специфичен механизам на повреда (ФАСТ-КТ n = 5, 12.5%; КТ n = 9, 22.5%), додека 11,25 % имале хипотензија (ФАСТ-КТ n = 4, 10%; КТ n = 5, 12.5%) и 5 % тежок недостаток на воздух (ФАСТ-КТ n = 2, 5%; КТ n = 2, 5%).

Според клиничката состојба, според спроведената дијагностика и хемдоинамската стабилност на пациентите била носена одлука дали пациентите имаат потреба од некаков тип на интервенција. Вкупно 37 (46,25 %) од пациентите подложеле на хируршка операција, од кои 17 (42,5 %) од ФАСТ-КТ групата и 20 (50 %) од КТ-групата, без разлика во дистрибуцијата на операција меѓу двете групи (p = 0.654). Пациентите во најголем дел подлежеле на операција на локомоторен систем (ФАСТ-КТ n = 9, 22.5%; КТ n = 7, 17.5%), понатаму на абдоменална операција (ФАСТ-КТ n = 4, 10%; КТ n = 6, 15%), абдоменална и торакална операција (ФАСТ-КТ n = 3, 7.5%; КТ n = 2, 5%), уролошка операција (ФАСТ-КТ n = 1, 2.5%; КТ n = 2, 5%), додека само двајца пациенти од КТ-групата биле подложени на неврохируршка операција а еден пациент од КТ-групата на кардиохируршка операција. Времето од прием до операција изнесувало во просек 7.86 часа кај ФАСТ-КТ групата (медијана: 2.42, опсег: 1-90.6, СД: 21.37) и не се разликува од времето кај КТ-групата (p = 0.784), кое изнесува во просек 14.03 часа (медијана: 2.05, опсег: 0.98-107.92, СД: 32.36).

Вкупно 49 (61,25 %) од пациентите подложеле на инвазивна нехируршка интервенција, од кои 14 (35 %) од ФАСТ-КТ групата и 17 (42,5 %) од КТ-групата, без разлика во дистрибуцијата на интервенција меѓу двете групи (p = 0.646). Пациентите во најголем дел подложеле на унилатерална торакална дренажа (ФАСТ-КТ n = 15, 37.5%; КТ n = 13, 32.5%), понатаму, на билатерална торакална дренажа (ФАСТ-КТ n = 7, 17.5%; КТ n = 4, 10%). Времето од прием до интервенција изнесувало во просек 1.57 часа кај ФАСТ-КТ групата (медијана: 1.58, опсег: 0.87-2.52, СД: 0.41) и не се разликувало од времето кај КТ групата (p = 0.501), кое изнесуваше во просек 1.50 часа (медијана: 1.43, опсег: 0.5-2.5, СД: 0.47)

Една десетина од пациентите развиле компликации постоперативно, од кои 15 % од ФАСТ-КТ групата и 5 % од КТ-групата. Разликата во процентот на компликации не е статистички значаен меѓу двете групи (p = 0.263).

Двете групи ФАСТ - КТ и КТ немале разлики во вкупното времетраење на хоспитализација (p = 0.455), кое во просек изнесувало 16.82 дена кај ФАСТ-КТ групата (медијана: 13.5, опсег: 1-53, СД: 12.85) и 16.77 дена кај КТ-групата (медијана: 13.5, опсег: 1-41, СД: 9.60).

Поголем дел од пациентите биле лекувани на интензивна нега на Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување (КАРИЛ) (n = 49, 61.25 %; ФАСТ-КТ n = 22, 55 %; КТ n = 27, 67.5 %), без разлика во процентот на пациенти кои имале потреба од интензивна нега (p= 0.592). ФАСТ-КТ групата пациенти во просек поминала 18.5 дена интензивно лекување на КАРИЛ (медијана: 12, опсег: 1-53, СД: 16.26), кое не се разликувало од просечното времетраење на интензивно лекување на КАРИЛ кај КТ-групата (p = 0.450), кое изнесуваше во просек 12.85 дена (медијана: 11, опсег: 1-34, СД: 9.18).

**<u>Оцена на докторскиот труд</u>**

Докторскиот труд на кандидатот д-р Никола Брзанов, со наслов: „Имплементација на фокусирана проценка со ултрасонографија кај траума (еФАСТ) во Универзитетскиот ургентен хируршки центар – ТОАРИЛУЦ“, претставува истражување во областа на хирургијата и ургентната медицина. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел преку компарација на двете групи да ја потврди веродостојноста на ФАСТ-методата споредено со постојната пракса, односно КТ-дијагностиката на пациентите со траума. Направена е детална евалуација и статистичка обработка на добиените резултати при користењето на двата дијагностичките модалитета со одделни дијагностички техники. Исто така, се опсервира влијанието на одделните

дијагностички модалитети врз решението за иницијален третман и евентуална хируршка интервенција кај пациентите.

Докторската дисертација на кандидатот д-р Никола Брзанов, со наслов: „Имплементација на фокусирана проценка со ултрасонографија кај траума (еФАСТ) во Универзитетскиот ургентен хируршки центар – ТОАРИЛУЦ “, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

Главни научни придонеси на кандидатот се:

- Рано идентификување на животозагрозувачки состојби во Ургентниот хируршки центар, што доведува до побрза дијагностика и поефикасна интервенција, со што се подобруваат стапките на преживување, се намалуваат компликациите и се скратува болничкиот престој кај пациентите со трауматски повреди.
- Имплементирање на ФАСТ-ултрасонографијата како дијагностичка алатка при иницијална проценка на пациенти повредени при траума во дел: Ургентен центар – ЈЗУ ТОАРИЛУЦ – Скопје.
- Понатамошна едукација на специјализантите и специјалистите, односно обука за системската имплементација на ФАСТ-ултрасонографија ќе ја зголеми компетенцијата и ефикасноста на оперативните процеси во ургентните центри, што би резултирало со подобра нега на пациентите и подобрени клинички исходи.
- Резултатите од истражувањето кое е предмет на докторскиот труд, со оглед на актуелноста на темата, треба да инспирираат натамошни истражувања за воведување на други нови дијагностички техники, како и протоколи во ургентните центри, со што би се подобрила ефикасноста, како во дијагностицирање, така и во лекување на пациентите.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор), следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Brzanov N, Labacevski N, Antovik S, Trpevski S, Ognjenovic Lj, Gavrilovska–Brzanov A. Implementation of focused assessment with ultrasonography in trauma patients in university surgical emergency department. MJA, 2023; vol 7(3): 77-83

[2]. Brzanov N, Labacevski N, Antovik S, Trpevski S, Ognjenovic Lj, Georgiev A, Srceva M, Gavrilovska–Brzanov A. Thoracic point-of-care ultrasonography a reliable diagnostic technique for traumatic pneumothorax International Journal of Recent Research ni Arts and Sciences, Vol 18, 2024.

**<u>ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ</u>**

По внимателното разгледување и анализа на докторскиот труд со наслов: „Имплементација на фокусирана проценка со ултрасонографија кај траума (еФАСТ) во Универзитетскиот ургентен хируршки центар – ТОАРИЛУЦ“ од кандидатот д-р Никола Брзанов, Комисијата оценува дека докторскиот труд претставува самостоен научноистражувачки труд, со јасно дефинирани цели, релевантни резултати и апликативен клинички придонес.

Воведувањето на ФАСТ-ултрасонографија во ургентниот центар е клучно за брза, неинвазивна проценка кај пациенти со трауматски повреди. Таа помага брзо да се идентификуваат животозагрозувачки состојби, како што се внатрешни крварења или оштетувања на органите, овозможувајќи навремени интервенции кои го подобруваат исходот на пациентите. ФАСТ-ултрасонографијата е пренослива, економична и без зрачење, што ја прави идеална дијагностичка алатка во ургентната медицина. Нејзината употреба го забрзува дијагностицирањето, особено за време на критичниот „златен час“, и ја подобрува одлуката за понатамошен третман со обезбедување на клучни информации во реално време.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот д-р Никола Брзанов со наслов: „Имплементација на фокусирана проценка со ултрасонографија кај траума (еФАСТ) во Универзитетскиот ургентен хируршки центар – ТОАРИЛУЦ“.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Светозар Антовиќ, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Никола Лабачевски, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Симон Трпески, член, с.р.**
**Проф. д-р Оливер Станков, член, с.р.**
**Проф. д-р Андреа Гавриловски, член, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА ПОЛИТИКА НА ПОЛИТИЧКИТЕ СТУДИИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ” ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први”, објавен во весниците „Вечер” и „Коха” од 15 октомври 2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област применета политика на политичките студии, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр.02-1151/7, донесена на 4 ноември 2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: **д-р Панде Лазаревски**, редовен професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при УКИМ, **д-р Васко Наумовски**, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први” и **д-р Владимир Божиновски**, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први”.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област применета политика, во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први”, д-р Милена Апостоловска Степаноска. Кандидатката во прилог на својата пријава ги достави сите потребни документи, претходно наведени во конкурсот: доказ за стекнат соодветен степен на образование – копија од дипломата за научен степен доктор на науки, изјава за исполнување на општите и посебните услови за избор, уверение за државјанство, кратка биографија (CV), список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од трудовите, преглед на наставно-образовната дејност, научноистражувачката дејност, стручно-применувачката дејност и дејноста од поширок интерес.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Милена Апостолвска Степаноска е родена на 10.8.1984 година, во Скопје. Средно образование завршила во гимназијата „Јосип Броз-Тито” во 2003 година. Со високо образование се стекнала на Правниот факултет „Јустинијан Први”, насока: правни студии, каде што се запишала во 2003 година. Дипломирала во 2008 година, со просечен успех 9,50, каде што се стекнала со стручен назив – дипломиран правник. Прогласена е за трет најдобар студент во генерацијата, за што е добитник на плакета „Бронзен Јустинијан“ во 2010 година од деканот на Правниот факултет.

Во 2008 година се запишала на постдипломски студии по политички науки, насока: применети политики. На 5 декември 2011 година успешно го одбранила магистерскиот труд на тема „Институциите на Европската Унија и Договорот од Лисабон“ и се стекнала со називот магистер на политички науки од обласа применети политики. Постдипломските студии ги завршила со просечен успех 9,8.

Докторска дисертација пријавила на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. Дисертацијата на тема: „ Институциите на ЕУ и европскиот идентитет“ успешно ја одбранила на 17.6.2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Биљана Поповска, проф. д-р Марика Ристовска, проф. д-р Сашо Георгиевски, проф. д-р Татјана Петрушевска и проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки.

Кандидатката активно говори и пишува англиски јазик, а има основни познавања од германскиот јазик.

Во 2015 година е избрана во наставно-научното звање доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први”, на научната област применети политички науки.

На 4.5.2020 година е избрана во наставно-научното звање вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први”, на научната област применети политички науки.

Во моментот е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен број 1213, од 15 април 2020 година.

Извештајот ги оценува активностите на кандидатката во периодот од јануари 2020. Научните, стручните, педагошките и други остварувања на кандидатката од претходниот период се објавени во рефератите на горенаведените билтени. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во универзитетските билтени, како и вкупните научни, стручни и педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### 2.1. Наставно-образовна дејност

Проф. д-р Милена Апостоловска Степаноска учествува во изведувањето на наставно-образовниот процес на прв и втор циклус студии на политичките науки, студиите по новинарство и на студиите по односи со јавноста.

На прв циклус студии, таа е ангажирана на предметите:

- *Политичка социологија* (задолжителен предмет на прв циклус политички студии на македонски и англиски јазик);

- Европски интеграции на РСМ (задолжителен предмет на прв циклус студии по односи со јавноста);

- *Европски интеграции* (задолжителен предмет на прв циклус студии по новинарство).

На вториот циклус студии, проф. д-р Милена Апостоловска Степаноска е ангажирана во изведувањето на наставно-образовниот процес на следниве предмети:

- *Применета политика: теорија и практика* (задолжителен предмет на втор циклус студии по применета и компаративна политика);
- *Европски интеграции* (изборен предмет на втор циклус студии по новинарство).

Во текот на наставата, кандидатката внесува современ пристап во предавањата, поттикнува интерактивност и активна вклученост на студентите во дискусии поврзани со предметната програма.

Според последната акредитација на втор циклус студии на применета и компаративна политика кандидатката учествувала во оформувањето и подготовката на три нови предмети: Применета политика: теорија и практика и Вовед во европски интеграции и Политичка социологија (англиска програма).

Во периодот по изборот во звањето вонреден професор, кандидатката учествувала во комисии за оцена и одбрана на магистерски и докторски трудови.

Во рамки на наставно-образовната дејност, кандидатката учествувала како предавач на десет школи и работилници, меѓу кои и на покана на референтни странски универзитети, како што е панел-дискусијата „Образовните права на бегалците“, во организација на University of Vienna. На Правниот факултет во Скопје одржала презентација на тема „Образовни права во процесот на азил: Споредба на политиките во Австрија и С. Македонија“ на 19 мај 2023 во рамки на меѓународниот проект помеѓу Универзитетот во Виена и Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Кандидатката е коавтор на рецензиран универзитетски учебник под наслов „Применета политика“, во издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и Фондацијата „Конрад Аденауер“, кој со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 7.5.2021, а заведена со архивски број 02-520/9 од 11.5.2021 година, е одобрен како учебник по предметот Применета политика. Воедно, кандидатката е коавтор на поглавјето „Pejzaž sajber bezbednosti i digitalna forenzika: Makedonska perspektiva“ во универзитетскиот учебник издаден во странство со наслов:

„Forenzičko računovodstvo, istražne radnje, ljudski faktor i primenjeni alati.“ Univerzitet u Beogradu, Fakultet organizacionih nauka- Белград, Србија, 2021.

Другите конкретни активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот, се наведени во табелата во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање.

**2.2. Научноистражувачка дејност**

Кандидатката д-р Милена Апостоловска Степаноска бележи остварувања во вршењето на научноистражувачката дејност. Во периодот од изборот во звањето вонреден професор во 2020 година, д-р Рунчева Тасев објавила вкупно 15 научни и стручни трудови, од кои автор е на:

- една монографија;
- едн рецензиран учебник;
- 3 труда со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на Интернет како што се EBSCO, Emerland,Scopus, Web of science, Journal citation report, SCImago, Journal Rank.
- 1 труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт - фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достаона на Интернет како што се EBSCO, Emerland,Scopus, Web of science, Journal citation report, SCImago, Journal Rank.
- 3 труда со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува 2/3 од вкупниот број на членови.
- 6 труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји;

Сите претходно наведени научни и стручни трудови се соодветно прикачени и евидентирани во Ризницата (репозиториумот) на трудови на УКИМ. Најголем дел од научните и стручните трудови на кандидатката претставуваат коавторска соработка.

Проф. д-р Милена Апостоловска Степаноска била учесник на еден меѓународен научен проект ЕДУЛУМ, македонско-австриски научноистражувачки проект под наслов: „Право на образование во рамки на процесот за азил: Споредба на политиките во Австрија и Северна Македонија“ (EDULUM), финансиран од МОН и Универзитетот во Виена 2021 – 2023, раководител на еден национален научен проект и учесник во два национални научни проекта.

Кандидатката одржала 17 предавања на домашни и меѓународни научни и стручни собири, од кои 7 пленарни предавања на научни/стручни собири со меѓународно учество и 10 секциски предавања на научни/стручни собири со меѓународно учество.

Другите активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, податоците за објавените трудови, за проектите во кои учествувала кандидатката и за одржаните предавања, детално се наведени во табелата во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање.

**2.3. Стручно-применувачка дејност и дејности од поширок интерес**

Од изборот во звањето вонреден професор, кандидатката проф. д-р Милена Апостоловска Степаноска била активна и во делот на стручно-применувачката дејност, како и во дејностите од поширок интерес.

Во рамки на стручно-применувачката дејност, учествувала во повеќе промотивни активности на Факултетот.

Во делот на дејности од поширок интерес, проф. д-р Милена Апостоловска Степаноска учествувала во 3 факултетски комисии, била секретар на колегиумот на трет циклус студии по меѓународни односи, секретар на Институтот за политички науки и медиуми и комуникации и претседател на Комисија за попис на основни средства, ситен инвентар, потрошен материјал и изданија од издавачката дејност.

Кандидатката е уредник е на меѓународно стручно списание International Academic Journal и членува во уредувачкиот одбор на меѓународното научно/стручно списание Revizor-Journal of Organization Management, Finance and Auditing.

Кандидатката претседавала со програмски одбор на меѓународни научни собири во Рим и БАПУСС во Белград, и членувала во еден организациски одбор на меѓународен научен собир во Виена.

Проф. д-р Милена Апостоловска Степаноска е основач и член на управниот одбор на Македонскиот институт за европски студии и на Меѓународниот академски институт.

Активностите кои припаѓаат во стручно-применувачката дејност и дејностите од поширок интерес, подетално се наведени во табелата во Образец 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање.

### 3. Оценка од самоевалуација

Кандидатката д-р Милена Апостоловска Степаноска, за периодот од изборот во звањето вонреден професор до поднесувањето на пријавата, континуирано добиваше позитивна оценка од спроведените процеси на самоевалуација, преку анонимно анкетирање на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Милена Апостоловска Степаноска.

Кандидатката покажува исклучителна посветеност кон развојот на научната област во која се избира, особено поради нејзиниот истражувачки ангажман, кој е видлив преку коавторството на објавениот учебник по применета политика на Правниот факултет.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Милена Апостоловска Степаноска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област применета политика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје**, д-р Милена Апостоловска Степаноска** да биде избрана во звањето **редовен професор** во научната област **применета политика.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Панде Лазаревски, с.р.**
**Проф. д-р Васко Наумовски, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Божиновски, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Милена Апостоловска Степаноска
**Институција:**
Правен факултет „Јустинијан Први” – Скопје
**Научна област:** применета политика

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,5.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,8.<br>Просечниот успех изнесува / за интегрираните студии. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: применета политика, поле политички науки, подрачје општествени науки. | Да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да (подетално во образец 2) |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: __________<br>2. Назив на електронската база на списанија:___________<br>3. Наслов на трудот: _____________<br>4. Година на објава: _____________ | Да (подетално во образец 2) |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: __________<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): ___________ | Да (подетално во образец 2) |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: _____________<br>4. Година на објава: _____________ | |
| 3.3 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: _______<br>2. Назив на меѓународниот собир: ____________<br>3. Имиња на земјите: _________<br>4. Наслов на трудот: _____________<br>5. Година на објава: _____________ | Да (подетално во образец 2) |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: ПРИМЕНЕТА ПОЛИТИКА<br>Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 07.05.2021, а заведена со архивски број 02-520/9 од 11.05.2021 година се одобрува користењето на оваа книга како учебник по предметот Применета политика.<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2021 година | |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 4 мај 2020 година, Билтен на УКИМ, бр. 1213 од 15.4.2020 | Билтен на УКИМ, бр. 1213 од 15.4.2020 |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Панде Лазаревски, с.р.**
**Проф. д-р Васко Наумовски, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Божиновски, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: проф. д-р Милена Апостоловска Степаноска**
**Институција: Правен факултет „Јустинијан Први“ – УКИМ – Скопје**
**Научна област: применета политка**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава** | / |
| 1.1 | **Учебна 2019/2020**<br>Прв циклус<br>Политичка социологија 20*0,04=0.8<br>Политичка социологија англиски јазик 20*0,04=0.8<br>Европска интеграција на РСМ (односи со јавност) 26*0,04=1.04<br>Применета политика (англиски јазик) 20*0,04=0,8<br>Европски интеграции новинарство 26*0,04=1.04<br><br>Втор циклус<br><br>Применета политика во РСМ15 *0,05=0.75<br>Применета политика во РСМ (англиски јазик)15*0,05=1.5<br>Европски интеграции 17.5*0,05=0,875 | 7,605 |
| 1.2 | **Учебна 2020/2021**<br><br>Прв циклус<br>Политичка социологија 20*0,04=0.8<br>Политичка социологија англиски јазик 20*0,04=0.8<br>Европска интеграција на РСМ (односи со јавност) 26*0,04=1.04<br>Применета политика (англиски јазик) 20*0,04=0,8<br>Европски интеграции новинарство 26*0,04=1.04<br><br>Втор циклус<br><br>Применета политика во РСМ15 *0,05=0.75<br>Применета политика во РСМ (англиски јазик)15*0,05=1.5<br>Европски интеграции 17.5*0,05=0,875 | 7,605 |
| 1.3 | **Учебна 2021/2022**<br><br>Прв циклус<br>Политичка социологија 20*0,04=0.8<br>Политичка социологија англиски јазик 20*0,04=0.8<br>Европска интеграција на РСМ (односи со јавност) 26*0,04=1.04<br>Применета политика (англиски јазик) 20*0,04=0,8<br>Европски интеграции новинарство 26*0,04=1.04<br><br>Втор циклус | 7.605 |

| | | |
|---|---|---|
| | Применета политика во РСМ15 *0,05=0.75<br>Применета политика во РСМ (англиски јазик)15*0,05=1.5<br>Европски интеграции 17.5*0,05=0,875 | |
| 1.4 | **Учебна 2022/2023**<br>***Прв циклус***<br>Политичка социологија 20*0,04=0.8<br>Политичка социологија англиски јазик 20*0,04=0.8<br>Европска интеграција на РСМ (односи со јавноста) 26*0,04=1.04<br>Применета политика (англиски јазик) 20*0,04=0,8<br>Европски интеграции новинарство 26*0,04=1.04<br><br>***Втор циклус***<br><br>Применета политика во РСМ15 *0,05=0.75<br>Применета политика во РСМ (англиски јазик)15*0,05=1.5<br>Европски интеграции 17.5*0,05=0,875 | 7,605 |
| 1.5 | **Учебна 2023/2024**<br>Прв циклус<br>Политичка социологија 20*0,04=0.8<br>Политичка социологија англиски јазик 20*0,04=0.8<br>Европска интеграција на РСМ (односи со јавноста) 26*0,04=1.04<br>Применета политика (англиски јазик) 20*0,04=0,8<br>Европски интеграции новинарство 26*0,04=1.04<br><br>Втор циклус<br><br>Применета политика во РСМ15 *0,05=0.75<br>Применета политика во РСМ (англиски јазик)15*0,05=1.5<br>Европски интеграции 17.5*0,05=0,875 | 7,605 |
| **2.** | **Настава во летни школи и работилници** | |
| 2.1 | Предавање на панел-дискусија на тема: Refugee Inclusion Policies and Practicies”. Организатор: University of Vienna & Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 19 мај 2023. Предавање на тема: Компаративна анализа на образовни права во процесот на азил: Споредба на политиките во Австрија и С. Македонија | 1,5 |
| 2.2 | Обука „Менаџмент со човечки ресурси, внатрешна комуникација“. Организатор: Меѓународен академски институт – Скопје, 13 октомври 2023, Венеција, Италија | 1 |
| 2.3 | Обука „Деловно комуницирање и етика на работното место“. Организатор: World Smart Education, 16 ноември 2023, Рим, Италија | 1 |
| 2.4 | Обука „Стратешко планирање“. Организатор: World Smart Education , 14 декември 2023, Виена, Австрија | 1 |
| 2.5 | Обука „Професионален кариерен развој на вработените“. Организатор: World Smart Education, 5 февруари 2024, Милано, Италија | 1 |
| 2.6 | Обука „Деловна етика“. Организатор: World Smart Education, 8 март 2024, Барселона, Шпанија | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 2.7 | Обука „Менаџмент со човечки ресурси“. Организатор: World Smart Education, 16 април 2024, Будимпешта, Унгарија | 1 |
| 2.8 | Обука „Внатрешна организација и деловна етика“. Организатор: World Smart Education, 5 јуни 2024, Слиема Малта | 1 |
| 2.9 | Обука „Мобинг-теорија наспроти судска пракса“. Организатор: World Smart Education, 3 октомври 2024, Париз, Франција | 1 |
| 2.10 | Учество на работилница: „Образовните права на бегалците“. Организатор: University of Vienna, Виена, 22.6.2022 | 1 |
| **3.** | **Консултации со студенти** | |
| 3.1 | Консултации со студенти<br><br>2019/2020: 100x0.002=0,2<br>2020/21: 100x0.002=0,2<br>2021/22: 100x0.002=0,2<br>2022/23: 100x0.002=0,2<br>2023/24: 100x0.002=0,2 | 1 |
| **4.** | **Член на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд** | / |
| 4.1 | Учество во 3 комисии за оценка на магистерски тези (прилог одлуки) | 3x0,3=0,9 |
| | **Член на комисија за оценка и одбрана на докторски труд** | |
| | Учество во 3 комисии за оценка на докторски тези (прилог одлуки) | 3x0,7=2,1 |
| 5. | **Подготовка на нов предмет – предавања** | |
| | Применета политика: теорија и практика<br>Вовед во европски интеграции<br>Политичка социологија (англиска програма) | 3 |
| 6 | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | / |
| 6.1 | ПРИМЕНЕТА ПОЛИТИКА, учебник. Фондација „Конрад Аденауер“ и Правен факултет „Јустинијан Први“, 2021.<br>Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 7.5.2021, а заведена со архивски број 02-520/9 од 11.5.2021 година, се одобрува користењето на оваа книга како учебник по предметот Применета политика. | 6 |
| 7. | **Учебник издаден и во употреба на универзитет во странство** | |
| 7.1 | | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Forenzičko računovodstvo, istražne radnje, ljudski faktor i primenjeni alati. Univerzitet u Beogradu, Fakultet organizacionih nauka- Белград, Србија, 2021, ISBN 978-86-7680-393-4<br>*Pejzaž sajber bezbednosti i digitalna forenzika: Makedonska perspektiva.* | |
| 8. | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| 8.1 | Подготовка на пакет материјали по предметот Политичка социолија (англиски јазик) | 1 |
| | **Вкупно** | 70,525 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Монографија** | |
| 1.1 | Истражувачко новинарство во Република Северна Македонија во контекст на позитивни практики на европските земји и доктинарните дефиниции за истражувачко новинарство. Автори: проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, проф. д-р Ана Чупеска, проф. д-р Милена Апостоловска Степаноска<br>Издавач: Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2022 | 8 |
| 2. | **Учесник на меѓународен научен проект** | / |
| 2.1 | Учесник на проектот ЕДУЛУМ, македонско-австриски научноистражувачки проект под наслов: „Право на образование во рамки на процесот за азил: Споредба на политиките во Австрија и Северна Македонија“ (EDULUM), финансиран од МОН и Универзитетот во Виена, 2021 – 2023. | 5 |
| 3. | **Раководител на национален научен проект** | / |
| 3.1 | Раководител на проектот „Аеродром - родово одговорно општина“ – проект за унапредување на родовата еднаквост преку намалување на родовите стереотипи и предрасуди во општинските основни училишта во Општината Аеродром, 2021. | 6 |
| 4. | **Учесник во национални научни проекти** | / |
| 4.1 | Учесник со трудови од својата област во проектот Евроинтеграција на општествениот, политичкиот и економскиот систем, макропроект на Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ. | 3 |
| 4.2. | Учесник во проектот под наслов „Аеродром – родово одговорно училиште“, 2022. | 3 |
| 7. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на** | / |

| | | |
|---|---|---|
| | **списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | |
| 7.1 | Runcheva Tasev, Hristina, Milena Apostolovska Stepanoska, and Leposava Ognjanoska. 2023. “INTERNATIONAL AND MACEDONIAN LEGAL TREATMENT OF THE EDUCATIONAL RIGHTS OF REFUGEES”. *Journal of Liberty and International Affairs* 9 (2):441-53. (SCOPUS) | 6,4 |
| 7.2 | Runcheva Tasev, Hristina, Milena Apostolovska Stepanoska, and Leposava Ognjanoska. 2022. “THE POTENTIAL OF ARTICLE 259 TFEU AS A TOOL FOR UPHOLDING THE MUTUAL TRUST IN THE EU”. *THE RECOVERY OF THE EU AND STRENGTHENING THE ABILITY TO RESPOND TO NEW CHALLENGES - LEGAL AND ECONOMIC ASPECTS (Conference Book of Proceedings)* Vol 6 (2022):625-644. (Web of Science) | 6,4 |
| 7.3 | Runcheva Tasev, Hristina. Apostolovska-Stepanoska, Milena. Ognjanovska, Leposava, “UNION BASED ON THE RULE OF LAW: THE COURT OF JUSTICE OF THE EUROPEAN UNION AND THE (FUTURE OF) EUROPEAN INTEGRATION”. Eastern Journal of European Studies. Vol 11, Issue 2, December 2020. (Web of Science) | 6,4 |
| 8. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | |
| 8.1 | Vasko Naumovski, Milena Apostolovska Stepanoska, Leposava Ognjanovska. “European Army: Reality or Fiction?”. Iustinianus Primus Law Review, 2020. (EBSCO) | 4 |
| 9. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | / |
| 9.1 | Apostolovska-Stepanoska Milena, Ognjanovska Leposava “THE DOCTRINE OF SUPREMACY OF EUROPEAN Union LAW: FOUNDATIONS, SCOPE AND FUTURE PERSPECTIVES”, In: REGIONAL LAW REVIEW “INSTITUTE OF COMPARATIVE LAW IN BELGRADE”, 2020 | 4,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 9.2 | Vasko Naumovski, Apostolovska Stepanoska Milena, Ognjanovska Leposava. The rule of Law in the contect of the European Union`s Western Balkans Enlargement Policy Political Thought Year 18, No. 59, 2020 Konrad Adenauer Foundation, IDSCS | 4 |
| 9.3 | Vasko Naumovski, Apostolovska Stepanoska Milena, Ognjanovska Leposava. Дефинирање на улогата на ЕУ како глобален актер: предизвици и перспективи Political Thought Year 19, No. 62, 2021. Konrad Adenauer Foundation, IDSCS. | 4 |
| 10 | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири кадешто членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | / |
| 10.1 | Apostolovska Stepanoska, Milena; Runcheva Tasev, Hristina. “CONCEPTUAL ANALYSIS OF MODERN EUROSCEPTICISM” Conference Book of Proceedings from 10. INTERNATIONAL EUROPEAN CONGRESS ON ADVANCED STUDIES IN BASIC SCIENCES, 26-28 July 2024, Amsterdam, Netherlands, p. 281-285. | 4,5 |
| 10.2 | Apostolovska Stepanoska, Milena; Runcheva Tasev, Hristina. “THE USE OF THE PRINCIPLE OF SUBSIDIARITY IN THE EU”, ISARC 7. INTERNATIONAL HASANKEYF SCIENTIFIC RESEARCH AND INNOVATION CONGRESS 23-24 FEBRUARY 2024 BATMAN, p. 505-511. | 4,5 |
| 10.3 | Aneta Stojanovska-Stefanova, Marija Magdincheva-Shopova, Hristina Runcheva Tasev, Milena Apostolovska Stepanoska “E-COMMERCE DEVELOPMENT DURING THE COVID-19 PANDEMIC: THE MACEDONIAN CASE”. BELECON Conference Proceedings 2-3 June 2022, BAPUSS, Belgrade, p397-417. | 3 |
| 10.4 | Naumovski Vasko, Apostolovska Stepanoska Milena, Gjodrvska Milena. “European Experiences of Coroprate Social Responsibility in the Pharmseutical Industry”. The Proceedings Book. II International Antalya Scientific Research and Innovative Studies Congress, 17-21 March 2022. Antalya, Turkey | 4 |
| 10.5 | Naumovski Vasko, Apostolovska Stepanoska Milena, “Decision Making Process: Factors and Influences”. The Proceedings Book. International Academic Conference, February and March 2022. | 4,5 |
| 10.6 | Naumovski Vasko, Apostolovska Stepanoska Milena , Nikolova Marija “ Ethics in the Pharmacy”. The Proceedings Book. IV International Ethics Congress, October 2023. | 4 |
| 12. | **Рецензија на научен/стручен труд** | |
| 12.1 | Рецензија на научни трудови објавени во списанието International Academic Journal 4*0,2 | 0,8 |
| 12.2 | Рецензија на научни трудови објавени во списанието Regional Law Review 1*0,2 | 0,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | **Пленарни предавања на научни/стручни собири со меѓународно учество** | / |
| 13.1. | Пленарно предавање на тема „*Enlargement and the Future of Europe : Perspectives from North Macedonia*“, IAI Conference, September 2024 | 3 |
| 13.2. | Пленарно предавање на тема „North Macedonia on its Path to EU``, 13 February 2024, IAI Conference Milan Italy and online on zoom.us | 3 |
| 13.3 | Пленарно предавање на тема „REFUGEES EDUCATIONAL RIGHTS IN NORTH MACEDONIA: POLICIES AND PRACTICIES“, BELECON Conference, 2 June 2023, BAPUSS, Belgrade | 3 |
| 13.4 | Пленарно предавање на тема „ E-COMMERCE DEVELOPMENT DURING THE COVID-19 PANDEMIC: THE MACEDONIAN CASE“ BELECON Conference 2-3 June 2022, BAPUSS, Belgrade, | 3 |
| 13.5 | Пленарно предавање на тема „ Educational Challenges and perspecrives after THE COVID-19 PANDEMIC“ IAI Conference June 2021, University of Vienna | 3 |
| 13.6 | Пленарно предавање на тема „ Current Geopolitical Developments : Security, Economy and Energy“ IAI Conference January 2021 online on zoom.us | 3 |
| 13.7. | Пленарно предавање на тема „ THE COVID-19 PANDEMIC: What to expect next?“ IAI Conference November 2020 online on zoom.us | 3 |
| 14. | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| 14.1. | 10. INTERNATIONAL EUROPEAN CONGRESS ON ADVANCED STUDIES IN BASIC SCIENCES, 26-28 July 2024, Amsterdam, Netherlands, презентација на тема „CONCEPTUAL ANALYSIS OF MODERN EUROSCEPTICISM” | 2 |
| 14.2. | *1st International Conference `` Regional Law Review `` Октомври 2020 Institute for Comparative Law презентација на тема : THE DOCTRINE OF SUPREMACY OF EUROPEAN Union LAW: FOUNDATIONS, SCOPE AND FUTURE PERSPECTIVES* | 2 |
| 14.3. | *4. AHI EVRAN International Conference on Scientific Research 26-28 April 2024* Kirsehir, Ahi Evran University, Turkiye, презентација на тема „MEDIA FREEDOM IN NORTH MACEDONIA: CHALLENGES ON THE WAY TO PROGRESS“. | 2 |
| 14.4. | ISARC 7. INTERNATIONAL HASANKEYF SCIENTIFIC RESEARCH AND INNOVATION CONGRESS 23-24 FEBRUARY 2024 BATMAN, TURKIYE, презентација на тема “THE USE OF THE PRINCIPLE OF SUBSIDIARITY IN THE EU” | 2 |
| 14.5 | *IV International Ethics Congress, 9.10.2023, Ankara, Turkey, презентација на тема „ Ethics in the Pharmacy “* | 2 |
| 14.6. | International Siirit Conference on Scientific Research, University in Siirit, 5-7 November 2021, презентација на тема: *The Influence of the Decision Making Criteria in Decision Making Process* | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 14.7. | ECLIC International Scientific Conference, “The recovery of the EU and strengthening the ability to respond to new challenges-legal and economic aspects” 9-10 June 2022. Презентација на тема: “THE POTENTIAL OF ARTICLE 259 TFEU AS A TOOL FOR UPHOLDING THE MUTUAL TRUST IN THE EU”. | 2 |
| 14.8 | V International Conference on Innovative Studies of Contemporary Sciences “. Tokyo Summit, 14-16 January 2022, предавање на тема „The importance of the decision making criteria in decision making process” | 2 |
| 14.9 | The II International Antalya Scientific Research and Innovative Studies Congress, 17-21 March 2022. Antalya, Turkey, предавање на тема „European Experiences of Coroporate Social Responsibility in the Pharmseutical Industry” | 2 |
| 14.10 | International Academic Conference February 2022, презентација на тема: Decision Making Process: Factors and Influences”. | 2 |
| 15. | **Апстракти објавени во зборник на конференција** | |
| 15.1. | Apostolovska-Stepanoska Milena, „The importance of the decision making criteria in decision making process” Proceedings of the V International Conference on Innovative Studies of Contemporary Sciences “. Tokyo Summit, 14-16 January 2022 | 1 |
| 15.2. | Apostolovska-Stepanoska Milena, „North Macedonia on its Path to EU`Book of Abstracts of the International Academic Conference, February 2024 | 1 |
| | **Вкупно** | 129,2 |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Стручна монографија објавена во странство** | |
| 1.1. | | |
| 2 | **Учество во промотивни активности на Факултетот** | / |
| 2.1. | Учество во активности за промовирање на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Отворен ден на УКИМ – 2020, 2021 | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 3. | **Уредник на меѓународно стручно списание** | / |
| 3.1 | Уредник на International Academic Journal, во издание на International Academic Institute Vol.1 Issue 1 2020 | 3 |
| 3.2 | Уредник на International Academic Journal, во издание на International Academic Institute Vol 2 Issue 2 2021 | 3 |
| 3.3 | Уредник на International Academic Journal, во издание на International Academic Institute Vol 3 Issue 1 2022 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.4 | Уредник на IAI Academic Book of Abstracts во издание на International Academic Institute 21 January 2021 www.ia-institute.com | 3 |
| 3.5 | Уредник на IAI Academic Book of Abstracts во издание на International Academic Institute 21 January 2021 www.ia-institute.com | 3 |
| 3.6 | Уредник на IAI Academic Virtual Conference Proceedings, во издание на International Academic Institute 20 May 2020 www.ia-institute.com | 3 |
| 3.7 | Уредник на IAI Academic Virtual Conference Proceedings, во издание на International Academic Institute 9 December 2020 www.ia-institute.com | 3 |
| 3.8 | Уредник на IAI Academic Virtual Conference Book of Abstracts во издание на International Academic Institute 20 May 2020 www.ia-institute.com | 3 |
| 3.9 | Уредник на IAI Academic Virtual Conference Proceedings, во издание на International Academic Institute 11 November 2020 www.ia-institute.com | 3 |
| 3.10 | Уредник на IAI Academic Budapest Conference Proceedings, во издание на International Academic Institute 5 May 2022 www.ia-institute.com | 3 |
| 4. | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание** | |
| | Член на уредувачкиот одбор на меѓународното научно списание Ревизор, ISSN 1450-7005. (Revizor-Journal of Organization Management, Finance and Auditing) www.casopisrevizor.rs | 1 |
| | Член на уредувачкиот одбор на Proceedings Book од International Conference on Global Practice of Multidisciplinary Scientific Studies dedicated to the 100 Anniversary of Georgian Technical University | 1 |
| | Член на уредувачкиот одбор на меѓународното научно списание на International Academic Journal, во издание на International Academic Institute Vol.3 Issue 2 2022 | 1 |
| | Член на уредувачкиот одбор на меѓународното научно списание на International Academic Journal, во издание на International Academic Institute Vol.4 Issue 1 2023 | 1 |
| | Член на уредувачкиот одбор на меѓународното научно списание на International Academic Journal, во издание на International Academic Institute Vol.5 Issue 2024 | 1 |
| | Член на уредувачкиот одбор на меѓународното научно списание на International Academic Journal, во издание на International Academic Institute Vol.2 Issue 1 2021 | 1 |
| | Член на уредувачкиот одбор на меѓународното научно списание на International Academic Journal, во издание на International Academic Institute Vol.1 Issue 2 2020 | 1 |
| 5. | **Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |
| 5.1. | IAI International Academic Conference во Рим, 17.9.2024 https://ia-institute.com/category/conferences/ | 2 |
| 5.2. | IAI International Academic Conference at Belgrade Business and Arts Academy of Applied Science, 29.04.2020 https://ia-institute.com/category/conferences/ | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |
| 6.1 | Член на организациониот одбор на IAI International Academic Conference at Vienna University, 21.6.2022 | 0,5 |
| 7. | **Член на факултетска комисија** | |
| 7.1. | Член на Комисија за попис на основни средства, ситен инвентар, потрошен материјал и изданија од издавачката дејност (02-1314/9, 2022 година) | 0,5 |
| 7.2 | Секретар на Институт по политички науки, медиуми и комуникации, февруари 2024 | 0,5 |
| 7.3 | Секретар на колегиум на трет циклус студии – меѓународно право и меѓународни односи (2021 – во тек) | 0,5 |
| 8 | **Член на комисија за избор во звање** | / |
| 9. | **Член на управен одбор на здружение поврзано со струката** | |
| 9.1 | Член на управен одбор на Меѓународен академски институт (МАИ) | 0,3 |
| 9.2 | Член на Управен одбор на Македонскиот институт за европски студии (МИЕС) | 0,3 |
| 10 | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** | |
| 10.1 | Изготвување и пријавување на македонско-австриското научноистражувачки проект под наслов „Право на образование во рамки на процесот за азил: Споредба на политиките во Австрија и Северна Македонија“ (EDULUM), финансиран од МОН и Универзитетот во Виена, 2021 – 2023. | 2 |
| | **Вкупно** | 46.6 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТКАТА ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 70,525 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 129,2 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 46,6 |
| **Вкупно** | 254,925 |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Панде Лазаревски, с.р.**
**Проф. д-р Васко Наумовски, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Божиновски, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО КАКО ТЕМЕЛНА ВРЕДНОСТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА И ВО ПОЛИТИКАТА НА ПРОШИРУВАЊЕ СО ФОКУС НА ЗАПАДНИОТ БАЛКАН“ ОД М-Р ЛЕПОСАВА ОГЊАНОСКА СТАВРОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 2.7.2024 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Лепосава Огњаноска Ставровска, со наслов: „Владеењето на правото како темелна вредност на Европската Унија и процесот на европска интеграција и во политиката на проширување со фокус на Западниот Балкан“, во состав: д-р Сашо Георгиевски (ментор), редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Тања Каракамишева-Јовановска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Васко Наумовски, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Јулија Брсакоска-Базеркоска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и д-р Илина Ценевска, вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Лепосава Огњаноска Ставровска, со наслов: „Владеењето на правото како темелна вредност на Европската Унија и процесот на европска интеграција и во политиката на проширување со фокус на Западниот Балкан“, содржи 493 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 1153 фусноти, и 773 библиографски единици (учебници, монографии, научни трудови, статии, коментари, национални и меѓународни правни извори, судски одлуки, извештаи на релевантни тела, други одлуки и интернет-извори).

Владеењето на правото како обединувачка вредност во контекстот на ЕУ, односно неговата улога и значење за развој на европскиот идентитет и ефективното спроведување на политиките е главниот фокус на овој докторски проект. Така, предметот може поблиску да се определи како истражување на интеракцијата и корелацијата помеѓу интерната димензија на владеењето на правото како темелна вредност на ЕУ и процесот на европската интеграција, и неговата екстерна димензија, односно европеизацијата на земјите кандидатки преку промовирањето на владеењето на правото во политиката на проширување кон Западниот Балкан како критериум од чиешто исполнување зависи целокупната подготвеност за членство во ЕУ. Со оглед на фактот што дисертацијата е од областа на правото на ЕУ и европската интеграција, а се одликува со интердисциплинарен карактер што вклучува правна и политиколошка анализа, предметот на истражување во себе опфаќа продлабочен преглед на повеќе институти и појави. Материјата во овој труд е презентирана со тоа што содржи три потцелини/делови обработени во рамки на следниве единици: вовед, 8 глави, завршни согледувања, литература и прилози. Составот на трудот има редослед и кохезија помеѓу точките и потточките кои ја претставуваат материјата.

***Воведот*** ја обработува актуелноста на предметот на истражување од аспект и на научна вредност и на општествен придонес, ги утврдува клучните истражувачки прашања и хипотези, ја дефинира методологијата и рамката за анализа на прашањето. Од освртот кон литературата произлезе дека владеењето на правото во ЕУ е особено актуелна тема во научната мисла посветена на правото на ЕУ и европските интеграции, но најчесто се обработува само во една димензија – или од аспект на развојот и заштитата на владеењето на правото во внатрешните граници на Унијата или во рамки на политиката на проширување, па во таа смисла отсуствува холистички пристап што би ја истражил поврзаноста, со што се потврди и оправданоста на темата на дисертацијата.

Трудот е поделен на три дела, при што секој дел се состои од одредени поглавја и заокружува одредени заемно поврзани целини, а при тоа потврдува и одредена хипотеза.

***Првиот дел*** е посветен на владеењето на правото од аспект на правните иде(ал)и и стремежи кои ги претставува, па така се состои од Глава 1 – Концептуализирање на владеењето на правото, и соодветно на предметот на истражување продолжува со Глава 2 – Синтетизирање на владеењето на правото со фокус на меѓународниот (правен) поредок. Првиот дел претставува своевиден аналитички „водич“ за владеењето на правото како концепт.

Во **првата глава** од дисертацијата се обработува владеењето на правото како начело на современиот конституционализам и утврдување на главните елементи со цел да се изврши поимно определување. Преку преглед на историскиот развој на владеењето на правото, детектирани се одредени повторливи карактеристики преку кои поимот може да се анализира во широк временски распон, а воедно се утврдени и специфичните фактори кои ја поттикнале појавата на модерното владеење на правото како „цивилизациско достигнување од универзално значење“ и неговото вградување во европското општество. Историскиот преглед укажа дека развојот на идејата на владеење на правото е поврзан со развојот на три институти од витално значење – концептот на поделба на власта, појавата на извори на уставното право и афирмирањето на независноста на судската власт. Оттаму, треба да се има предвид дека токму овие институти го поддржуваат владеењето на правото, а не обратно – со други зборови, треба да се постигне независност на судството за да се унапреди владеењето на правото. Процесот во таа смисла е индуктивен, поаѓа од поединечните делови кон целината.

Владеењето на правото, генерално, ги преиспитува односите меѓу политичката моќ – суверенитетот и државата, правото од нормативен аспект, и индивидуите и нивните права, како посебен квалитативен однос помеѓу „државата“ и „правото“ во корист на поединецот. Од анализата се утврди дека владеењето на правото е поим со историски димензии што се обликува под влијание на преовладувачките правни и политички традиции, преобразувајќи се од идеја кон идеал. Оттаму, владеењето на правото треба да се разгледува како еволутивен концепт, но и да се има предвид дека налага постојано преиспитување од аспект на степенот на исполнување и постигнување.

Владеењето на правото беше дефинирано и од аспект на основната дихотомија на формална и суштинска концепција, за да се понуди консолидирана верзија што ги содржи формалните барања како предвидливост и јасност на законот, ограничување на арбитрерноста на власта и на моќта на принудата, но надополнето со вредносна ориентација преку интегрирање и на суштинската улога на владеењето на правото во општествениот систем, како што е заштитата на човековите права. Во таа смисла, направен е осврт и на разликата во однос на концептот владеење преку правото/владеење со правото (*rule by law*) како антитеза на владеењето на правото, а се испитани и квалитативните релации со демократијата и економскиот развој.

Стремежот за синтетизирање на владеењето на правото како мултидимензионален концепт доведе до заклучок дека одржливите реформи во однос на владеењето на правото треба да ги земат предвид различните димензии и потребата од интернализирање на промените на различни нивоа, како и вредносниот систем споделен од припадниците и групите во едно општество.

**Втората глава** го дефинира владеењето на правото со фокус на меѓународниот (правен) поредок. Во тој контекст, се наметнало прашањето дали станува збор за меѓународно владеење на правото или владеење на меѓународното право, при што било согледано дека е поверодостојно анализата да се насочи кон меѓународно владеење на правото во смисла на засебен поим со којшто се настојува да се обезбеди меѓународна правда и да се уредат односите на меѓународната сцена наместо владеење на меѓународното право во класична смисла. Постои тенденција за развој на меѓународната димензија на владеењето на правото, првенствено преку активностите на меѓународните организации како ООН, како и регионалните организации како што е Советот на Европа. Правилата кои би засегале во посуштинската концепција на владеење на правото најчесто имаат карактер на меко право, но треба да се има предвид дека човековите права како „слој“ на суштинската концепција на владеењето на правото се јадро на меѓународното право и процесот на нивно навлегување во националниот концепт на владеење на правото се должи на притисок од меѓународното право. Така, кога се зборува за меѓународната димензија на владеењето на правото, треба да се има предвид и аспектот на интеракција со националната димензија, првенствено на нормативно ниво.

Следно, анализирана е паневропската концепција на владеењето на правото и придонесот на регионалните меѓународни организации, со фокус на Советот на Европа. Утврдени се соодветните извори на владеењето на правото, првенствено Статутот на Советот на Европа и Европската конвенција за човековите права, што владеењето на правото го вбројуваат меѓу принципите на заедничкото наследство кои ја формираат основата на сите демократии и како дел од европското заедничко наследство, што ги мотивирало земјите да пристапат кон создавање на организација што на европско тло ќе обезбеди колективно гарантирање на определени права утврдени со Универзалната декларација. За утврдување на содржината на концептот, анализирана е јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права, при што се идентификувани неколку членови на Конвенцијата што содржат дел од елементите и гаранциите на владеењето на правото, и тоа: членот 5 – право на слобода и сигурност, членот 6 – право на правично судење; членот 7 – нема казна без закон; членот 10 – слобода на изразување, и членот 13 – право на ефективен лек.

Клучен придонес кон паневропското дефинирање на владеењето на правото има Венецијанската комисија, што врз основа на целокупните извори на правото и принципите и стандардите развиени во рамки на праксата на ЕСЧП, го синтетизира владеењето на правото преку низа одредници предвидени во рамки на Контролната листа за владеење на правото. Таквата целовита и конзистентна концепција на владеење на правото е сочинета од принципите на законитост, правна сигурност, превенција на злоупотребата на овластувања, рамноправност пред законот и недискриминација, и пристап до правда во чии рамки влегува и независноста и непристрасноста на судскиот систем. Преку овие контролни области и внатре во нив специфични подобласти за кои се прецизирани низа индикатори во форма на контролни прашања, Венецијанската комисија обезбеди сеопфатна рамка за проценка на владеењето на правото во различни национални и меѓународни контексти, а ја зајакна синергијата помеѓу Советот на Европа и Европската Унија, стремејќи се да создаде еден паневропски концепт како појдовна основа за примена во различните системи.

***Вториот дел*** е посветен на владеењето на правото како концепт на ниво на ЕУ, од аспект на интерната димензија, што е разработена преку Глава 1 – Владеењето на правото во правниот поредок на ЕУ, Глава 2 – Механизмите за заштита и Глава 3 – Владеењето на правото како темелна вредност на процесот на европска интеграција. Посебен акцент во овој дел е ставен на концептуализирањето на владеењето на правото во ЕУ преку дејствувањето на главните актери, но и неговото влијание во процесот на донесување на одлуки од значење за процесот на европска интеграција, рефлектирани во повеќе извори на правото при што ќе се направи и нивно лоцирање. Така, владеењето на правото е анализирано како правно начело, но и како темелна вредност на процесот на европска интеграција, односно аспект на европскиот идентитет. Третата глава

содржи и студија на случај посветена на постпристапните состојби во владеењето на правото во Полска.

**Првата глава од вториот дел** започнува со трагање кон карактеристичното значење и опсегот на владеењето на правото во ЕУ, па така, појдовна основа е компаративниот преглед на концептот на владеење на правото во доминантните европски правни традиции, со фокус на германскиот *Rechtsstaat,* францускиот *État de Droit* и англискиот *Rule of Law,* односно континентално-европските и англосаксонските гледишта, за преку методот на индукција да се обезбеди основа за истражување на еволуцијата на владеењето на правото во ЕУ како уставен концепт со автономно значење и карактеристики. Додадена вредност на оваа анализа е прегледот на сфаќањата за владеење на правото во земјите од Централна и Источна Европа. Јазичните разлики меѓу поимите со кои се означува концептот на владеење на правото рефлектираат и разлики во материјалното значење на поимот.

Во процесот на (ре)концептуализација на владеењето на правото во земјите од ЦИЕ се јавува еден специфичен проблем на балансирање на потребата од силно политичко водство што ќе поседува волја да го поттикне процесот на транзиција односно трансформација во рамки на процесот на европеизација, наспроти идејата за ограничена улога на извршната власт во согласност со владеењето на правото кон кое се стремат земјите во истиот тој процес. Тоа ја усложнува и улогата на ЕУ во промовирањето на владеењето на правото во политиката на проширување, но ја потврди хипотезата дека процесот мора да продолжи со развој на интерната димензија на владеењето на правото, униформирање на концептот и функционалноста на механизмите за заштита.

Анализата на специфичните концепции за владеењето на правото на национално ниво откри дека истото е вкоренето во заедничката борба против апсолутизмот, меѓутоа варира во зависност од различните истории, култури и практики. Во исто време, владеењето на правото не само што одразува различни „идентитети“ согласно со околностите во кои настанал концептот, туку, исто така, се развило за со текот на времето да одговори на новите општествени и политички потреби во истата држава во којашто се создал. Со оглед на специфичната природа на Унијата кога станува збор за суверенитетот и државноста, може полесно да се сфати преовладувањето на англо-американскиот пристап во однос на владеење на правото на ниво на ЕУ рефлектиран првенствено преку улогата и овластувањата на Судот на правдата на ЕУ, наспроти фактот што во земјите членки доминантна е континенталната правна традиција. Сепак, треба да се има предвид дека таквата институционална архитектура е спротивна на правните традиции на земјите членки поради што може да води кон ризик од преовладување на небалансирана моќ. Од големо значење е да се нагласи дека концептот на владеење на правото во ЕУ е обврзувачки и за земјите членки и за институциите на Унијата и треба соодветно да ги усогласи специфичностите на ЕУ како наднационален sui generis ентитет.

Владеењето на правото е основачки принцип и темелна вредност на ЕУ и, како такво, е клучен елемент во развојот на Унијата од нејзиното основање, а воедно и прашање преку кое ЕУ се дефинира себеси како посебен ентитет во меѓународното право и во меѓународните односи. Така, од анализата произлегол заклучок што ја потврдил хипотезата дека владеењето на правото ја прати идејата за европска интеграција уште од самите почетоци, меѓутоа на ниво на концепт на ЕУ се актуелизира во контекст на приемот на нови земји членки од ЦИЕ, заедно со развојот на политиката на проширување на ЕУ. Тоа се должи на потребата од интегрирање на правни поредоци со различен еволутивен развој во кои основната концепција за владеење на правото повеќе е производ на неодамна спроведена трансформација на системот отколку на правно-културолошката традиција, поради што одредени елементи не се јасно дефинирани и целосно зацврстени. Од конституционален аспект, концептот еволуираше од принцип на меѓуинституционално функционирање на Унијата до темелна вредност на европската интеграција со композитна структура, односно конкретна нормативна содржина со правнообврзувачко дејство, вклучително и за

земјите членки како актери во процесот. Сепак, таквото прокламирање на владеењето на правото во Унијата не било придружено со конкретно дефинирање на содржината, што создаде нејаснотии во однос на обемот и опфатот.

Основачките договори не содржат дефиниција на владеењето на правото во ЕУ и неговите составни елементи. Значаен придонес кон утврдување на содржината (и суштината) на поимот даде Судот на правдата на Европската Унија, што како еден од клучните институционални актери во процесот на европската интеграција, низ својата пракса прецизираше низа принципи кои се составен дел на владеењето на правото на ЕУ, на начин што ги екстрахираше од заедничките уставни традиции на земјите членки, но ги дообликуваше во духот на правото на Унијата. Во таа смисла, СПЕУ утврди дека членот 2 од ДЕУ не подразбира само декларативна изјава, туку е правнообврзувачка одредба што создава конкретни обврски за земјите членки кои со стимулирање на владеењето на правото во основачките договорите на ЕУ, се согласиле да го почитуваат. Постепено, се забележува продирање на владеењето на правото и во секундарното право на ЕУ. Регулативата 2020/2092 е прв исчекор во тој поглед, но и прв инструмент што обезбедува сеопфатна дефиниција за владеењето на правото во ЕУ. Така, владеењето на правото е определено преку принципот на законитост што подразбира транспарентен, одговорен, демократски и плуралистички процес на донесување закони; правна сигурност; забрана за самоволие во извршните овластувања; ефикасна судска заштита, вклучително и пристап до правда, преку независни и непристрасни судови, како и во однос на темелните права; поделба на власта; недискриминација и еднаквост пред законот. На тој начин, конечно се доаѓа до првата дефиниција на владеењето на правото како концепт на ниво на ЕУ.

Поглавјето содржи и аналитички преглед на компонетите кои го сочинуваат концептот на владеењето на правото во ЕУ, согласно со дефиницијата содржана во наведената регулатива. За таа цел, поглавјето опфаќа аналитички преглед на јуриспруденцијата на Судот на правдата на ЕУ со цел да се утврди кои од наведените компоненти на владеењето на правото се соодветно развиени во концептот што го создава и промовира Унијата и дополнително, во која мера. Во таа смисла, се утврди дека Судот на правдата на ЕУ посветува најмногу внимание на судската независност и ефективниот пристап до правда. Самата јуриспруденција ја развива и содржината на принципот на законитост и правна сигурност, но одвоено од владеењето на правото, додека, пак, другите елементи или воопшто не се развиени или, пак, отсуствува соодветно интерпретирање во контекст на владеењето на правото.

**Второто поглавје од вториот дел** се фокусира на механизмите за заштита на владеењето на правото во ЕУ владеењето на правото како темелна вредност на процесот на европската интеграција. Врз основа на елаборираната концепција на владеењето на правото во ЕУ, во овој дел од дисертацијата се стави акцент на прашањето за ефективноста во спроведувањето и обезбедувањето на заштита преку анализа на актуелните механизами раздвоени на правни и политички. Забележана е интензивна активност на Комисијата за примена на механизмите за заштита на владеењето на правото, проследена со значаен придонес на Судот на правдата на ЕУ.

Во таа смисла, се заклучи дека постапката за утврдување и санкционирање повреди на правото на ЕУ содржана во членот 258 од ДФЕУ и членот 259 од ДФЕУ, што се разликуваат по однос на овластениот тужител во постапката, имаат најголем потенцијал да обезбедат ефективна заштита на владеењето на правото во ЕУ. Главата содржи обемна анализа на праксата на Судот за човекови права по однос на предметите што го адресираат владеењето на правото. Сепак, се заклучи дека пресудите по предметите за заштита на владеењето на правото во рамки на членот 258 од ДФЕУ создале тренд на „пораз преку победа“, односно и покрај тоа што судската одлука утврдува соодветна повреда, изостанал поширокиот ефект на постапката. Се утврди дека не сите напади врз европските вредности може да се третираат преку членот 19 (1) од ДЕУ и судската независност е само еден елемент во сложената структура на владеењето на правото како темелна вредност согласно со членот 2 од ДЕУ, поради што се препорачува пристап што би бил соодветен за справување со системската природа на

назадувањето на владеењето на правото во некои земји членки и структурните проблеми.

Во однос на постапката за прелиминарно одлучување од членот 267 од ДФЕУ, се утврдува дека оваа постапка може да се толкува како правен механизам за заштита на владеењето на правото во ЕУ со кој националните судови/судии може да ја доведат во прашање независноста на нивните колеги од земјите членки на ЕУ во ситуации кога е загрозен правниот поредок на Унијата, при што овој механизам дава можност и за индиректен судски дијалог меѓу националните судови на ЕУ. Сепак, треба да се има предвид дека главната функција на постапката е толкување на валидноста на правото на ЕУ, а не оценување на фактичката состојба во земја членка, па придонесот на овој механизам се состои во тоа што може да го отвори патот за покренување на постапки за прекршување на правото на ЕУ согласно со членовите 258 и 259 од ДФЕУ. Постапката за прелиминарно одлучување обезбедува будност на засегнатите страни за заштита на нивните права, што е механизам за ефективен надзор како дополнение на заштитата доверена со членовите 258 и 259 од ДФЕУ. Токму преку оваа постапка беше развиена екстензивна судска пракса како одговор на нападите врз владеењето на правото, што самата по себе има изразено правно значење.

Механизмот предвиден во членот 7 од ДЕУ, иако најсимболичен за заштита на владеењето на правото, се покажа неоперативен во пракса и не може да се смета за ефективен и соодветен инструмент за да се обезбеди владеењето на правото во земјите членки на ЕУ. За да биде оперативен, предвидената постапка треба да обезбеди пониски прагови за активирање на механизмите од членот 7 од ДЕУ, меѓутоа таквите активности бараат ревизија на основачките договори. Оттаму, иако членот 7 од ДЕУ експлицитно беше воведен за да предвиди заштитни (превентивни и санкционирачки) механизми против прекршувањата на темелните права на Унијата, вклучително и владеењето на правото, сепак поради наведените околности не успеа да постигне видливи резултати.

Поглавјето ги опфати и механизмите за заштита на владеењето на правото во ЕУ содржани во секундарното право, односно т.н. Регулатива за условеност на владеењето на правото 2020/2092, како еден од поновите механизми за одговор на проблемите со кои се соочува Унијата поради земјите членки кои го прекршуваат владеењето на правото.

Анализата ги вклучи и политичките механизми за заштита на владеењето на правото, при што се заклучи дека овие механизми обезбедуваат поголема флексибилност од аспект на условите за нивно воведување во системот и можностите за модифицирање за да бидат приспособени на системските закани кон владеењето на правото, наместо на поединечни, одделни прекршувања. Така, развојот на овие механизми е своевиден обид за адресирање на критичните состојби во одредени земји членки, меѓутоа треба да се има предвид дека станува збор за меки инструменти што може да имаат поттикнувачка функција, но самите по себе не може да ги санкционираат состојбите. Нивниот придонес се согледува преку можностите за алармирање за состојбите во земјите членки и давање иницијативи за примена и унапредување на воспоставените механизми, поради што не треба да бидат изоставени од целокупниот систем за заштита на владеењето на правото во ЕУ, но целосен ефект може да се постигне само преку дополнително активирање на механизми што имаат правнообврзувачка санкција.

За да се заокружи истражувањето за владеењето на правото во процесот на европска интеграција, во рамки на *третото поглавје од вториот дел* направена е анализа низ призмата на теориите за европска интеграција што придонесува да се согледаат причините за (не)ефективноста на постоечките механизми и улогата на различните актери во процесот. Во таа смисла, се нуди и објаснување за опстојувањето на кризата на владеењето на правото во земји членки како Унгарија и Полска, како и перспективите за унапредување на владеењето на правото во Унијата. Се увиде дека секоја од теориите за европска интеграција, иако поаѓаат од различни премиси и стојалишта, има своја примена и обезбедува објаснување на одредени процеси од

европската интеграција, па оттаму може да послужи за разбирање на аспектите на владеењето на правото во ЕУ.

**Третата глава од вториот дел** го заокружува истражувањето за владеењето на правото во процесот на европска интеграција преку анализа на улогата во спроведувањето на политиките и надлежностите на ЕУ и земјите членки, со акцент на улогата на владеењето на правото во функционирањето на Унијата како област на слобода, безбедност и правда. Комплексноста на ова прашање е дополнително претставена преку студија на случај на кризата на владеењето на правото во Полска и влијанието врз правниот поредок на Унијата. Се заклучи дека (прекршувањето на) владеењето на правото во земјите членки на ЕУ го доведува во прашање функционирањето на Унијата, особено бидејќи има импликации и врз распределбата на финансиите од буџетот кои се неопходни за спроведување на политиките врз основа на надлежностите на ЕУ и земјите членки. Дотолку повеќе, справувањето со овие состојби влијае и врз легитимитетот на институциите на Унијата од кои се очекува одлучна заштита на темелните вредности.

Генералниот заклучок во овој дел од поглавјето е дека ЕУ (во смисла институциите и политичкото лидерство) се впушти во создавање инструменти за владеење на правото, реагирајќи на секоја една епизода од циклусот на назадување во заштитата на оваа основачка и примарна вредност, со што се изгуби време и се одложи ефектот на резултатите, наместо насочување кон постојните механизми и нивна примена на начин што ќе обезбеди справување со системската димензија на повредите на владеењето на правото. Од аспект на важноста на владеењето на правото за процесот на европска интеграција, се илустрираше дека кога е засегнато почитувањето на владеењето на правото на национално ниво, целокупната Унија е засегната бидејќи во прашање се функционирањето, кредибилитетот и идентитетот. (Не)моќта за справување со назадувањето на владеењето на правото е резултат на концептуални и практични потешкотии својствени за самото спроведување на заштита на основачките вредности, што како правно-политички потфат, налага силен консензус меѓу земјите членки. Од наведените заклучоци произлезе потврда на хипотезата дека механизмите на Унијата сè уште не се целосно оперативни и ефикасни поради акомодирањето на различностите и одржување на единството, но внатрешната кохезија во Унијата зависи токму од владеењето на правото и посветеноста на сите чинители на европската интерација што наложи одлучно дејствување на актерите во процесот.

Презентираната студија на случај низ примерот на постапките против Полска илустрираше дека секоја една одлука во постапка по членот 258 од ДФЕУ даде основа за покренување на нова постапка по истите основи, бидејќи пресудите имаа само ограничен ефект врз системскиот карактер на повредите на владеењето на правото. Се предлага пристап што поаѓа од премисата дека „целината е повеќе од збирот на составните делови“, односно здружување на група конкретни прекршувања на правото на ЕУ преку кои се идентификува шема/модел на системски и постојани прекршувања кои можат да се однесуваат на различни членови од правото на ЕУ, но земени заедно укажуваат на постојани и кохерентни практики издигнати на ниво на системско кршење на темелните вредности. Така, главната намера на студијата на случај е да укаже на системскиот карактер на владеењето на правото – и со тоа и на прекршувањата на владеењето на правото, што мора да се третира на ист таков целовит начин.

***Третиот дел*** од истражувањето е посветен на <u>екстерната димензија на владеењето на правото во ЕУ</u>, односно улогата на владеењето на правото во политиката на проширување кон земјите од Централна и Источна Европа и во процесот на европска интеграција на Западниот Балкан, а посебен фокус е ставен на македонскиот евроинтегративен пат, обработен преку методот студија на случај, симболично насловен – *per aspera ad astra* (<u>Глава 1 – Улогата на владеењето на правото во политиката на проширување на ЕУ кон ЦИЕ; Глава 2 – Владеењето на правото и процесот на европска интеграција на Западниот Балкан; Глава 3 – Студија на случај: Македонскиот евроинтегративен пат – *per aspera ad astra*</u>).

**Првата глава од третиот дел** прави осврт на развојот на проширувањето, првично замислено како постапка што треба да овозможи трети земји да станат договорни страни на основачките договори, за да прерасне во сеопфатна политика за „градење/оформување на земји членки“, што вклучува значајна улога за институциите на ЕУ и за постојните земји членки и постепено кодифицирање на воспоставените практики и утврдените критериуми. Оттаму, условите за пристапување во ЕУ еволуирале во сложен регулаторен систем, а во таа смисла еволуирала и улогата на владеењето на правото. Се утврди дека проширувањето на ЕУ не е само територијална експанзија на правата и обврските од членството кон други европски држави и народи, туку поставува и нови политички барања на страната на Унијата, го обликува институционалното функционирање и влијае на оформениот правен корпус.

Во однос на земјите од ЦИЕ, ЕУ воспостави целосно нов пристап во форма на политика на проширување со дефинирање на пристапни критериуми и активно вклучување на институциите на Унијата и земјите членки, како и со развивање на нормативна основа врз основа на која ќе се одлучува за приемот на идни членки и целокупниот контекст на проширувањето. Основните услови за пристапување беа дополнително артикулирани и систематизирани, со воведување на „Копенхашките критериуми“ утврдени од Европскиот совет во 1993 година, што го содржат и владеењето на правото во рамки на политичките критериуми. Меѓутоа, претпристапната методологија ја изнесе на површина неусогласеноста меѓу условите за пристапување и постојните обврски од членството, со оглед на фактот што нормите и стандардите кои Унијата ги промовираше во контекст на проширувањето во тој момент во голема мера го надминуваа периметарот на *acquis stricto sensu* на ЕУ. Пристапните критериуми дефинирани од Европскиот совет постепено биле интегрирани и во основачки договори, со цел обезбедување на правна основа и давање правнообврзувачки карактер, како што е актуелната одредба содржана во членот 49 од ДЕУ согласно со Договорот од Лисабон.

Теоретската дискусија по однос на ова прашање, генерално, се одвива помеѓу рационалистичката „логика на последиците“ и конструктивистичката „логика на соодветност“. За објаснување на феноменот на „европеизација“, што подразбира процес на усвојување на правилата на ЕУ и трансформација на политичките институции, како најсоодветен беше избран „моделот на надворешни поттикнувачи на европеизацијата“ (External Incentives Model), развиен од Шимелфениг и Седелмајер. Произлезе дека пристапот на ЕУ во проширувањето со земјите од ЦИЕ, главно, се фокусирал на транспонирање на правото на ЕУ и градење институции во смисла на неопходните административни и судски структури за правилна примена на законодавството на ЕУ, при што владеењето на правото не беше опфатено во својата суштина. Поради ограничениот опсег на правото на ЕУ во голем дел од областите опфатени со критериумите од Копенхаген, а особено во однос на владеењето на правото, нормативната содржина беше пополнета со повикување на европските стандарди развиени од други регионални/меѓународни организации како што се правилата на Советот на Европа и принципите на ОБСЕ.

Антиципирајќи ги ваквите предизвици, во самите пристапни акти, ЕУ воведе „заштитни клаузули“ во смисла на одредби со кои се овластуваат институциите на Унијата да постапуваат во случај на сериозните недостатоци или непосредни ризици од такви недостатоци во транспонирањето, состојбата на спроведување или примената релевантните обврски во областа на правдата и внатрешните работи. Сепак, инструментите за постпристапна условеност не дале силни стимулации за усогласување со условите на ЕУ во фазата по пристапувањето и станаа прашање на кредибилитет за ЕУ и аргумент против понатамошното проширување со повторно насочување на зголемен фокус на претпристапната условеност. Истражувањето обезбеди и квантифицирани податоци за состојбите во владеењето на правото при приемот на новите земји членки, со фокус на ефективноста на претпристапната и постпристапната условеност.

Овие заклучоци даваат потврда на втората хипотеза дека зајакнатата условеност на ЕУ во однос на владеењето на правото се должи и на искуствата и лекциите од самиот процес на пристапување што создаваат внатрешните предизвици во Унијата и го намалуваат апсорпциониот капацитет на самата Унија што се однесува на способноста за идно проширување со нови членки. Меѓутоа, решението за таквите состојби не може да биде целисходно доколку се насочи само кон зајакнување на претпристапната условеност во поглед на владеењето на правото и одложување до недоглед на приемот на нови земји членки, туку вклучува и зголемување на внатрешниот капацитет на Унијата за одржлива заштита на владеењето на правото преку интерни механизми развиени на ниво на ЕУ, наместо само преку одделни инструменти на постпристапна условеност. Со ваквите заклучоци се допре и до третата хипотеза дека создавањето на униформен концепт на владеењето на правото во ЕУ е од значење за промовирањето на владеењето на правото во политиката на проширување, но и одраз на влијанието на овој процес.

**Втората глава од третиот дел** е посветена токму на владеењето на правото во процесот на европска интеграција на Западниот Балкан, па ги содржи некои од најзначајните заклучоци од аспект на придонесот на овој труд кон клучните процеси во државата. Структурата на поглавјето го нагласи приоретизирањето на владеењето на правото како пристапен критериум за земјите од Западен Балкан, преку анализа, прво, на продлабочувањето на политиката на условеност во процесот на проширување на ЕУ со земјите од Западен Балкан, а потоа и зајакнувањето на условеноста во поглед на владеењето на правото. Покрај критериумите од Копенхаген од 1993 година, од земјите од Западен Балкан се очекува да исполнат дополнителни критериуми, специфично определени за секоја земја во однос на добрососедските односи, како и унапредување на регионалната соработка и помирување. Главен инструмент на политиката на проширување на ЕУ кон Западниот Балкан е процесот на стабилизација и асоцијација.

Генерално, ЕУ во однос на Западен Балкан го прошири збирот на услови, особено со проширување на „*acquis*-то за проширување“, во области како владеењето на правото, истовремено работејќи на зголемување на прецизноста на условите во некои од овие области, зајакнување на механизмите за следење и санкционирање. Зајакнувањето на условеноста во поглед на владеењето на правото се рефлектира во преговорите со Хрватска со воведување на поглавјето 23 и построга преговарачка позиција на ЕУ при неговото затворање. Сепак, Хрватска успеа да ја избегне примената на постпристапните инструменти употребени во случајот со Бугарија и Романија, па фокусот на условеноста, особено во поглед на владеењето на правото, ЕУ повторно го префрли на претпристапната фаза.

Таквите наоди поттикнаа потреба за преиспитување на теоретската рамка на политиката на проширување на ЕУ кон Западен Балкан, при што се утврди дека зајакнувањето на политиката на условеност, особено во поглед на владеењето на правото, ги зголемува трошоците на пристапувањето бидејќи реформите кои треба да се спроведат подразбираат ограничување на моќта и отстранување на влијанија, особено на извршната врз судската власт. Слабеењето на кредибилитетот на ЕУ има најсилно влијание врз намалување на ефективноста на политиката на условеност во области како владеењето на правото, што самото по себе налага ограничување на моќта.

Дотолку повеќе, врз зголемувањето на трошоците особено влијание има воведувањето на регионалната соработка како „Копенхаген-плус“ критериум што подразбира справување со сензитивни билатерални прашања кои наместо да се третираат во процесот на стабилизација и асоцијација, се прелеваат и во процесот на пристапување, како блокади за напредување од една во друга фаза. Добрососедските односи, стриктно гледано, не се дел од Копенхашките критериумите, туку се воведени преку процесот на стабилизација и асоцијација, на начин што *де факто* станаа предуслов за пристапување. Надминувањето на таквите трошоци бара значителни и непосредни награди. Поддршката на граѓаните за пристапување во ЕУ, генерално, ги намалува домашните трошоци за усвојување и ги поттикнува владите да се вклучат во европеизацијата. Меѓутоа, намалената динамика на процесот на проширување на ЕУ со

земјите од Западниот Балкан влијае на начин што резултира со пад на поддршката за евроинтеграциските процеси, па така „проевропското гласачко ливче“ го губи приматот на победничко ливче на изборите во регионот.

Во однос на Западниот Балкан, ЕУ во 2011 година официјално го воведе „новиот пристап во процесот на проширување“ што го приоретизира владеењето на правото, на начин што поглавјата 23 и 24 добија статус на поглавја што први се отвораат и последни се затвораат, дотолку повеќе што севкупниот напредок во поглавјата 23 и 24 ги одредува темпото и динамиката на преговорите во целина. Ова е со цел на државите кандидатки за членство да им се даде време да докажат дека воведените реформи се применуваат и да се обезбеди поверодостојна гаранција дека земјите кандидатки имаат функционални и ефикасни системи пред приемот во ЕУ, што би ги намалило можностите за реверзибилност на процесот по пристапувањето. Со актуелната методологија за преговори од 2020 година, новиот пристап се надгради со кластерска структура. Меѓутоа, квантитативната компаративна анализа на состојбите во земјите кандидатки од Западниот Балкан откри дека сите овие технички измени на методологијата за преговори не даваат видливи и одржливи резултати, во отсуство на кредибилност на крајната награда – членство во ЕУ.

Заклучоците, главно, може да се сведат на две клучни поенти, и тоа: владеењето на правото има централна улога во процесот на европска интеграција на Западниот Балкан од причина што ЕУ сака да ги избегне проблемите со кои се соочи при постпристапната консолидација на владеењето на правото во некои земји членки на ЕУ кои беа дел од последните кругови на проширување. Од друга страна пак, трансформативната моќ на ЕУ во процесот, во случајот на Западниот Балкан, сѐ уште не е целосно исцрпена – и покрај тоа што се спроведени/се спроведуваат обемни реформи со техничка и финансиска поддршка на ЕУ, сепак резултатите не се целосно постигнати и трансформативниот потенцијал – иако неспорен, не е целосно искористен.

Истражувањето не можеше, а да не ги опфати промените предизвикани од еден историски критичен момент како руската инвазија врз Украина, што започна на 24 февруари 2022 година, иако овие околности не постоеја во моментот на дефинирање на предметот на истражување и поставувањето на хипотезите. Војната во Украина ги истакна геополитичките ризици од неинтегрирање на земјите од регионот и создавањето можност за делување на други актери. Настанатите околности создадоа притисок за поодлучно дејствување во рамки на политиката на проширување, но клучниот предизвик е постигнувањето баланс помеѓу политиката на условеност заснована на напредок согласно со степен на исполнување на поставените услови и геополитичките околности кои наметнуваат одлуки базирани на интереси и моќ, дури и по цена на компромис со утврдените критериуми. Унијата би се соочила со сериозни импликации доколку политиката на проширување не поддржува изградба на систем заснован на владеење на правото, а со тоа се нарушува и самиот концепт на делување на ЕУ како глобален актер, што се темели на нормативната моќ. Дури и кога Унијата треба да се справува со геополитичките предизвици, пристапот треба да биде изграден на темелните вредности на кои е заснована Унијата, првенствено владеењето на правото, демократската одговорност и борбата против корупцијата, што отсекогаш ја сочинувале позицијата на ЕУ, легитимитетот во глобалната арена и моќта на привлекување во сферата на влијание.

Крајно, истражувањето опфати и студија на случај посветена на европската интеграција на Северна Македонија како тест за политиката на условеност на ЕУ во поглед на владеењето на правото, што е содржана во **третата (и последна) глава на третиот дел од трудот.** Се утврди дека иако Северна Македонија, покрај Хрватска, беше предводник на европските интеграции на регионот, посветеноста во спроведувањето на реформи заради исполнување на пристапните критериуми, опадна поради блокадите поставени од Грција од позиција на земја членка. Според принципот „најпрво за основите“, владеењето на правото и темелните права беа дефинирани како области кои подлежат на засилен мониторинг, но токму во овие области Северна Македонија низ годините поради неактивноста на процесот, почна да стагнира или

назадуваше. Наодите на Комисијата го нагласуваат јазот помеѓу доброто ниво на правна усогласеност и назадувањето на терен во клучните области, што упатува на недоследностите во однос на методологијата за проширување на ЕУ, заедно со разликата меѓу усвојувањето на формалните правила и вистинската интернализација на вредностите и стандардите на ЕУ од аспект на комплексноста на реформите во областа на владеење на правото.

Имајќи предвид дека процесот на проширување подразбира обврски и за земјата кандидатка и за ЕУ, двете страни имаат одговорност за реверзибилноста на реформскиот процес со фокус на владеење на правото, што се совпаѓа со застојот во пристапните преговори. Недостигот на кредибилна перспектива за членство на страната на ЕУ, заедно со истакнувањето на билатералните прашања како најголема пречка во процесот, ја поткопа условеноста во поглед на владеењето на правото. Од ваквите наоди произлезе препорака дека итно е потребно одвојување на билатералните спорови од политиката на проширување, особено од процесот на пристапување, бидејќи изнудените решенија не придонесуваат за зајакнување на владеењето на правото во претпристапниот процес.

Зајакнувањето на условеноста во владеењето на правото во политиката на проширување мора да биде комплементарно на развивањето на владеењето на правото како стандард во земјите членки и институциите на ЕУ, и *vice versa*, зајакнувањето на владеењето на правото во внатрешните граници на Унијата, првенствено во земјите членки, ќе го зајакне промовирањето на владеењето на правото во надворешните рамки и ќе го намали потенцијалот на вето-играчите. Токму во тоа се состои суштината на владеењето на правото како основачка вредност на Унијата – земјите членки кои се придржуваат кон оваа вредност, ќе ги поддржуваат и развиваат политиките на Унијата во истата насока. На тој начин, ЕУ ќе ја надмине актуелната незавидна позиција – од една страна се бори да ги примени своите стандарди за владеење на правото против сопствените земји членки кои се спротивставуваат, а од друга страна, исто така, да ги поттикне земјите кандидатки од Западен Балкан на истите стандарди. Едноставно, ЕУ мора да ја зголеми „понудата“ (особено во однос на владеењето на правото) и одвнатре за да има вредност и однадвор, во „извозот“.

Продлабочувањето и проширувањето на ЕУ се две лица на една иста паричка и мора да се разгледуваат како единствен, а не одделен процес на интеграција, со оглед на нивната корелација. Проширувањето треба да го зајакне процесот на континуирана интеграција во кој се вклучени Унијата и нејзините земји членки и да ја унапреди внатрешната кохезија и ефективноста. Динамиката на процесот на европска интеграција може да се согледа и преку измените на основачките договори, што во голема мера се рефлексија на процесот на проширување и потребите за прием на нови членки што ги реформираа институциите и целокупно го придвижија напред процесот на европска интеграција. Последната измена на основачките договори се совпаѓа со застојот во проширувањето. Така, идните измени може да вклучат и ограничување на можноста земјите членки „неказнето“ да го користат ветото спротивно на интересите на Унијата, преку носење одлуки со квалификувано мнозинство за одредени фази од пристапувањето, но со задржување на едногласноста при конечната одлука за прием на нови членки.

Проширувањето на Унијата со нови земји членки, вклучително и Северна Македонија, не е услуга што ЕУ ја прави за тие земји, ниту концесија, туку стратешка нужност како за регионот, така и за ЕУ. Холистичкиот пристап кон европската интеграција нужно налага разбирање на важноста на нормативната моќ на ЕУ и проширувањето како инхерентна причина за постоење на Унијата. За остварливост и одржливост на ваквата визија, треба да се заземе пристап што ќе овозможи вистинско приближување на регионот кон ЕУ и истовремено креирање на капацитет за прием на нови членки. Фазното пристапување може да биде еден од методите за таа цел, но за да опстои основната идеја за европска интеграција, раслојувањето (вклучително и во внатрешните граници на Унијата) мора да поаѓа од владеењето на правото како клучен критериум, односно во јадрото на таквите политики да го има владеењето на правото.

Од друга страна, пак, државата треба да има предвид дека клучните барања од процесот на европеизација во владеењето на правото не се само флоскули ниту само услови за членство во ЕУ, туку се граѓански стремежи и заложби од самото осамостојување, рефлектирани и како национални уставни вредности. Пристапниот процес треба да биде рамката, алатката за нивно остварување и зајакнување, меѓутоа ако членството во ЕУ се сведе на политичка одлука, тогаш самото по себе нема да донесе европеизација и тоа треба да биде појдовната точка во националните политики за евроинтеграции за тие да бидат насочени кон вистинска поддршка на реформи. Европската агенда ултимативно се сведува на членство во ЕУ како крајна цел, но мора да подразбере низа реформи што самите по себе не се невозможни, но подразбираат ограничување на моќта на носителите на власт, за што е потребна политичка волја. Северна Македонија треба да излезе од сценариото за „ЕУтопија“ што европските интеграции ги сведува на магично стапче, односно да се зголеми свеста дека од моментот на пристапување во Унијата, обврската за почитување на владеењето на правото не престанува туку напротив се засилува, во согласност со членот 2 од ДЕУ.

**2. Предмет на истражувањето**

Предмет на истражување во докторската дисертација е интеракцијата и корелацијата помеѓу интерната димензија на владеењето на правото како темелна вредност на ЕУ и процесот на европската интеграција, и неговата екстерна димензија, односно европеизацијата на земјите кандидатки преку промовирањето на владеењето на правото во политиката на проширување кон Западниот Балкан како критериум од чиешто исполнување зависи целокупната подготвеност за членство во ЕУ.

**3. Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена докторската дисертација**

На научно ниво, темата не е целосно систематски обработена на начин што би се поврзале двете димензии на владеењето на правото – интерната и екстерната, иако има бројни трудови кои го обработуваат ова прашање, од аспект на едната или другата димензија.

Особено значајни книги од ова подрачје се: Георгиевски С., et al., *Примена на правото на Европската Унија во Република Македонија во периодот пред пристапувањето кон ЕУ*, Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Правен факултет „Јустинијан Први“, 2012; Георгиевски, С., и Ценевска, И., *Основи на правото на Европската Унија*, Скопје, Култура, 2024; Bazerkoska, J.B., ‘The European Union and (frozen) conflicts in its neighbourhood: The SAP and the ENP compared’, in S. Gstohl (ed.), *The European Neighbourhood Policy in a Comparative Perspective*, London, Routledge, 2016, pp. 235-256; Craig, P., and De Búrca, G. (eds.), *The Evolution of EU Law*, 3rd edn., Oxford, Oxford Academic, 2021; Craig, P., and De Burca, G., *EU Law: Text, Cases, Materials*, 7th ed., Oxford, Oxford University Press, 2020; De Búrca, D., ‘Europe's raison d'être’, in D. Kochenov, and F. Amtenbrink (eds.), *European Union's Shaping of the International Legal Order*, Cambridge, Cambridge University Press, 2013, pp. 21-37; Grabbe, H., *The Constellations of Europe: How Enlargement Will Transform the EU*, London, Center for European Reform, 2004; Grabbe, H., *The EU's Transformative Power. Europeanization through Conditionality in Central and Eastern Europe,* London, Palgrave Macmillan, 2006; Kochenov, D., *EU Enlargement and the Failure of Conditionality: Pre-accession Conditionality in the Fields of Democracy and the Rule of Law*, The Hague, Kluwer Law International, 2008; Kochenov D., (eds.), *Reinforcing Rule of Law Oversight in the European Union*, Cambridge, Cambridge University Press, 2016; Kmezic, M., *Europeanization by Rule of Law Implementation in the Western Balkans*, Skopje, Institute for Democracy Societas Civilis, 2014; Maniokas, K., *The Method of the European Union's Enlargement to the East: Critical Appraisal*, Manchester University Press, 2004; Pech, L., ‘The Rule of Law’, in P. Craig and G. De Búrca (eds.), *The Evolution of EU Law*, 3rd edn., Oxford, Oxford University Press, 2021, pp. 307-338; Scheppele, K.L., ‘Enforcing the Basic Principles of EU Law through Systemic Infringement Procedures’. in C. Closa and D. Kochenov (eds.), *Reinforcing Rule of Law Oversight in the European Union,* Cambridge, Cambridge University Press, 2016, pp. 105 – 132; Schimmelfennig, F., and Sedelmeier, U., ‘Introduction: Conceptualizing the

Europeanization of Central and Eastern Europe', in F. Schimmelfennig and U. Sedelmeier (eds.), *The Europeanization of Central and Eastern Europe*, Ithaca, Cornell University Press, 2005, pp. 1-28; Schimmelfennig, F., Engert, S., and Knobel, H., *International Socialization in Europe: European Organizations, Political Conditionality, and Democratic Change*, Basingstoke, Palgrave Macmillan, 2006; Tatham, A., *Enlargement of the European Union*, London, Kluwer Law International, 2009; Vachudova, M.A., *Europe Undivided: Democracy, Leverage, and Integration after Communism*, Oxford, Oxford University Press, 2005; Von Bogdandy, A., and Bast, J., (eds.), *Principles of European Constitutional Law*, Oxford, Hart Publishing, 2010.

Некои од позначајните научни трудови и стручни статии се:


1. Георгиевски, С., 'Од стабилизација кон проширување на Унијата кон балканските земји', *ЕВРОДИЈАЛОГ Списание за европски прашања*, бр. 4, 2003, стр. 9-21.
2. Георгиевски, С., „Правната култура во македонското судство и владеењето на правото“, *Предизвици – Списание за општествени прашања*, бр. 2, 6/2019, стр. 52-58.
3. Наумовски, В., Степаноска, М.А., и Огњаноска, Л., „Владеењето на правото во контекстот на политиката на проширување на Европската Унија кон државите од Западен Балкан“, година 18, бр. 59, 2020, стр. 5-25.
4. Наумовски, В., Степаноска, М.А., и Огњаноска, Л., „Дефинирање на улогата на ЕУ како глобален актер: Предизвици и перспективи“, *Политичка мисла*, година 19, бр. 62, 2021, стр. 5-21.
5. Bárd, P. and Śledzińska, A.S., *Rule of law infringement procedures: A proposal to extend the EUs rule of law toolbox*, CEPS Papers - Liberty and Security in Europe No. 2019-09, Brussels, 2019.
6. Bárd, P., 'In courts we trust, or should we? Judicial independence as the precondition for the effectiveness of EU law', *European Law Journal*, vol. 27, Issue 1-3, 2021 pp. 185-210.
7. Basheska, E., 'EU Enlargement in Disregard of the Rule of Law: A Way Forward Following the Unsuccessful Dispute Settlement Between Croatia and Slovenia and the Name Change of Macedonia', *Hague Journal on the Rule of Law*, vol. 14, 2022, pp. 221–256.
8. Basheska, E., and Kochenov, D., 'Thanking the Greeks: The crisis of the rule of law in EU enlargement regulation', *Southeastern Europe*, vol. 39, no. 3, 2015, pp. 392-414.
9. Bazerkoska, J.B., 'The EU Integration Process of the Western Balkans in the Aftermath of 2015's Refugee Crisis', *Studies in European Affairs*, vol. 26, no.2, 2022, pp. 123-140.
10. Bazerkoska, J.B., and Dokmanović, M., 'Learning by Doing: The EU's Transformative Power and Conflicts in the Western Balkans', *Croatian International Relations Review*, vol. 23, no 79, pp. 103-126.
11. Bogdandy, A.V., and Ioannidis, M., 'Systemic Deficiency in the Rule of Law: What it is, What has been done, What can be done', *Common Market Law Review*, vol. 59, 2014, pp. 59-96.
12. Cenevska, I., 'The Rule of Law as a Pivotal Concept of the EU's Politico-Legal Order', *Iustinianus Primus Law Review*, vol. 11, 2020, pp. 1-16.
13. Cenevska, I., *Safeguarding the Rule of Law in the European Union: Pre-Accession Conditionality and Post-Accession Reality*, TEPSA Briefs, Brussels, January 2020.
14. Closa, C., Kochenov, D., and Weiler, J.H.H., *Reinforcing Rule of Law Oversight in the European Union,* EUI Working Paper RSCAS 2014/25, Florence, European University Institute, 2014.
15. Craig, P., 'Formal and Substantive Conceptions of the Rule of Law: An Analytical Framework', *Public Law*, 1997, pp. 467-487.
16. Feketija, M., and Lazowski, A., 'The Seventh EU Enlargement and beyond: Pre-Accession Policy Vis-à-Vis the Western Balkans Revisited', *Croatian Yearbook of European Law and Policy*, vol. 10, 2014, pp. 1-37.

17. Gateva, E., *Post-Accession Conditionality Support Instrument for Continuous Pressure?*, KFG Working Papers, Berlin, Free University Berlin, 2010.
18. Grabbe, H., ‘European Union Conditionality and the ‘Acquis Communautaire’, *International Political Science Review,* vol. 23, no. 3, 2002, pp. 249-268.
19. Grabbe, H., ‘Six Lessons of Enlargement Ten Years On: The EU’s Transformative Power in Retrospect and Prospect’, *Journal of Common Market Studies*, vol. 52, 2014, pp. 40-56.
20. Hogic, N., ‘Pre-enlargement Reform Failures in the Western Balkans: Social and Economic Preconditions of the Rule of Law’, *Hague Journal on the Rule of Law*, No. 16, 2024, pp. 693–714.
21. Karakamisheva-Jovanovska, T., ‘A covert or open “battle” between the three legal traditions in the EU (Rule of law, Rechtstaat and Etat de droit) – Critical assessments of the Anglo-Saxon versus Continental legal tradition in the context of the EU future’, *International conference "New Europe"*, Warsaw, 2023.
22. Karakamisheva-Jovanovska, T., ‘The Challenges of the “Ever Closer Union” Concept and the Protection of the Sovereignty and Constitutional Identity of EU Member States – The Role of National Constitutional Courts and the EU Court of Justice in the Post-Westphalian Order of the Union’, *Central European Journal of Comparative Law*, Volume IV, No 2, 2023, pp. 69-94.
23. Kochenov, D., and Pech, L., ‘Upholding the rule of law in the EU: On the Commission's 'pre-article 7 procedure' as a timid step in the right direction’, *European Constitutional Law Review*, vol.11, 2015, pp.512-40.
24. Lazowski, A., ‘European Union Do Not Worry, Croatia Is Behind You: A Commentary on the Seventh Accession Treaty’, *Croatian Yearbook of European Law and Policy*, vol. 8, 2012, pp. 1-39.
25. *Lenaerts, K.,* ‘New Horizons for the Rule of Law within the EU’, *German Law Journal,* 21, 2020, pp. 29-34.
26. Lenaerts, K., ‘Upholding the Rule of Law within the EU’, *2nd RECONNECT Conference Report*, Brussels, 5 July 2019
27. Ognjanoska, L., ‘Promoting the Rule of Law in the EU Enlargement Policy: A Twofold Challenge’, *Croatian Yearbook of European Law and Policy,* 17, 2021, pp. 237-277.
28. Pech, L., 'A Union Founded on the Rule of Law: Meaning and Reality of the Rule of Law as a Constitutional Principle of EU Law', *European Constitutional Law Review*, 2010, vol. 6, no.3, pp. 359-396.
29. Pech, L., ‘The EU as a global rule of law promoter: the consistency and effectiveness challenges’, *Asia Europe Journal,* vol. 14, no. 1, 2016, pp. 7-24.
30. Pech, L., ‘The Rule of Law as a Well-Established and Well-Defined Principle of EU Law’, *Hague Journal on the Rule of Law*, vol.14, 2022, pp. 107-138.
31. Pech, L., and Grogan, J., *Unity and Diversity in National Understandings of the Rule of Law in the EU*, RECONNECT, 30 April 2020.
32. Pech, L., and Jaraczewski, J., *Systemic Threat to the Rule of Law in Poland: Updated and New Article 7(1) TEU Recommendations*, CEU Democracy Institute Working Papers No. 2, Vienna, 2023.
33. Pech, L., and Kochenov, D., *Respect for the Rule of Law in the Case Law of the European Court of Justice: A Casebook Overview of Key Judgments since the Portuguese Judges Case,* Stockholm, SIEPS, 20 May 2021.
34. Pech, L., and Scheppele, K.L, ‘Illiberalism Within: Rule of Law Backsliding in the EU’, *Cambridge Yearbook of European Legal Studies*, 19, 2017, pp. 3-47.
35. Pech, L., *Dealing with ‘fake judges’ under EU Law: Poland as a Case Study in light of the Court of Justice’s ruling of 26 March 2020 in Simpson and HG,* RECONNECT Working Paper No. 8, May 2020.
36. Pech, L., *Rule of Law as a Guiding Principle of the European Union’s External Action*, CLEER Working Papers 2012/3, The Hague, TMC Asser Institute, 2012.
37. Pech, L., *The Rule of Law as a Constitutional Principle of the European Union*, Jean Monnet Working Paper 04/09, 2009, New York, NYU School of Law.

38. Scheppele, K.L., Kochenov, D., and Grabowska-Moroz, B., ‘EU Values Are Law, after All: Enforcing EU Values through Systemic Infringement Actions by the European Commission and the Member States of the European Union’, *Yearbook of European Law*, Vol. 39, No. 1, 2020, pp. 3–121.
39. Sedelmeier, U., ‘Europeanisation in new member and candidate states’, *Living Reviews in European Governance,* vol. 6, No. 1, 2011, pp. 1-52.
40. Tasev, H.R., Stepanoska, M.A., and Ognjanoska, L., ‘Union based on the rule of law: the Court of Justice of the EU and the (future of) European integration’, *Eastern Journal of European Studies*, vol. 11, No. 2, 2020, pp. 396-426.

**4. Краток опис на применетите методи**

Комплексноста на предметот на ова истражување нужно сугерира дека за задоволување и исполнување на целите на истражувањето, како и докажување на работните хипотези на самото истражување, авторката е упатена на методолошки плурализам. Обемноста на предметот на истражување и структурата на трудот налагаат истовремено користење на повеќе методи кои воделе кон постигнување на целите на истражувањето, додека, пак, методолошката рамка е операционализирана со користење на повеќе алатки.

Со цел осознавање на развојот на процесот на европската интеграција и значењето на владеењето на правото во тој контекст, методолошкиот пристап во изработката на оваа докторска дисертација се служи првично со историскиот метод. Методот на компилација е применет за анализа и споредба на сознанијата, искуствата и ставовите на голем број истакнати автори поврзани со предметот на истражување, со цел да се утврдат досегашните достигнувања во осознавањето на проблематиката и да се постави основата за научната вредност на дисертацијата. Методот на дескрипција е користен, пред сѐ, за едноставно опишување на фактите и појавите кои се предмет на трудот, со цел да се добие јасна слика за поимот за нив.

Понатаму, трудот конзистентно се развил преку методот на анализа и синтеза што бил применет за детално проучување на механизмите за заштита на владеењето на правото во ЕУ и лоцирање на правните извори, како и продлабочено елаборирање на пристапните критериуми со цел да се идентификуваат главните предизвици и заемната релација. Во таа насока, се користел и методот на класификација за определување и појаснување на одделните поими во целокупниот систем на соодветното подрачје кое претставува предмет на истражување. Дисертацијата обемно се служи и со анализа на судски пресуди од праксата на Европскиот суд за човекови права и Судот на правдата на ЕУ.

Анализата на прашањето, пак, за причините поради кои процесот на европската интеграција се развива во насока на создавање, односно зацврстување на ЕУ како заедница на правото, односно заедница на вредностите, се базира на социолошкиот метод. Додадената вредност на ова истражување е изразена преку употребата на методот на компарација со што се заокружуваат научните сознанија, и особено со методот на студија на случај на постпристапната состојба во поглед на владеењето на правото во Полска, како и студијата на случај на процесот на пристапување на Северна Македонија кон ЕУ.

Методите на индукција и дедукција се применети при донесување на заклучоци и констатации за научните можности кои би произлегле од овој труд, а коишто би понудиле одредници за натамошен развој на процесот на европската интеграција, политиката на проширувањето и европеизацијата.

Така, валидноста на истражувачката хипотеза и теоретските претпоставки се тестирани преку квалитативна и квантитативна анализа на примарните и секундарните податоци за состојбите во владеењето на правото, што се обезбедени по пат на триангулација на податоци од претходни истражувања, официјални акти, документи и соопштенија на ЕУ, изјави на официјални претставници и достапни бази на податоци како што се Индикаторите за глобално управување на Светска банка (World Bank’s Worldwide Governance Indicators). На тој начин, квалитативните сознанија за состојбите во владеењето на правото во ЕУ, односно земјите членки и земјите кандидатки за

членство, како и меѓу земјите кандидатки за членство, се квантифицирани и прикажани на начин што обезбедува споредливост. За обезбедување на податоците, особено значење имале истражувачките престои на авторката остварени на високообразовните и научноистражувачки институции во повеќе земји, меѓу кои на: Европа-институтот при Универзитетот Саарланд во Германија, Универзитетот на Делавер во Соединетите Американски Држави и Колеџот на Европа во Натолин, Полска.

**5. Краток опис на резултатите од истражувањето**

Со дисертацијата е извршено утврдување на интеракцијата и корелацијата помеѓу интерната димензија на владеењето на правото како темелна вредност на ЕУ и процесот на европската интеграција, и неговата екстерна димензија односно европеизацијата на земјите кандидатки преку промовирањето на владеењето на правото во политиката на проширување кон Западниот Балкан како критериум од чиешто исполнување зависи целокупната подготвеност за членство во ЕУ. Истражувањето создаде систематизирани сознанија за концептот на владеењето на правото во ЕУ како и од аспект на синергијата со Советот на Европа, неговото значење за развојот на европскиот идентитет и ефективното спроведување на политиките, а воедно ја утврди ефективноста на механизмите за заштита на владеењето на правото во ЕУ и можностите за подобра операционализација. Анализата на судски пресуди од праксата на Европскиот суд за човекови права и Судот на правдата на ЕУ со којашто дисертацијата обемно се служи, има значаен придонес кон валидноста на утврдените сознанија.

Владеењето на правото сфатено како вредност подразбира супрапозитивна норма што како ориентир за процена на допуштеноста на одредено поведение, треба да има обединувачка функција во насока на формирање заедничка општествена свест и градење идентитет. Концептот на владеење на правото во ЕУ не е само обичен „збир“, туку се стреми да се изгради во автономен концепт со свои елементи и карактеристики во прилог на функционалноста на Унијата, но да подразбира и инклузивна димензија, што би ги интегрирала и националните концепции на поновите земји членки и да се обиде подлабоко да ги разбере различните уставни традиции поврзани и со националниот идентитет.

Од аспект на механизмите за заштита на владеењето на правото во ЕУ и улогата во спроведувањето на политиките и надлежностите на ЕУ и земјите членки, студијата на случај на Полска го потврдува главниот предизвик во однос на независноста на судството, а во таа смисла и владеењето на правото – наместо фокусот да биде на заштитата на човековите права и судска контрола врз законитоста на актите на законодавната власт, тој е насочен кон одбрана од влијанието на извршната власт. Меѓутоа, се илустрира и неконзистентната примена на инструментите на ЕУ за заштита на владеењето на правото и потребата од градење на соодветен пристап за справување со системската природа на назадувањето на владеењето на правото во некои земји членки и структурните проблеми.

Политиката на проширување е детално анализирана и обработена, преку проучување на политичкиот контекст и правната рамка во различните кругови на проширувањето на Унијата. Во однос на земјите од ЦИЕ, утврдено е дека ЕУ воспостави целосно нов пристап во форма на политика на проширување со дефинирање на пристапните критериуми и активно вклучување на институциите на Унијата и земјите членки, како и со развивање на нормативна основа врз основа на која ќе се одлучува за приемот на идни членки и целокупниот контекст на проширувањето. Пристапот на ЕУ во проширувањето со земјите од ЦИЕ главно се фокусирал на транспонирање на правото на ЕУ и градење институции во смисла на неопходните административни и судски структури за правилна примена на законодавството на ЕУ, при што владеењето на правото не било опфатено во својата суштина. Притисокот за спроведување реформи имал влијание врз зајакнување на судската власт и управувањето со судовите, но отсуството на јасен институционален модел од страна на ЕУ довел до различни резултати од судските реформи низ овие земји. Истражувањето обезбеди и квантифицирани податоци за состојбите во владеењето на правото при приемот на

новите земји членки, при што е анализирана поврзаноста на актуелните постпристапни состојби во владеењето на правото со трансформативниот процес во рамки на претпристапната фаза.

Транспонирањето на владеењето на правото низ призма на искуството на земјите од ЦИЕ има додадена вредност за целокупното истражување спроведено во рамки на оваа дисертација. Се укажува дека концептот на владеење на правото се инструментализирал со настојување самиот по себе да обезбеди целосна негација на претходниот систем, на начин што се доделуваат широки овластувања на судската власт на која се доверува задачата на заштита на поединецот, но без да се земе предвид дека и судската власт е, сепак, дел од истиот систем. Таквиот процес бил доживеан како еднонасочен и не бил докрај осмислен како процес на создавање и зреење до крајно финализирање, а воедно и самиот се засновал на очигледна „празнина“ во однос на содржината и суштината на владеењето на правото. Поради недостатокот на едно такво зреење на соодветна правна култура, концептот на владеење на правото што се развива и пренесува преку политиката на проширување е, пред сѐ, формален концепт каде што централна улога има законитоста.

Понатаму, извршена е спецификација на инструментите за условување од аспект на владеењето на правото во политиката на проширување кон Западниот Балкан и согледување на улогата, одговорноста и предизвиците (и ограничувањата) на двете страни – на земјите кандидатки и на самата Унија. Зајакнатата условеност на ЕУ во однос на владеењето на правото се должела и на искуствата и лекциите од самиот процес на пристапување што создаваат внатрешни предизвици во Унијата и го намалуваат апсорпциониот капацитет на самата Унија, што се однесува на способноста за идно проширување со нови членки. Меѓутоа, со дисертацијата се утврдува дека решението за таквите состојби не може да биде целисходно доколку се насочи само кон зајакнување на претпристапната условеност во поглед на владеењето на правото и одложување до недоглед на приемот на нови земји членки, туку потребно е и зголемување на внатрешниот капацитет на Унијата за одржлива заштита на владеењето на правото преку интерни механизми развиени на ниво на ЕУ, наместо само преку одделни инструменти на постпристапна условеност.

Посебен фокус е ставен на македонскиот евроинтегративен пат, обработен преку методот студија на случај, симболично насловен – *per aspera ad astra*. Главното тежиште на студијата на случај се однесува на прекумерната политизација на процесот на проширување со прелевање на билатерални прашања, што го прави залуден принципот на условеност со фокус на владеење на правото и го поткопува трансформативниот ефект на претпристапниот процес и самите темелни вредности на Унијата. Оттаму, дисертацијата има особен придонес кон процесот на пристапување на Северна Македонија во ЕУ и европеизацијата на општеството преку владеењето на правото, со што на овој начин се обезбедува актуелност на докторската дисертација и во националните рамки. Со оглед на тоа што динамиката на процесот на пристапување не зависи само од напредокот на земјите кандидатки, туку и од капацитетот на ЕУ за носење одлуки и заштитата од компромитирање на процесот поради одредени интереси на земјите членки кои не кореспондираат со интересите и вредностите на ЕУ, се предлага одлуките во процесот на пристапување за премин од една во друга фаза да се носат со квалификувано мнозинство за да се избегне ризикот од блокирање на процесот, додека, пак, конечната одлука за прием во полноправно членство да се усвои врз основа на принципот на едногласност.

Владеењето на правото има клучно значење за процесот на европската интеграција и за постигнување внатрешна кохезија како темелна вредност на Унијата, па оттаму е суштинско и за одржување на нормативната моќ на ЕУ. Дозволувањето на земјите членки да ги редефинираат критериумите за проширување во согласност со нивните домашни интереси не само што го поткопува владеењето на правото како основен критериум во политиката за проширување, туку и го дискредитира целиот процес на проширување. Карактеристично е тоа што земјите членки кои предизвикуваат такви дисрупции, и самите страдаат од слаба заштита на владеењето на

правото, па следствено не можат да го проектираат во надворешните политики на Унијата и да ја поддржуваат промоцијата на овие вредности во политиката на проширување. Оттаму, се дава целосна потврда на тврдењето дека создавањето на униформен концепт на владеењето на правото во ЕУ е од значење за промовирање на владеењето на правото во политиката на проширување, односно на хипотезата дека постои корелација помеѓу интерната и екстерната димензија на владеењето на правото во Унијата.

Крајната цел на дисертацијата – да истражи дали преку унапредување на владеењето на правото во границите на Унијата може да се влијае на зајакнување на трансформативната моќ во политиката на проширување, и обратно, како проширувањето ја јакне Унијата и одвнатре, е исполнета и исцрпена низ претставеното истражување.

Затоа, очекувањата во врска со придонесот на оваа дисертација се неколкукратни. Пред сè, се стекнуваат нови, систематизирани сознанија за концептот на владеењето на правото во ЕУ, во детална и аргументирана форма, како и од аспект на неговото значење за развој на европскиот идентитет и ефективното спроведување на политиките; второ, се врши анализа на механизмите за заштита на владеењето на правото во ЕУ од аспект на нивната ефективност и можностите за подобра операционализација; трето, се прави спецификација на критериумите за условување на пристапувањето во ЕУ од аспект на владеењето на правото во политиката на проширување кон Западниот Балкан и согледување на улогата, одговорноста и предизвиците (и лимитите) и на страната на земјите кандидатки и самата ЕУ; и четврто, се согледува идниот развој на институтот и процесите од конкретната сфера, преку определување на детерминантите, актерите и заемните врски. Крајно, докторската дисертација има очигледен очекуван придонес за процесот на пристапување на Северна Македонија кон ЕУ и европеизацијата на општеството од аспект на владеењето на правото.

Покрај сознанија од дескриптивен и експланаторен карактер на институтот што е предмет на истражување, оваа дисертација содржи сознанија за каузалните врски, како и аналитички сознанија кои ќе го проектираат идниот развој во сферата на оваа исклучително релевантна и актуелна тема што е во фокусот на европските научни дискусии и пошироко, додека, пак, хипотезата на основа на којашто е развиен трудот, досега не е теоретски експлоатирана.

**6. Исполнетост на законските услови за одбрана на докторската дисертација**

Кандидатката, пред одбраната на докторската дисертација, ги објавила следниве рецензирани научни трудови:

А) Наслов на трудот: Promoting the Rule of Law in the EU Enlargement Policy: A Twofold Challenge (Промовирање на владеењето на правото во политиката на проширување на ЕУ: двонасочен предизвик), авторка: Лепосава Огњаноска, објавен во: Croatian Yearbook of European Law and Policy, издание бр.1, 2021; со фактор на влијание, индексиран во Web of Science базата.

Б) Наслов на трудот: Reinforcing the EU Enlargement Policy Towards Western Balkans: Access to the Single Market as a Credible Goal (Зајакнување на политиката на проширување на ЕУ кон Западниот Балкан: Пристап до единствениот пазар како кредибилна цел), автор: Лепосава Огњаноска, објавен во: European Papers – Journal on Law and Integration, издание 7, број 2, 2022, со фактор на влијание/SCOPUS.

Дополнително, во текот на докторските студии, кандидатката објавила уште 12 други рецензирани научни трудови во референтни научни публикации, во кои се јавува како авторка или коавторка, од кои три се со фактор на влијание/Web of Science, Scopus.

Кандидатката го исполнила условот за меѓународна мобилност преку престој на Европа-институтот при Универзитетот Саарланд во Германија.

**Заклучок и оценка на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката Лепосава Огњаноска Ставровска претставува издржан научен труд, со кој се остварува една систематска, научно фундирана и исцрпна анализа на концептот на владеењето на правото во ЕУ обединувајќи ги двете димензии – интерната и екстерната димензија, и утврдувајќи, притоа, соодветна корелација, а имајќи предвид дека станува збор за правен институт што во постојната литература е најчесто еднострано обработуван.

Кандидатката Лепосава Огњаноска Ставровска покажува способност за сериозно, научно и детално истражување на предметната материја. Истражувањата на кандидатката кои се тема на оваа докторска дисертација претставуваат значаен научен придонес во сферата на правото на ЕУ и европските интеграции. Во спроведеното истражување, кандидатката се служела со богата и релевантна литература, што ѝ овозможило сеопфатно да го анализира предметот на нејзиното проучување.

Комисијата смета дека докторската дисертација на кандидатката Лепосава Огњаноска Ставровска претставува самостоен и заокружен научен труд од методолошки и содржински аспект, што е доказ дека таа солидно владее со истражувачката проблематика и дека добро ги совладала методите и техниките на научноистражувачката работа. Исто така, кандидатката демонстрира способност за критичка опсервација и анализи на теоретски стојалишта и постојните состојби, како и умешност за искажување на сопствени ставови за одделни аспекти на истражувачката проблематика, што, претставува најзначен научен придонес на конкретното докторско истражување.

Дисертацијата има уште поголем научен придонес во земјите од Западниот Балкан и особено за македонскиот евроинтегративен процес, со оглед на тоа што многу малку научници го обработувале влијанието на состојбите во внатрешните граници на Унијата врз политиките кон надвор, и обратно, особено во доменот на владеењето на правото како концепт на ниво на ЕУ. Несомнено е значењето на ваквиот научен труд во Република Северна Македонија со оглед на фактот дека е пишуван на македонски јазик што ја обработува политиката на проширување на ЕУ од аспект на претпристапната условеност во поглед на владеењето на правото, а при тоа содржи и анализа на постпристапните состојби со што обезбедува издржани препораки и насоки за следните фази од процесот.

Целта на оваа дисертација е да биде применлива при донесување на одлуките во оваа област од страна на креаторите на политиките во националните институции, како и во институциите на ЕУ. Карактеризирајќи се, меѓу другото, и со својата опсежност во поглед на научната елаборација, а со оглед на тоа што оваа дисертација претставува сеопфатен труд пишуван на македонски јазик во наведената материја, тој е и основа за натамошни истражувања во оваа област, што ја покажува и неговата научна валидност и вредност.

**Предлог**

По внимателно и исцрпно разгледување на докторската дисертација на кандидатката **Лепосава Огњаноска Ставровска** под наслов: **Владеењето на правото како темелна вредност на Европската Унија и процесот на европска интеграција и во политиката на проширување со фокус на Западниот Балкан**, Комисијата за оцена констатира дека трудот ги исполнува воспоставените стандарди за изготвување на трудови од ваков вид. Трудот на кандидатката претставува одлично подготвена докторска дисертација од областа на правото на ЕУ и европските интеграции, во кој кандидатката се служела со сложен методолошки пристап и успеала на јасен и аргументиран начин да го претстави комплексниот истражувачки проблем поврзан со владеењето на правото на ЕУ во неговата интерна и екстерна димензија, при што добиените сознанија и заклучоци претставуваат значаен научен придонес на темата.

Со оглед на наведеното, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го усвои овој извештај со позитивна оценка, и да ѝ овозможи на кандидатката Лепосава Огњаноска Ставровска да го брани својот докторски труд.

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА**

**Проф. д-р САШО ГЕОРГИЕВСКИ, с.р.**
**Проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска, с.р.**
**Проф. д-р Васко Наумовски, с.р.**
**Проф. д-р Јулија Брсакоска-Базеркоска, с.р.**
**Проф. д-р Илина Ценевска, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СТЕКНУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ ВО МАКЕДОНСКОТО И СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО“ ОД М-Р БЕСИАНА ЏАФЕРИ-БЕЌИРИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет ,,Јустинијан Први” во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на седницата одржана на 4.11.2024 година, по предлог на Институтот за граѓанско право, формира Комисија за оцена и одбрана на докторскиот труд на **кандидатката м-р Бесиана Џафери-Беќири,** со наслов: **Стекнување на правото на сопственост во македонското и споредбеното право,** во состав: проф. д-р Владо Бучковски, проф. д-р Дејан Мицковиќ, проф. д-р Ангел Ристов, ментор, проф. д-р Ненад Гавриловиќ и проф. д-р Ненад Тешиќ.

Комисијата во наведениот состав, го прегледа и го оцени подготвениот докторски труд и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет ,,Јустинијан Први” во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Приказ на докторскиот труд

Докторскиот труд на кандидатката **Бесиана Џафери-Беќири,** со наслов: **Стекнување на правото на сопственост во македонското и споредбеното право**, содржи вкупно 365 страници, компјутерски изработен текст во фонт Times New Roman со 1,5 проред и големина на букви 12, со 1134 фусноти со вкупно 389 библиографски единици, и тоа: книги, учебници, монографии, статии, магистерски и докторски тези, нормативни акти, интернет-сајтови и судски одлуки и прилози. Трудот е структуриран од вовед, десет поглавја и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со цел да се обезбеди соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на докторската дисертација, изложени се општествената и научната оправданост за проучување на правното регулирање на правото на сопственост, неговото поимно определување, појавните облици, содржината и карактеристиките на правото на сопственост, како и споредбената анализа на законодавната регулатива на различни земји.

Дисертацијата преку историската анализа ги објаснува причините за настанување и развитокот на институтот сопственост, како и уредувањето на овој институт во различни етапи од општествениот развиток. Оваа дисертација ги анализира научното мислење, меѓународните правни механизми, како и домашната законска рамка за да се изнајде одговор за нивото на уредување на институтот право на сопственост и на начините за стекнување на право на сопственост.

Темата на дисертацијата ја истражува потребата од реформи во стварноправната законска регулатива, преку изложување на истражувањата од теоретски и практичен аспект (преку анализа на судската пракса).

Дел I, со наслов: *Право на сопственост,* ги анализира општите прашања кои се однесуваат на поимното определување на правото на сопственост, вклучувајќи ги содржината, ограничувањето, карактеристиките, како и видовите на правото на сопственост и подоблиците на правото на сопственост. Во ова поглавје, изложени се и анализирани поимните определувања на овој важен институт на стварното право, како во правната теорија, така и во законодавствата на референтните држави. Истражувањата откриваат бројни разлики во пристапот на поимното определување, кои ја оправдуваат потребата од појаснување на основните поими.

Во Дел II, под наслов: *Правото на сопственост во меѓународното право,* извршена е анализа на уредувањето на овој правен институт во најважните меѓународни документи, како што се: Општата декларација за правата на човекот, Европската конвенција за човековите права и слободи, со посебен осврт и на праксата на ЕСЧП по однос на заштита на правото на сопственост.

Во Дел III, под наслов: *Историски развој на стекнувањето на правото на сопственост,* поаѓајќи од историскиот метод на истражување, овозможена е анализа на историскиот развиток на правото на сопственост, како и уредувањето на начините на стекнување на ова право низ историјата, во различни фази од општествениот развиток.

Во Дел IV, под наслов: *Стекнување на правото на сопственост во европските држави,* даден е компаративен осврт на законодавството на европските земји во поглед на стекнувањето на правото на сопственост, како и согледување на неколку клучни аспекти во поглед на стекнувањето на правото на сопственост во различни земји. Ова особено се однесува на европските држави кои биле основоположници на кодификацијата на граѓанското право, како и нивното влијание врз законодавните решенија на други држави во Европа, во делот на стекнување на правото на сопственост.

Дел V, под наслов: *Стекнување на правото на сопственост во земјите од регионот,* содржи понатамошна споредбена анализа од регионален карактер. Имено, тоа ја опфаќа законската уреденост на начините на стекнување на правото на сопственост во земјите со кои имаме заедничко минато и заедничка правна историја во рамките на поранешниот правен поредок на СФРЈ, но и другите земји од регионот, кои во суштина содржат слични решенија, со по некои особености, кои биле инкорпорирани согласно со нивните внатрешни општествени односи.

Во Дел VI, под наслов: *Стекнување на правото на сопственост во македонското стварно право de lege lata,* изложени се и анализирани начините на стекнување на правото на сопственост во нашето право *de lege lata*, врз што е и поставена основната хипотеза на трудот. Поточно, ова поглавје содржи подробна анализа на нашите позитивноправни решенија содржани во ЗСДСП и некои посебни закони, во поглед на начините на стекнување на правото на сопственост наведени во законот, со сите особености што ги содржат, вклучувајќи ги и проблемите што се појавуваат во праксата во врска со нив.

Во Дел VII, под наслов: *Актуелни проблеми во практиката поврзани со стекнувањето на правото на сопственост,* се прави анализа на утврдените недостатоци и недоследности на нашите законодавни решенија, кои предизвикуваат правна несигурност, неизвесност, како и меѓусебни недоразбирања помеѓу правните субјекти, кои ја отежнуваат работата на правните практичари при нивната примена.

Дел VIII, насловен: *Стекнување на правото на сопственост de lege ferenda (Предлози за подобрување на законската регулатива*), содржи сумирање на предлозите на кандидатката во поглед на подобрувањето на законската регулатива во врска со стекнувањето на правото на сопственост. Но, не само тоа прашање. Изложените мислења и предлози во ова поглавје се наведени како последица на заклученото во претходните поглавја, по извршената анализа и констатираните недостатоци, правни празнини и недоречености на нашата законска регулатива.

Дел IX, со наслов: *Случаи од судската пракса поврзани со стекнување на правото на сопственост,* претставува анализа на судски одлуки донесени од судовите на РС Македонија, со цел да се анализира нашата судска пракса во уредување на начините на стекнување на правото на сопственост, и на стварноправните односи воопшто.

Дел X со наслов: *Статистичко истражување поврзано со стекнување на правото на сопственост во Република Северна Македонија,* содржи статистичко

истражување во врска со стекнување на правото на сопственост со правно дело, со наследување и врз основа на одлука на суд и на други државни органи. Така, преку обезбедените податоци добиени од Агенцијата за катастар на недвижности, за бројот на склучени правни дела врз основа на кои се стекнува правото на сопственост, за периодот 2015 – 2020 г., и обезбедните податоци добиени од Нотарската комора на РСМ, за бројот на примени и правосилно решени оставински предмети за периодот 2017 – 2023 г., како и податоците добиени од Регистарот на тестаменти за бројот на составени тестаменти, во периодот од 2019 до 2024 г., може да се дојде до заклучок кои се проблемите и пропустите и во одредени начини на стекнување на правото на сопственост.

Во последниот дел, *Заклучоци*, се изложени најзначајните резултати од направеното истражување и анализа. Исто така, даден е и завршен осврт на материјалот и поставените хипотези за да се извлечат и научно-теоретски и практични заклучоци. Сублимираните резултати од истражувањето ќе понудат подобрување на законодавните решенија во нашата држава и доближување и хармонизирање со законодавствата на развиените европски држави.

Трудот структурално е составен од три дела: воведен дел, десет поглавја со одделни наслови и заклучоци.

Во воведниот дел се изложени предметот и целите на истражувањето, хипотезите, истражувачките прашања, теоретската рамка, емпириските истражувања и методите на истражувањето.

Трудот го истражува историскиот развој на институтот сопственост, почнувајќи од поимното определување, содржината, карактеристиките итн. Понатаму, се анализира развитокот на правото на сопственост, почнувајќи од стариот век, средниот век, до актуелното време. Притоа, се дефинира и се поставува основната теза на докторската дисертација како работна, а потоа се одредува методологијата што ќе се користи при анализа на правните институти. Користен е теоретскиот пристап поради разјаснување на поимот, појавата и дефиницијата на правото на сопственост, нејзините видови, како и други аспекти поврзани со овој стварноправен институт.

Во првиот дел се изложени согледувањата за поимното определување во науката и во законодавството, содржината и карактеристиките на правото на сопственост и е даден приказ на европското законодавство.

Понатаму, исто така, анализирано е и гарантирањето и заштитата на овој стварноправен институт во меѓународното право, односно во рамките на ЕСЧП. При ова истражување, кандидатката врши анализа на повеќе пресуди на ЕСЧП поврзани со заштитата на правото на сопственост во РСМ и констатира дека толкувањето на одредбите на ЕСЧП постојано еволуира и се приспособува на општествените прилики. Покрај тоа, праксата на овој суд е обврзувачка за националните судови и другите институции и директно се применува како домашно право. И покрај тоа, нашите судови сè уште не воспоставиле пракса при донесување на нивните одлуки да се повикуваат и на одредбите на ЕКЧП и други меѓународни обврзувачки документи.

Историски гледано, сопственоста отсекогаш била присутна во општеството. Во стариот век, под влијание на општествениот развиток и влијанието на верата, овој институт бил уреден на порестриктивен начин. Во текот на средниот и новиот век, овој институт добива повеќе социјална функција, при што фактот на поседување сопственост не значело дека треба да служи само на поединечните интереси на титуларот, туку вршењето на тоа право требало да служи и на јавниот интерес на општеството (настанале принципот за забрана на злоупотреба на правото, ограничувањето на правото на сопственост итн.). Во текот на новиот век започнал и трендот на кодификација на

граѓанското право за да се обезбеди извесност и правна сигурност меѓу луѓето, по повод воспоставувањето на граѓанскоправните односи.

Понатаму, во трудот е направена споредбена анализа на законодавни решенија од европски земји (како Франција, Германија, Швајцарија, Италија) и земјите од регионот (Хрватска, Словенија, Србија, Албанија, Бугарија, Косово) во поглед на уредувањето на правото на сопственост, со осврт на уредувањето на начините на стекнување на правото на сопственост. При ваквата споредбена анализа се востановени позитивните решенија кои се содржани во овие правни поредоци, а кои при идни реформи во нашето законодавство би можеле да бидат инкорпорирани, со цел унапредување на нашето законодавство.

Во рамките на трудот е извршена и анализа на позитивноправните решенија содржани во македонското законодавство, во поглед на уредувањето на правото на сопственост и начините на стекнување на правото на сопственост. Оваа анализа е направена преку анализа на одредбите на Законот за сопственост и некои посебни закони, кои уредуваат стварноправна материја. Утврдено е дека во правниот систем на нашата држава, и покрај солидната уреденост на институтот сопственост, постојат низа слабости и застарени решенија, кои во иднина треба да се сменат. Како една од најголемите слабости на нашето стварноправно законодавство, сметаме дека е негативната навика на законодавецот, еден дел од прашањата поврзани со правото на сопственост да ги уреди во генералниот закон, а друг дел преку одредбите на посебните закони. Притоа, не запазувајќи на меѓусебно усогласување на овие два правни прописа. Поради таа причина, од нашето истражување констатиравме дека токму овие пропусти на законодавецот довеле и доведуваат до појава на проблеми во практиката, создавајќи конфузија и правна неизвесност кај луѓето.

Во делот што следува, кандидатката ги наведува актуелните проблеми во практиката поврзани со стекнувањето на правото на сопственост, како и наведува предлози со кои што смета дека би можело да се влијае во подобрување на нашата законска регулатива, доколку тие се инкорпорираат во рамките на важечкиот ЗСДСП, или при донесувањето на Граѓанскиот законик на РС Македонија, проект кој и по една деценија од неговото претставување како идеја, не успеа да стане реалност и да ги поедностави граѓанскоправните односи и да изврши унификација на нашата законска регулатива.

Во рамките на трудот, кандидатката дава приказ на судската пракса во РС Македонија, наведувајќи некои пресуди од македонските судови, поврзани со стекнување на правото на сопственост, при што се прикажува ставот на судската пракса по овие прашања. Од извршената анализа се гледа дека нашите судови се доследни во нивните ставови, и со тек на времето сè повеќе се придржуваат кон меѓународните принципи поставени од меѓународните правни прописи и од меѓународната судска пракса.

На крај, кандидатката спроведува статистичко истражување поврзано со стекнувањето на правото на сопственост во РС Македонија, при што анализира податоци добиени од Агенцијата за катастар на недвижности, Нотарската комора на РС Македонија, Државниот завод за ревизија и Владата на РСМ. Преку ова статистичко истражување, кандидатката се стреми да дојде до подетална анализа на начините на стекнување на правото на сопственост, а кои се неминовно поврзани со горенаведените институции/органи, чија дејност е поврзана и со стварноправната материја.

Во последниот дел од трудот, кандидатката дава заклучоци и препораки за реформирање и унапредување на законската регулатива на РС Македонија и предлага корекции и измени во повеќе сегменти. Кандидатката утврдува дека неусогласеноста на постојниот систем на правно уредување на правото на сопственост и начините на

стекнување на правото на сопственост прави да бидат неупотребливи низа од позитивните правни норми. Ако нашата држава ги има предвид позитивноправните решенија содржани во напредните европски земји, и во земјите од регионот, врз кои е засновано и нашето стварно право, како и принципите наметнати од ЕСЧП, со примена на научно и правно засновани решенија и постулати, со синергија во одлуките на сите релевантни институции ќе може да развие силна стратегија за усогласување и унификација на стварноправното законодавство, како и овозможување на правна сигурност.

Од изложеното во трудот, кандидатката утврди дека општата хипотеза во научноистражувачкиот процес: *потребата од реформи во уредувањето на правото на сопственост, вклучително и одредени начини на стекнување на правото на сопственост* е целосно потврдена.

На крајот од докторската дисертација се наоѓа преглед на цитираната и консултираната домашна и странска литература, нормативни акти и др.

**2. Предмет на истражувањето**

Предмет на истражување во докторската дисертација е одредување на степенот на усогласеност на уредувањето на стекнувањето на правото на сопственост во македонското и споредбеното право, како и потребите од нејзина реформа.

**3. Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена докторската дисертација**

На научно ниво, темата е обработувана од повеќе автори, коишто придонесуваат овој институт да остане секогаш актуелен и да буди интерес и кај новите истражувачи.

Особено значајни книги од ова подрачје се: “А. Групче, *Имотно (Граѓанско) Право, втор дел, Стварно право*, Култура 1985, Скопје“; “И.Пухан, М.Поленак-Аќимовска, В.Бучковски, Г.Наумовски, *Римско право*,Скопје, 2014“; “А.Николовски, *Стопанско право со основи на правото*, Култура, Скопје, 1984“; “Д.Поп-Георгиев, *Основи на имотното право,второ изменето и дополнето издание*, Култура, Скопје, 1977“; “Р.Живковска, *Стварно Право,Книга I*, Европа 92, Скопје, 2005“; “С. Шкариќ, *Уставно право,* Осмо издание, Култура Скопје, 2015“; “Д.Мицковиќ, А.Ристов, *Реформата на наследното право во Република Македонија,* Стобитрејд, Скопје, 2016“; “А.Ристов, *Етажна сопственост, Сопственост на посебни делови од зграда*, Скопје, 2020“; “Л.Спировиќ-Трпеновска, Д.Мицковиќ, А.Ристов, *Наследувањето во Европа,* Скопје, Блесок, 2011“ и др. Некои од позначајните статии се: “А.Групче, „Кон физиономијата на новиот Закон за сопственост и други стварни права“, *Зборник во чест на Асен Групче,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Правен Факултет, Скопје, 2001“; “Ј.Дабовиќ Анастасовска, „*Правото на сопственост како гарантирано економски и социјално право на човекот и граѓанинот на Република Македонија*“, *Слободите и правата на човекот и граѓанинот во Република Македонија,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет – Скопје, Скопје, 1996“; “Г. Галев, *Потекло на слободата на договорите*, *Зборник во чест на Александар Христов,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Правен факултет, Скопје, 1996“; “А.Групче, *Сопственоста според новиот Устав и законодавството со краток осврт и на уставно-судската практика, Зборник во чест на Евгени Димитров*, Скопје, 1999, Правен факултет“; “Ј.Дабовиќ-Анастасовска, *Етажна сопственост*, Зборник во чест на Асен Групче, Универзитет “Св.Кирил и Методиј“, Правен факултет-Скопје, 2001“; “А.Ристов, *Етажна сопственост,Сопственост на посебни делови од зграда*, Скопје, 2020“; “С.Георгиевски, *Примената на меѓународното право во уставниот поредок на Република Македонија,* Зборник во чест на Евгени Димитров, Споредбено уставно право, Универзитет Св.Кирил и Методиј, Правен факултет-Скопје, Скопје, 2001“; “А.Ристов, *Заштита на правото на*

*сопственост пред Европскиот суд за човекови права*„Скопје“; „Промените во семејството и реформите во семејното право во Европските земји“ на Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов; „Кодификација на семејното право во Република Македонија“ од Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов; „Промените во семејството и реформите на семејното право во европските земји“ од Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов; „Алтернативен (договорен) имотен режим во брачна и вонбрачна заедница“ од Елена Игновска; „Реформи во наследното и семејното право во Република Македонија“ од Ангел Ристов; „The Legal Status of Marital Home in the Macedonian and Comparative Family Law“ од Ангел Ристов, и др.

Дел од значајните учебници и трудови од странската литература се: P.Klarić, M.Vedriš, *Građansko pravo, Opči dio, stvarno pravo, obvezno i nasljedno pravo, X izdanje*, Narodne novine d.d, Zagreb, 2006; N.Gavela et al., *Stvarno parvo*, Zagreb, Narodne novine, 2007; I.Babić et al. *Građansko pravo, Knjiga 2, Stvarno pravo,* Banja luka, Univerzitet u Banjoj luci, 2020; R.Kovačevič- Kuštrimović, M. Lazić, *Stvarno pravo*,Treče izdanje, Punta, Niš, 2009; A.Gams, *Svojina*, Centar za filozofiju I društvenu teoriju, Beograd, 1987; О.Станковић, М.Орлић, *Стварно право, једанаесто издање*, Номос, Београд, 2023; Z. Rašović, *Стварно Право*, Белград, 2005; Г.Боянов, *Вещно право, шесто основно преработено и допълнено издание*, Ик авалон, Софиа, 2004; П.Венедиков, *Система на българското вещно право,* Ново издане, 1991; M. Juhart, M. Tratnik,.R.Vrenćur, *Stvarno pravo*, GV Zalozba, Ljubljana 2007; A.Aliu, *E drejta Sendore,* Prishtinë, 2014; A.Nuni, L.Hasneziri, *E drejta Civile II (Pronësia),* Тирана, 2010; A.Natanaili, *E drejta e pronësisë e R.P.të Shqipërisë*, Тирана, 1968 ; A. Shehu, *Pronësia*, Албин, Тирана, 2000 ; В.Ђ.Ђорђевић, *Наследно право*, Правни факултет Ниш, 1997; K.Dolovic-Bojic* *Pravne garancije prava svojine, Anali PFB /Poseban broj u čast profesora Mihaila Konstantinovića* /2022 и др.

**4. Краток опис на применетите методи**

При истражувањето на темата на докторската дисертација, користени се вообичаените општи и посебни методи за научно истражување од областа на правото, и тоа:

1. историски метод – со чија примена се дојде до хронолошко објаснување на генезата и целите на трудот;
2. историско-правниот метод – овозможи анализа на причините за појава и развој на правото на сопственост;
3. компаративниот метод – придонесе со споредбено проучување на меѓународната правна регулатива, регулативата на соседните држави и државите на Западен Балкан да се обработат странските позитивноправни решенија во споредба со правната регулатива на Република Северна Македонија;
4. анализата е направена при проучувањето на содржината на меѓународните законодавства, законодавствата на соседните држави и државите на Западен Балкан. Анализирани се нивните законски решенија;
5. синтетичкиот метод – се примени за извлекување на конкретни заклучоци од направените анализи;
6. методот на индукција – овозможи извлекување општи заклучоци од поединечни анализи и опсервации;
7. логичкиот метод и толкување – се применија при анализирањето на правната регулатива на Република Северна Македонијам како и на правната регулатива на определените европски и балкански држави;
8. статистичкиот метод – ги прикажа заклучоците добиени од анализата на добиените податоци од релевантни инстититуции за определени периоди**;**

9. методот на студија на случај – овозможи презентирање на судска пракса од македонските судови.

**5. Краток опис на резултатите од истражувањето**

Начинот на анализа на предметот на истражувањето и добиените заклучоци од него претендираат да имаат практичен придонес за научната и стручната јавност. Анализирано е домашното и странското законско уредување на институтот право на сопственост и начините на стекнување на правото на сопственост; исто така, анализирана е и праксата на ЕСЧП, како од аспект на неговата меѓународна јуриспруденција, така и во однос на случаите кои се водени против Република Северна Македонија по повод заштита на правото на сопственост, согласно со чл. 1 на Протокол бр. 1 од ЕКЧП. Критички се согледани слабостите и неусогласеноста на правните прописи, и е констатирано дека сѐ уште законската рамка не е усогласена со европското законодавство.

Извршена е анализа на домашната судска пракса, како и статистичко истражување, за период од 5 до 7 години, кои даваат подетални податоци околу начините на стекнување на правото на сопственост, нивното запишување во јавната книга за запишување на правото на сопственост, водење на оставинските постапки и др.

Врз основа на горенаведените податоци, констатирано е дека иако судската пракса има некоја кохерентност во постапувањето, потребно е во иднина повеќе да се повикува на меѓународните ратификувани правни прописи. Исто така, утврдени се низа слабости и неусогласености во законските решенија од областа на стварното право, кои во иднина треба да бидат приоритет при реформирање на постоечкиот ЗСДСП, односно во случај на донесување на Граѓанскиот законик на РС Македонија, долгогодишен проект кој би извршил кодификација и унификација на македонското граѓанско право. Целта што би се постигнала со тие реформи е не само да се овозможи унификација на стварноправното законодавство, туку и да се создава правна сигурност за луѓето, усогласеност на позитивноправните решенија, како и ефикасност при примена на стварноправните нормативни акти.

**6. Исполнетост на законските услови за одбрана на докторската дисертација**

1. Кандидатката, пред одбраната на докторската дисертација, ги објавила следниве рецензирани научни трудови:

**Besiana Xhaferi-Beqiri**, “*Modes of acquisition of the right of ownership”,* Rule of Law and good governance: Contemporary aspects of legal doctrine and interpretation-Challenges and Perspectives, the Book of proceedings of the fourth international scientific conference on legal sciences-ISCLS’23, ISSN: 2955-1846 Tetovo, 2023. Стр.233-245.

**Besiana Xhaferi-Beqiri**, *“Видови стварни права во Република Северна Македонија, пред и по донесување на ЗСДСП“,* Vol. 1 No. 10 (2023): Proceedings of the Tenth International Scientific Conference "Social Changes in the Global World"-Section Young Researchers, ISBN978-608-244-999-9, Goce Delchev University, Shtip, Faculty of Law, 2023, стр.151-167.

**Besiana Xhaferi-Beqiri,** “Possession as an institute of the Civil Law” , International Journal of Scientific & Engineering Research Volume 13, Issue 10, October-2022, ISSN 2229-5518, Year 2022, pp. 264-275.

Кандидатката оствари меѓународна мобилност на Правниот факултет „Хасан Приштина“ во Приштина.

**7. Заклучок и оценка на трудот**

Кандидатката **Бесиана Џафери-Беќири** за предмет на својот докторски труд избрала многу комплексна и значајна тема, која отсекогаш будела интерес и била во фокусот на вниманието на истражувачите од областа на науката за стварно право. И покрај ова, малку се трудовите кои се посветени исклучиво на истражувањето на ова прашање. Во рамките на темата, кандидатката не се задржува само на клучното прашање за начините на стекнување на правото на сопственост, туку се осврнува и на определувањето на поимот, содржината и видовите на правото на сопственост во законодавствата и правната наука.

Докторскиот труд на кандидатката **м-р Бесиана Џафери-Беќири** претставува самостоен научен труд, со кој за првпат се прави една систематска, темелна, научно фундирана и исцрпна анализа на регулирањето на правото на сопственост и на начините на стекнување на правото на сопственост во македонското и во споредбеното право. Карактеризирајќи се, меѓу другото, и со својата опсежност во поглед на научната елаборација, докторскиот труд претставува значаен придонес за развојот на стварноправната наука во Република Северна Македонија.

Ова од причина што во домашната правна наука многу е мал бројот на докторски дисертации од областа на стварното право. Дотолку повеќе што ова прашање не воопшто ниту обработувано. Ваквата констатација се однесува и на земјите од регионот. Токму поради тоа, истражувањето направено во оваа докторска дисертација е од голема теоретска и практична важност за законодавецот, со оглед на тоа што речиси три децении генералниот Закон за сопственост и други стварни права нема претрпено позначајни промени.

Во направеното истражување, кандидатката се служела со богата и релевантна домашна и странска литература од сферата на стварното право, што ѝ овозможило сеопфатно да го анализира предметот на нејзиното проучување. Во докторската дисертација, меѓу другото, подробно е анализирана судската пракса на Европскиот суд за човекови права и домачната судска пракса. Дисертацијата има зголемена научна вредност и тежина и поради направеното статистичко истражување на најчестите и најзначајните основи за стекнување на правото на сопственост (врз основа на правно дело и наследување и др.). Исто така, со цел да се утврдат најдобрите решенија со кои се уредува правото на сопственост и начините на стекнување на правото на сопственност, анализирани се голем број на законодавства во Европа и во регионот. Благодарение на направената исцрпна анализа на статистичките податоци, кандидатката основано ги поткрепува своите ставови и аргументи и предлози за подобрување и реформи на законската регулатива со која се уредуваат стварноправните односи.

Комисијата смета дека докторската теза на кандидатката Бесиана Џафери-Беќири, од методолошки и содржински аспект, претставува самостоен и заокружен научен труд, што е доказ дека таа солидно владее со истражувачката проблематика и дека добро ги совладала методите и техниките на научноистражувачката работа. Исто така, кандидатката демонстрира способност за критичка опсервација и анализи на постојните законодавни решенија и теоретски стојалишта, како и умешност за искажување на сопствени ставови и предлози за одделни аспекти на истражувачката проблематика. Тргнувајќи од направената анализа на македонското законодавство, анализата на решенијата од споредбеното право и најзначајните меѓународни документи, како и од анализата на судската практика и резултатите од статистичкото истражување, кандидатката дава и конкретни предлози за измени и дополнувања на постојното македонско стварноправно законодавство, што, според Комисијата, претставува најзначен научен придонес на докторскиот труд.

**Предлог**

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека докторскиот труд на **кандидатката Бесиана Џафери-Беќири,** под наслов: **Стекнување на правото на сопственост во македонското и споредбеното право,** ги задоволува воспоставените стандарди за изготвување на трудови од ваков вид и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го усвои овој извештај со позитивна оценка, и да ѝ овозможи на кандидатката **Бесиана Џафери-Беќири** да го брани својот докторски труд.

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА**

**Проф. д-р Владо Бучковски, с.р.**
**Проф. д-р Дејан Мицковиќ, с.р.**
**Проф. д-р Ангел Ристов, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Ненад Гавриловиќ, с.р.**
**Проф. д-р Ненад Тешиќ, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „РАСПАЃАЊЕТО НА ЈУГОСЛАВИЈА И СОЗДАВАЊЕТО НА НОВИ ДРЖАВИ ВО МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО“ ОД М-Р ФЕРИТ ИДРИЗИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 4.11.2024 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторскиот труд под наслов: „Распаѓањето на Југославија и создавањето на нови држави во меѓународното право“ од докторандот м-р Ферит Идризи, студент на трет циклус студии, во состав: проф. д-р Сашо Георгиевски, проф. д-р Мелина Гризо, проф. д-р Мишо Докмановиќ (ментор), проф. д-р Елена Михајлова Стратилати и проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска.

Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација со наслов: „Распаѓањето на Југославија и создавањето на нови држави во меѓународното право“ од докторандот м-р Ферит Идризи, содржи 233 страници компјутерски обработен текст, со 581 фуснота и 348 библиографски единици меѓу нив, книги, статии, научни истражувања, монографии, интернет-ресурси, документи итн. Трудот е напишан на англиски јазик.

Трудот е структуриран во вовед, пет поглавја и заклучок. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Покрај тоа, во дисертацијата се наведени и листа на скратеници, како и користени библиографски единици.

Целта на оваа дисертација е да се систематизираат сознанијата и спецификите за исполнувањето на критериумите за државност и меѓународното признавање на државите кои произлегоа од поранешна Југославија од аспект на меѓународното право. Истото е направено преку анализа на постојните теории за признавање на државите со реалните специфики на поединечните случаи, а истражувањето беше поставено и кон утврдување и на интеракцијата помеѓу правото и политиката во процесот на меѓународно признавање на државите со што се обезбедува актуелност на докторската дисертација како во национални ,така и во меѓународни рамки.

**Воведниот дел** ја образложува потребата од истражувањето и неговиот придонес во општествените науки (на пример, меѓународното право, историјата на правото). Понатаму, ги дефинира клучните истражувачки прашања, односно основната/главната хипотеза: процесот на дисолуција на Југославија и создавањето на нови држави кои произлегоа од федерацијата беше спроведен во согласност со меѓународното право.

**Првото поглавје** од докторската дисертација е насловено „Признавањето на држави во меѓународното право“, и се однесува на неколку значајни прашања поврзани со овој правен институт. Овој дел е насочен на правото на народите на самоопределување, согласно со меѓународното право и Повелбата на ОН, како и постојните теоретски концепти за создавањето на нови држави во меѓународното право. Ова поглавје ги анализира и општите теории за меѓународно признавање на државите, како и нивната еволуција. Посебно внимание во овој сегмент е посветено на правните аспекти на создавањето и

признавањето на држави, теориите за признавање на државите, критериумите за државност во меѓународното право, де факто и де јуре признавањето на државите, како и признавањето на државите во рамки на Обединетите нации. Овој дел на дисертацијата е поткрепен со релевантни и актуелни извори што дава дополнителна тежина на трудот.

**Второто поглавје** на дисертацијата е фокусирано на историскиот развој на Југославија за време на Студената војна. Осврнувајќи се на внатрешните и меѓународните услови за создавањето на новата југословенска држава, трудот подетално ги анализира спецификите на Уставот на ФНРЈ од 1946 година, особено во поглед на правата на републиките. На оваа анализа се надоврзува и развојот на општествените и политичките случувања во југословенската федерација во текот на 50-тите години и 60-тите години на минатиот век, политичката криза во овој период, економските реформи, падот на Александар Ранковиќ од власт, како и протестите на косовските Албанци од 1968 година итн. Уставите од 1963 и 1974 се анализирани во контекст на внатрешнополитичките причини за генезата на политичката криза во Југославија.

**Третото поглавје** од оваа дисертација ја анализира југословенската криза по смртта на претседателот Тито, политичките случувања во федерацијата, протестите на косовските Албанци во 1981 година, растот на национализмот, доаѓањето на Слободан Милошевиќ на власт, почетокот на уставните измени, сè до кулминацијата на политичкиот судир помеѓу југословенските републики, особено видлива на 14. Конгрес на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија.

**Четвртото поглавје** од трудот е централниот дел на ова истражување, каде што кандидатот се фокусира на анализа на стекнувањето на независност и меѓународното признавање на југословенските републики и покраина од аспект на меѓународното право. Подетално, овој дел е посветен на независноста на Словенија во меѓународното право, меѓународното признавање и нејзиното членство во Обединетите нации. Истиот аналитички пристап е применет и во однос на меѓународното признавање на Хрватска. Детално е проучена Хашката конференција на Европската заедница, особено работата на Арбитражната комисија, позната како Бадентерова комисија, која ја имаше главната улога на меѓународен арбитер во распадот на Југославија, а подоцна и во однос на утврдувањето на исполнетоста на критериумите за меѓународно признавање. Во овој дел се обработува и независноста и меѓународното признавање на Босна и Херцеговина во услови на граѓанска војна, како и специфичниот случај на Република Македонија во однос на меѓународното признавање.

**Петтото поглавје** од трудот е фокусирано на меѓународното признавање на државите кои произлегоа од Сојузна Република Југославија. Во ова поглавје, поконкретно се опишани и проучени настаните и процесите кои доведоа до независност на Црна Гора и Косово од аспект на меѓународното право. Подетално, во овој дел е анализирана генезата на меѓународното признавање на Косово (од воената интервенција на НАТО на Косово, па сè до советодавното мислење на Меѓународниот суд на правдата за неговата независност). Конечно, во овој дел се опфатени и современите предизвици во однос на признавањето на Косово.

Во **заклучокот** на докторската дисертација, кандидатот ги синтетизира сознанијата од спроведеното научно истражување. Во таа насока, авторот ги утврдува главните карактеристики на создавањето на новите држави кои произлегоа од југословенската федерација, особено во контекст на критериумите за државност, рамката поставена од Арбитражната комисија, но и Советодавното

мислење на Меѓународниот суд на правдата. Авторот заклучува дека признавањето на државите кои произлегоа од поранешна Југославија беше извршено во согласност со меѓународното право.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација со наслов: „Распаѓањето на Југославија и создавањето на нови држави во меѓународното право“, од докторандот м-р Ферит Идризи, претставува значајно научно остварување од областа на меѓународното право. Станува збор за современа тема која е особено релевантна и за актуелните регионални предизвици со оглед на отворените прашања кои постојат во регионот, а се директно поврзани со процесот на дисолуција на Југославија. Дополнителна тежина дава и фактот дека темата на дисертацијата е многу малку анализирана во македонската правна теорија. Несомнено, дисертацијата дава придонес во актуелниот научен дискурс за овој специфичен институт на меѓународното право.

Покрај фактот дека кандидатот користи обемна научна, странска и домашна литература која се однесува на оваа материја, во поставувањето на тезите на докторската дисертација се користени голем број на документи релевантни за областа на истражувањето. Методологијата за спроведување на истражувањето и изработка на докторскиот труд се состои од релевантни квалитативни техники и е во согласност со строгите методолошки критериуми за реализација на ваков тип истражувања во општествените науки. Со цел истражување на прашањето на признавањето на нови држави во однос на распаѓањето на Југославија, методолошкиот пристап во изработката на оваа докторска дисертација вклучува користење на историскиот метод, методот на компилација, методот на дескрипција, методот на анализа и синтеза, но и на компарација.

Од тие причини, може да се констатира дека дисертацијата претставува самостоен научен труд во кој кандидатот ги изложува наодите од сопственото обемно истражување. Кандидатот м-р Ферит Идризи, со изготвениот труд, јасно демонстрира способност за примена на научните методи во истражувањето на поставениот комплексен проблем.

Придонесот на оваа дисертација е неколкукратен. Пред сѐ, таа вклучува нови, систематизирани сознанија за создавањето на нови држави, особено во контекст на нивното меѓународно признавање, во детална и аргументирана форма; второ, содржи детална анализа на спецификите на конкретните случаи на државите кои произлегоа од поранешна Југославија; и трето, дава согледувања на идниот развој на институтот и процесите од конкретната сфера, преку определување на детерминантите, актерите и заемните врски, особено во контекст на специфичниот однос помеѓу правото и политиката.

Трудот истовремено претставува основа за натамошни истражувања во оваа област, што ја демонстрира неговата научна валидност и вредност.

**Заклучоци и предлог**

Врз основа на изложениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за добро подготвена докторска дисертација што ги задоволува минимум потребните критериуми за изготвување на научни трудови од ваков вид, предвидени со соодветната законска регулатива и актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Со оглед на наведеното, Комисијата едногласно му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација со наслов: „Распаѓањето на Југославија и создавањето на нови држави во меѓународното право“ од докторандот м-р Ферит Идризи.

Скопје, 7.11.2024 г.

**Комисија**

**Проф. д-р Сашо Георгиевски, с.р.**
**Проф. д-р Мелина Гризо, с.р.**
**Проф. д-р Мишо Докмановиќ, с.р.**
**Проф. д-р Елена Михајлова Стратилати, с.р.**
**Проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

**На прифатени теми за изработка на докторски дисертации на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје Наставно-научен совет – 04.11.2024 година**

| Ред. број | Кандидат | Тема (на македонски јазик) | Тема (на англиски јазик) | Комисија | Број и датум на одлука |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **м-р Никола Љ. Илиевски** | „Слободарство, држава и промена: Обертонов прозорец за улогата на државата во македонското општество“ | „Libertarianism, state and change: Overton window on the role of the state in the Macedonian society“ | 1. проф. д-р Зоран Илиевски<br>2. проф. д-р Ненад Марковиќ (ментор)<br>3. проф. д-р Иван Дамјановски | 02-1151/17 од 06.11.2024 |
| 2.. | **м-р Алма Доко** | „Изрекувањето на алтернативните мерки во Република Северна Македонија со посебен осврт врз праксата на основните судови Струга и Охрид“ | „The imposition of the alternative measures in the Republic of North Macedonia with special reference to the practice of the basic courts of Struga and Ohrid“ | 1. проф. д-р Никола Тупанчески<br>2. проф. д-р Гордана Лажетиќ<br>3. проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова (менторка) | 02-1151/16 од 16.11.2024 |
| 3. | **м-р Ирена Јосифова** | „Евтаназијата и асистираното самоубиство во компаративното казнено право и во праксата на Европскиот суд за човекови права“ | „Euthanasia and assisted suicide in the comparative criminal law and in the practice of the European Court of Human Rights“ | 1. проф. д-р Никола Тупанчески<br>2. проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова<br>3. проф. д-р Бобан Мисоски (ментор) | 02-1151/15 од 16.11.2024 |

Скопје, 11.11.2024 година

**Декан,**
**Проф. д-р Сашо Георгиевски**

Изработил: м-р Мирјана Стојановска, соработник за студентски прашања

# П Р Е Г Л Е Д

**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје
Наставно Научен Совет од 04.11.2024 година**

| Кандидат | Тема | Ментор | Датум | Одлука број |
|---|---|---|---|---|
| 1. Драгана Петковска | „Поим и видови осигурување, со посебен осврт на животното осигурување (Concept and types of insurance with special reference to life insurance)“ | проф.д-р Димитар Гелев | 04.11.2024 година | 02 – 1151/39 од 06.11.2024 година |
| 2. Блаже Камчев | „Видови доверители во стечајната постапка и остварување и заштита на нивните права во стечајната постапка (Types of creditors in the bankruptcy procedure and realization and protection of their rights in the bankruptcy procedure)“ | проф.д-р Димитар Гелев | 04.11.2024 година | 02 – 1151/40 од 06.11.2024 година |
| 3. Николина Климовска | „Електронско банкарство (Electronic banking)“ | проф.д-р Димитар Гелев | 04.11.2024 година | 02 – 1151/41 од 06.11.2024 година |
| 4. Марија Витанова | „Ресторативна правда спрема деца со посебен осврт на работата на Центарот за социјални работи Струмица во периодот 2020-2023 година (Restorative Justice to the Children with Specific Attention to the Centre for Social Welfare in Strumica in the period of 2020 till 2023)“ | проф.д-р Бобан Мисоски | 04.11.2024 година | 02 – 1151/42 од 06.11.2024 година |
| 5. Кирил Стојков | „Наследство на Југославија и развојот на македонската дипломатско-конзуларна мрежа во процесот на европските интеграции (The legacy of Yugoslavia and the development of the Macedonian diplomatic-consular network in the process of European integration)“ | проф.д-р Васко Наумовски | 04.11.2024 година | 02 – 1151/43 од 06.11.2024 година |

**Декан**

**Проф. д-р Сашо Георгиевски**

Скопје, 6.11.2024 година

Изработил: м-р Илија Манасиев, советник за студентски работи

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) МАТЕМАТИКА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Природно-математички факултет/Институт за математика, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 2.10.2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) МАТЕМАТИКА, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2413/3 од 1.11.2024, донесена на 31.10.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: академик Дончо Димовски, редовен професор во пензија на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Ирена Стојковска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Валентина Миовска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) математика, во предвидениот рок се пријави само кандидатката д-р Анета Гацовска-Барандовска, вонреден професор на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

### 3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Анета Гацовска-Барандовска е родена на 30.10.1975 година, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје, во 1994 година, како првенец на својата генерација во СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин”. Со високо образование се стекнала на Природно-математичкиот факултет на Институтот за математика. Дипломирала на 7.11.2000 година, со просечен успех 9,73, на насоката теориска математика.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2001/2002 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на насоката теориска математика, на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила во 2008 година, со просечен успех 10,00. На 18.12.2008 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Стохастички модели во неживотно осигурување“, стекнувајќи се со научен степен – магистер на математички науки.

Докторската дисертација ја пријавила на 21.10.2011 година на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „$k$ –ти екстремални процеси во управувањето со ризик” ја одбранила на 11.2.2015 година, под менторство на д.м.н. Елисавета Панчева, од Бугарската академија на науките, Софија, Република Бугарија, пред Комисија во состав: Елисавета И. Панчева, д.м.н. при БАН – Софија, Евгенија Стоименова, д.м.н при БАН – Софија, Марија Оровчанец, редовен професор на Институтот за математика при ПМФ – Скопје, Никита Шекутковски, редовен професор на Институтот за математика при ПМФ – Скопје и Весна Манова-Ераковиќ, редовен професор на Институтот за математика при ПМФ – Скопје. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област математика.

Со одлука на Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје, на 4.6.2015 година е избрана во звањето доцент на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, во наставно-научната област применета математика. Во моментот е вонреден професор во областа математика и применета математика. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1210 од 1.3.2020 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 784 од 31.8.2001 година, бр. 834 од 1.9.2003 година, бр. 901 од 14.7.2006 година, бр. 959 од 2.3.2009 година, бр. 1028 од 2.4.2012 година, бр. 1099 од 30.4.2015 година и бр. 1210 од 1.3.2020 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот

избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, кандидатката д-р Анета Гацовска-Барандовска во извештајниот период изведувала настава на прв циклус студии на сите насоки на Институтот за математика, и тоа: Математички модели во економијата, Актуарска математика, Случајни процеси, Временски серии и примена, Елементарна математика 1, Елементарна математика 2, Векторска алгебра, Аналитичка геометрија и Програмски јазик за студентите од Институтот за математика; вежби на првиот циклус по предметите: Математички модели во економијата, Актуарска математика, Случајни процеси, Временски серии и примена, Елементарна математика 1, Елементарна математика 2, Векторска алгебра, Аналитичка геометрија и Финансиско моделирање. На вториот циклус изведува настава и вежби по предметите: Одбрани делови од случајни процеси и математички модели во економија, Математика на неживотно осигурување, Одбрани делови од финансиска и актуарска математика и Математика на животно осигурување, на насоката Применета математика – математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економија. На третиот циклус студии, изведува настава по предметите: Теорија на екстремни вредности и Подредени статистики и примена.

Кандидатката била ментор на 28 дипломски и учествувала како член во Комисија за оцена и одбрана на 12 дипломски и 1 магистерски труд.

Кандидатката е еден од авторите на рецензиран учебник под наслов: Математика за економисти III година на средното стручно четиригодишно образование, економски техничар, економско-правна и трговска струка, како и еден од авторите на изменето и дополнето издание на учебникот насловен: Математика за економисти IV година на средното стручно четиригодишно образование, економски техничар, економско правна и трговска струка.

Во извештајниот период, кандидатката е автор на една научно-популарна книга, рецензент на еден универзитетски учебник, автор на пакет материјали за предавања и вежби по еден предмет, еден е од авторите на четири интерни скрипти за предавања за ученици од основно образование, има подготвувано предавања по 2 нови предмета на првиот циклус студии на Институтот за математика, работела како предавач на две специјалистички обуки за стекнување на лиценца за работа како актуар, била предавач на специјализиран семинар за континуирано професионално усовршување на членовите на Македонското актуарско здружение. Била предавач на три есенски математички школи, една онлајн Школа за млади математичари. Учествувала на неколку онлајн работилници во состав на тековните активности на Меѓународната актуарска асоцијација врзани за унапредување на наставата по дел од предметите кои ги предава и објавила една научно-популарна статија.

Од наставно-образовната дејност, во извештајниот период, д-р Анета Гацовска-Барандовска има освоено 141,49 поени. (Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.)

**Научноистражувачка дејност**

Во извештајниот период, д-р Анета Гацовска-Барандовска има објавено вкупно 12 научни трудови од научната област математика, од кои 1 научен труд во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание), 2 труда во меѓународни научни списанија на трудови индексирани во најмалку една електронска база достапна на интернет, 1 труд – дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД, 7 труда во зборници од меѓународни научни собири и 1 труд во зборник на трудови на високообразовна институција.

Д-р Анета Гацовска-Барандовска учествувала како член во 3 меѓународни и 1 национален научноистражувачки проект.

Кандидатката била ментор на 4 магистерски труда.

Била рецензент на 15 научни и стручни трудови од зборници на меѓународни конференции и меѓународни научни списанија, како и на еден лексикон.

Во извештајниот период, д-р Анета Гацовска-Барандовска учествувала на повеќе конференции, при што одржала 1 пленарно предавање по покана, 2 секциски предавања на меѓународни конференции, 1 секциско предавање на научен/стручен собир и има објавено 9 апстракти во книги на апстракти на меѓународни конференции за предавања кои се презентирани од нејзините соработници.

Од научноистражувачката дејност, во извештајниот период, д-р Анета Гацовска-Барандовска има освоено 89,96 поени (Сите активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот, се наведени во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.)

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Анета Гацовска-Барандовска е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Во периодот од 2020 до 2024 година, учествувала во промотивните активности на Институтот за математика.

Кандидатката во извештајниот период е еден од авторите на книга од стручна област, коавтор на средношколски учебник и рецензент на два учебника за средно стручно образование.

Кандидатката била координатор во подготовка на елаборат за наставните програми на насоката Актуарска и финансиска математика за елаборатот за прв циклус студии 2023/2024.

Била член на 2 рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии при Природно-математичкиот факултет. Претседател е на пописната комисија на Институтот за математика за 2022 и 2023 година. Координатор е на првиот циклус студии на Институтот и раководител на 2 студиски програми на вториот циклус студии при Институтот.

Кандидатката е член на Сојузот на математичари на Македонија (СММ) и во извештајниот период е благајник и претседател на комисијата за општински, регионални и државни натпревари по математика за учениците од средните училишта (2019 - ). Била член на комисиите за спроведување на натпревари по математика за учениците од средно образование во периодот 2019 година, па наваму. Кандидатката е и водач на националниот тим кој ја претставува државата на Европската женска математичка олимпијада, од 2020 година наваму, и водач е на тимот кој ја претставува државата на Меѓународната економска олимпијада, од 2022 година наваму.

Во извештајниот период, кандидатката била уредник во 2 зборника на трудови од меѓународни конференции и член на уредувачки одбор на стручно списание за популаризација на математиката – Сигма – за учениците од средното образование. Била претседател на Организациониот одбор на Седмиот македонски математички конгрес, член на 2 организациони одбора на меѓународни конференции и член на програмски одбор на меѓународна конференција во странство.

Кандидатката е член и на Македонското актуарско здружение.

Од стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, во извештајниот период д-р Анета Гацовска-Барандовска има освоено 41,4 поени (подетални информации кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот се наведени во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.).

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Анета Гацовска-Барандовска, за извештајниот период, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Анета Гацовска-Барандовска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Анета Гацовска-Барандовска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област МАТЕМАТИКА.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно – математичкиот факултет во Скопје, д-р Анета Гацовска -Барандовска да биде избрана во звањето **редовен** во научната област МАТЕМАТИКА.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Академик Дончо Димовски,**
**редовен професор на ПМФ во Скопје (во пензија), претседател, с.р.**

**Проф. д-р Ирена Стојковска,**
**редовен професор на ПМФ во Скопје, член, с.р.**

**Проф. д-р Валентина Миовска,**
**редовен професор на ПМФ во Скопје, член, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ***Анета Симеон Гацовска-Барандовска***
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ***Природно-математички факултет/Институт за математика***
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** *МАТЕМАТИКА*

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| **1** | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * <br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: **9,73.**<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: **10,00.**<br>Просечниот успех изнесува **9,865** за интегрираните студии. | **да** |
| **2** | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: **математика;** поле: **математика;** подрачје: **природно-математичко**. | **да** |
| **3** | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | **да** |
| **3.1** | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>Назив на научното списание: **Journal of Mathematical Education in Science and Technology**<br>Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Scopus, Clarivate Analytics: Emerging Sources Citation Index, Ebsco, Zentralblatt fur Matematik, Google Scholar<br>Наслов на трудот: **Students’ ability to use geometry knowledge in solving problems of geometrical optics**<br>Година на објава: 2023 | **да** |
| **3.2** | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | **да** |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Назив на научното списание: **Matematichki bilten** / BULLETIN MATHÉMATIQUE DE LA SOCIÉTÉ DES MATHÉMATICIENS DE LA RÉPUBLIQUE MACÉDOINE<br>Назив на електронската база на списанија: Ebsco, MathSCiNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Matematik, Реферативный журнал "Математика"<br>Наслов на трудот: **Determining Value at Risk using Extreme Value Theory on a Financial Data Set**<br>4. Година на објава: 2023 | |
| **3.3** | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>Назив на научното списание:<br>**International Journal on Studies in Education**<br>Назив на електронската база на списанија:<br>Web of Science, Ebsco, NSD, Crossref<br>Наслов на трудот:<br>**Analyzing Educational Objectives that Include Critical Thinking: Dot Product Problems in Vector Algebra**<br>4. Година на објава: 2020 | **да** |
| **3.4** | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>Наслов на книгата: **European studies of population 26 / Population Studies in the Western Balkans /**<br>Chapter: **Attitudes Towards Reproduction and Creating a Family Among Albanian Women—The Case of Arachinovo Municipality, North Macedonia**<br>2. Назив на членката на ЕУ/**ОЕЦД:** Швајцарија (Springer Nature), Грција (едитори)<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: **Springer, 2024,** Cham, Швајцарија | **да** |
| **3.5** | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: **Proceedings of Science, SISSA**<br>2. Назив на меѓународниот собир: 11th International Conference of the Balkan Physical Union (BPU 11 Congress) 28.08-1.09.2022<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Србија, Бугарија, Албанија, Романија, Грција, Црна Гора, Кипар, Молдавија, Турција<br>4. Наслов на трудот:<br>**Everlasting educational reforms on the road to quality and permanent knowledge or...**<br>5. Година на објава: 2023 | **да** |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| **3.6** | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: **Зборник на трудови од Третата меѓународна конференција за образование по математика, физика и сродни науки**<br>2. Назив на меѓународниот собир: Трета меѓународна конференција за образование по математика, физика и сродни науки - КОМФСН 23 (6-8.05.2022)<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Србија, Бугарија, САД, Хрватска, Словенија, Црна Гора, Босна и Херцеговина<br>4. Наслов на трудот: **Најчести грешки и математички заблуди кај студентите од прва година на техничките факултети во средношколски задачи/ Most common mistakes and mathematical misconceptions among first-year technical faculty students in high school assignments**<br>5. Година на објава: 2023 на македонски јазик | **да** |
| **4** | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: **Математика за економисти III година на средното стручно четиригодишно образование,** економски техничар, економско правна и трговска струка<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2023 | **да** |
| **5** | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: **1.3.2020**, Билтен бр. **1210** | **да** |
| **6** | Има способност за изведување на високообразовна дејност | **да** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Академик Дончо Димовски,**
**редовен професор на ПМФ во Скопје (во пензија), претседател, с.р.**

**Проф. д-р Ирена Стојковска,**
**редовен професор на ПМФ во Скопје, член, с.р.**

**Проф. д-р Валентина Миовска,**
**редовен професор на ПМФ во Скопје, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ***Анета Симеон Гацовска - Барандовска***
(име, татково име и презиме)
**Институција:** ***Природно-математички факултет/Институт за математика***
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** ***математика***

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | Летен семестар 2019/2020 (вкупно 7 неделно)<br>Актуарска математика (2+2)<br>Случајни процеси (2+2)<br>Елементарна математика 2 (3+3) | **4,2** |
| | Зимски семестар 2020/2021 (вкупно 7 неделно)<br>Математички модели во економија (2+2)<br>Елементарна математика 1 (3+3)<br>Програмски јазик (2+0+2) | **4,2** |
| | Летен семестар 2020/2021 (вкупно 9 неделно)<br>Актуарска математика (2+2)<br>Случајни процеси (2+2)<br>Временски серии и примена (2+0)<br>Елементарна математика 2 (3+3) | **5,4** |
| | Зимски семестар 2021/2022 (вкупно 7 неделно)<br>Математички модели во економија (2+2)<br>Елементарна математика 1 (3+3)<br>Програмски јазик (2+0+2) | **4,2** |
| | Летен семестар 2021/2022 (вкупно 7 неделно)<br>Актуарска математика (2+2)<br>Случајни процеси (2+2)<br>Елементарна математика 2 (3+3) | **4,2** |
| | Зимски семестар 2022/2023 (вкупно 10 неделно)<br>Математички модели во економија (2+2)<br>Векторска алгебра (3+3)<br>Елементарна математика 1 (3+3)<br>Теорија на игри (2+2) | **6** |
| | Летен семестар 2022/2023 (вкупно 10 неделно)<br>Актуарска математика (2+2)<br>Случајни процеси (2+2)<br>Елементарна математика 2 (3+3)<br>Аналитичка геометрија (3+3) | **6** |
| | Зимски семестар 2023/2024 (вкупно 10 неделно)<br>Векторска алгебра (3+3)<br>Математички модели во економија (2+2)<br>Теорија на игри (2+2)<br>Елементарна математика 1 (3+3) | **6** |

| | | |
|---|---|---|
| | Летен семестар 2023/2024 (вкупно 10 неделно)<br>Актуарска математика (2+2)<br>Аналитичка геометрија (3+3)<br>Случајни процеси (2+2)<br>Елементарна математика 2 (3+3) | **6** |
| **2** | **Одржување на настава од втор циклус студии** | |
| | Зимски семестар 2021/22, 2022/23, 2023/24<br>(во тек на 3 години, 3+2+2 часа неделно)<br>Одбрани делови од случајни процеси и математички модели во економија (3+3)<br>Математика на неживотно осигурување (2+2) – 2 години | **5,25** |
| | Летен семестар 2021/22, 2022/2023, (вкупно 2 години, 2+2 часа неделно)<br>Одбрани делови од финансиска и актуарска математика (2+2)<br>Математика на животно осигурување (2+2) | **3** |
| **3** | **Одржување на настава од трет циклус студии** | |
| | Летен семестар 2023/2024 (вкупно 1 година, 2 часа неделно)<br>Теорија на екстремни вредности (2+2)<br>Подредени статистики и примена (2+2) | **3,6** |
| **4** | **Одржување на настава од прв циклус студии (нумерички вежби)** | |
| | Летен семестар 2019/2020 (вкупно 10 неделно)<br>Актуарска математика (2+2)<br>Случајни процеси (2+2)<br>Елементарна математика 2 (3+3)<br>Аналитичка геометрија (3+3) | **4,5** |
| | Зимски семестар 2020/2021 (вкупно 8 неделно)<br>Математички модели во економија (2+2)<br>Елементарна математика 1 (3+3)<br>Векторска алгебра (3+3) | **3,6** |
| | Летен семестар 2020/2021 (вкупно 10 неделно)<br>Актуарска математика (2+2)<br>Случајни процеси (2+2)<br>Аналитичка геометрија (3+3)<br>Елементарна математика 2 (3+3) | **4,5** |
| | Зимски семестар 2021/2022 (вкупно 8 неделно)<br>Математички модели во економија (2+2)<br>Елементарна математика 1 за МФ (3+3)<br>Векторска алгебра (3+3) | **3,6** |
| | Летен семестар 2021/2022 (вкупно 10 неделно)<br>Актуарска математика (2+2)<br>Случајни процеси (2+2)<br>Елементарна математика 2 за МФ (3+3)<br>Аналитичка геометрија (3+3) | **4,5** |
| | Зимски семестар 2022/2023 (вкупно 5 неделно)<br>Математички модели во економија (2+2)<br>Векторска алгебра (3+3) | **2,25** |
| | Летен семестар 2022/2023 (вкупно 7 неделно)<br>Актуарска математика (2+2)<br>Случајни процеси (2+2)<br>Аналитичка геометрија (3+3) | **3,15** |
| | Зимски семестар 2023/2024 (вкупно 5 неделно)<br>Векторска алгебра (3+3)<br>Математички модели во економија (2+2) | **2,25** |
| | Летен семестар 2023/2024 (вкупно 4 неделно) | |

| | | |
|---|---|---|
| | Актуарска математика (2+2)<br>Финансиско моделирање (2+2) | **1,8** |
| **4** | **Одржување на настава од втор циклус студии (нумерички вежби)** | |
| | Зимски семестар 2021/22, 2022/23, 2023/24<br>(во тек на 3 години, 3+2+2 часа неделно)<br>Одбрани делови од случајни процеси и математички модели во економија (3+3)<br>Математика на неживотно осигурување (2+2) – 2 години | **3,15** |
| | Летен семестар 2021/22, 2022/2023, (вкупно 2 години, 2+2 часа неделно)<br>Одбрани делови од финансиска и актуарска математика (2+2)<br>Математика на животно осигурување (2+2) | **1,8** |
| **5** | **Консултации со студенти** | |
| | Консултации со студенти од 2019/2020 летен семестар, заклучно со 2023/2024 летен семестар<br>Вкупен број на студенти = 886 (прв циклус) + 6 (втор циклус) + 2 (трет циклус) = 894 студенти | **1,79** |
| **6** | **Ментор на дипломска работа** | |
| | Ментор на 28 дипломски работи (Марија Димитријевска 02.2020, Христина Софрониеска 06.2020, Силвија Сарафимова Анчевска 06.2020, Елена Атанасовска 08.2020, Радица Цветкова 11.2020, Ема Богојевска 12.2020, Фросина Јакимовска 12.2020, Калтрина Хасипи 12.2020, Ивана Ташковска 12.2020, Билјана Велјановска 02.2021, Арбнора Шабани 07.2021, Марија Бојкова 10.2021, Елеонора Аневска 10.2021, Никола Анѓелески 10.2021, Ангела Поповска 10.2021, Ардиан Синани 10.2021, Луција Савевска 10.2021, Павлинче Настеска 10.2021, Мартин Сталевски 06.2022, Благоја Нојков 06.2022, Александра Здравкова 07.2022, Благојче Колароски 10.2022, Елена Младеновска 10.2022, Радица Цветкова 01.2023, Зорица Мојсоска 07.2023, Катерина Арсовска 12.2023, Цветанка Аврамова 02.2024, Анастасија Плушкоска 06.2024) | **5,6** |
| **7** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |
| | Член на комисија за одбрана на дипломска работа – 12 дипломски работи | **1,2** |
| **8** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд** | |
| | Член на комисија за одбрана на магистерски труд – 1 магистерски труд | **0,3** |
| **9** | **Изменето и дополнето издание на учебник** | |
| | Костадин Тренчевски, Анета Гацовска, Надица Ивановска, Јованка Тренчева Смилески<br>Математика за економисти IV година на средното стручно четиригодишно образование, економски техничар, економско правна и трговска струка, МОН, 2020 | **3** |
| **10** | **Научно-популарна книга** | |
| | Ирена Стојковска, Петар Соколоски, Марија Михова, Анета Гацовска – Барандовска, Есенска математичка школа 2020, предавања за ученици од IV до VII одделение, СММ 2021 | **4** |
| **11** | **Рецензент на универзитетски учебник** | |
| | Жанета Попеска, Верица Бакева Смиљкова, Марија Михова, Александра Поповска-Митровиќ, Наташа Илиевска, Билјана Тојтовска Рибарски, Пеце Георгиев, Збирка решени задачи по веројатност и статистика, УКИМ, ФИНКИ, 2024 | **1** |
| **12** | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| | Анета Гацовска – Барандовска, Материјали за предавањата и вежбите по предметот Актуарска математика | **1** |
| **13** | **Интерна скрипта од предавања** | |

| | | |
|---|---|---|
| | 1. Анета Гацовска-Барандовска, Валентина Миовска, Ирена Стојковска - Математички кружоци „Гази Баба“, скрипта од предавања за учениците од VI одделение, СММ, 2020<br>2. Анета Гацовска-Барандовска, Валентина Миовска, Ирена Стојковска - Математички кружоци „Гази Баба“, скрипта од предавања за учениците од VII одделение, СММ, 2020<br>3. Анета Гацовска-Барандовска, Валентина Миовска, Ирена Стојковска - Математички кружоци „Гази Баба“, скрипта од предавања за учениците од VIII одделение, СММ, 2020<br>4. Анета Гацовска-Барандовска, Валентина Миовска, Ирена Стојковска - Математички кружоци „Гази Баба“, скрипта од предавања за учениците од IX одделение, СММ, 2020 | **16** |
| **14** | **Подготовка на нов предмет (предавања и вежби)** | |
| | Елементарна математика 2 (предавања), 2019/20 – летен семестар<br>Финансиско моделирање (вежби), 2023/24 – летен семестар | **1,5** |
| **15** | **Настава во школи и работилници (учесник)** | |
| | Предавач на обуката за актуари, организирана од Агенцијата за супервизија на осигурување,<br>Обука 2021-2023, Модели на доживување, 22 – 29.11.2021<br>Обука 2023-2025, Модели на доживување, 11 – 15.12.2023 | **2** |
| | Предавач на обуката на Македонското актуарско здружение МАЗ, 15 – 16.5.2023, *Животно осигурување*<br>*Веројатносните модели зад продуктите во животното осигурување, Смртност и влијание на смртноста врз актуарските пресметки Математичка резерва, Тестирање на профит*<br>*Има ли стохастика во осигурувањето на живот?* | **1** |
| | Предавање на Четвртиот семинар „Математика и примена“, секција за научно-популарни предавања, 13 – 14.12.2019, ПМФ, Институт за математика, *Демографските промени низ призмата на математичките модели* | **1** |
| | Учесник на работилницата „Динамична математика во образованието“, БАН, 14. 2.2021 | **1** |
| | Учество на CONVENTION A Europe, седмична онлајн работилница за развој на актуарството, септември 2022, во организација на European Actuarial Academy и ACTVIEW | **1** |
| | Учество на работилници на секцијата ASTIN за неживотно осигурување при IAA – 3.5.2022, 26.6.2024 | **2** |
| | Предавач на Есенска математичка школа 2020 (7. одделение), 2021 (6. одделение), 2022 (7. одделение) | **3** |
| | Предавач на Школа за млади математичари 2023/24 (9. одделение) | **1** |
| **16** | **Научно-популарна и наставно-историска статија во стручно методско списание** | |
| | Анета Гацовска-Барандовска, *Актуарите и светот на финансиите – Вистинска професија за добар математичар,*<br>Сигма 117 (4), 2019/20, СММ, Скопје 2020 (стр. 1-6) | **1** |
| | **Вкупно** | **141,49** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Ментор на магистерска работа** | |
| | Ментор на 4 магистерски работи | **8** |

| | | |
|---|---|---|
| | 1. Цветанка Пупуновска – Математички модели во реосигурување и нивна примена, јули 2020<br>2. Фросина Мантова – Некои мерки за ризик како модели за управување со ризик во осигурување, февруари 2022<br>3. Стево Ѓоргиев – Теорија на екстремни вредности и нејзина примена во определување вредности под ризик, јануари 2023<br>4. Марика Јордановска – Примена на сложен биномен модел во теоријата на пропаст, октомври 2024 | |
| **2** | **Учесник во меѓународен научен проект (билатерални)** | |
| | Алгебра, анализа и примени (МАНУ – САНУ), 2018 – 2021, 2022 – 2024, МАНУ<br>Статистичко моделирање и статистичко учење за анализа на големи податоци (МАНУ – БАН), 2017 – 2021, МАНУ | **10** |
| **3** | **Учесник во национален научен проект** | |
| | Математички модели и примени, NIP.UKIM.20-21.6, УКИМ | **3** |
| **4** | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование[9] | |
| | Stevo Gjorgiev, Aneta Gacovska – Barandovska<br>*Determining value at risk using extreme value theory on a financial data set,*<br>DOI: 10.37560/matbil23471039gj<br>Математички Билтен 47 (LXXIII) 1, 39 – 48, (2023) | **4,5** |
| | Aneta Gacovska-Barandovska, Vesna Celakoska-Jordanova, Emilija Celakoska, *Analyzing educational objectives that include critical thinking: dot product problems in vector algebra*,<br>DOI: 10.46328/ijonse.16<br>International Journal on Studies in Education, Vol. 2, Issue 2, 108–118, (2020) | **4** |
| **5** | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование[9] | |
| | Aneta Gacovska Barandovska, Boce Mitrevski & Lambe Barandovski, *Students' ability to use geometry knowledge in solving problems of geometrical optics,*<br>DOI: 10.1080/0020739X.2023.2184278<br>International Journal of Mathematical Education in Science and Technology, 54:10, 2071-2085, (2023) (IF=0,7) | **6,96** |
| **6** | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД | |
| | Apostolovska Toshevska, B., Madjevikj, M., Ljakoska, M., Gacovska-Barandovska, A., Attitudes towards reproduction and creating a family among Albanian women—the case of Arachinovo municipality, North Macedonia. In: Zafeiris, K.N., Kotzamanis, B., Skiadas, C. (eds) Population Studies in the Western Balkans. European Studies of Population, vol 26. Springer, Cham., 379-395, (2024)<br>https://doi.org/10.1007/978-3-031-53088-3_16 | **6** |
| **7** | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни | |

| | | |
|---|---|---|
| | академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји[9] | |
| | Lambe Barandovski, Vera Zoroska, Aneta Gacovska-Barandovska, *Everlasting educational reforms on the road to quality and permanent knowledge or…,* Proceedings of Science, 11th International Conference of the Balkan Physical Union, 28 August - 1 September 2022, Belgrade, Serbia, id.244 (2023) | **4** |
| | Валентина Миовска, Анета Гацовска-Барандовска, Делчо Лешковски, Стефан Мирчевски, *Најчести грешки и математички заблуди кај студентите од прва година на техничките факултети во средношколски задачи,* Зборник на трудови од Третата меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, 6 – 8 мај 2022, Скопје, 252-259, (2023) | **3** |
| | Дончо Димовски, Јасмина Маркоска, Анета Гацовска – Барандовска, Ѓорѓи Маркоски, *Математички јазик,* Зборник на трудови од Третата меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, 6 – 8 мај 2022, Скопје, 24-31, (2023) | **3** |
| | Делчо Лешковски, Анета Гацовска – Барандовска, *Потребата од изучување веројатност и статистика во средното гимназиско образование, како подготовка за универзитетски те предмети,* Зборник на трудови од Третата меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, 6 – 8 мај 2022, Скопје, 87-92, (2023) | **4** |
| | Анета Гацовска - Барандовска, Валентина Миовска, *Методот на разгледување на случаи во теореми и проблеми од геометрија,* Зборник на трудови од четвртата меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, 24 – 26 ноември 2023, Скопје, во печат | **4,5** |
| | Дончо Димовски, Анета Гацовска – Барандовска, *Конструкција на множествата на цели и позитивни рационални броеви во наставата по математика,* Зборник на трудови од Четвртата меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, 24 – 26 ноември 2023, Скопје, во печат | **4,5** |
| | **1.** S. Gjorgievska, H. Kochankovski, **L. Barandovski**, Temperature dependence of the semi-empirical mass formula coefficients extracted by Bayesian inference, 15th Conference of the of the Society of physicists of Macedonia (CSPM 2024), 19 – 22.9.2024. (постер презентација) | 0,5 |
| **12** | **Апстракти објавени во зборник на конференција** | |
| | **1. L. Barandovski**, Heavy Metal Deposition in Macedonia from 2002 to 2020 Studied by Moss Biomonitoring Technique, Book of Abstracts, 4. International physics conference in Bosnia and Herzegovina (PHYCONBA 2024), 26-27.09.2024, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina. | 1 |
| | **2.** S. Gjorgievska, H. Kochankovski, **L. Barandovski**, Temperature dependence of the semi-empirical mass formula coefficients extracted by Bayesian inference, Book of Abstracts, 15th Conference of the Society of Physicists of Macedonia (CSPM 2024), Ohrid, 19 – 22.9.2024. | 1 |
| | **3.** I. Zlatanovska, T. Stafilov, R. Šajn, B. Dimovska Gonovska, S. Dimovska, J. Janusheski, **L. Barandovski,** Determination of radioactivity levels and radiological hazards of soils from the Bitola region, Book of abstracts, DPG Spring meetings 16-29.02.2024. | 1 |
| | **4. L.Barandovski,** V. Zoroska, A. Gacovska-Barandovska, Everlasting educational reforms on the road to quality and permanent knowledge or..., Book of Abstracts, 11th International Conference of the Balkan Physical Union, 28 August - 1 September 2022, 28.08-01.09.2022, Belgrade, Serbia. | 1 |
| | **5. L. Barandovski,** M. Stojanovska**,** Developing a teaching unit on a topic of electric current as a good practice for social inclusion in non-formal science education, Book of Abstracts, 13th Conference of the of the Society of physicists of Macedonia (CSPM 2020) Ohrid, 16 – 19.9.2021. | 1 |
| | **Вкупно** | 168,94 |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма** | |
| | Елаборат за акредитација на студентска програма Медицинска физика, 2022/2023. | 1 |
| **2** | **Учество во работата на комисии за државни натпревари** | |
| | Член на Комисијата за спроведување на општински, регионални и државни натпревари по физика: 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 год. | 5 |
| **2** | **Раководител на лабораторија** | |
| | Раководител на Лабораторија по нуклеарна физика, 2020, 2021, 2022, 2023, 2024<br>Раководител на Лабораторија по општа физика, 2020, 2021, 2022, 2023, 2024 | 10 |
| **3** | **Учество во промотивни активности на Факултетот** | |
| | Учество во промотивни активности на Факултетот (2020 – 2024) | 2,5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **4** | **Уредник на зборник на трудови на научен/стручен собир** | |
| | Уредник на Зборник на трудови од Третата меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки. Издавачи: Сојуз на математичари на Македонија, Природно-математички факултет во Скопје, 2023. | 1 |
| **5** | **Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Претседател на организационен одбор на 15. Конференција на Друштвото на физичарите на Република Македонија, 19-22.9.2024 год., Охрид, Македонија | 2 |
| | Претседател на организационен одбор на 14. Конференција на Друштвото на физичарите на Република Македонија 15-18.9.2022 год., Охрид, Македонија | 2 |
| | Претседател на организационен одбор на 13. Конференција на Друштвото на физичарите на Република Македонија 16-19.9.2021 год., Охрид, Македонија | 2 |
| **5** | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |
| | Член на научен и програмски одбор на III International Conference on Physical Aspects of Environment ICPAE2023, 30-31.08.2024, Zrenjanin, Serbia. | 1 |
| | Член на организационен одбор на 4. Меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, 24-26.10.2023, Природно-математички факултет, Скопје, Македонија | 1 |
| | Член на научен одбор на 39th International Physics Congress of the Turkish Physical Society, 31.8-4.9.2023, Bodrum, Turkey | 1 |
| | Член на научен и програмски одбор на II International Conference on Physical Aspects of Environment ICPAE2023, 24-26.8.2023, Zrenjanin, Serbia. | 1 |
| | Член на меѓународен организационен одбор на 11. Меѓународна конференција на Балканската унија на физичарите, 28.8-1.9.2022-Белград, Србија. | 1 |
| | Член на организационен одбор на 3. Меѓународна конференција за образованието по природни науки и математика, 6-8.5.2022, Природно-математички факултет, Скопје, Македонија | 1 |
| | Член на научен и програмски одбор на International Conference on Physical Aspects of Environment ICPAE2022, 31.03-2.04.2022, Zrenjanin, Serbia. | 1 |
| | Член на советодавниот одбор на 29. International Seminar on Interaction of Neutrons with Nuclei (ISINN-29), 29.05-02.06.2023, Dubna, Russia. | - |
| | Член на советодавниот одбор на 30. International Seminar on Interaction of Neutrons with Nuclei (ISINN-30), 14.04-18.04.2024, Cairo, Egipt. | - |
| **6** | **Член на универзитетска комисија** | |
| | Член на Етичка комија (прв мандат 28.12.2021 – 26.12.2023, втор мандат 27.12.2023 – денес) | 2 |
| **7** | **Член на факултетска комисија** | |
| | Престедател на Дисциплинска комисија на ПМФ во Скопје (1.10.2019 до 30.09.2021 год.) | 0,5 |
| | Член на комисија за молби и жалби 01.10.2021 – 1.10.2024 | 0,5 |
| | Член на Комисија за попис на Институт за физика – 2020, 2021, 2022, 2023 и 2024 година. | 2,5 |
| **8** | **Член на комисија за избор во звање** | |
| | Член на комисија за избор на м-р Владимир Оханесјан, м-р Димитар Симоновски, м-р Елена Вчкова Бебековска, м-р Јана Богдановска, м-р Христијан Кочанкоски во соработничко звање – асистент на Институтот за физика, Билтен на УКИМ бр. 1227 од 1.12.2020. | 0,2 |
| | Член на Комисија за избор на м-р Ирена Златановска во звање – асистент на Институтот за физика, Билтен на УКИМ бр. 1295 од 15.11.2023. | 0,2 |
| **9** | **Претседател на здружение поврзано со струката** | |
| | Претседател на Друштво на физичарите на Република Македонија (2021 – 2024), два мандата | 4 |
| | **Вкупно** | 42,4 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 145,47 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 168,94 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 42,4 |
| **Вкупно** | 356,81 |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Доне Гершановски, редовен професор во пензија, ПМФ – Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Миодраг Крмар, редовен професор, ПМФ – Нови Сад, Србија, с.р.**
**Проф. д-р Драган Јакимовски, редовен професор, ПМФ – Скопје, с.р.**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ БИОФИЗИКА И ФИЗИКА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФИЗИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, објавен во весникот „Слободен печат“ и „Коха“ на 2.10.2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области биофизика и физика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-2412/4 од 1.11.2024 од седницата на Наставно-научниот совет одржана на 31.10.2024, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Доне Гершановски, редовен професор во пензија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Маргарета Пецовска-Ѓорѓевиќ, редовен професор на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Јулијана Велевска, редовен професор на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област биофизика и физика, во предвидениот рок се пријави д-р Ристе Попески-Димовски, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Ристе Попески-Димовски е роден на 28.12.1984 година, во Скопје. Средно образование завршил во гимназијата „Никола Карев“ во Скопје, во 2003 година, со одличен успех. Со високо образование се стекнал на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Дипломирал на 4.3.2008 година, со просечен успех 9,38.

Во учебната 2008/2009 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Студиите ги завршил во 2009 година, со просечен успех 10,00. На 18.9.2009 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Промена на биоадхезивни својства на натриум алгинатни гелови под дејство на гама-зрачење*.

Докторска дисертација пријавил на 8.11.2011 година на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *Истражување на динамиката на мукоадхезија* ја одбранил на 13.2.2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Александар Андоновски, Институт за физика при ПМФ, проф. д-р Доне Гершановски, Институт за физика при ПМФ во Скопје, проф. д-р Маргарета Пецовска-Ѓорѓевиќ, Институт за физика при ПМФ, проф. д-р Јане Богданов, Институт за хемија при ПМФ во Скопје и проф. д-р Митко Младенов, Институт за биологија при ПМФ во Скопје. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област физика.

Кандидатот активно се служи со англискиот и српскиот јазик, а добро ги познава и бугарскиот и хрватскиот јазик.

Со одлука на Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје, на 4.6.2015 година е избран во звањето доцент на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, во научните области биофизика и општа физика, со реферат за избор објавен во Билтен бр. 1099 од 30.4.2015 година.

Со одлука на Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје, на 3.4.2020 година е избран во звањето вонреден професор на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, во научните области биофизика и физика. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1208 од 1.2.2020 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 978 од 15.1.2010 година, бр. 1043 од 30.11.2012 година, бр. 1099 од 30.4.2015 година и бр. 1208 од 1.2.2020

година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор за вонреден професор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, кандидатот д-р Ристе Попески-Димовски во извештајниот период изведувал настава на прв циклус студии по предметите: Спектроскопија, Физика на меки материјали, Електроника и Репетиториум физика за студентите од Институтот за физика, Физика за биолози за студентите од Институтот за биологија, Општа физика за студентите од Институтот за хемија, Биофизика за студентите од Факултетот за ветеринарна медицина при УКИМ, како и Биофизика на англиски јазик за студенти од Факултетот за ветеринарна медицина при УКИМ кои студираат на програма за англиски јазик, за кои има и подготвено интерни скрипти за предавања и вежби на англиски јазик, како и нумерички вежби по предметот: Репетиториум физика за студентите од Институтот за физика. Во извештајниот период, д-р Ристе Попески-Димовски изведувал и лабораториски вежби по предметите: Електромагнетизам, Физика на меки материјали, Биофизика и Спектроскопија на Институтот за физика, Физика за биолози на Институтот за биологија и Општа физика на Институтот за хемија. Во рамките на третиот циклус студии, на Институтот за физика одржал настава по предметот Физика на меки материјали.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на 2 дипломски и 2 магистерски труда.

Во извештајниот период, кандидатот одржал предавања на 3 школи и учествувал во работата на 2 работилници, при што објавил 2 научно-популарни статии во стручно-методски списанија. Во извештајниот период, кандидатот подготвил предавања за 6 предмети.

Д-р Ристе Попески-Димовски е еден од авторите на една објавена збирка на решени задачи од натпревари по физика со наслови: Збирка решени задачи од натпревари по физика, Книга 3 (издавач: Друштво на физичарите на Република Македонија, Скопје, 2020 година).

Од наставно-образовната дејност, во извештајниот период, д-р Ристе Попески-Димовски има освоено 90,762 поена (подетални информации се дадени во Образецот кон извештајот за избор – Анекс 2).

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Ристе Попески-Димовски, од последниот избор во звањето вонреден професор, има објавено 7 научни труда. Во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), во извештајниот период објавил три научни труда. Во извештајниот период објавил и два труда во референтни научни/стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор, како и два труда во зборник на рецензирани научни трудови каде што членовите на научниот одбор се од најмалку три земји. Од последниот избор, кандидатот презентирал три труда на меѓународни научни манифестации.

Д-р Ристе Попески-Димовски, во извештајниот период, учествувал како член во еден меѓународен научен проект, а бил и раководител на три студентски истражувачки проекти за научен и претприемачки развој на студенти во кој учествувале 14 студенти од додипломски студии на Институт за физика.

Според Scopus-базата, неговиот $h$-фактор изнесува 5.

Во извештајниот период, кандидатот бил рецензент на 11 научни труда за списанија со фактор на влијание.

Д-р Ристе Попески-Димовски, во извештајниот период, е ментор на два докторанда.

Од научноистражувачката дејност, во извештајниот период, д-р Ристе Попески-Димовски има освоено 72,73 поени (подетални информации се дадени во Образецот кон извештајот за избор – Анекс 2).

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Ристе Попески-Димовски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Кандидатот од 2020 година е координатор за настава на Институтот за физика.

Кандидатот е член на Друштвото на физичарите на Република Македонија, каде што учествува во работата на комисиите за државни натпревар.

Во извештајниот период е раководител на EPS Young Minds секцијата на Друштвото, преку која заедно со студентите има организирано неколку настани од образовно-популарен карактер за физиката. Бил и главен одговорен професор за одржувањето на три меѓународни студентски конференции по физика (P4P2022, P4P2023 P4P2024), кои целосно се организирани од студенти со поддршка од Институтот за физика и ДРФМ.

Во извештајниот период, кандидатот учествувал во креирањето на експерименталната задача за олимпијада и бил одговорен професор за одржувањето на меѓународните олимпијади по експериментална физика (ЕПО8, ЕПО9 и ЕПО10), организирани од ДФРМ и Софискиот огранок на друштво на физичари.

Во периодот од 2020 до 2024 година, учествувал во промотивните активности на Институтот за физика.

Во извештајниот период бил и член на комисиите за оценка на демонстрационите експерименти во рамките на манифестацијата „Школа млади физичари“ и учествувал со научно-популарни предавања на зимските астрономски школи, организирани од Македонското астрономско друштво, за кои има објавено и статии во научно-популарното списание „Астрономски алманах“.

Кандидатот бил член на управниот одбор на Друштвото на физичарите на Република Македонија (2020 – 2022 година).

Д-р Ристе Попески-Домовски е раководител на Лабораторијата за меки материјали и Лабораторијата за спектроскопија. Во извештајниот период, кандидатот основал и управува со Spin-off компанијата Future Innovations, која работи во рамките на Институтот за физика и преку студентски истражувачки проекти значително ги зголемува капацитетите на лабораторија за 3Д-печатење која работи во склоп на Лабораторијата за меки материјали.

Кандидатот активно ја одржува и ја модернизира истражувачката и едукативната опрема во неколку од лабораториите на Институтот за физика.

Голем број на студенти од Институтот за физика својата едукативна пракса ја имаат изведено во неговата компанија, под негово директно менторство.

Кандидатот бил член на Комисијата за попис (од 2020 до 2024 година) и член на две комисии за избор на демонстратори и лаборанти на Институтот.

Стручно усовршување во странство остварил преку онлајн учество на неколку работилници од областа на полимери.

Во извештајниот период, кандидатот бил 3 пати член на организационен одбор на меѓународен научен собир.

Покрај својата научно-образовна дејност, кандидатот во целиот свој работен период е и активен член на фолклорниот ансамбл на Академското културно-уметничко друштво „Мирче Ацев“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

Од стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, во извештајниот период д-р Ристе Попески-Димовски има освоено 26,5 поени (подетални информации се дадени во Образецот кон извештајот за избор – Анекс 2).

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Ристе Попески-Димовски доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Природно-математичкиот факултет за наставата по предметите кои ги реализира.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата ја следеше целокупната досегашна активност на д-р Ристе Попески-Димовски и констатира дека кандидатот успешно и одговорно пристапува кон обврските и работните задачи во наставно-научниот процес. По разгледувањето на целокупната доставена документација, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Ристе Попески-Димовски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, како и личното познавање на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Ристе Попески-Димовски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научните области биофизика и физика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Ристе Попески-Димовски да биде избран во звањето **редовен професор** во научните области биофизика и физика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Доне Гершановски, редовен професор во пензија, ПМФ – Скопје, с.р.**

**Д-р Маргарета Пецовска-Ѓорѓевиќ, редовен професор, ПМФ – Скопје, с.р.**

**Д-р Јулијана Велевска, редовен професор, ПМФ – Скопје, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

Ристе Попески-Димовски

**Институција:**

Природно-математички факултет

**Научна област:** ***ФИЗИКА***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,38.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10.<br>Просечниот успех изнесува 9,69 за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: доктор на физички науки; поле: биофизика; подрачје: физика на меки материјали. | |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: Cellulose<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: Topical gel with ethyl cellulose based microsponges loaded with clindamycin hydrochloride for acne treatment<br>4. Година на објава: 2020<br><br>1. Назив на научното списание: Review of Scientific Instruments<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: Tunable high-Q resonator by general impedance converter<br>4. Година на објава: 2021 | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на научното списание: Macromolecular Chemistry and Physics<br>2. Назив на електронската база на списанија:Scopus<br>3. Наслов на трудот: Effect of Particle Functionalization on Structural and Dielectric Properties of Flexible TPU/BaTiO3/MWCNTs Composite Films<br>4. Година на објава: 2023 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: Academic Medical Journal<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 32; R.N. Macedonia 11, UK 1, Greece, 1, Slovenia 3, Serbia 5, Turkey 1, Germany 2, Austria 4, Norway 1, Croatia 1, Italia 1, USA 1<br>3. Наслов на трудот: Local nitric oxide synthesis in the vagina and its implication on premature delivery<br>4. Година на објава: 2023 | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Назив на научното списание: Mljekarstvo<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД Хрватска<br>3. Наслов на трудот: Effect of vegetable fat on the texture, colour and sensory properties of Macedonian white brined cheese<br>4. Година на објава: 2021 | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: __________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_________<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: _______________ | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: Proceedings of the 13$^{th}$ conference of the society of Physicists of Macedonia<br>2. Назив на меѓународниот собир: 13$^{th}$ Conference of the society of Physicists of Macedonia | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Имиња на земјите: Macedonia, Turkey, Germany, Bulgaria, USA, Croatia, Serbia, Australia, Russia, England, Brazil, Czech Republic, Ukraine<br>4. Наслов на трудот: New Nonstandard Method for measuring Physical properties of Homemade polymer filaments for FFD 3D printing<br>5. Година на објава: 2020<br><br>1. Назив на зборникот: Proceedings of the 14th conference of the society of Physicists of Macedonia<br>2. Назив на меѓународниот собир: 14th Conference of the society of Physicists of Macedonia<br>3. Имиња на земјите: Germany, Bulgaria, USA, Serbia, Estonia, Macedonia, England, Brazil, Czech Republic, Ukraine, Croatia<br>4. Наслов на трудот: Evaluation of the changes in Mechanical properties of 3D printed parts resulting from variations of Basic 3D printing parameters<br>5. Година на објава: 2022 | |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: _______<br>2. Датум на објава _____________<br>3. Издавач, место на издавање и година | |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: Збирка решени задачи од натпревари по физика – книга 3<br>2. Место и година на објава: 2020, Скопје | |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: бр. 1208, од 1.2.2020 | |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Доне Гершановски, редовен професор во пензија, ПМФ – Скопје, с.р.**

**Д-р Маргарета Пецовска-Ѓорѓевиќ, редовен професор, ПМФ – Скопје, с.р.**

**Д-р Јулијана Велевска, редовен професор, ПМФ – Скопје, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Ристе Дончо Попески-Димовски**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Природно-математички факултет – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **физика – биофизика**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Предавања:**<br>***Летен семестар 2019/2020***<br>Општа физика Б-ниво (2019/2020) (4*15*0,04=2,4)<br>Електроника (2019/2020) (3*15*0.04=1.8)<br>Спектроскопија (2019/2020) (2*15*0,04=1.2)<br>Физика на меки материјали (2019/2020) (2*15*0,04=1.2)<br><br>***Зимски семестар 2020/2021***<br>Физика за биолози (2020/2021) (2*15*0,04=1.2)<br>Репетиториум физика (2020/2021) (2*15*0,04=1.2)<br><br>***Летен семестар 2020/2021***<br>Општа физика Б-ниво (2020/2021) (4*15*0,04=2,4)<br>Спектроскопија (2020/2021) (2*15*0,04=1.2)<br>Физика на меки материјали (2020/2021) (2*15*0,04=1.2)<br><br>***Зимски семестар 2021/2022***<br>Физика за биолози (2021/2022) (2*15*0,04=1.2)<br>Репетиториум физика (2021/2022) (2*15*0,04=1.2)<br>Спектроскопија (2021/2022) (2*15*0,04=1.2)<br><br>***Летен семестар 2021/2022***<br>Општа физика Б-ниво (2021/2022) (4*15*0,04=2,4)<br>Општа физика II А ниво (2021/2022) (2*15*0,04=1.2)<br>Физика на меки материјали (2021/2022) (2*15*0,04=1.2)<br><br>***Зимски семестар 2022/2023***<br>Физика за биолози (2022/2023) (2*15*0,04=1.2)<br>Репетиториум физика (2022/2023) (2*15*0,04=1.2)<br>Спектроскопија (2022/2023) (2*15*0,04=1.2)<br><br>***Летен семестар 2022/2023***<br>Општа физика Б-ниво (2022/2023) (4*15*0,04=2,4)<br>Физика на меки материјали (2023/2024) (2*15*0,04=1.2)<br><br><br>***Зимски семестар 2023/2024***<br>Физика за биолози (2023/2024) (2*15*0,04=1.2) | <br><br>2,4<br>1,8<br>1,2<br>1,2<br><br><br><br>1.2<br>1.2<br><br><br>2.4<br>1.2<br>1.2<br><br><br><br>1.2<br>1.2<br>1.2<br><br><br>2.4<br>1.2<br>1,2<br><br><br><br>1.2<br>1.2<br>1.2<br><br><br>2.4<br>1.2<br><br><br><br><br>1.2<br>1.2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Спектроскопија (2023/2024) (2*15*0,04=1.2)<br>Биофизика (ветерина) (1*15*0,04=0,6)<br><br>***Летен семестар 2023/2024***<br>Општа физика Б-ниво (2023/2024) (4*15*0,04=2,4)<br>Физика на меки материјали (2023/2024) (2*15*0,04=1.2)<br>**Вкупно:** | 0.6<br><br><br>2.4<br>1.2<br><br>**36** |
| 2 | **Аудиториски вежби:**<br><br>Општа физика Б-ниво (2019/2020) (2*15*0,04=1.2)<br>Општа физика Б-ниво (2020/2021) (2*15*0,04=1.2)<br>Општа физика Б-ниво (2021/2022) (2*15*0,04=1.2)<br>Општа физика Б-ниво (2022/2023) (2*15*0,04=1.2)<br>Општа физика Б-ниво (2023/2024) (2*15*0,04=1.2)<br>Физика на меки материјали (2019/2020) (1*15*0,03=0,6)<br>Физика на меки материјали (2020/2021) (1*15*0,03=0,6)<br>Физика на меки материјали (2021/2022) (1*15*0,03=0,6)<br>Физика на меки материјали (2022/2023) (1*15*0,03=0,6)<br>Физика на меки материјали (2023/2024) (1*15*0,03=0,6)<br>Електроника (2019/2020) (1*15*0,03=0,6)<br>Репетиториум физика (2020/2021) (1*15*0,04=0,6)<br>Репетиториум физика (2021/2022) (1*15*0,04=0,6)<br>Репетиториум физика (2022/2023) (1*15*0,04=0,6)<br><br>**Вкупно:** | <br><br>1.2<br>1.2<br>1.2<br>1.2<br>1.2<br>0,6<br><br>0,6<br><br>0,6<br>0,6<br><br>0,6<br>0,6<br>0,6<br>0,6<br>0,6<br><br>**11,4** |
| 3 | **Лабораториски вежби:**<br><br>***Летен семестар 2019/2020***<br>Општа физика Б-ниво (2019/2020) (2*15*0,03=0,9)<br>Спектроскопија (2019/2020) (2*15*0,03=0,9)<br>Физика на меки материјали (2019/2020) (2*15*0,03=0,9)<br><br>***Зимски семестар 2020/2021***<br>Физика за биолози (2020/2021) (2*15*0,03=0.9)<br>Електромагнетизам (2020/2021) (2*15*0,03=0.9)<br>Биофизика (2020/2021) (3*15*0,03=1.35)<br>Репетиториум физика (2020/2021) (1*15*0,03=0,45)<br><br>***Летен семестар 2020/2021***<br>Општа физика Б-ниво (2020/2021) (2*15*0,03=0.9)<br>Спектроскопија (2020/2021) (2*15*0,03=1.35)<br>Физика на меки материјали (2020/2021) (2*15*0,03=0,9)<br><br>***Зимски семестар 2021/2022***<br>Физика за биолози (2021/2022) (4*15*0,03=1.8)<br>Електромагнетизам (2021/2022) (2*15*0,03=0.9)<br>Биофизика (2021/2022) (3*15*0,03=1.35) | <br><br><br>0,9<br>0,9<br>0,9<br><br><br><br>0.9<br>0.9<br>1.35<br>0,45<br><br><br>0.9<br>0,9<br>0,9<br><br><br><br>1.8<br>0.9<br>1.35 |

| | | |
|---|---|---|
| | Спектроскопија (2021/2022) (2*15*0,03=0,9)<br>Репетиториум физика (2021/2021) (1*15*0,03=0,45)<br><br>***Летен семестар 2021/2022***<br>Општа физика Б-ниво (2021/2022) (2*15*0,03=0.9)<br>Спектроскопија (2021/2022) (2*15*0,03=0,9)<br>Физика на меки материјали (2021/2022) (2*15*0,03=0,9)<br>Општа физика II А-ниво (2021/2022) (2*15*0.03=0.9)<br><br>***Зимски семестар 2022/2023***<br>Електромагнетизам (2022/2023) (4*15*0,03=0,9)<br>Биофизика (2022/2023) (3*15*0,03=1.35)<br>Спектроскопија (2022/2023) (2*15*0,03=0,9)<br>Репетиториум физика (2022/2023) (1*15*0,04=0,45)<br><br>***Летен семестар 2022/2023***<br>Физика на меки материјали (2022/2023) (2*15*0,03=1.35)<br><br>***Зимски семестар 2023/2024***<br>Електромагнетизам (2023/2024) (2*15*0,03=0,9)<br>Биофизика (2023/2024) (3*15*0,03=1.35)<br>Спектроскопија (2023/2024) (2*15*0,03=0,9)<br><br>***Летен семестар 2023/2024***<br>Физика на меки материјали (2023/2024) (2*15*0,03=0,9)<br>**Вкупно:** | 0,9<br>0,45<br><br>0.9<br>0,9<br><br>0,9<br><br>0,9<br><br><br>1,8<br>1,35<br>0,9<br>0,45<br><br><br>0,9<br><br><br>0.9<br>1.35<br>0,9<br><br><br>0,9<br><br>**27,45** |
| 4 | **Консултации со студенти**<br>Зимски семестар 2019/2020, заклучно со зимски семестар 2023/2024, вкупно студенти 656 до летен 2023/2024 | **1.312** |
| 5 | **Подготовка на нов предмет (предавања):**<br>Општа физика<br>Физика на меки материјали<br>Електроника<br>Општа физика А-ниво<br>Биофизика за ветеринари<br>Физика – Дигитално земјоделство | **6**<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1 |
| 6 | **Подготовка на нов предмет (вежби):**<br>Физика на меки материјали<br>Биофизика за ветеринари<br>Физика – Дигитално земјоделство<br>Електроника | **2**<br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5 |
| 7 | **Член на комисија за одбрана на магистерски труд:**<br>„Истражување на продукти од испалување на некои пиротехнички материјали со методите на XRF и SEM-EDX“ – Весна Манчевска, 2020 година<br>„Форензичка анализа на стаклени фрагменти со спектроскопија на видлива светлина и со SEM-EDX“ – Ивана Пројковска, 2020 година | **0,6**<br><br>0,3<br><br><br>0,3 |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | **Настава во школи и работилници (раководител):** | |
| 9 | **Настава во школи и работилници (учесник):**<br>23. Зимска школа по астрономија – Ристе Попески-Димовски, „3D-печатени ракети како новите начини на производство го трансформираат дизајнот на космичките возила“. | 1 |
| 10 | **Научно-популарна и наставно-историска статија во стручно методиско списание:**<br>Ристе Попески-Димовски, „Вода“, Астрономски алманах (2021)<br>Ристе Попески-Димовски, „3D-печатени ракети како новите начини на производство го трансформираат дизајнот на космичките возила“, Астрономски алманах (2024) | **2**<br>1<br>1 |
| 11 | **Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум:**<br>Група автори, Збирка задачи од натпревари по физика – книга 3 (коавтор). Издавач: Друштво на физичарите на Република Македонија. Печати: Arberia Design – Тетово. | 3 |
| | Вкупно: | **15,912** |
| | **Вкупно** | **90,762** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Раководител на национален научен/образовен проект**<br>1. 3Д-печатени едукативни помагала – предизвик за студенти иноватори, 2021. Финансиер: Општина Гази Баба **6**<br>2. Од отпад до 3Д-печатен производ – предизвик за студенти иноватори, 2022. Финансиер: Општина Гази Баба **6**<br>3. 3Д-печатени болуси за заштита од јонизирачко зрачење – научно усовршување на студенти, 2023. Финансиер: УКИМ **6** | **18** |
| **2** | **Учесник на меѓународен научен/образовен проект**<br><br>Cost Action CA21195 Understanding interaction light - biological surfaces: possibility for new electronic materials and devices 2022-2026, раководител<br>Prof Malgorzata Szczerska, Gdansk University of Technology, Gdansk, Poland | **5** |
| 3 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска** | **43,03** |

| | | |
|---|---|---|
| | **база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование**<br><br>Ivana Dimitrovska, Tanja Olumceva, Elena Markova, Monika Kostoska, Lea Taneska, Marija Petrushevska, Vasil Makrievski, Jovica Todorov, Dushko Shalabalija, Ljubica Mihailova, **Riste Popeski Dimovski**, Marija Glavas Dodov, Maja Simonoska Crcarevska, *Topical gel with ethyl cellulose based microsponges loaded with clindamycin hydrochloride for acne treatment,* Cellulose, Volume 27, 08/2020, Pages 7109-7126 (IF2020=5,044) 0,6*(8+5,044)<br><br>Toshiro Mifune, Todor M Mishonov, Nikola S Serafimov, Iglika M Dimitrova, **Riste Popeski-Dimovski**, Leonora Velkoska, Emil G Petkov, Albert M Varonov, Alberto Barone, *Tunable high-Q resonator by general impedance converter,* Review of Scientific Instruments, Volume 92, 2021/2/1 (IF2021=1.843) 0,6*(8+1,843)<br><br>Ema Stojchevska, **Riste Popeski-Dimovski**, Živko Kokolanski, Chiara Gualandi, Aleksandra Bužarovska, *Effect of Particle Functionalization on Structural and Dielectric Properties of Flexible TPU/BaTiO3/MWCNTs Composite Films* Macromolecular Chemistry and Physics, Volume 224, 2023/3, (IF2023=2.5) 0,6*(8+2,5) | **7,826**<br><br>**5.906**<br><br>**6.3** |
| 4 | **Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји:**<br><br>**R. Popeski-Dimovski**, A. Veliu, *New Nonstandard Method for measuring Physical properties of Hommeade polymer filaments for FFD 3D printing*, Proceedinngs of the 13th conference of the Society of Physicists of Macedonia, September, 2020<br>A. Veliu, **R. Popeski-Dimovski**, *Evaluation of the changes in Mechanical properties of 3D printed parts resulting from variations of Basic 3D printing parameters*, Proceedinngs of the 14th conference of the Society of Physicists of Macedonia, September, 2022 | **9**<br><br>**4,5**<br><br>**4,5** |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика"** | **8** |

| | | |
|---|---|---|
| | **или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование**<br><br>E Sulejmani, L Beqiri, **R Popeski-Dimovski**, *Effect of vegetable fat on the texture, colour and sensory properties of Macedonian white brined cheese*,<br>Mljekarstvo: časopis za unaprjeđenje proizvodnje i prerade mlijeka, 2021 Volume 71, Pages 25-34<br><br>Albig, Jovana; Tofiloska, Valentina; Jovchevski, Sasha; **Popeski Dimovski, Riste** Stankov, Aleksandar; *Local nitric oxide synthesis in the vagina and its implication on premature delivery,* Academic Medical Journal, Vol. 3 No. 2 (2023) | 4<br><br>4 |
| 5 | **Рецензија на научен/стручен труд**<br>Рецензирани 11 научни трудови (11*0.2) | **2,2** |
| 6 | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br><br>13. Меѓународна конференција на Друштвото на физичарите на Република Македонија, Охрид, 2020<br>14. Меѓународна конференција на Друштвото на физичарите на Република Македонија, Охрид, 2022<br>15. Меѓународна конференција на Друштвото на физичарите на Република Македонија, Охрид, 2024 | **6**<br><br>2<br>2<br>2 |
| 7 | **Учество на научен/стручен собир со реферат**<br>1st Physics for Physicists Student Conference 2020<br>2nd Physics for Physicists Student Conference 2022<br>3rd Physics for Physicists Student Conference 2023 | **4,5**<br>1.5<br>1.5<br>1.5 |
| | **Вкупно** | **72,73** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Учество во работа на комисии за државни натпревари**<br>Државни натпревари по физика – 2020, 2021, 2022, 2023, 2024 (5*1)<br>Експериментална олимпијада по физика – ЕПО8 (2021), ЕПО9 (2022) , ЕПО10 (2023) | 5<br>3 |
| 2 | **Учество во промотивни активности на Факултетот**<br>Разни активности | 1.5 |
| 3 | **Изработка на нов софтверски пакет** | |
| 4 | **Раководител на лабораторија**<br>Раководител на Лабораторија за меки материјали и биофизика – 2020, 2021, 2022, 2023, 2024<br>Раководител на Лабораторија за спектроскопија – 2020, 2021, 2022, 2023, 2024 | 5<br><br>5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | **Уредник на научно/стручно списание** | |
| 2 | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**<br>13. Меѓународна конференција на Друштвото на физичарите на Република Македонија, 2020 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | 14. Меѓународна конференција на Друштвото на физичарите на Република Македонија, 2022<br>15. Меѓународна конференција на Друштвото на физичарите на Република Македонија, 2022 | 1<br>1 |
| 3 | **Студиски престој во странство** | |
| 4 | **Член на факултетска комисија**<br>Член на пописна комисија 2020/2021/2022/2023/2024 | 2,5 |
| 5 | **Член на управен одбор на здружение поврзано со струката**<br>Член на управен одбор на Друштвото на физичарите на Република Македонија, 2020/2021/2022 | 1,5 |
| | **Вкупно** | **26.5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **90,762** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **72,73** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **26,5** |
| **Вкупно** | **189,992** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Доне Гершановски, редовен професор во пензија, ПМФ – Скопје, с.р.**

**Д-р Маргарета Пецовска-Ѓорѓевиќ, редовен професор, ПМФ – Скопје, с.р.**

**Д-р Јулијана Велевска, редовен професор, ПМФ – Скопје, с.р.**

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА БОТАНИКА, ЕКОЛОГИЈА И ЖИВОТНА СРЕДИНА И БИОГЕОГРАФИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА БИОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата седница одржана на 31.10.2024 година, а по предлог на Институтот за биологија, донесе Одлука под бр.02-2425/3, со која сме одредени за членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент од областа на ботаника, екологија и животна средина и биогеографија при Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

На распишаниот конкурс објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 2.10.2024 година, се пријави само кандидатката м-р Сара Вурмеска Цветаноска од с. Кривогаштани, Прилеп.

Рецензентската комисија во состав: академик Владо Матевски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје (во пензија), д-р Митко Костадиновски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и д-р Рената Ќуштеревска, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, врз основа на доставените податоци во приложената документација (биографија и по еден примерок од објавените трудови), како и личното познавање на кандидатката, на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

М-р Сара Вурмеска Цветаноска е родена на 28.1.1995 година во Прилеп. Основното образование го завршила во ООУ ,,Манчу Матак” во селото Кривогаштани, додека средното образование (фармација) го завршила во медицинското училиште „Ѓорче Петров“ во Прилеп, со одличен успех. Во учебната 2013/2014 година се запишала на студиите по биологија – наставна насока на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила во 2018 година, со одбрана на дипломската работа под наслов: „Флористички преглед во околината на село Кривогаштани“. Дипломирала како еден од најдобрите студенти на Институтот за биологија со просечен успех 9,31.

Во учебната 2018/2019 година се запишала на втор циклус студии по Екологија и биосистематика – модул по биосистематика на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Магистерските студии ги завршила во април 2024 година, со одбрана на магистерскиот труд под наслов: „Синтаксономски истражувања на тревестата вегетација на територијата на Споменикот на природата „Маркови Кули“.

Веднаш по дипломирањето е ангажирана како демонстратор на Одделението за систематика и филогенија на виши растенија и фитогеографија со фитоценологија. Вклучена е во одржување на практичната настава на додипломските студии по предметите Систематика на виши растенија, Кормофита, Анатомија и морфологија на растенија, Ботаника, Фитогеографија со фитоценологија, Фитоценологија со вегетација на Македонија, Биодиверзитет и

Биогеографија. Исто така, вклучена е и во обновување и одржување на хербариумската збирка на Македонскиот национален хербариум (MKNH) при Инстиутот за биологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

М-р Сара Вурмеска Цветаноска, во изминатиот период од 8 години, како помлад соработник, била активно вклучена во подготовка и во изведување на практичната настава на прв циклус студии по биологија по следниве предмети: Фитогеографија со фитоценологија (наставна насока), Фитоценологија со вегетација на Македонија (еколошка насока), Биогеографија (еколошка насока), Биодиверзитет (еколошка насока), Систематика и филогенија на виши растенија (наставна насока), Кормофита (еколошка насока), Систематика на растенија (насоки: биохемија и физиологија и молекуларна биологија), Анатомија и морфологија на растенија (наставна насока), Ботаника (еколошка насока и насока: нутриционизам), Лековити, ароматични и зачински растенија (насока: нутриционизам). Исто така, кандидатката учествувала и во реализирање на теренска настава за еколошката и наставната насока по повеќе наставни дисциплини од областа на ботаниката. Во изминатиот петгодишен период, наставно-образовната активност на кандидатката била насочена и во подготовка на интерни практикуми за предмети на прв циклус студии по биологија.

Кандидатката во изминатиот период била активно вклучена како едукатор во реализирањето на работилниците во Ботаничката градина при Институтот за биологија, спремање на ученици од основните училишта за Јуниорската олимпијада по природни науки (IJSO) и средните училишта за Интернационалната биолошка олимпијада (IBO), како и во организација и реализација на натпреварите по природни науки и биологија.

## ОЦЕНКА ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

Кандидатката м-р Сара Вурмеска Цветаноска, во последните 5 години, во континуитет добива високи позитивни оценки од анонимно спроведената анкета од Комисијата за самоевалуација на Институтот за биологија, ПМФ во Скопје, што зборува за нејзината голема посветеност и професионалност во изведувањето на наставата, како и во нејзиниот целокупен однос кон студентите и колегите.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Покрај наставните активности, м-р Сара Вурмеска Цветаноска учествува и во бројни научни активности. Особено се значајни нејзините учества во теренските и лабораториските активности, како и во останатите истражувања за целосна реализација на дваесет и еден проект од областа на ботаниката, екологијата и фитоценолгијата, од кои во два проекта била раководител. Во текот на изминатиот период, кандидатката имала можност за стручно надополнување на своите знаења и усовршување во странство со учество во 4 реализирани школи (работилници), во Австрија (20 – 27.11.2022), Црна Гора (29.3 – 1.4.2022), Италија (21 – 27.2.2020) и Бугарија (22 – 25.10.2019).

Кандидатката приложува седум трудови, од кои еден е во списание со импакт-фактор, а останатите во списанија со меѓународен уредувачки одбор.

СПИСОК НА ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ

1. Fišer, Ž., Aronne, G., Aavik, T., Akin, M., Alizoti, P., Aravanopoulos, F., …**Cvetanoska, S**.,... & Zippel, E. (2021). ConservePlants: An integrated approach to conservation of threatened plants for the 21st Century. Research ideas and outcomes, 7, 1-29.
2. **Cvetanoska, S.**, Ćušterevska, R., Kostadinovski, M., Cvetkoska, C., Stojkoska, A., & Matevski, V. (2021). First confirmation of the presence of the species *Polygonum arenarium* Waldst. & Kit. (Polygonaceae) in the flora of the Republic of North Macedonia. Macedonian Journal of Ecology and Environment, 23(2), 115-118.
3. Matevski, V., Kostadinovski, M., Ćušterevska, R., Cvetkoska, C., **Cvetanoska, S.**, and Ivanova, A. (2022). "New records of some vascular plants for the flora of North Macedonia.", Flora Mediterranea 32:131-14.
4. Matevski, V., Kostadinovski, M., Ćusterevska, R., Matevska, O., **Cvetanoska, S.**, Cvetkoska, C., Ivanova, I., 2022. NEW DATA ON THE DISTRIBUTION OF RARE PLANT SPECIES IN THE FLORA OF THE REPUBLIC OF N MACEDONIA. Contributions, Section of Natural, Mathematical and Biotechnical Sciences, MASA, No 40.
5. **Cvetanoska, S.**, Ćušterevska, R., Cvetkoska, C., Ivanova, A., Kostadinovski, M., Matevski, V., & Stojkoska, A. (2023). First IUCN National Assessment for Thymus oehmianus Ronniger & Soška (Lamiaceae) and Viola kosaninii (Degen) Hayek (Violaceae) in the Republic of North Macedonia. Macedonian Journal of Ecology and Environment, 25(1), 5–10.
6. Matevski, V., Kostadinovski, M., Ćušterevska, R., Matevska, O., Cvetanoska, S., Cvetkoska, C., Ivanova, I., 2023. New data for the 10 rare plant species of the Flora of the Republic of N Macedonia. Macedonian Journal of Ecology and Environment, 25 (2): 67-73.
   DOI: https://doi.org/10.59194/MJEE23252067m
7. Chobanova, M., Avukatov, V., Atanasovska, K.,..**Cvetanoska V., S**.,…& Hristovski, S. (2024). Mapping and national assessment of ecosystems and their condition in North Macedonia. Macedonian Journal of Ecology and Environment, 26:83-114.

ТРУДОВИ ПРЕЗЕНТИРАНИ НА НАУЧНИ СОБИРИ:

1. **Cvetanoska S.**, Ćušterevska R., Matevski V., Kostadinovski M., “New floristic records for the flora of the Republic of Macedonia”, 7th Balkan Botanical Congress 2018, Novi Sad – Serbia.
2. Ćušterevska, R., Matevski, V., Kostadinovski, M., Cvetkoska, C., **Cvetanoska, S.**, Ivanova, A. Plant assessment process for the national Red List according to the IUCN methodology in North Macedonia. 39-th Eastern Alpine and Dinaric Society for Vegetation Ecology. Book of Abstracts, 13, Dubrovnik (Croatia).
3. Ćušterevska, R., Mandžukovski, D., Cvetkoska, C., **Cvetanoska, S.**, Ivanova., A. Riparian habitats in Macedonian forests. 2022, RIPA-1: First International Conference on Riparian Ecosystems Science and Management. Book of Abstracts, 49, Bratislava (Slovakia).
4. Gegoska L., Ćušterevska R., Cvetkoska C., **Cvetanoska S.**, Ivanova A., Varelova A., Frcovski E. & Minev A., “Conservation of endemic plant species of Allchar” - 6$^{th}$ Congress of Ecologists of North Macedonia, with international participation 15-18.10.2022, Ohrid – N. Macedonia.
5. Stojkoska A., Ćušterevska R., Kostadinovski M., Cvetkoska C., **Cvetanoska S.** & Matevski V., “Plant species from the IUCN Red List in the Struga swamp” - 6$^{th}$ Congress

of Ecologists of North Macedonia, with international participation 15-18.10.2022, Ohrid – N. Macedonia.

6. Matevski V., Kostadinovski M., Ćušterevska R., Matevska O., **Cvetanoska S.**, Cvetkoska C. & Ivanova A., "New data for the 10 rare plant species of the flora of the Republic of North Macedonia" - 6th Congress of Ecologists of North Macedonia, with international participation 15-18.10.2022, Ohrid – N. Macedonia.
7. Cvetkoska C., Ćušterevska R., Matevski V., Kostadinovski M., **Cvetanoska S.** & Ivanova A., "Phytocenological research of the vegetation of the lowland meadows in Debrca Region" - 6th Congress of Ecologists of North Macedonia, with international participation 15-18.10.2022, Ohrid – N. Macedonia.
8. **Cvetanoska S.**, Ćušterevska R., Matevski V., Kostadinovski M., Cvetkoska C. & Ivanova A., "Contribution to the researches of the chasmophytic vegetation in the surroundings of Skopje (gorge of the Treska River)" - 6th Congress of Ecologists of North Macedonia, with international participation 15-18.10.2022, Ohrid – N. Macedonia.
9. Ćušterevska, R., Matevski, V., Kostadinovski, M., **Cvetanoska V., S.**, Ivanova, A., Stojchevska, C., 2024. Additions to the class Mulgedio-Aconitetea Hadač et Klika in Klika et Hadač 1944 of the Republic of North Macedonia. 40th Meeting of Eastern Alpine and Dinaric Society for Vegetation Ecology. Book of Abstracts, Banja Luka (BiH);
10. Ivanova, A., Frajman, B., Matevski, V., Ćušterevska, R., Stojchevska, C., **Cvetanoska V., S.**, 2024. Contribution to the distribution and phylogeny of *Euphorbia glareosa* Pall. ex M. Bieb. in the Balkan Peninsula. 40th Meeting of Eastern Alpine and Dinaric Society for Vegetation Ecology. Book of Abstracts, Banja Luka (BiH);
11. **Cvetanoska V.**, S., Ćušterevska, R., Matevski, V., Kostadinovski, M., Stojchevska, C., Ivanova, A., 2024. First data for the pioneer vegetation of the class Sedo-Scleranthetea Br.-Bl. 1955 in the Republic of North Macedonia. 40th Meeting of Eastern Alpine and Dinaric Society for Vegetation Ecology. Book of Abstracts, Banja Luka (BiH).

УЧЕСТВО ВО НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ

М-р Сара Вурмеска Цветаноска во изминатиот период беше активно вклучена во повеќе национални и меѓународни научноистражувачки проекти, како и во стручни апликативни проекти кои се однесуваат на планови за управување со заштитени подрачја, валоризација и заштита на биолошката разновидност.

СПИСОК НА РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ:

1. 2023 – 2024 – млад експерт за флора и хабитати во проектот: „Подобрување на капацитети за НАТУРА 2000 и CITES“, кој се спроведува од Македонското еколошко друштво и Фармахем.
2. 2023 – млад експерт за флора и хабитати во проектот: „Студијата за ревалоризација на НП „Маврово“, кој се спроведуваше од Македонското еколошко друштво.
3. 2022 – 2023 – млад експерт за флора и хабитати во проектот: „Воспоставување на мониторинг на неколку приоритетни и значајни живеалишта и растителни видови во НП Галичица", Македонска академија на науките и уметностите.
4. 2022 – 2023 – истражувач во проектот: „Ревизија на родот Euphorbia за Северна Македонија со акцент на дистрибуцијата и еколошката дивергенција помеѓу различните цитотипови на E. glareosa“, Природно-математички факултет – Скопје и Институт за ботаника на Универзитетот во Инсбрук.

5. 2022 – 2023 – млад експерт за хабитати во проектот „Северна Македонија: Мапирање на биодиверзитетот и природните живеалишта за автопатот ТЕН-Т Скопје-Косово граница А4”, ЕБРД, Манеко Солушн ДООЕЛ.
6. 2021 – 2022 – раководител на проектот „Конзервација на стеноендемичниот вид Thymus oehmianus и субендемитот Viola kosaninii од флората на Република Северна Македонија”, Средни грантови во програмата за поддршка на млади еколози „Д-р Љупчо Меловски“ за 2021 година, Македонско еколошко друштво.
7. 2021 – 2022, експерт за флора во проектот „Конзервација на ендемични растителни видови од локалитетот Алшар“, Мали грантови во програмата за поддршка на млади еколози „Д-р Љупчо Меловски“ за 2021 година, МЕД.
8. 2021 – 2022 – млад експерт за флора, „Изработка на карта на биотопи на Град Скопје“, RFP 142-2021.
9. 2021 – 2022 – млад експерт за флора и живеалишта, „Конзервација на ендемични растителни видови од Република Северна Македонија”, Македонско еколошко друштво.
10. 2021 – 2022 – експерт за флора, „Урбаните градини како потенцијал за зголемување на зелените површини во бетонската скопска џунгла“ Македонско друштво на ботаничари.
11. 2020 – 2021 – експерт за флора, „Заштита на некои ретки ендемични видови од Националниот парк ’Галичица‘“, Македонска академија на науките и уметностите.
12. 2020 – 2023 – експерт за хабитати, „РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ПОДОБРУВАЊЕ НА ДРЖАВНИОТ ПАТ А2 ДЕЛ КРИВА ПАЛАНКА-ДЕВЕ БАИР (РПДПА2, КП-ДБ) имплементиран од ГРАНИТ“.
13. 2020 – 2021 – млад истражувач, „Заштита на некои ретки ендемични видови од Националниот парк ’Галичица‘ во С. Македонија“, Македонско биолошко друштво.
14. 2020- едукатор, „Научно-уметнички камп Ботаничка градина“, МРК Дијалог.
15. 2020 – студент истражувач, „CANTARE EST”, користење на растенијата во традиционалната медицина и размена на традиции помеѓу студентите од Италија и С. Македонија“, Општина на градот Рим преку Италијанска амбасада во Скопје.
16. 2019-2023 – заменик-член во COST-акцијата: COST-акција CA18201 Интегриран пристап кон зачувување на загрозени растенија во 21 век (Заштита на растенија).
17. 2019 – млад експерт за флора и хабитати, „Програма за заштита на животната средина во Македонија. Компонента: Воспоставување и тестирање на механизми за плаќање на екосистемски услуги што го спроведува Македонско еколошко друштво“
18. 2019 – експерт за флора „Мапирање на дрвја и грмушки во Ботаничката градина во Скопје“, Општина Гази Баба.
19. 2019 – едукатор, Уметничка колонија „Ботаничка градина“, Општина на град Скопје, МРК Дијалог.
20. 2019 – едукатор, „Не игнорирај!!! Реагирај!!! За подобра животна средина“, Институт за комуникациски студии.
21. 2017 – 2019 – млад експерт, „Промовирање на заштитата на разновидноста на растенијата, енергетска ефикасност и едукација во ботаничката градина на Природно-математичкиот факултет“, Македонско биолошко друштво.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на доставената документација, како и познавањето на кандидатката, може да се заклучи дека м-р Сара Вурмеска Цветаноска со целокупната нејзина досегашна ангажираност во наставната и научната дејност, покажува континуиран напредок. Трпеливоста, совесноста, трудољубивоста, креативноста, професионалноста и одговорноста кон работата се карактеристики по кои е таа препознатлива, а за тоа сведочат секојдневните пофалби од вработените и студентите.

Значајно е да се одбележи нејзината ангажираност и посветеност во изведување на различни работни задачи и активности како на Катедрата за систематика и филогенија на виши растенија и фитогеографија со фитоценологија, така и на целиот Институт за биологија и Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Ценејќи ја целокупната досегашна активност на кандидатката, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, м-р Сара Вурмеска Цветаноска да биде избрана во звањето асистент од областа на ботаника, екологија и животна средина и биогеографија на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**КОМИСИЈА**

1. Академик Владо Матевски,
   редовен професор, ПМФ – Скопје (во пензија), с.р.

2. Д-р Митко Костадиновски,
   редовен професор, ПМФ – Скопје, с.р.

3. Д-р Рената Ќуштеревска,
   вонреден професор, ПМФ – Скопје, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Сара Менде Вурмеска Цветаноска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Институт за биологија, Природно-математички факултет – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: ботаника (Фраскати: 10202), екологија и животна средина (Фраскати: 10205) и биогеографија (Фраскати: 10206)**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: магистер по биосистематика. | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и на вториот циклус академски студии посебно<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,31<br><br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Уверение за активно познавање на Б2-ниво, еквивалентно на CEFR<br>3. Издавач на документот: Центар за странски јазици и компјутерско образование Академија ХЕРЦ<br>4. Датум на издавање на документот: 7.10.2024 | да |

*Прилог бр. 3*

# РЕЦЕНЗИЈА

**НА РАКОПИСОТ „ЕТНОГРАФСКИ МАТЕРИЈАЛИ ОД ПРОФЕСОРОТ ЃОРЃИ ЗДРАВЕВ“, ВТОРА КНИГА, ОД АВТОРИТЕ ЃОРЃИ ЗДРАВЕВ (АВТОР) И ИНЕС ЦРВЕНКОВСКА РИСТЕСКА (УРЕДНИК)**

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, бр. 02-2684/2, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Етнографски материјали од професорот Ѓорѓи Здравев“, втора книга од авторите Ѓорѓи Здравев (автор) и Инес Црвенковска Ристеска (уредник), наменет за студентите на Институтот за етнологија и антропологија, ПМФ, УКИМ, Скопје, за предметите: Социокултурна антропологија, Ангажирана антропологија, Етнографија и теренско истражување I, Етнологија и антропологија на Македонија II, избрани се: д-р Илина Јакимовска, редовен професор на ИЕА, ПМФ, УКИМ, Скопје и д-р Ана Ашталковска Гајтаноска, редовен професор на ИЕА, ПМФ, УКИМ, Скопје.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### III. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | ЕТНОГРАФСКИ МАТЕРИЈАЛИ ОД ПРОФЕСОРОТ ЃОРЃИ ЗДРАВЕВ, ВТОРА КНИГА |
| **Назив на предметната програма:** | Социокултурна антропологија, Ангажирана антропологија, Етнографија и теренско истражување I, Етнологија и антропологија на Македонија II |
| **Назив на студиската програма:** | Етнологија и антропологија при ИЕА, ПМФ, УКИМ, Скопје. |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | |
| Предметот Социокултурна антропологија на ИЕА, Природно-математички факултет, е задолжителен предмет со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во III/зимски семестар.<br>Предметот Ангажирана антропологија на ИЕА, Природно-математички факултет, е задолжителен предмет со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во зимски семестар.<br>Предметот Етнографија и теренско истражување I на ИЕА, Природно-математички факултет, е задолжителен предмет со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во летен семестар.<br>Предметот Етнологија и антропологија на Македонија II на ИЕА, Природно-математички факултет, е задолжителен предмет со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во III/зимски семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |

| | |
|---|---|
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 439 страници (формат B5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 14. Текстот е поделен во 4 глави (вклучувајќи ја литературата). |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

1. Проф. д-р Илина Јакимовска, с.р.
2. Проф. д-р Ана Ашталковска Гајтаноска, с.р.

## IV. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Илина Јакимовска

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот „Етнографски материјали од професорот Ѓорѓи Здравев“, втора книга, изобилува со интересни етнографски теренски материјали од областа на етнологијата и антропологијата, кои се дел од Дигиталниот архив на Институтот за етнологија антропологија при ПМФ, УКИМ, Скопје. Со печатење на овие значајни материјали во публикација, се промовира етнографскиот материјал на истражувачите етнолози, со што се промовира и етнолошкото наследство, а се прмовира и Дигиталниот архив на ИЕА, што е од особено значење за етнолошката и антрополошката стручна, но и општа публика заинтересирана за ваков тип етнографски материјали. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот може да користи како учебно помагало за области што од интерес им е материјалната култура, и особено оние чиј интерес е насочен кон методологијата на теренска работа поврзана со материјалната култура поврзана со облекувањето во историски контекст, за време на социјализмот и постсоцијалистичкиот период на „транзиција“. |
| **Предлози за потребни корекции:** | / |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот изобилува со ретки теренски материјали. |
| **Категоризација:** | учебник/<u>учебно помагало</u>/скрипта |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 439 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 14. Текстот е поделен во 4 поглавја (вклучувајќи ја литературата). |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметите: Социокултурна антропологија, Ангажирана антропологија, Етнографија и теренско истражување I, Етнологија и антропологија на Македонија II, примарно наменет за студентите на Природно-математичкиот факултет.

Во Скопје, 9.11.2024 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

Проф. д-р Илина Јакимовска, с.р.

## II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Ана Ашталковска Гајтаноска

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот сместен во втората книга со „Етнографски материјали од професорот Ѓорѓи Здравев“ се дигитализирани етнографски материјали што се дел од збирката од проф. Ѓорѓи Здравев при Институтот за етнологија и антропологија, при ПМФ, УКИМ, Скопје. Идејата да се подготви и да излезе од печат организираниот ракопис, воедно да се следат дигитализираните материјали и нивните соодветни транскрибирани материјали, дава една појасна слика за истражувачката работа на професорот и резултатите од неа, како важно наследство за стручната и пошироката јавност. Ваквиот начин на промовирање на овие етнографски материјали преку публикување, ја надополнува идејата да се промовира Архивот, посебно Дигиталниот архив на ИЕА, но и да се подигне свесноста за важноста на еден ваков архив, воопшто.<br><br>Овој ракопис се состои од необјавени теренски материјали, придружуван од илустрации, скици, нацрти и други придружни техники со кои се објаснуваат собраните етнографски материјали. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Усогласеноста на предложениот ракопис дава слика за методологијата на работата на истражувачот на терен, и за начинот на неговата систематичност при работа со соработниците. |
| **Предлози за потребни корекции:** | / |
| **Оцена на ракописот:** | Ракопис со оригинални теренски материјали. |
| **Категоризација:** | учебник/<u>учебно помагало</u>/скрипта |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 439 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 14. Текстот е поделен во 4 поглавја (вклучувајќи ја литературата). |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметите: Социокултурна антропологија, Ангажирана антропологија, Етнографија и теренско истражување I, Етнологија и антропологија на Македонија II, примарно наменет за студентите на Природно-математичкиот факултет.

Во Скопје, 9.11.2024 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

Проф. д-р Ана Ашталковска Гајтаноска, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

### Магистерски трудови

| Ред бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Павел Илоски | Атсорпциони карактеристики на активиран природен зеолит за отстранување на полутанти од водени системи | Adsorption characteristics of activated natural zeolite for the removal of pollutants from water systems | Проф. д-р Кирил Лисичков | 24.10.2024 година Бр. 02-1949/1 |

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 12.IX 2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област заразни болести со епидемиологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 0202 - 1052/2, донесена на 30.IX 2024, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ненад Турк, редовен професор на Ветеринарниот факултет при Универзитетот во Загреб, Хрватска, д-р Лејла Велиќ, редовен професор на Ветеринарниот факултет при Универзитетот во Сараево, Босна и Херцеговина и д-р Дине Митров, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Членовите на Рецензентската комисија од Универзитетот во Загреб и Универзитетот во Сараево го познаваат македонскиот јазик и неговото кирилично писмо.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област заразни болести, во предвидениот рок се пријави вонр. проф. д-р Кирил Крстевски.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот вонр. проф. д-р Кирил Крстевски е роден на 19.X 1979 година, во Скопје. Средно образование завршил во гимназијата „Никола Карев“ во Скопје, во 1998 година. Со високо образование се стекнал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина. Дипломирал во 2005 година, со просечен успех 9,1.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2007/2008 година се запишал на постдипломски студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на отсекот микробиологија, епизоотиологија и имунологија. Предвидените испити од постдипломските студии ги положил со просек 10,00, а на 7.VII 2011 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Застапеност и географска распространетост на инфекцијата со вирусот на син јазик на територијата на Република Македонија*.

Докторска дисертација пријавил на 2.XII 2011 година на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Дисертацијата на тема: *Молекуларна типизација и филогенетска анализа на бактериите од родот Brucella, детектирани на територијата на Република Македонија* ја одбранил на 2.III 2015 година, пред Комисија во состав: д-р Славчо Мреношки, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Дине Митров, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Игор Улчар, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Миле Босилковски, вонреден професор на Медицинскиот факултет во Скопје и д-р Јована Стефановска, доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област ветеринарна медицина.

На 30.XI 2007 година е избран во звањето помлад асистент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, по предметите: Здравствена заштита на домашните миленици и копитари, Здравствена заштита на фармски животни и Ветеринарна епидемиологија (Билтен бр. 927 од 1.X 2007 година). Во истото звање повторно е избран на 26.XI 2010 година (Билтен бр. 995 од 1.XI 2010 година).

На 5.XII 2011 е избран во звањето асистент во научната област заразни болести на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Билтен бр. 1018 од 1.XI 2011 година). Во истото звање повторно е избран на 20.X 2014 година (Билтен бр. 1085 од 1.X 2014 година).

На 7.VII 2015 година е избран во наставно-научното звање доцент, а рефератот за избор е објавен во Билтен бр. 1101 од 1.VI 2015 година.

Во моментот е вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во наставно-научната област заразни болести со епидемиологија. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1209 од 15. II 2020 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 927 од 1.X 2007 година, бр. 995 од 1.XI 2010 година, бр. 1018 од 1.XI 2011 година, бр. 1085 од 1.X 2014 година, бр. 1101 од 1.VI 2015 година и бр. 1209 од 15. II 2020 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за ветеринарна медицина, кандидатот вонр. проф. д-р Кирил Крстевски изведува теоретска и практична настава на прв, втор и трет циклус студии, по предметите од научната област заразни болести со епидемиологија, од студиската програма Ветеринарна медицина. Покажува големо залагање и посветеност во организирањето и изведувањето на наставата по овие предмети и со своите методи на работа го има подигнато нивото и квалитетот на содржините кои се обработуваат и совладуваат со теоретскиот и практичниот дел од наставата по соодветните предмети, што им овозможува на студентите да се стекнат со квалитетни знаења и вештини кои понатаму ќе ги искористат во своето професионално работење.

Кандидатот е коавтор на учебник кој се употребува на универзитет во странство и е рецензент на учебник кој се употребува на странски универзитет.

Вонр. проф. д-р Кирил Крстевски ги следи најновите светски трендови од областа заразни болести и епидемиологија и покажува интерес и отвореност за воведување на нови, современи, методи на учење и работа со што активно придонесува во подобрувањето на квалитетот на наставата.

**Научноистражувачка дејност**

Вонр. проф. д-р Кирил Крстевски има објавено 50 научни трудови, од кои 13 се објавени во последниот изборен период: 11 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание) и 2 труда во меѓународни научни списанија. Тој учествувал во реализација на пет меѓународни и четири национални научни проекти.

Кандидатот држел предавања по покана на Универзитетот во Сараево како визитинг-наставник на специјалистички студии, а одржал и предавања на повеќе научни и стручни собири во земјата и во странство.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Кирил Крстевски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Националниот институт за ветерина и храна при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Како раководител на Лабораторијата за серологија и заменик-раководител на Лабораторијата за молекуларна дијагностика, директно е одговорен за обезбедување највисоко ниво на продуктивност на лабораториите со исполнување на сите релевантни стандарди за квалитет. Кандидатот е активно вклучен во воведувањето нови и современи методи за дијагностика на заразните болести.

Стручно усовршување во странство остварил со научен престој на два научни института во Италија, и тоа: Instituto Zooprofilattico Sperimentale della Lombardia e dell’Emilia Romagna (IZSLER) и Istituto Zooprofilattico Sperimentale dell'Abruzzo e del Molise "Giuseppe Caporale" (IZSAM).

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на неколку стручни комисии при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, а член е и на националните експертски групи за болестите африканска чума кај свињите и чума кај малите преживари. Кандидатот е член на Националниот центар за контрола на

болести, како и член на координативниот тим за Националниот акциски план за здравствена сигурност.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот вонр. проф. д-р Кирил Крстевски доби позитивни оценки од анонимно спроведените анкети на студентите на Факултетот за ветеринарна медицина за зимскиот семестар во учебната 2019/2020 (Одлука на ННС со бр. 0202-153/10 од 13.2.2020 година), за летниот семестар за учебната 2019/2020 година и зимскиот семестар 2020/2021 (Одлука на ННС со бр. 0202-437/7 од 16.4.2021 година), за летниот семестар за учебната 2021/2022 година (Одлука на ННС со бр. 0202- 1376/7 од 3.10.2022 година), за зимскиот семестар за учебната 2022/2023 (Одлука на ННС со бр. 0202-359/6 од 31.3.2023 година) и зимскиот семестар за учебната 2022/2023 (Одлука на ННС со бр. 0202/359/6 од 31.3.2023 година) и за летниот семестар за учебната 2022/2023 (Одлука на ННС со бр. 0202-1020/5 од 20.9.2023 година).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на вонр. проф. д-р Кирил Крстевски.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, вонр. проф. д-р Кирил Крстевски да биде избран во звањето **редовен професор** во научната област заразни болести со епидемиологија.

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Ненад Турк, с.р.**
*Универзитет во Загреб, Ветеринарен факултет*

**Проф. д-р Лејла Велиќ, с.р.**
*Универзитет во Сараево, Ветеринарен факултет*

**Проф. д-р Дине Митров, с.р.**
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина*

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Кирил Чедо Крстевски**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Факултет за ветеринарна медицина – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: 4.03.00.15 – заразни болести со епидемиологија**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,1.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,0. | **ДА** |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира.<br><br>Назив на научната област: (4.03.00.15) заразни болести со епидемиологија; поле: (4.03) ветеринарни науки; подрачје: (4) земјоделски и ветеринарни науки. | **ДА** |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | **ДА** |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>8. Назив на научното списание: Viruses<br>9. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, EBSCO<br>10. Наслов на трудот: Harnessing Attenuation-Related Mutations of Viral Genomes: Development of a Serological Assay to Differentiate between Capripoxvirus-Infected and -Vaccinated Animals<br>11. Година на објава: 2023 | |
| 3.1 | 1. Назив на научното списание: Journal of Virology<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: Complete genome reconstruction of the global and European regional dispersal history of the lumpy skin disease virus<br>4. Година на објава: 2023 | |
| 3.1 | 1. Назив на научното списание: Microorganisms<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Scopus<br>3. Наслов на трудот: Emergence and Persistent Circulation of Highly Pathogenic Avian Influenza Virus A (H5N8) in Kosovo<br>4. Година на објава: 2023 | |
| 3.1 | 1. Назив на научното списание: Microorganisms<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Scopus<br>3. Наслов на трудот: Development and Optimization of iELISAs for the Detection of Anti-Capripoxvirus Antibodies in Cattle, Sheep and Goat Sera<br>4. Година на објава: 2022 | |
| 3.1 | 1. Назив на научното списание: Microorganisms<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Scopus<br>3. Наслов на трудот: Validation of TaqMan-Based Assays for Specific Detection and Differentiation of Wild-Type and Neethling Vaccine Strains of LSDV<br>4. Година на објава: 2021 | |
| 3.1 | 1. Назив на научното списание: Acta Veterinaria Belgrade<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Journal Citation Report<br>3. Наслов на трудот: Molecular Detection of *Ehrlichia canis* in the Pet-Dog Population in RN Macedonia<br>4. Година на објава: 2021 | |
| 3.1 | 1. Назив на научното списание: Viruses<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, EBSCO<br>3. Наслов на трудот: Minimum Infective Dose of a Lumpy Skin Disease Virus Field Strain from North Macedonia<br>4. Година на објава: 2020 | |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира *** | **ДА** |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: Laboratorijske procedure i dijagnostičke pretrage infektivnih bolesti u kliničkoj praksi<br>2. Место и година на објава: Сараево, 2022<br>Универзитет во Сараево, Ветеринарен факултет; CIP 636.09:616.9(075.8); ISBN 978-9958-599-88-0, COBISS.BH-ID – 48092166 | |
| | 1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: Bakterijske i virusne bolesti pasa i mačaka<br>2. Место и година на објава: Сараево, 2021<br>Универзитет во Сараево, Ветеринарен факултет; CIP 636.09; ISBN 978-9958-599-86-6, COBISS.BH-ID – 45948678 | |
| | 1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: Типизација на македонските соеви на Brucella со примена на молекуларни методи<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2016<br>Борографика, Скопје; CIP 579.841.93.083.33:212 (497.7); ISBN 978-608-4539-08-7; COBISS.MK-ID - 101821194 | |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор,<br>датум и број на Билтен: 15 февруари 2020 година, Билтен бр. 1209 | **ДА** |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | **ДА** |

* На лицата кои имаат засновен работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Кирил Чедо Крстевски**
**Институција: Факултет за ветеринарна медицина – Скопје**
**Научна област: заразни болести со епидемиологија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **Одржување на настава од прв и втор циклус** | | |
| 1. | Заразни заболувања на домашните животни, летен семестар (2+2), 2019/2020 | 1,5 |
| 2. | Заразни заболувања на домашните животни, зимски семестар (3+2), 2020/2021 | 2,25 |
| 3. | Заразни заболувања на домашните животни, летен семестар (2+2), 2020/2021 | 1,5 |
| 4. | Заразни заболувања на домашните животни, зимски семестар (3+2), 2021/2022 | 2,25 |
| 5. | Заразни заболувања на домашните животни, летен семестар (2+2), 2021/2022 | 1,5 |
| 6. | Заразни заболувања на домашните животни, зимски семестар (3+2), 2022/2023 | 2,25 |
| 7. | Заразни заболувања на домашните животни, летен семестар (2+2), 2022/2023 | 1,5 |
| 8. | Заразни заболувања на домашните животни, зимски семестар (3+2), 2023/2024 | 2,25 |
| 9. | Заразни заболувања на домашните животни, летен семестар (2+2), 2023/2024 | 1,5 |
| 10. | Ветеринарна епидемиологија, зимски семестар (1+1), 2020/2021 | 0,75 |
| 11. | Ветеринарна епидемиологија, зимски семестар (1+1), 2021/2022 | 0,75 |
| 12. | Ветеринарна епидемиологија, зимски семестар (1+1), 2022/2023 | 0,75 |
| 13. | Ветеринарна епидемиологија, зимски семестар (1+1), 2023/2024 | 0,75 |
| 14. | Тропски заразни болести (изборен предмет), летен семестар (1+1), 2019/2020 | 0,75 |
| 15. | Тропски заразни болести (изборен предмет), летен семестар (1+1), 2020/2021 | 0,75 |
| 16. | Тропски заразни болести (изборен предмет), летен семестар (1+1), 2021/2022 | 0,75 |
| 17. | Тропски заразни болести (изборен предмет), зимски семестар (1+1), 2023/2024 | 0,75 |
| 18. | Биологија и патологија на дивеч, летен семестар (1+1), 2022/2023 | 0,75 |
| **Одржување на вежби (практична настава)** | | |
| 19. | Заразни заболувања на домашните животни, летен семестар (2+2), 2019/2020 | 0,9 |
| 20. | Заразни заболувања на домашните животни, зимски семестар (3+2), 2020/2021 | 1,35 |

| | | |
|---|---|---|
| 21. | Заразни заболувања на домашните животни, летен семестар (2+2), 2020/2021 | 0,9 |
| 22. | Заразни заболувања на домашните животни, зимски семестар (3+2), 2021/2022 | 1,35 |
| 23. | Заразни заболувања на домашните животни, летен семестар (2+2), 2021/2022 | 0,9 |
| 24. | Ветеринарна епидемиологија, зимски семестар (1+1), 2020/2021 | 0,45 |
| 25. | Ветеринарна епидемиологија, зимски семестар (1+1), 2021/2022 | 0,45 |
| **Консултации со студенти** | | |
| 26. | Заразни заболувања на домашните животни, летен семестар 2019/2020, 9 студенти | 0,018 |
| 27. | Заразни заболувања на домашните животни, зимски семестар 2020/2021, 3 студенти | 0,006 |
| 28. | Заразни заболувања на домашните животни, летен семестар 2020/2021, 3 студенти | 0,006 |
| 29. | Заразни заболувања на домашните животни, зимски семестар 2021/2022, 3 студенти | 0,006 |
| 30. | Заразни заболувања на домашните животни, летен семестар 2021/2022, 3 студенти | 0,006 |
| 31. | Заразни заболувања на домашните животни, зимски семестар 2022/2023, 9 студенти | 0,018 |
| 32. | Заразни заболувања на домашните животни, летен семестар 2022/2023, 9 студенти | 0,018 |
| 33. | Заразни заболувања на домашните животни, зимски семестар 2023/2024, 6 студенти | 0,012 |
| 34. | Заразни заболувања на домашните животни, летен семестар 2023/2024, 6 студенти | 0,012 |
| 35. | Ветеринарна епидемиологија, зимски семестар 2020/2021, 9 студенти | 0,018 |
| 36. | Ветеринарна епидемиологија, зимски семестар 2021/2022, 3 студенти | 0,006 |
| 37. | Ветеринарна епидемиологија, зимски семестар 2022/2023, 3 студенти | 0,006 |
| 38. | Ветеринарна епидемиологија, зимски семестар 2023/2024, 9 студенти | 0,018 |
| **Пакет материјали** | | |
| 39. | Заразни заболувања на домашните животни | 1 |
| 40. | Ветеринарна епидемиологија | 1 |
| **Член на комисија за оцена или одбрана на докторски труд** | | |
| 41. | Член на Комисија за оценка на предлог-проект за изработка на докторски труд (Одлука на Факултетот за ветеринарна медицина Скопје бр. 0202-239/3 од 1.3.2024 година) | 0,7 |
| 42. | Член на Комисија за оценка на предлог-проект за изработка на докторски труд (Одлука на Факултетот за ветеринарна медицина Скопје бр. 0202-1833/10 од 26.12.2022 година) | 0,7 |
| 43. | Член на Комисија за оцена и одбрана на дипломска работа (Одлука на Факултетот за ветеринарна медицина Скопје бр. 0901-1069/2 од 16.9.2024 година) | 0,1 |

| | | |
|---|---|---|
| 44. | Член на Комисија за оценка и одбрана на дипломска работа (Одлука на Факултетот за ветеринарна медицина Скопје бр. 0202-423/9 од 22.3.2018 година) | 0,1 |
| **Учебник издаден и во употреба на универзитет во странство** | | |
| 45. | Laboratorijske procedure i dijagnostičke pretrage infektivnih bolesti u kliničkoj praksi. Сараево, 2022. CIP 636.09:616.9(075.8); ISBN 978-9958-599-88-0, COBISS.BH-ID – 48092166 | 8 |
| 46. | Bakterijske i virusne bolesti pasa i mačaka. Сараево, 2021. CIP 636.09; ISBN 978-9958-599-86-6, COBISS.BH-ID – 45948678 | 8 |
| **Рецензент на универзитетски учебник** | | |
| 47. | Zarazne bolesti konja. Одлука бр. 06-06-135-2/24 од 8.2.2024 година, Универзитет во Сараево, Ветеринарен факултет. | 1 |
| | **Вкупно** | **50,3** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **Ментор на докторски труд** | | |
| 1. | Ментор на студент на трет циклус академски студии (Иван Матевски), запишан на студиска програма: Ветеринарна медицина | 5 |
| **Учесник во национален научен проект** | | |
| 2. | Студија за проценка на застапеноста и географската дистрибуција на вирусот на западнонилска треска во Македонија, како и можности за делување во насока на концептот „Едно здравје“. Проект финансиран од УКИМ, траење на проектот: од 1.3.2021 до 1.3.2022. | 3 |
| 3. | Одредување преваленца и инциденца на абортуси предизвикани од Neospora caninum во млечни фарми во РСМ. Проект финансиран од УКИМ, траење на проектот: од 1.1.2023 до 31.12.2025. | 3 |
| 4. | Генетски диверзитет на свинските инфлуенца А вируси и нивна импликација врз интензивното свињарство производство и јавното здравје. Проект финансиран од УКИМ, траење на проектот: од 1.3.2023 до 1.3.2025 година. | 3 |
| 5. | Improving national capacities for early detection, characterization to emerging and re-emerging animal diseases with strong economic consequences and upgrade of the bio-risk management at the national laboratory (IAEA/MAK5011). Проект финансиран од IAEA, траење на проектот од 1.1.2022 до 31.12.2024 | 3 |
| **Учесник во меѓународен научен проект** | | |
| 6. | IAEA проект: Zoonotic Disease Integrated Action/ZODIAC (2021-2026) | 5 |
| 7. | EU проект: EU Regional action on Animal Disease Eradication in the Western Balkans/ADEWB (2020-2022) | 5 |
| 8. | Билатерален проект со Република Кина: Surveillance and molecular epidemiology of avian paramyxoviruses and avian influenza viruses in China and Macedonia. (2020 – 2021) | 5 |
| 9. | FAO/EuFMD проект: National Platform for Improving Biosecurity in Dairy Cattle Farms / NAPIB (јануари 2021 – септември 2021) | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | EU проект: Capacity Building of Veterinary and Plant Health Services in the Western Balkans/ADEWB II (2022-2025) | 5 |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | | |
| 11. | Petrov E, Celeska I, Popova Z, **Krstevski K**, Djadjovski I (2021) Molecular Detection of Ehrlichia canis in the Pet-Dog Population in R.N.Macedonia. Acta Veterinaria, 2021, No. 2, p. 230-238 | 3<br><br>(5 x 60%) |
| 12. | Cvetkovikj A, Djadjovski I, **Krstevski K**, Popova Z, Rashikj Lj, Atanasova K, Cvetkovikj I, Stefanovska J (2020) New records of the Asian Tiger Mosquito (*Aedes albopictus*) in North Macedonia. Macedonian Veterinary Review 43 (2): 125-129 | 3<br><br>(5 x 60%) |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | | |
| 13. | Trajchovski A, Djadjovski I, **Krstevski K.**, Popova-Hristovska Z, Nikolovski M, Rashikj Lj, Bozinovski D, Grujovska A, Vendramin N, Cuenca A, Cvetkovikj A. (2024) Distribution and genotyping of infectious hematopoietic necrosis virus in farmed rainbow trout and autochthonous salmonids in North Macedonia. Macedonian Veterinary Review 47(1): 37-43. htpps://doi.org/10.2478_macvetrev_2024_0013 | 5<br><br>(8+0,4 x 60%) |
| 14. | Berguido FJ, Chibssa TR, Loitsch A, Liu Y, **Krstevski K.**, Djadjovski I, Tuppurainen E, Petrović T, Vidanović D, Caufour P, Settypalli TBK, Grünwald-Gruber C, Grabherr R, Diallo A, Cattoli G, Lamien CE. Harnessing Attenuation-Related Mutations of Viral Genomes: Development of a Serological Assay to Differentiate between Capripoxvirus-Infected and -Vaccinated Animals. Viruses. 2023 Nov 25;15(12):2318. doi: 10.3390/v15122318. PMID: 38140559; PMCID: PMC10747038. | 7,1<br><br>(8+3,8 x 60%) |
| 15. | Van Borm S, Dellicour S, Martin DP, Lemey P, Agianniotaki EI, Chondrokouki ED, Vidanovic D, Vaskovic N, Petrović T, Lazić S, Koleci X, Vodica A, Djadjovski I, **Krstevski K.**, Vandenbussche F, Haegeman A, De Clercq K, Mathijs E. Complete genome reconstruction of the global and European regional dispersal history of the lumpy skin disease virus. J Virol. 2023 Nov 30;97(11):e0139423. doi: 10.1128/jvi.01394-23. Epub 2023 Oct 31. PMID: 37905838; PMCID: PMC10688313. | 7,2<br><br>(8+4 x 60%) |

| | | |
|---|---|---|
| 16. | Cana A, Zecchin B, Merovci X, Fusaro A, Giussani E, Heta S, **Krstevski K.**, Mehmetukaj D, Goga I, Hulaj B, Murati B, Terregino C, Dodovski A. Emergence and Persistent Circulation of Highly Pathogenic Avian Influenza Virus A (H5N8) in Kosovo, May 2021-May 2022. Microorganisms. 2023 Sep 2;11(9):2226. doi: 10.3390/microorganisms11092226. PMID: 37764070; PMCID: PMC10534373 | 7,5<br><br>(8+4,5 x 60%) |
| 17. | Berguido FJ, Gelaye E, Liu Y, Davaasuren B, **Krstevski K.**, Djadjovski I, Ivanova E, Goujgoulova G, Loitsch A, Tuppurainen E, Chibssa TR, Caufour P, Samojlovic M, Lazic S, Petrovic T, Vidanovic D, Bertagnoli S, Grabherr R, Diallo A, Cattoli G, Lamien, CE (2022) Development and Optimization of iELISAs for the Detection of Anti-Capripoxvirus Antibodies in Cattle, Sheep and Goat Sera. Microorganisms 2022, Volume 10 Issue 10, 1956. https://doi.org/10.3390/microorganisms10101956 | 7,5<br><br>(8+4,5 x 60%) |
| 18. | Vidanovic D, Tesovic B, Sekler M, Debeljak Z, Vaskovic N, Matovic K, Koltsov A, **Krstevski K.**, Petrovice T, De Leeuw I, Haegeman A (2021) Validation of TaqMan-Based Assays for Specific Detection and Differentiation of Wild-Type and Neethling Vaccine Strains of LSDV. Microorganisms Volume 9, Issue 6, 1234 | 7,7<br><br>(8+4,9 x 60%) |
| 19. | Möller J, **Krstevski K.,** Beer M, Hoffmann B. (2020) Minimum Infective Dose of a Lumpy Skin Disease Virus Field Strain from North Macedonia. Viruses 12, 768. | 7,8<br><br>(8+5 x 60%) |
| 20. | Flannery J, King S, Nenow-Rajko P, Popova Z, **Krstevski K.,** Djadjovski I, Batten C (2020) Re-emergence of BTV serotype 4 in North Macedonia, July 2020. Transboundary Emerging Diseases 2020;00:1–4. | 7,8<br><br>(8+5 x 60%) |
| 21. | Bosilkovski M, Stojovski M, Siskova D, Ridov A, Kostoska E, **Krstevski K**. Brucellosis in pregnancy: case reports with different outcomes in an endemic region. Acta Clin Croat. 2020 Jun;59(2):338-343. doi: 10.20471/acc.2020.59.02.18. PMID: 33456122; PMCID: PMC7808227. | 5,2<br><br>(8+0,7 x 60%) |
| 22. | Pérez-Ramírez E, Cano-Gómez C, Llorente F, Vodica A, Veljovic Lj, Toklikishvilli N, Sherifi K, Sghaier S, Omani A, Kustura A, **Krstevski K.,** Hacioglu-Karayel I, Hagag NM, El Hage J, Davdyan H, Bintarif MS, Adzic B, Abouchoaib, Jiménez-Clavero MA, Fernandez-Pinero J (2020) Evaluation of West Nile Virus Diagnostic Capacities in Veterinary Laboratories of the Mediterranean and Black Sea Regions. Pathogens 9, 1038 | 6,9<br><br>(8+3,5 x 60%) |
| 23. | Möller J, Moritz T, Schlottau K, **Krstevski K.**, Hoffmann D, Beer M, Hoffmann B. (2019) Experimental lumpy skin disease virus infection in cattle: comparison of a field starin and a vaccine strain. Archives of Virology 164(12):2931-2941. | 6,1<br><br>(8+2,2 x 60%) |
| **Рецензија на научен/стручен труд** | | |
| 24. | Рецензија на 1 научно-стручен труд за Acta Veterinaria-Beograd, со наслов: Genetic analysis and distribution of porcine parvoviruses detected in the organs of wild boars in Serbia. | 0,2 |
| 25. | Рецензија на 1 научно-стручен труд за German Journal of Veterinary Research, со наслов: Bovine Brucellosis serological survey in small dairy herds in Lushnja district, Albania. | 0,2 |

| | | |
|---|---|---|
| 26. | Рецензија на 1 научно-стручен труд за Tropical Animal Health and Production, со наслов: Seroprevalence of Bovine Viral Diarrhea Virus (BVDV) Infection in Cattle Population in Iran: a Systematic Review and Meta-analysis. | 0,2 |
| **Секциско предавање на научен/стручен собир** | | |
| 27. | Предавање: „ Чума кај малите преживари“, стручен собир во организација на Факултетот за ветеринарна медицина Скопје, Ветеринарната комора на РС Македонија и Агенцијата за храна и ветеринарство (21.8.2024) | 1 |
| 28. | Предавач на стручен курс: „Подготвеност за спроведување на итни мерки при појава на болеста лигавка и шап“ (23.1.2023 – 20.2.2023) | 1 |
| **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | | |
| 29. | Предавање: BTV-4 in Republic N.Macedonia. Годишен собир на националните референтни лаборатории за болестите син јазик и чума кај коњите, организирана од референтната лабораторија на ЕУ, одржан во виртуелен формат (1.12.2020 – 2.12.2020) | 2 |
| 30. | Предавање: Preparing laboratory services for major emergencies - diagnostic reagent banks: the Balkans as an example. International Symposium on Sustainable Animal Production and Health, IAEA (28.6.2021 – 2.7.2021) | 2 |
| 31. | Предавање: Iskustva veterinara u implementaciji programa za kontrolu i eradikaciju bruceloze u Makedoniji. Интердисциплинарен симпозиум „20 години бруцелоза во Босна и Херцеговина“. Купрес, Босна и Херцеговина (4.9.2021 – 5.9.2021) | 2 |
| 32. | Предавач на стручен курс „Use of the IAEA Sanger Sequencing Services for Member States“, одржан виртуелно, во рамки на IAEA-проектот BUL/5/017 (24.9.2021 – 1.10.2021) | 2 |
| 33. | Предавач на стручен интеррегионален курс „Verification of new Standard Operating Procedures“, одржан виртуелно, во рамки на IAEA-проектот: ZODIAC (21.2.2022 – 25.2.2022) | 2 |
| 34. | Предавач на стручен курс: „Лабораториска дијагностика на болеста јазлеста кожа“, одржан во Бишкек, Киргистан, во рамки на проектот na FAO: TCP/SEC/3801 (10.4.2023 – 14.4.2023) | 2 |
| 35. | Предавач на стручен курс: „Молекуларна и серолошка лабораториска дијагностика на болести кај животните“, одржан во Душанбе, Таџикистан, во рамки на проектот на IAEA: RER0050 (2.9.2024 – 6.9.2024). | 2 |
| **Одржано предавање по покана на универзитет** | | |
| 36. | Предавање по предметот Дијагностика на заразни болести, во рамки на специјалистичките студии: Ветеринарна медицина и јавно здравство на Ветеринарниот факултет при Универзитетот во Сараево (Одлука бр. 0202-148/5 од 28.1.2021 година) | 1 |
| **Апстракти објавени во зборник на конференција** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 37. | Popova Hristovska Z, Krstevski K., Matevski I, Markozanova S, Mitrov D, Djadjovski I (2024) Genetic characterization of porcine circovirus type 2 strains in Macedonian commercial pig farms. Book of Abstracts, 10th International Scientific Meeting Days of Veterinary Medicine and 2nd European Conference on Veterinary and Medical Education. Ohrid, 22.09.2024-25.09.2024 | 1 |
| 38. | Matevski I, Djadjovski I, Cvetkovikj A, Popova Hristovska Z, Shikoska I, Krstevski K. (2024) Serological evidence of Crimean Congo Haemorrhagic Fever infection in the population of small ruminants in two Macedonian regions. Book of Abstracts, 10th International Scientific Meeting Days of Veterinary Medicine and 2nd European Conference on Veterinary and Medical Education. Ohrid, 22.09.2024-25.09.2024 | 1 |
| 39. | Trajchovski A, Djadjovski I, Krstevski K., Popova Hristovska Z, Nikolovski M, Grujovska A, Cvetkovikj A (2024) Infectious Hematopoietic necrosis in North Macedonia: current status and future challenges. Book of Abstracts, 10th International Scientific Meeting Days of Veterinary Medicine and 2nd European Conference on Veterinary and Medical Education. Ohrid, 22.09.2024-25.09.2024 | 1 |
| 40. | Stojanovska A, Atanasov B, Dovenski T, Esmerov I, Rashikj Lj, Matevski I, Krstevski K., Cvetkovikj A (2024) Prevalence of Neosporosis in dairy farms in the Republic of North Macedonia (2024) Book of Abstracts, 10th International Scientific Meeting Days of Veterinary Medicine and 2nd European Conference on Veterinary and Medical Education. Ohrid, 22.09.2024-25.09.2024 | 1 |
| 41. | Mickov D, Krstevski K., Matevski I, Mickov Lj, Atanaskova Petrov E (2024) Notifiable equine infectious diseases in N Macedonia – an overview of the current status. Book of Abstracts, 10th International Scientific Meeting Days of Veterinary Medicine and 2nd European Conference on Veterinary and Medical Education. Ohrid, 22.09.2024-25.09.2024 | 1 |
| 42. | Popova Hristovska Z, Krstevski K., Matevski I, Markozanova S, Mitrov D, Djadjovski I (2022) Detection and genetic characterization of porcine circovirus type 2 in Macedonian wild boar and domestic pig population. Book of Abstracts, 9th International Scientific Meeting Days of Veterinary Medicine. Ohrid, 22.09.2024-25.09.2022 | 1 |
| 43. | Matevski I, Djadjovski I, Krstevski K. (2022) Presence and prevalence of non-regulated infectious diseases with high economic impact on Macedonian dairy farms. Book of Abstracts, 9th International Scientific Meeting Days of Veterinary Medicine. Ohrid, 22.09.2024-25.09.2022 | 1 |
| 44. | Kjosevski M, Kondratenko V, Angjelovski B, Janevski A, Simovikj M, Djadjovski I, Dodovski A, Krstevski K. (2022) Biosecurity assessment and critical improvement points of dairy cattle farms. Book of Abstracts, 9th International Scientific Meeting Days of Veterinary Medicine. Ohrid, 22.09.2024-25.09.2022 | 1 |
| | | |
| | **Вкупно** | **149,4** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| Експертски активности | | |
| 1. | Стручно мислење за интерпретација на резултати од серолошки тестирања за ензоотска леукоза кај говедата (по барање на Агенција за храна и ветеринарство, бр. 10-558/1 од 15.2.2023 година) | 1 |
| 2. | Евалуација на симулациска вежба за оценка на способноста за одговор на појава на болеста лигавка и шап, одржана во Скопје, со меѓународно учество (26.4.2023 – 27.4.2023) | 1 |
| 3. | Супервизија и евалуација на три национални симулациски вежби за справување со појавата на болеста лигавка и шап (една во Босна и Херцеговина и две во Србија) | 3 (1 x 3) |
| **Продекан** | | |
| 4. | Продекан за применувачка дејност и управување со квалитет (Одлука на ФВМС, бр. 0202-239/6-4 од 1.3.2024 година) | 4 |
| **Раководител на лабораторија** | | |
| 5. | Раководител на Лабораторијата за серологија (Одлука на ФВМС, бр. 03-270/2 од 1.3.2024 година) | 1 |
| **Воведување нова лабораториска/клиничка или јавноздравствена метода** | | |
| 6. | Детекција на вирусот на епизоотска хеморагична болест кај говедата со полимеразна верижна реакција во реално време | 4 |
| 7. | Диференцијација на вирусите од родот *Capripoxvirus* и одредување на видовите Sheeppox virus, Goatpox virus, Lumpy Skin Disease virus) со полимеразна верижна реакција во реално време | 4 |
| 8. | Детекција и диференцијација на дивите соеви, рекомбинантите соеви и вакциналните (Neethling) соеви на вирусот на јазлеста кожа со полимеразна верижна реакција во реално време | 4 |
| 9. | Карактеризација на рекомбинантите соеви на вирусот причинител на болеста јазлеста кожа со секвенционирање на дел од нивниот геном | 4 |
| 10. | Детекција на вирусот на кримска-конго хеморагична треска со полимеразна верижна реакција во реално време | 4 |
| 11. | Мултиплекс полимеразна верижна реакција во реално време за детекција на *Brucella spp.* и симултана диференцијација на *B. abortus* и *B. melitensis* | 4 |
| 12. | Одредување на генетската разноликост на бактериите од родот *Brucella* преку анализа на секвенците во повеќе локуси (Multi Locus Sequence Typing) | 4 |
| **Учество во изработка на национална програма од одредена област** | | |
| 13. | Учество во изработка на Програма за сузбивање и искоренување на туберкулоза за периодот од 2022 до 2026 година | 3 |
| **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 14. | Член на експертска група за болеста африканска чума кај свињите (решение – Агенција за храна и ветеринарство, бр. 10-113/1 од 10.1.2021 година) | 1 |
| 15. | Член на координативен тим за Националниот акциски план за здравствена сигурност (решение – Министерство за здравство, бр. 10-8065/1 од 29.9.2023 година) | 1 |
| 16. | Член на Национален центар за контрола на болести (решение – Агенција за храна и ветеринарство, бр. 02-1677/1 од 25.5.2024 година) | 1 |
| 17. | Член на експертска група за болеста чума кај мали преживари (решение – Агенција за храна и ветеринарство, бр. 10-2166/1 од 23.9.2024 година) | 1 |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание | | |
| 18. | *Veterinarski Glasnik,* University of Belgrade, Faculty of Veterinary Medicine, ISSN: 0350-2457 | 1 |
| Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир | | |
| 19. | Член на организационен одбор на меѓународен научен собир: „Денови на ветеринарна медицина 2022“ (Book of Abstracts, DVM 2022) | 1 |
| 20. | Член на организационен одбор на меѓународен научен собир: „Денови на ветеринарна медицина 2024“ (Book of Abstracts, DVM 2024) | 1 |
| Студиски престој во странство (до 3 месеци) | | |
| 21. | Научна посета на Instituto Zooprofilattico Sperimentale della Lombardia e dell'Emilia Romagna (IZSLER) во Бреша, Италија, на тема: Управување со биолошки ризици реализирана при (18.9.2023 – 29.9.2023) | 0,5 |
| 22. | Научна посета на Istituto Zooprofilattico Sperimentale dell'Abruzzo e del Molise "Giuseppe Caporale" во Терамо, Италија, на тема: Секвенционирање на цели геноми и примена на биоинформатички алатки за метагеномски анализи (18.4.2024 – 29.9.2024) | 0,5 |
| **Член на факултетска комисија** | | |
| 23. | Комисија за изготвување на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ФВМС (Одлука бр. 0201-1654/7 од 26.11.2021) | 0,5 |
| 24. | Комисија за спроведување на постапка за вработување (Одлука бр. 0201-449/1 од 30.3.2022) | 0,5 |
| 25. | Комисија за изготвување на Правила за престој и однесување на ФВМС (Одлука бр. 0201-1019/13 од 6.9.2023) | 0,5 |
| 26. | Комисија за изготвување на акти за формирање и утврдување на постојни тела на ФВМС (Одлука бр. 0201-1019/14 од 6.9.2023) | 0,5 |
| 27. | Совет за квалитет на ФВМС (Одлука бр. 03-526/1 од 29.4.2024) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 28. | Комисија за издавачка дејност (Одлука бр. 0202-756/2 од 2.7.2024) | 0,5 |
| | **Вкупно** | **52,0** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 50,3 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 149,4 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 52,0 |
| **Вкупно** | **251,7** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Ненад Турк, с.р.**
*Универзитет во Загреб, Ветеринарен факултет*

**Проф. д-р Лејла Велиќ, с.р.**
*Универзитет во Сараево, Ветеринарен факултет*

**Проф. д-р Дине Митров, с.р.**
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина*

***Прилог бр. 3***

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „БОЛЕСТИ НА ДИГЕСТИВНИОТ СИСТЕМ НА ПРЕЖИВНИТЕ ЖИВОТНИ“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ДИНЕ МИТРОВ И ПРОФ. Д-Р ИГОР ЏАЏОВСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, бр. 0201-1052/9 од 30.9.2024 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Болести на дигестивниот систем на преживните животни“ од авторите: проф. д-р Дине Митров и проф. д-р Игор Џаџовски, наменет за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за предметите Болести кај преживните животни 1 и Болести кај преживните животни 2, избрани се: проф. д-р Томаж Задник и проф. д-р Јоже Стариќ.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### V. Општ дел

**Основни податоци за ракописот**

<table>
<tr><td colspan="2">Назив на ракописот:</td><td>Болести на дигестивниот систем на преживните животни</td></tr>
<tr><td colspan="2">Назив на предметната програма:</td><td>Болести кај преживните животни 1 и 2</td></tr>
<tr><td colspan="2">Назив на студиската програма:</td><td>Интегрирани студии од прв и втор циклус по Ветеринарна медицина</td></tr>
<tr><td colspan="2">Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети):</td><td>45 часа и 6 ЕКТС-кредити;<br>30 часа и 5 ЕКТС-кредити.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Предметот Болести кај преживните животни 1, на Факултетот за ветеринарна медицина, е задолжителен предмет со фонд на часови – 45, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во VII семестар.<br>Предметот Болести кај преживните животни 2, на Факултетот за ветеринарна медицина, е задолжителен предмет со фонд на часови – 30, број на ЕКТС-кредити – 5 и се слуша во VIII семестар.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Реден број на изданието:</td><td>прво издание</td></tr>
<tr><td>Општи податоци за ракописот:</td><td colspan="2">Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 197 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 10 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 3 табели и два дијаграма.</td></tr>
</table>

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Томаж Задник, с.р.**
**Проф. д-р Јоже Стариќ, с.р.**

## VI. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Томаж Задник

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Во приложениот ракопис се обработува темата на болестите и најзначајните патолошки нарушувања кај органите кои влегуваа во состав на дигестивниот систем кај преживните животни. По воведот, во кој се дава опис на примарните функции на дигестивниот систем, следува детален систематски осврт на болестите на сите одделни делови на овој систем, и тоа: уста, голтник, хранопровод, преджелудници, сириште (главен желудник) и црева, болестите на абдоминалната обвивка (перитонеум), како и болестите на црниот дроб и панкреасот. Во учебникот се користени табеларни и графички прикази за подобро објаснување и визуелна презентација, особено во делот на клиничката проценка на одредени болни состојби кај преживните животни. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Содржината на учебникот е усогласена со делот од наставниот план и програмата кој го покрива делот на болестите на дигестивниот систем, на предметите Болести кај преживните животни 1 и Болести кај преживните животни 2, на интегрираните академски студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Сметам дека ракописот е јасно напишан и структуриран на начин да овозможи лесно читање и разбирање на методските единици обработени во овој учебник. Количината на информации кои се изнесени и обработени се соодветни за степенот на знаење кое студентите на додипломски студии по ветеринарна медицина треба да го усвојат по ислушување на предметите Болести кај преживните животни 1 и 2. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предложен за рецензија го обработува делот за болестите на дигестивниот систем кај преживните животни што е предвиден со наставната програма по предметите Болести кај преживнте животни 1 и 2, за студентите запишани во четврта година, VII и VIII семестар, на Факултетот за |

| | |
|---|---|
| | ветеринарна медицина во Скопје. Учебникот ги исполнува сите критериуми и претставува соодветен извор на информации кој ги покрива потребите за теорискиот дел од наставата по предметите Болести кај преживните животни 1 и 2, а за кои не постои друга литература објавена на македонски јазик. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник во склоп на програмата по предметите Болести кај преживните животни 1 и Болести кај преживните животни 2, примарно наменет за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Во Љубљана, 1.11.2024 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Томаж Задник, с.р.**

## VII. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: проф. д-р Јоже Стариќ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот доставен за рецензија го обработува делот на болестите на органите кои ја формираат дигестивната цевка, како и акцесорните органи вклучени во процесот на варење на храната кај преживните животни. Во материјалот, во десет засебни поглавја, методолошки се опишани болестите и промените кои се среќаваат кај поодделните делови на дигестивниот систем. По воведот, во кој се дава опис на примарните функции на дигестивниот систем, следува детален систематски осврт кон на болестите на сите поедини делови на овој систем, и тоа: уста, голтник, хранопровод, предželудници, сириште (главен желудник) и црева, болестите на абдоминалната обвивка (перитонеум), како и болестите на црниот дроб и панкреасот. Во учебникот се користени табеларни и графички прикази за подобро објаснување и визуелна презентација, особено во делот на клиничката преценка на одредени болни состојби кај преживните животни. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Содржината на учебникот е усогласена со делот од наставниот план и програмата кој го покрива делот на болестите на дигестивниот систем, на предметите Болести кај преживните животни 1 и Болести кај преживните животни 2, на интегрираните академски студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Сметам дека ракописот е јасно напишан и структуриран на начин да овозможи лесно читање и разбирање на методските единици обработени во овој учебник. Количината на информации кои се изнесени и обработени се соодветни за степенот на знаење кое студентите на додипломски студии по ветеринарна медицина треба да го усвојат по ислушување на предметите Болести кај преживните животни 1 и 2. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предложен за рецензија го обработува делот за болестите на дигестивниот |

| | |
|---|---|
| | систем кај преживните животни што е предвиден со наставната програма по предметите Болести кај преживните животни 1 и 2, за студентите запишани во четврта година, VII и VIII семестар, на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Учебникот ги исполнува сите критериуми и претставува соодветен извор на информации кој ги покрива потребите за теорискиот дел од наставата по предметите Болести кај преживните животни 1 и 2, а за кои не постои друга литература објавена на македонски јазик. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник во склоп на програмата по предметите Болести кај преживните животни 1 и Болести кај преживните животни 2, примарно наменет за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Во Љубљана, 29.10.2024 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Јоже Стариќ, с.р.**

*Прилог бр. 3*

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ЗА ВЕЖБИ ПО ВЕТЕРИНАРНА ИМУНОЛОГИЈА“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ИСКРА ЦВЕТКОВИЌ, ПРОФ. Д-Р СЛАВЧО МРЕНОШКИ И АС. ИВАНА ШИКОСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, бр. 0201-893/8 од 29.7.2024 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебното помагало „Практикум за вежби по ветеринарна имунологија“ од авторите: проф. д-р Искра Цветковиќ, проф. д-р Славчо Мреношки и ас. Ивана Шикоска, наменет за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за предметот Ветеринарна имунологија, избрани се: проф. д-р Тадеј Маловрх и проф. д-р Јаков Нишавиќ.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### VIII. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Практикум за вежби по ветеринарна имунологија |
| **Назив на предметната програма:** | Ветеринарна имунологија |
| **Назив на студиската програма:** | Интегрирани студии од прв и втор циклус по Ветеринарна медицина |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | **45 часа и 3 ЕКТС-кредити** |
| Предметот Ветеринарна имунологија на Факултетот за ветеринарна медицина е задолжителен предмет со фонд на часови – 45, број на ЕКТС-кредити – 3 и се слуша во IV семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 84 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 15 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 45 слики и 6 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Тадеј Маловрх, с.р.**
**Проф. д-р Јаков Нишавиќ, с.р.**

## IX. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЈАКОВ НИШАВИЌ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот кој ми е доставен на рецензија е сеопфатен и напишан е во согласност со планот и програмата на предметот Ветеринарна имунологија. Ракописот на практикумот е јасно напишан, содржи слики и табели кои ги поддржуваат и појаснуваат на адекватен начин деловите од практикумот на кои се однесуваат. Во практикумот се опишани методите кои се користат во серолошко-имунолошките испитувања и кои се од значење да им бидат претставени на студентите на интегрираните академски студии по ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Содржината на практикумот е целосно усогласена со планот и програмата на предметот Ветеринарна имунологија на интегрираните академски студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот е јасно напишан на начин кој ќе овозможи лесно апсолвирање на предвидената материја. Исто така, тој ги содржи сите податоци со кои е неопходно да се запознаат студентите по ветеринарна медицина на предметот Ветеринарна имунологија. |
| **Категоризација:** | учебно помагало – практикум |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 84 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 15 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 45 слики и 6 табели. Практикумот ги исполнува сите критериуми на адекватно учебно помагало и претставува основа за практична едукација по предметот Ветеринарна имунологија. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало – практикум по предметот Ветеринарна имунологија, примарно наменет за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Во Белград, 9.10.2024 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Јаков Нишавиќ, с.р.**

## III. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ТАДЕЈ МАЛОВРХ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Практикумот за вежби по имунологија ги опишува сите оние лабораториски реакции кои можат да се изведат во денешно време со помош на ефекторните елементи на имунолошкиот одговор, како и оние каде што го користиме биолошкиот ефект само од нив врз одредена цел. Повеќето од овие реакции се засноваат на употреба на антитела или за нивно специфично откривање, или антителата се користат како алатка за откривање на саканата цел. Во содржината, авторот презентира и реакции кои имаат корист за функционирањето на системот на комплементот, а исто така ја објаснува основната манипулација со имуните клетки, до степен до кој е во согласност со нивото на знаење и лабораториска опрема, како и со очекувањата на студент по ветеринарна медицина.<br>Така, практикумот по ветеринарна имунологија презентира 14 различни лабораториски имунолошки принципи кои се користат во рутинската лабораториска дијагностика на заразни болести. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Практикумот е конзистентен со наставната програма и дава впечаток дека наставната програма е таа што ја води содржината на практикумот. Деталното испитување покажува дека практикумот му овозможува на студентот увид во поширокi знаења за употребата на ветеринарната имунологија во лабораториската и клиничката дијагностика, што, исто така, може да се користи со предност во постдипломското образование или за обновување на додипломските знаења во случај кога млад ветеринар започнува професионална кариера и се вклучува во овој тип на дијагностика, како и работа на терен. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Во практикумот не гледам потреба од професионални корекции или дополнувања на содржината. |
| **Оцена на ракописот:** | Практикумот за вежби по имунологија го оценувам позитивно, бидејќи содржински и функционално претставува придонес во педагошката работа на Факултетот за ветеринарна медицина и, како таков, го препорачувам на позитивно разгледување во понатамошните постапки за хабилитација на авторот, како и во постапките за проверка на официјалниот наставен материјал на Факултетот. |
| **Категоризација:** | учебно помагало – практикум |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 84 страници (формат А4), напишани на компјутер, со |

| | |
|---|---|
| | големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 15 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 45 слики и 6 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како материјал за учење по предметот ветеринарна имунологија, примарно наменет за студентите на Факултетот за Ветеринарна медицина во Скопје.

Во Љубљана, 5 ноември 2024 година

**Рецензент**

**Проф. д-р Тадеј Маловрх, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ОД ОБЛАСТА НА МУЗИЧКАТА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДЕЛАТА СОНАТА ЗА ПИЈАНО ОП. 111 БР. 32 ВО c-moll ОД ЛУДВИГ ВАН БЕТОВЕН, ГРОБОТ НА КУПРЕН ОД МОРИС РАВЕЛ, ПАВАНА ЗА ПОЧИНАТА ПРИНЦЕЗА ОД МОРИС РАВЕЛ И КОНЦЕРТ ЗА ПИЈАНО И ОРКЕСТАР ОП. 2 БР. 2 ВО g-moll ОД КАМИЈ СЕН-САНС И ТЕОРИСКИОТ ТРУД „ПОЧЕТНИТЕ ШКОЛИ ЗА ПИЈАНО ВО КОСОВО“ ОД М-Р АГРОН ШУЈАКУ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

Почестени од Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, кој донесе решение за формирање на Рецензентска комисија во состав: проф. м-р Тодор Светиев, проф. д-р Ана Гацева, проф. д-р Марија Ѓошевска, проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја и проф. д-р Трена Јорданоска, за оцена на докторската дисертација од областа на музичката интерпретација на делата Соната за пијано оп. 111 бр. 32 во c-moll од Лудвиг ван Бетовен, *Гробот на Купрен* од Морис Равел, *Павана за починатата принцеза* од Морис Равел и Концерт за пијано и оркестар оп. 2 бр. 2 во g-moll од Камиј Сен-Санс и теорискиот труд „Почетните школи за пијано во Косово“ од м-р Агрон Шујаку, го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација од областа на пијанистичката интерпретација од м-р Агрон Шујаку се состоеше од два интерпретациски дела: во првиот дел беа изведени Соната за пијано оп. 111 бр. 32 во c-moll од Лудвиг ван Бетовен, *Гробот на Купрен* од Морис Равел и *Павана за починатата принцеза* од Морис Равел, а во вториот дел беше изведен Концерт за пијано и оркестар оп. 2 бр. 2 во g-moll од Камиј Сен-Санс, како и изработката на теорискиот труд „Почетните школи за пијано во Косово.“

Одбраната на првиот интерпретациски дел од докторската дисертација од м-р Агрон Шујаку со изведба на Сонатата за пијано оп. 111 бр. 32 во c-moll од Лудвиг ван Бетовен, *Гробот на Купрен* од Морис Равел и *Павана за починатата принцеза* од Морис Равел, се одржа на 3 ноември 2023 година во Концертната сала на ФМУ во Скопје со почеток во 14:00 часот.

Кандидатот м-р Агрон Шујаку успешно се справи со интерпретацискиот предизвик кој го носи избраната програма составена од значајни дела кои го одбележуваат пијанизмот на 19 и 20 век. По својата техничка и интерпретациска сложеност, како и барањата за уметничка креација, програмата во целост одговара на задачите на одбраната на докторска дисертација од областа на интерпретацијата. На овој дел од одбраната, кандидатот демонстрираше јасно оформена индивидуална способност за градење на сложената формална структура на секое од изведените дела, водејќи сметка за успешно балансирање и обединување на сите технички и интерпретациски елементи во една целина. Изведбата на рециталската програма во целина се одликуваше со јасна творечка концепција во претставувањето на тематските материјали и нивната разработка, со прецизно изработен динамички, артикулациски и ритмички план. За одбележување е успешната изведба на последната соната од Бетовен, која претставува посебен интерпретациски предизвик, со што кандидатот ја заокружи изведбата на овој дел од одбраната.

Комисијата констатира дека естетското и техничкото ниво на изведбата на рециталската програма на кандидатот м-р Агрон Шујаку во целост ги задоволува критериумите за самостојниот рециталски дел од докторската дисертација од областа на пијанистичката интерпретација.

Вториот интерпретациски дел од докторската дисертација на м-р Агрон Шујаку со изведба на Концертот за пијано и оркестар оп. 2 бр. 2 во g-moll од Камиј Сен-Санс се одржа на 9 јули 2024 година во Концертната сала на ФМУ во Скопје со почеток во 11:00 часот. Како пијано-соработник се претстави м-р Мелос Буза.

Кандидатот м-р Шујаку се претстави со Концертот за пијано и оркестар оп. 2 бр. 2 во g-moll од Камиј Сен-Санс, еден од најбрилијантните концерти напишани за пијано

и оркестар, во кој се комбинирани различни музички стилови и влијанија. Концертот е познат по својата импровизаторска слобода и сложените ритмички структури, што претставува сложена задача за пијанистот, особено во усогласувањето со оркестарот. Во текот на изведбата, кандидатот демонстрираше сигурна техничка прецизност и издржливост, неопходни за презентирање на виртуозната фактура на ова дело. М-р Шујаку суверено ја владееше пијанистичката техника карактеристична за композициите на Сен-Санс и успешно ги совлада техничките и музичките вештини за акумулирање и дисперзирање на метро-ритмичката енергија присутна во сите три става на концертот. Неговата умешност за справувањето со интерпретациските предизвици на дела со флексибилен ритам особено дојде до израз во изведбата на третиот став. Дополнително, беше нагласено неговото изградено чувство за избалансиран избор на темпото и создавање соодветен стилски карактер во сите три става. Уникатниот пристап кон изведбата се истакна преку убедливоста и леснотијата со кои ги решаваше разноликите стилски, интерпретациски и технички барања што ги поставува овој концерт.

Комисијата констатира дека кандидатот м-р Агрон Шујаку успешно одговори на поставените естетски, уметнички и технички сложени интерпретациски задачи и дека неговата изведба на концертот во целост ги задоволува критериумите за овој дел од докторската дисертација од областа на пијанистичката интерпретација.

Теорискиот дел од докторската дисертација на м-р Агрон Шујаку, со наслов „Почетните школи за пијано во Косово“, содржи вкупно 71 страница, во кои се вклучени четирите поглавја на трудот, заклучокот, библиографијата и прилогот со истражувачкиот прашалник. На почетните страници се поставени апстрактот и содржината.

Првото поглавје со воведот кандидатот го организирал во пет целини: Формулација на проблемот, Досегашни истражувања, Потреба, значење и цели на истражувањето, Дефиниција на тема, и Претпоставки, истражувачки проблем, истражувачки прашања. Кандидатот најпрво ја претставил организацијата на музичките училишта во рамките на општинските дирекции за образование во Република Косово. Кандидатот укажал на тоа дека музичкиот образовен систем во Косово бил наследен од стариот советски систем и подоцна бил ревидиран во рамките на СФРЈ. Од 2002 година, Министерството за образование овозможува проширување на музичкото образование во приватниот сектор. Во делот со формулација на проблемот, кандидатот направил осврт на историскиот развој на музичките училишта во Косово и презентирал податоци за пијаното како најбаран инструмент и во државните, и во приватните музички училишта. И покрај популарноста на пијаното, кандидатот констатирал дека малку било познато кои методи се користат во наставата по пијано. Во следната целина, кандидатот направил преглед на магистерски и докторски трудови во кои досега било зафатено прашањето на почетната настава по пијано. Потребата за истражување кандидатот ја лоцирал во недостигот на трудови од поголем обем за методите на наставата по пијано во Косово, со посебен акцент на почетните школи и оттука тој ги дефинирал трите цели на истражувањето: 1) да се идентификуваат почетните школи по пијано кои се користат при работата со ученици од прва година; 2) да се одреди редоследот на поставување приоритет на музичките елементи (учење/идентификација на тонови, вежби за позиција на рака, вежбање по ритам); 3) да се провери кои надворешни фактори влијаат на користењето на одредени почетни школи за пијано. Понатаму, кандидатот м-р Шујаку ги дефинирал сегментите на темата, најпрво, што подразбира под почетна школа, која е еден сегмент од комплетен метод за настава по пијано, и навел дека истражувањето се однесува на примената на почетните школи за пијано во осумте државни и шесте приватни основни музички училишта во Косово. Во завршницата на поглавјето, кандидатот ги разработил претпоставките, истражувачкиот проблем и истражувачките прашања кои произлегуваат од истражувачките цели.

Во второто поглавје, кандидатот м-р Шујаку подетално ја претставил почетната настава за пијано во Косово и го организирал во две поголеми целини. Најпрво

направил осврт на состојбата со наставен кадар и ученици во основните музички училишта („Лоренц Антони“ – Призрен, „Фаик Силка“ – Раховец/Ораховац, „Халит Касаполи“ – Пеќ, Музичкото училиште – Гњилане, „Ческ Задеја“ – Феризај/Урошевац, „Тефта Ташко“ – Митровица, „Пренк Јакова“ – Ѓакова/Ѓаковица и „Пренк Јакова“ – Приштина), како и приватните музички училишта („Амадеус“,“Misbah & Friends”, „Илзат“,„Мелодија“ и „Бетовен“, сите лоцирани во Приштина, и „Мјелмат“ во Феризај/Урошевац). Во втората поголема целина, кандидатот направил преглед на литературата поврзана со учебниците, односно со почетните школи за пијано кои се предвидени со наставниот план и програма на Министерството за образование на Косово од 2013 година, како и на почетните школи воведени од самите наставници по пијано.

Во поглавјето за методологијата, кандидатот м-р Шујаку најпрво го определил квантитативниот метод како основен научен метод на кој се заснова неговото истражување, а наставниците по пијано и нивните ставови во однос на почетните школи претставувале главен извор на податоци. Тој се определил да ја истражи целата популација наставници по пијано во музичките училишта во Косово во учебната 2021/22 година, при што финалниот број на наставници се свел на 102 испитаника. Кандидатот во натамошниот дел од поглавјето се осврнал на истражувачкиот инструмент кој е прашалник, чија структура и содржина ги усогласил со истражувачките прашања и цели. Во него, кандидатот вклучил и квалитативен елемент, со неколку отворени прашања кои ги надополниле резултатите од квантитативното истражување. Кандидатот објаснил дека се придржувал целосно до истражувачките процедури поврзани со информирање на испитаниците и институциите во кои работат за спроведување на истражувањето. Тој го опишал и целиот процес на контактирање со испитаниците, особено поради тоа што истражувањето го спроведувал во текот на пандемијата со вирусот ковид-19. Прашалникот го составил и го спровел онлајн, преку платформата SurveyHero, која му овозможила непречена контрола и управување со податоците. Кандидатот спровел пилот-истражување со помала група наставници по други инструменти, со цел да добие повратни информации и да идентификува можни проблеми со дистрибуцијата на прашалникот. За обработка на податоците, кандидатот го користел софтверот SPSS, во кој ги генерирал фреквенциските дистрибуции и контингентните табели. Кандидатот се осврнал и на етичките аспекти кои ги запазил при спроведувањето на прашалникот во однос на добивањето согласност за учество во истражувањето на доброволна основа. На крајот на поглавјето, кандидатот се осврнал на методолошките ограничувања во однос на постапката за дистрибуција на прашалникот и собирањето на податоци во текот на пандемијата, начинот и обемот на обработка на собраниот материјал и ограничувањата кои произлегуваат при спроведување на анкетни прашалници поврзани со проценка на нечија работа.

Поглавјето со резултатите кандидатот го организирал во седум поголеми целини, при што најпрво ги претставил резултатите во однос на изборот на почетна школа за пијано, заедно со начинот на дистрибуција на почетните школи за пијано низ музичките училишта. Следи делот со причините за користење на избраните почетни школи. Кандидатот м-р Шујаку направил поголема анализа на користењето на почетните школи според општите податоци за наставниците (возраста, педагошкото искуство, работното искуство како наставници по пијано и образованието). Во поглавјето ги вклучил и резултатите од одговорите на прашањето поврзано со влијанијата врз одлуката на наставниците да изберат одредена почетна школа за пијано, ги анализирал одговорите на прашањето што наставниците би измениле во почетната школа, како и редоследот на музичките елементи на кои наставниците им даваат приоритет при наставата. На крајот на поглавјето, кандидатот ги презентирал резултатите од анализата на прашањата поврзани со начините на изведување на наставата по пијано за време на пандемијата.

Во заклучокот, кандидатот направил рангирање на примарните методи во почетната настава по пијано и ги искоментирал разликите во однос на почетната школа за пијано помеѓу училиштата во јавниот и приватниот сектор, возраста, работното

искуство и образованието на наставниците, како и низа други надворешни фактори кои влијаат врз изборот на почетната школа за пијано. М-р Шујаку, во заклучокот, исто така, направил анализа на кодираните податоци за приоритетот на специфичните карактеристики при изборот на почетните школи, и тоа што наставниците изјавиле дека би промениле во почетната школа. На самиот крај, кандидатот ги разгледал потенцијалните придобивки од инкорпорирање на истражувачките резултати во програмите за обука на наставниот кадар, развивањето поефикасни стратегии за хибридна настава, како и за можноста сознанијата од истражувањето да помогнат за обликување на пофлексибилен, адаптивен и културно сензитивен пристап кон наставата по пијано во музичките училишта во Косово.

Теорискиот дел од докторската дисертација на м-р Агрон Шујаку, со наслов „Почетните школи за пијано во Косово“, претставува квалитетно и сеопфатно истражување, со јасно дефинирани цели, внимателна селекција и употреба на релевантна литература и собран богат истражувачки материјал кој обезбедува солидна основа за идни истражувања и развој на наставните практики по пијано. Кандидатот покажал одлично разбирање на музичкото образование во Косово, детално ја опишал состојбата со музичките училишта и организацијата на наставата по пијано и во своето истражување успеал да ја вклучи целата популација наставници по пијано во Косово. Методолошкиот пристап на кандидатот е прецизен и темелен, при што м-р Шујаку покажал особена вештина во составувањето и спроведувањето на истражувачкиот инструмент и прецизност во процесот на анализа на податоците, што е за особена пофалба поради високото ниво на компетентност за овој вид истражувачка работа. Во поглавјето со резултатите, кандидатот м-р Шујаку демонстрирал способност за синтеза и длабинска анализа, ги претставил резултатите на начин кој е јасен и лесен за разбирање и направил коментари кои се детални и добро аргументирани. Во заклучокот, кандидатот успеал да ги поврзе сите аспекти на истражувањето и сознанијата кои можат да влијаат на идните образовни политики и практики поврзани со наставата по пијано во Косово.

Трудот на м-р Агрон Шујаку претставува значаен придонес во областа на музичкото образование во Косово, со научни и практични вредности, и целосно ги исполнува стандардите за теорискиот дел од докторската дисертација на студиската програма за музичка интерпретација.

Врз основа на сите изнесени заклучоци, како во однос на интерпретациските делови, така и на теорискиот труд, Рецензентската комисија утврди дека кандидатот м-р Агрон Шујаку со многу сериозен пристап целосно ги исполнил интерпретациските и теориските барања за изработка на докторска дисертација од областа на музичката интерпретација. Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје да ја одобри и закаже одбраната на последниот теориски дел од докторската дисертација на м-р Агрон Шујаку.

**Комисија**

**Проф. м-р Тодор Светиев, с.р.**
**Проф. д-р Ана Гацева, с.р.**
**Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.**
**Проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја, с.р.**
**Проф. д-р Трена Јорданоска, с.р.**

**Корекција на**
**НА ОДОБРЕНА ТЕМА НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**
**2. Магистерски трудови**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќа-ње на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Марија Јанакиевска | „ Рационално мислење, диспозиција за мислење отворен ум и пристрасност кон сопственото гледиште кај поинтелигентни и помалку интелигентни возрасни индивидуи “ | „ Rational thinking, actively open-minded thinking, and myside bias among more intelligent and less intelligent adults “ | Проф. д-р Елена Ачковска-Лешковска | 10-707/5 од 17.10.2024 год. |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

**2. Магистерски трудови**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифа-ќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Ивана Тасевска | „Значењето на образовниот асистент во инклузивното образование“ | „The importance of the educational assistant in inclusive education “ | Проф. д-р Горан Ајдински | 10-2263/3 од 6.11.2024год. |
| 2. | Катерина Илијоска | „Откривање на интелектуална попреченост кај учениците во рана училишна возраст“ | „Detection of intellectual disability in early elementary age“ | Проф. д-р Горан Ајдински | 10-2128/3 од 6.11.2024год. |
| 3. | Сања Јосифовска | „Комуникација помеѓу директорот и наставниците во средните училишта“ | „Communication between school directors and secondary school teachers“ | Проф. д-р Вера Стојановска | 10-1416/3 од 6.11.2024год. |
| 4. | Дамјан Бужаровски | „Социоекономската и хуманитарна криза по Илинденското востание во османлиска Македонија“ | „The socio-economic and humanitarian crisis after the Ilinden uprising in ottoman Macedonia“ | Проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев | 10-2117/3 од 6.11.2024год. |

***<u>Прилоī бр. 2</u>***

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ АНГЛИСКИ ЈАЗИК (6.02.01.16) И ПРЕВЕДУВАЊЕ И ТОЛКУВАЊЕ (6.02.01.31) НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 17.9.2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: англиски јазик (6.02.01.16) и преведување и толкување (6.02.01.31), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 04-1453/10 од 17.10.2024, донесена на четиринаесеттата редовна седница одржана на 16.10.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Солзица Поповска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и д-р Емилија Саржоска-Георгиевска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области: англиски јазик (6.02.01.16) и преведување и толкување (6.02.01.31), во предвидениот рок се пријави д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска е родена на 6.4.1983 во Прилеп. Средно образование завршила во Скопје, во 2002. Со високо образование се стекнала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Катедрата за преведување и толкување. Дипломирала на 26.9.2006 година, со просечен успех 9,82. Кандидатката активно се служи со англискиот, францускиот и со српскиот јазик.

Во учебната 2007/2008 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на студиската програма Наука за јазик. Студиите ги завршила во 2009 година, со просечен успех 10,00. Во 2008 година започнала да работи како лектор по англиски јазик на Катедрата за преведување и толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. На 22.9.2009 година го одбранила магистерскиот труд на тема: *Јазикоѿ во анīлискиоѿ ориīинал и македонскиоѿ ӣревод на „Даблинци“ од Џојс.*

Докторска дисертација пријавила на 11.4.2011 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Дисертацијата на тема: *Преведување експресивна лексика: ӣроблеми и ӣредизвици – врз ӣримери на книжевни ӣреводи од анīлиски на македонски јазик* ја одбранила на 13.3.2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Солзица Поповска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, проф. д-р Томислав Треневски, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, проф. д-р Драги Михајловски, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, проф. д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и проф. д-р Емилија Саржоска-Георгиевска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, и се стекнала со звањето доктор на филолошки науки. На редовната седница на Наставно-научниот совет одржана на 3.6.2015 година е избрана во звањето доцент на Катедрата за преведување и толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, за предметите: Англиски јазик, Подготовка за преведување и толкување, Двонасочно толкување и Преведување од македонски на англиски јазик и обратно.

На редовната седница на Наставно-научниот совет одржана на 25.3.2020 година е избрана во звањето вонреден професор на Катедрата за преведување и толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во наставно-научните области: англистика (Англиски јазик), преведување (Теорија на преведувањето и толкувањето, Подготовка за

преведување и толкување) и толкување (Двонасочно толкување). Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1029 од 15.2.2020 година.

Кога станува збор за практиката од областа на преведувањето и толкувањето, во текот на својата професионална кариера, д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска до сега работела на повеќе преведувачки проекти, а била ангажирана и како толкувач на настани, конференции, семинари и симпозиуми во Македонија и во странство. Во периодот од 2020 до 2024 година, д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска учествувала на повеќе настани од научен карактер дома и во странство и објавила бројни публикации од областа на транслатологијата. Во фокусот на нејзиниот интерес е проблематиката поврзана со книжевниот превод, културолошките аспекти на преведувањето, како и оценувањето на квалитетот на преводот. Сите нејзини трудови од овие области се објавени во научни списанија и во зборници на трудови во Република Северна Македонија и во странство.

Детален преглед на активностите на д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска во периодот од 2020 до 2024 година е даден во Образец 2 како прилог кон Извештајот за избор во наставно-научно, научно и наставно-стручно звање.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

### 2.1. Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, кандидатката д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиската програма Преведување и толкување, по предметите: Англиски јазик 1Б, Англиски јазик 2Б, Подготовка за преведување и толкување, Двонасочно толкување, Теорија на преведувањето и толкувањето 1 и Теорија на преведувањето и толкувањето 2, и на втор циклус студии во рамките на Мастерот по конференциско толкување, по предметите: Консекутивно толкување 1, Симултано толкување 1, Консекутивно толкување 2 и Симултано толкување 2.

Од другите активности на д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска во наставно-образовната дејност, како особено важно го издвојуваме нејзиното учество како предавач на работилницата „Методи на предавање терминологија во наставата по преведување и/или толкување“, одржана во 2021 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска била ментор на 2 дипломски труда, а учествувала и како член во Комисија за оцена/или одбрана на 46 дипломски и 2 магистерски труда.

Кандидатката редовно одржува консултации со студенти за предметите за кои е ангажирана на првиот и на вториот циклус студии. За потребите на студентите на вториот циклус студии по конференциско толкување, кандидатката изработила пакети материјали потребни за предметите: Консекутивно толкување и Симултано толкување.

Повеќе детали за наставно-образовната дејност на д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска може да се видат во прилогот кон овој Реферат (Образец – Анекс 2).

### 2.2. Научноистражувачка дејност

Паралелно со нејзината наставна дејност, д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска перманентно работи на своето научно усовршување, истражувајќи и проучувајќи теми од областа на транслатологијата.

Во изминатиот петгодишен период, д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска има објавено вкупно 12 научни труда од областа на транслатологијата, од кои 3 научни труда со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование, 1 труд со оригинални

научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал „Математика“, или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование, 3 труда со оригинални научни резултати објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови, 1 труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД, 2 труда со оригинални научни/стручни резултати објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји, 1 труд во меѓународна научна публикација и 1 труд објавен во зборник на трудови на високообразовна установа.

Во фокусот на нејзиниот интерес е проблематиката поврзана со книжевниот превод, културолошките аспекти на преведувањето, преводната стилистика, како и оценувањето на квалитетот на преводот. Во своите трудови, таа дава осврт на различни аспекти од горенаведените области.

Во поткрепа на кажаното, по хронолошки редослед, почнувајќи од најстарите трудови, даден е преглед на публикациите во научни списанија:

- Gj. Atanasovska K., Cvetkoski V. (2020). Зависните имперфектни да-конструкции и нивните англиски корелати. Slavia Centralis, 13(1), 69–82. https://doi.org/10.18690/scn.13.1.69–82.2020
- Китановска-Кимовска, С. Ѓурчевска Атанасовска, К. (2020). *Нормите во македонскиот книжевен систем: анализа на улогата на преводите од Шекспир на Михајловски*. Слависитчки студии бр. 20, стр. 267-275.
- Арсов, Б., Ѓурчевска Атанасовска, К. (2020). Сегашниот партицип со прилошка функција во англискиот и неговите корелати на македонски јазик. Зборник на трудови од меѓународниот научен собир „Претходниците како современици“ и „Македонскиот јазик во споредбените лингвистички истражувања“, во рамките на манифестацијата „Денови на Благоја Корубин“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Книга 31, стр. 155-166.
- Sazdovska-Pigulovska, M., Gjurčevska-Atanasovska, K. (2021). *Introducing Cooperative Learning in the English Language Classroom and Progress Tracking*. Journal of Contemporary Philology, *4*(1), 59–78. https://doi.org/10.37834/JCP21410059sp
- Borče Arsov, Katarina Gjurčevska-Atanasovska. (2021). (дел од монографија објавена во странство). *Рашко и Мирко и уште неколку лексички особености на преводот на збирката раскази „Викајте ме Естебан“ од Лејла Каламуиќ од босански на македонски јазик*. Monograph Slavistična prepletanja 2, pp. 133-150. https://doi.org/10.18690/um.ff.4.2022
- Саздовска-Пигуловска, М., Поповска, С., Ѓурчевска-Атанасовска К., Гавриловска, С. (2021). *Осовременување на методите и техниките во наставата по стручен јазик на терминологија на интердисциплинарни студии по преведување и толкување*. Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Книга 46, стр. 141-155
- Gj. Atanasovska K., Cvetkoski V. (2022). Англиските герунд-партиципни дел-реченици и нивните македонски еквиваленти. Slavia Centralis, 15(1), 201–219. https://doi.org/10.18690/scn.15.1.201–219.2022
- Gjurchevska Atanasovska K., Kitanovska-Kimovska, S. (2022). *Translating Expressive Language: Some Socio-Cultural Insights*. SKASE Journal of Translation and Intepretation, 15(1), p. 23-32
- Kitanovska-Kimovska, S., Gjurchevska Atanasovska, K., Popovska, S., Cvetkoski, V. (2023). *Empowering Teachers and Students to Cope with the Stress of Online Teaching and Learning: Findings from a Pilot Project on Psychosocial Support in the Language and Translation Classroom*. The Journal of Teaching English for Specific and Academic Purposes, 11(1), pp. 175-189. https://doi.org/10.22190/JTESAP221221011K

- Ѓурчевска Атанасовска, К., Арсов, Б. (2023). *Глаголскиот прилог во расказите „Лозје“ и „Потез“ на Блаже Конески и неговите преводни еквиваленти во преводите на англиски јазик.* Зборник на трудови од Меѓународниот научен собир „100 години Блаже Конески и 75 години Филолошки факултет“, декември 2021, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, стр. 139-146
- Kitanovska-Kimovska S., Cvetkoski V., Gjurchevska-Atanasovska K., Popovska S. (2023). *Introducing well-being to the translation classroom: Insights from the trenches of COVID-19.* Current Trends in Translation Teaching and Learning E, 10, 132–184. https://doi.org/10.51287/cttl20236
- Gjurchevska Atanasovska, K., Mickoski, N. (2024). Enhancing Emotional Intelligence in Interpreting Students: Possibilities and Perspectives. Journal of Contemporary Philology, 7(1), 71–84. https://doi.org/10.37834/JCP2471071gja

Д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска е коавтор на една монографија објавена во 2020 година, во странство, со наслов. *Classification and Translation of Idiomatic Expressions. Theory and Practice*, која се фокусира на фразеолошките изрази во различни сфери на употреба и на преведувачките стратегии за нивно преведување од еден на друг јазик со акцент на проблемите што настануваат при пренесување на културно-специфични фразеологизми и фразеологизми што се употребуваат во професионални контексти. Сознанијата и заклучоците во монографијата се базирани на современи теориски концепти и на корпусни проучувања на споредбени примери. Понатаму, д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска е коавтор и на една монографија објавена во Република Северна Македонија во 2024 година со наслов: *Translation Insights: From Literary to Specialised Translation*, која нуди сеопфатен пристап кон преведувањето од различни перспективи, потпирајќи се на теоретски и емпириски сознанија во однос на литературниот и професионалниот превод. Во неа се дадени корисни методолошки пристапи, како и релевантна референтна литература за проблематиката што се третира, поради што оваа монографија е вредно четиво за сите сегашни и идни професионалци во областа на теоријата и практиката на преведувањето.

Исто така, кандидатката учествувала во два национални проекта. Првиот проект со наслов: „Осовременување на методите и техниките во наставата по стручен јазик на интердисциплинарни студии по преведување и толкување“ е реализиран во периодот од 2020 до 2021 година и е финансиски поддржан од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и негова главна цел е подобрување на квалитетот на наставата по терминолошките предмети на сите три групи на кои се изучува терминологија на Катедрата за преведување и толкување (англиски, германски и француски јазик) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Вториот проект насловен „Психосоцијална поддршка на наставниците и на студентите на Филолошкиот факултет во услови на пандемија“, во организација на Комисијата за унапредување на наставата на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески”, е реализиран во периодот од 2021 до 2022 година, со цел наставниците и студентите да се подготват за справување со предизвиците поврзани со менталното здравје. Проектот беше координиран од клинички психолог, кој е реномиран практичар и истражувач од областа на менталното здравје на младите, со специјалност од областа на психологијата на траума.

Во 2021 година, на покана на Одделот за англистика на Факултетот за хуманистички науки при Универзитетот „Константин Преславски“ во Шумен, Бугарија, кандидатката одржала предавање со наслов: „Translating Expressive Language: Some Socio-Cultural Insights“ во рамките на меѓународниот вебинар „Challenges and Solutions in Translation“.

Во 2023 година, од печат излегува нејзиниот превод на збирката раскази „Даблинци“ од Џејмс Џојс, на македонски јазик, во издаваштво на „Макавеј“ од Скопје.

Д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска учествувала на повеќе научни конференции и симпозиуми во странство и во Република Северна Македонија, како што се:

- Четврта меѓународна конференција за научни славистички размислувања со наслов „Предизвиците на славистиката во XXI век“, во организација на Катедрата за словенски јазици и книжевности при Филозофскиот факултет во Марибор, во соработка со Славистичкото друштво во Марбор (2021);

- Меѓународен научен собир „100 години Блаже Конески и 75 години Филолошки факултет“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2021);
- Десетти конгрес на Европското здружение за транслатологија, Универзитет во Осло, Норвершка (2022);
- 50. Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Охрид, Република Северна Македонија (2023).

Повеќе детали за научноистражувачката дејност на д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска може да се видат во прилогот кон овој Реферат (Образец – Анекс 2).

**2.3. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Катедрата за преведување и толкување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Од особено значење е тоа што кандидатката е коавтор на содржините во рецензираната публикација „Нови, безбедни простори: Прирачник за наставници од Проектот за психосоцијална поддршка на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и на „Прирачникот со наставни активности по терминолошки предмети во наставата по преведување и толкување“. И двете публикации се изданија на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Кандидатката д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска остварила бројни експертски активности. Од особено значење е учеството на онлајн обука за наставници (Training of Trainers ToT) во рамките на мастер курсот по Конференциско толкување, организирана во соработка со Генералниот директорат за толкување на Европската Унија, во јануари 2022 година, учеството во годишните конференции на Здружението на преведувачи и толкувачи на Република Северна Македонија, учеството на онлајн конференцијата за професионален развој, во организација на Oxford University Press (ELTOC) во 2021 година, како и на Втората меѓународна конференција за толкување на Баптистичкиот универзитет во Хонг Конг, во заедничка организација на Центарот за преведување и Катедрата за преведување, толкување и интеркултурни студии при Баптистичкот универзитет во Хонг Конг, во април 2021 година.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на факултетските комисии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, како член на комисија за спроведување постапка за избор на декан, повеќекратен член на комисии за избор на демонстратори на Катедрата за преведување и толкување и како член на комисија за попис на Катедрата за преведување и толкување. Била член на 5 рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научни звања.

Повеќе детали за стручно-апликативната дејност и дејностите од поширок интерес на д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска може да се видат во прилогот кон овој реферат (Образец – Анекс 2).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научните области: англиски јазик (6.02.01.16) и преведување и толкување (6.02.01.31).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Катарина Ѓурчевска Атанасовска да биде избрана во звањето **редовен професор** во научните области: англиски јазик (6.02.01.16) и преведување и толкување (6.02.01.31).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Солзица Поповска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, член, с.р.**
**Проф. д-р Емилија Саржоска-Георгиевска, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Катарина Ѓорѓи Ѓурчевска-Атанасовска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески“**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: англиски јазик (6.02.01.16)** и **преведување и толкување (6.02.01.31)**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,82.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00.<br>Просечниот успех изнесува __________за интегрираните студии. | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: англиски јазик (6.02.01.16) и преведување и толкување (6.02.01.31); поле: јазици и книжевности; подрачје: хуманистички науки. | да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: Slavia Centralis (SCN)<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: Зависните имперфектни да-конструкции и нивните англиски крелати<br>4. Година на објава: 2020<br><br>1. Назив на научното списание: Slavia Centralis (SCN)<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: Англиските герунд-партиципни дел-реченици и нивните македонски еквиваленти | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Година на објава: 2022<br><br>1. Назив на научното списание: Current Trends in Translation Teaching and Learning E<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco, Web of Science<br>3. Наслов на трудот: Introducing well-being to the translation classroom: Insights from the trenches of COVID-19<br>4. Година на објава: 2023<br><br>1. Назив на научното списание: The Journal of Teaching English for Specific and Academic Purposes<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Scopus<br>3. Наслов на трудот: Empowering Teachers and Students to Cope with the Stress of Online Teaching and Learning: Findings from a Pilot Project on Psychosocial Support in the Language and Translation Classroom<br>4. Година на објава: 2023 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: Славистички студии<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 7 (Македонија 2, Руска Федерација 1, Србија 1, Полска 1, Австрија 1, Чешка 1 )<br>3. Наслов на трудот: Нормите во македонскиот книжевен систем: анализа на улогата на преводите од Шекспир на Михајловски.<br>4. Година на објава: 2020<br><br>1. Назив на научното списание: Journal of Contemporary Philology<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 24 (Македонија 8, Руска Федерација 2, Иран 1, Белгија 1, Данска 1, Романија 1, САД 1, Канада 1, Шпанија 1, Франција 1, Полска 2, Хрватска 1, Германија 1, Србија 1, Италија 1)<br>3. Наслов на трудот: Introducing Cooperative Learning in the English Language Classroom and Progress Tracking (at the Department of Translation and Interpreting in Skopje)<br>4. Година на објава: 2021<br><br>1. Назив на научното списание: Journal of Contemporary Philology<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 24 (Македонија 8, Руска Федерација 2, Иран 1, Белгија 1, Данска 1, Романија 1, САД 1, Канада 1, | да |

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| | Шпанија 1, Франција 1, Полска 2, Хрватска 1, Германија 1, Србија 1, Италија 1)<br>3. Наслов на трудот: Enhancing Emotional Intelligence in Intepreting Students: Possibilities and Perspectives<br>4. Година на објава: 2024 | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br><br>1. Назив на научното списание: SKASE Journal of Translation and Interpretation<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Словачка<br>3. Наслов на трудот: Translating Expressive Language: Some Socio-Cultural Insights.<br>4. Година на објава: 2022 | да |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br><br>1. Наслов на книгата: Slavistična prepletanja 2<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Словенија<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: University of Maribor Press, 2022, Maribor, Slovenia | да |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: _______<br>2. Назив на меѓународниот собир: ____________<br>3. Имиња на земјите: _________<br>4. Наслов на трудот: _____________<br>5. Година на објава: _____________ | |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: Даблинци<br>2. Датум на објава: август 2023 _____________<br>3. Издавач, место на издавање и година: Макавеј, Скопје, 2023 | да |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br><br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: Translation Insights: From Literary to Specialised Translation<br>2. Место и година на објава: Makavej, Skopje, 2024 | да |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 15.2.2020, бр. 1209 | 15.2.2020, Број на билтен 1209 |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Солзица Поповска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, член, с.р.**
**Проф. д-р Емилија Саржоска-Георгиевска, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Катарина Ѓорѓи Ѓурчевска-Атанасовска**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: англиски јазик (6.02.01.16)** и **преведување и толкување (6.02.01.31)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус студии**<br><br>**Летен семестар 2019/2020**: 8x15x0.04 = 4.8<br>Англиски јазик 2Б (4+2)<br>Двонасочно толкување (0+2)<br><br>**Зимски семестар 2020/2021**: 10x15x0.04 = 6<br>Англиски јазик 1Б (4+2)<br>Подготовка за ПиТ (1+1)<br>Теорија на ПиТ 1 (0+2)<br><br>**Летен семестар 2020/2021**: 10x15x0.04= 6<br>Англиски јазик 2Б (4+2)<br>Двонасочно толкување (0+2)<br>Теорија на ПиТ 2 (0+2)<br><br>**Зимски семестар 2021/2022**: 10x15x0.04 = 6<br>Англиски јазик 1Б (4+2)<br>Подготовка за ПиТ (1+1)<br>Теорија на ПиТ 1 (0+2)<br><br>**Летен семестар 2021/2022**: 10x15x0.04 = 6<br>Англиски јазик 2Б (4+2)<br>Двонасочно толкување (0+2)<br>Теорија на ПиТ 2 (0+2)<br><br>**Зимски семестар 2022/2023**: 10x15x0.04 = 6<br>Англиски јазик 1Б (4+2)<br>Подготовка за ПиТ (1+1)<br>Теорија на ПиТ 1 (0+2)<br><br>**Летен семестар 2022/2023**: 10x15x0.04) = 6<br>Англиски јазик 2Б (4+2)<br>Двонасочно толкување (0+2)<br>Теорија на ПиТ 2 (0+2)<br><br>**Зимски семестар 2023/2024**: 10x15x0.04 = 6<br>Англиски јазик 1Б (4+2)<br>Подготовка за ПиТ (1+1)<br>Теорија на ПиТ 1 (0+2) | 52.8 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Летен семестар 2023/24**: 10x15x0.04 = 6<br>Англиски јазик 2Б (2+2)<br>Двонасочно толкување (0+2)<br>Теорија на ПиТ 2 (0+2)<br>Подготовка за ПиТ (1+1)<br><br>**Одржување на настава на втор циклус студии (Мастер по конференциско толкување)**<br><br>Зимски семестар 2021/2022) – 1x15x0.05 = 0.75<br>(летен семестар 2021/2022) – 1x15x0.05 = 0.75<br>(зимски семестар 2023/2024) – 1x15x0.05 = 0.75<br>(летен семестар 2023/2024) – 1x15x0.05 = 0.75 | 3 |
| 2. | **Настава во школи и работилници (учесник):** 1x1= 1<br><br>- предавач во рамките на работилницата *Методи на предавање терминологија во наставата по преведување и/или толкување*, во рамките на проектот „Осовременување на методите и техниките во наставата по стручен јазик на интердисциплинарни студии по преведување и толкување“, одржана на 19.6.2021, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје | 1 |
| 3. | **Подготовка на нов предмет:** 4x0.5 = 2<br><br>Симултано толкување 1 – вежби (Мастер по конференциско толкување)<br>Консекутивно толкување 1 – вежби (Мастер по конференциско толкување)<br>Симулатно толкување 2 – вежби (Мастер по конференциско толкување)<br>Консекутивно толкување 2 – вежби (Мастер по конференциско толкување) | 2 |
| 4. | **Консултации со студенти:**<br><br>летен семестар 2019/2020 – 50x0.002 = 0.1<br>зимски семестар 2020/2021 – 50x0.002 = 0.1<br>летен семестар 2020/2021 – 50x0.002 = 0.1<br>зимски семестар 2021/2022 – 50x0.002 = 0.1<br>летен семестар 2021/2022 – 50x0.002 = 0.1<br>зимски семестар 2022/2023 – 70x0.002 = 0.14<br>летен семестар 2022/2023 – 70x0.002 = 0.14<br>зимски семестар 2023/2024 – 80x0.002 = 0.16<br>летен семестар 2023/2024 – 80x0.002 = 0.16 | 1.1 |
| 5. | **Ментор на дипломска работа:** 2x0.2 = 0.4 | 0.4 |
| 6. | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд:** 2x0.3 = 0.6 | 0.6 |
| 7. | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа:** 48x0.1=4.8 | 4.8 |
| 8. | **Пакет материјали за одреден предмет:** 4x1 = 4<br><br>- За предметот Симултано толкување 1 (Мастер по конференциско толкување)<br>- за предметот Консекутивно толкување 1 (Мастер по конференциско толкување) | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | - за предметот Симулатно толкување 2 (Мастер по конференциско толкување)69.7<br>- за предметот Консекутивно толкување 2 (Мастер по конференциско толкување) | |
| | **Вкупно** | **69.7** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Учесник во национален научен проект:** 2x3=6<br><br>- учество во проектот „Осовременување на методите и техниките во наставата по стручен јазик на интердисциплинарни студии по преведување и толкување”. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2020)<br><br>- учество во проектот „Психосоцијална поддршка на наставниците и на студентите на Филолошкиот факултет во услови на пандемија“, во организација на Комисијата за унапредување на наставата на Филолошкиот факултет ,,Блаже Конески” во Скопје (2021) | 6 |
| **2.** | **Монографија:** 1x7.2 = 7.2<br><br>- Gjurchevska Atanasovska, Katarina., Sazdovska-Pigulovska Milena. (2024). *Translation Insights: From Literary to Specialised Translation*. ISBN 978-608-205-544-2. Makavej, Skopje, Republic of North Macedonia | 7.2 |
| **3.** | **Монографија објавена во странство:** 1x10.8 = 10.8<br><br>- Sazdovska Pigulovska, Milena., Gjurchevska Atanasovska, Katarina. (2020). *Classification and Translation of Idiomatic Expressions. Theory and Practice.* ISBN 978-620-2-51774-4, LAP Lambert Academic Publishing, Latvia & Mauritius | 10.8 |
| **4.** | **Дел од монографија објавен во странство:** 1x5.4 = 5.4<br><br>- Borče Arsov, Katarina Gjurčevska-Atanasovska. (2021). *Рашко и Мирко и уште неколку лексички особености на преводот на збирката раскази „Викајте ме Естебан“ од Лејла Каламуиќ од босански на македонски јазик.* Monograph Slavistična prepletanja 2, pp. 133-150. https://doi.org/10.18690/um.ff.4.2022 | 5.4 |
| **5.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:** 1x3 = 3<br><br>- Kitanovska-Kimovska S., Cvetkoski V., Gjurchevska-Atanasovska K., Popovska S. (2023). *Introducing well-being to the translation* | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | *classroom: Insights from the trenches of COVID-19*. Current Trends in Translation Teaching and Learning E, *10*, 132–184. https://doi.org/10.51287/cttl20236 | |
| **6.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:** 1x7.2+1.5+1x7.2+0.86+1x4.8+0.7 = 22.26<br><br>- Gj. Atanasovska K., Cvetkoski V. (2020). *Зависните имперфектни да-конструкции и нивните англиски корелати*. Slavia Centralis, *13*(1), 69–82. https://journals.um.si/index.php/slaviacentralis/issue/view/131<br><br>- Gj. Atanasovska K., Cvetkoski V. (2022). *Англиските герунд-партиципни дел-реченици и нивните македонски еквиваленти*. Slavia Centralis, *15*(1), 201–219. https://journals.um.si/index.php/slaviacentralis/issue/view/207<br><br>- Kitanovska-Kimovska, S., Gjurchevska Atanasovska, K., Popovska, S., Cvetkoski, V. (2023). *Empowering Teachers and Students to Cope with the Stress of Online Teaching and Learning: Findings from a Pilot Project on Psychosocial Support in the Language and Translation Classroom*. The Journal of Teaching English for Specific and Academic Purposes, *11*(1), pp. 175-189. https://doi.org/10.22190/JTESAP221221011K | 7.2+1.5 и.ф.<br><br>7.2+0.86 и.ф.<br><br>4.8+0.7 и.ф. |
| **7.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови:** 3x4.5 = 13.5<br><br>- Sazdovska-Pigulovska, M., Gjurčevska-Atanasovska, K. (2021). *Introducing Cooperative Learning in the English Language Classroom and Progress Tracking*. Journal of Contemporary Philology, *4*(1), 59–78. https://doi.org/10.37834/JCP21410059sp<br><br>- Китановска-Кимовска, С. Ѓурчевска Атанасовска, К. (2020). *Нормите во македонскиот книжевен систем: анализа на улогата на преводите од Шекспир на Михајловски*. Слависитчки студии бр. 20, стр. 267-275. https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/26667<br><br>- Gjurchevska Atanasovska, K., Mickoski, N. (2024). *Enhancing Emotional Intelligence in Interpreting Students: Possibilities and* | 13.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Perspectives*. Journal of Contemporary Philology, *7*(1), 71–84. https://doi.org/10.37834/JCP2471071gja | |
| **8.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД:** 1x4.5 = 4.5<br><br>- Gjurchevska Atanasovska K., Kitanovska-Kimovska, S. (2022). *Translating Expressive Language: Some Socio-Cultural Insights*. SKASE Journal of Translation and Interpretation, *15*(1), p. 23-32. http://www.skase.sk/Volumes/JTI22/pdf_doc/03.pdf | 4.5 |
| **9.** | **Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност:** 1x5 = 5<br><br>- Џојс, Џ. (2023). *Даблинци*. Превод на Катарина Ѓурчевска Атанасовска. Макавеј, Скопје | 5 |
| **10.** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји:** 2x2.7 = 5.4<br><br>- Арсов, Б., Ѓурчевска Атанасовска, К. (2020). *Сегашниот партицип со прилошка функција во англискиот и неговите корелати на македонски јазик*. Зборник на трудови од меѓународниот научен собир „Претходниците како современици“ и „Македонскиот јазик во споредбените лингвистички истражувања“ во рамките на манифестацијата „Денови на Благоја Корубин“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Книга 31, стр. 155-166. https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/30293<br><br>- Ѓурчевска Атанасовска, К., Арсов, Б. (2023). *Глаголскиот прилог во расказите „Лозје“ и „Потез“ на Блаже Конески и неговите преводни еквиваленти во преводите на англиски јазик*. Зборник на трудови од Меѓународниот научен собир „100 години Блаже Конески и 75 години Филолошки факултет“, декември 2021, Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, стр. 139-146. https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/30294 | 5.4 |
| **11.** | **Труд објавен во зборник на трудови на в.о. установа:** 1x1.2 = 1.2<br><br>- Саздовска–Пигуловска, М., Поповска, С., Ѓурчевска - Атанасовска К., Гавриловска, С. (2021). *Осовременување на методите и техниките во наставата по стручен јазик на терминологија на интердисциплинарни студии по преведување и толкување*. Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески”, Книга 46, стр. 141-155. https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/30296 | 1.2 |
| **12.** | **Одржано предавање по покана на универзитет:** 1x1 = 1<br><br>- одржано предавање со наслов *„Translating Expressive Language: Some Socio-Cultural Insights“* на меѓународниот вебинар „Challenges and Solutions in Translation“ на покана на Одделот за англистика на Факултетот за хуманистички науки при | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Универзитетот „Константин Преславски“ во Шумен, Бугарија (17 април 2021, онлајн) | |
| **13.** | **Учество на научен/стручен собир со реферат:** 4x1 = 4<br><br>- (13 – 15 мај 2021, онлајн) учество на Четвртата меѓународна конференција за научни славистички размислувања со наслов *„Предизвиците на славистиката во XXI век“*, во организација на Катедрата за словенски јазици и книжевности при Философскиот факултет во Марибор во соработка со Славистичкото друштво во Марбор;<br><br>- (декември 2021) учество на Меѓународниот научен собир *„100 години Блаже Конески и 75 години Филолошки факултет“*, Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје;<br><br>- (мај 2022, онлајн) учество на Десеттиот конгрес на Европското здружение за транслатологија, Универзитет во Осло, Норвершка<br><br>- (1 – 3 септември 2023) учество на 50. Меѓународна научна конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Охрид, Република Северна Македонија | 4 |
| | **Вкупно** | **89.26** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Книга од стручна област:** 2x7 = 14<br><br>- (коавтор). *Прирачник со наставни активности по терминолошки предмети во наставата по преведување и толкување*. ISBN: 978-608-234-078-4. Скопје 2021. Филолошки факултет „Блаже Конески“. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.<br><br>- (коавтор). *Нови, безбедни простори – Прирачник за наставници од Проектот за психосоцијална поддршка на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“*. [Е-издание]. Скопје 2024: Филолошки факултет „Блаже Конески“. https://flf.ukim.mk/izdavacka-dejnost/ | 14 |
| 2. | **Експертски активности:**<br><br>**Обуки:** 1x1 = 1<br><br>- онлајн обука за наставници (Training of Trainers ToT) во рамките на мастер курсот по Конференциско толкување, организиран во соработка со Генералниот директорат за толкување на Европската Унија (25 и 26 јануари 2022)<br><br>**Конференции:** 6x1 = 6<br><br>- учество на Осмата годишна конференција на Здружението на преведувачи и толкувачи на РСМ, ноември 2020 (онлајн); | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | - учество на Деветтата годишна конференција на Здружението на преведувачи и толкувачи на РСМ, ноември 2021 (онлајн)<br><br>- учество на Десеттата годишна конференција на Здружението на преведувачи и толкувачи на РСМ, ноември 2022, Куманово, Република Северна Македонија;<br><br>- учество на Единаесеттата годишна конференција на Здружението на преведувачи и толкувачи на РСМ, 18 ноември 2023, Јуроп Хаус, Скопје, РСМ;<br><br>- учество на Конференција за професионален развој, во организација на Oxford University Press (ELTOC, 25 – 27 февруари 2021, онлајн)<br><br>- учество на Втората меѓународна конфренција за толкување на Баптистичкиот универзитет во Хонг Конг, во заедничка организација на Центарот за преведување и Катедрата за преведување, толкување и интеркултурни студии при Баптистичкот универзитет во Хонг Конг (8 – 9 април 2021, онлајн)<br><br>**- Работилници:** 1x1 = 1<br><br>- учество на претконференциска работилница во рамките на Втората меѓународна конефенција за толкување на Баптистичкиот универзитет во Хонг Конг, во заедничка организација на Центарот за преведување и Катедрата за преведување, толкување и интеркултурни студии при Баптистичкот универзитет во Хонг Конг (7.4.2021, онлајн) | |
| 3. | **Учество во промотивни активности на Факултетот:** 1x0.5 = 0.5<br><br>Отворен ден на Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, на 12.4.2024 | 0.5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | **<u>Член на факултетска комисија:</u>** 1x0.5+33x0.5+1x0.5 = 17.5<br><br>- член на Комисија за спроведување постапка за избор на декан: 1x0.5 = 0.5<br><br>- член на Комисија за избор на демонстратор: 33x0.5 = 16.5<br><br>- член на Комисија за попис: 1x0.5 = 0.5 | <br><br>0.5<br><br>16.5<br><br>0.5 |
| 2. | **Член на комисија за избор во звање:** 5x0.2 = 1 | 1 |
| | **Вкупно** | **41** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **69,7** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **89,26** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **41** |
| **Вкупно** | **199,96** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Солзица Поповска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Панова-Игњатовиќ, член, с.р.**
**Проф. д-р Емилија Саржоска-Георгиевска, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА УЧЕБНОТО ПОМАГАЛО ПРАКТИКУМ ПО УРБАНА ДЕНДРОЛОГИЈА, ПРВО ИЗДАНИЕ, ОД АВТОРОТ ВОНР. ПРОФ. Д-Р БОЈАН СИМОВСКИ

Наставно-научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ во Скопје, на својата шеста редовна седница одржана на 8.7.2024 година, донесе Одлука бр. 02-237/8 со која нè избра за рецензенти на учебното помагало *Практикум по Урбана дендрологија*, од авторот вонр. проф. д-р Бојан Симовски.

Со наведената одлука за рецензенти сме избрани проф. д-р Јане Ацевски и д-р Улрих Пицарка (Dr. Ulrich Pietzarka), кои заеднички го поднесуваат следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**ЗАЕДНИЧКИ ДЕЛ**

| | |
|---|---|
| **Назив на учебното помагало** | *Практикум по Урбана дендрологија* |
| **Име и презиме на авторот** | вонр. проф. д-р Бојан Симовски |
| **Назив на предметната програма за која се однесува** | Урбана дендрологија |
| **Назив на студиската програма** | Пејзажна архитектура |
| **Фонд на часови настава и вежби и ЕКТС-кредити** | 3+2/75, 2/30 (број на контакт часови во седмица и семестар), 6 ЕКТС-кредити |
| **Број на студенти во една генерација кои ќе го користат предложеното учебно помагало** | 13 (просечен број студенти во последните пет години) |
| **Дали се работи за прво издание или не** | прво издание |
| **Предлог за начинот на издавање на секој поединечен наслов (печатена или електронска форма). За издавање во електронска форма е потребна согласност од авторот** | електронска форма (дигитален формат) |
| **Предлог за тираж, формат, број на страници и прилози во боја за секој предложен наслов** | формат А4, 28 страници |
| **Општи податоци за учебното помагало (број на страници, прилози, заглавија/делови и сл.)** | А4-формат, 28 страници, 11 фотографии, 6 заглавија (вклучително и воведното) |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Јане Ацевски, с.р.**
**Д-р Улрих Пицарка (Dr. Ulrich Pietzarka), с.р.**

**ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЈАНЕ АЦЕВСКИ**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Практикумот за предметот Урбана дендрологија, наменет за студентите на студиската програма Пејзажна архитектура, но и за останатите студенти на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг и заинтересирани за областа дендрологија и фитоценологија, е напишан на македонски јазик, на високо техничко рамниште на вкупно 28 страници компјутерски обработен текст во формат А4, во фонт „SkolaSerifCnOffc“, со 1,15 проред и големина на букви 12, со 11 употребени фотографии.<br>Трудот е структуриран во 6 заглавија, вклучително и воведот.<br>Во содржината се опфатени почесто користените дрвја, грмушки и ползавци од автохтоната и алохтоната дендрофлора во урбаното озеленување, со посебен осврт на култиварите кои се користат во урбаните и периурбаните средини.<br>Секое од заглавијата се однесува на различна група украсна дендрофлора, групирани на тој начин да бидат полесно применливи по изучувањето: Ползава урбана дендрофлора, Грмушеста урбана дендрофлора, Урбана дендрофлора за зелени огради, Урбана дендрофлора за каменести градини и Урбана дендрофлора за дрвореди.<br>Суштинските пет заглавија се систематизирани во точки со наслови, со што се обезбедува соодветно следење на градивото кое е обработено во содржината, опфатено според предметната програма. Секое заглавие започнува на нова страница, соодветно и концизно опишано и јасно илустрирано, по кое се предвидени прашања за проверка и утврдување на знаењата, а на соодветни места се наведени вежби од презентираната проблематика.<br>Дополнително, дел од содржината е поврзан со насоки за полесно совладување на градивото, објавени во виртуелната училница по предметот Урбана дендрологија на онлајн платформата *Google Classroom*, со што овој практикум добива интерактивност. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Содржината на учебното помагало произлегува од предметната програма и е целосно усогласена со неа. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Овој практикум е составен да биде соодветно учебно помагало за изведување на |

| | |
|---|---|
| | лабораториските и теренските вежби на кандидатите по предметот Урбана дендрологија и претставува солидна основа за примена на стекнатите знаења во останатите стручни предмети од повисоките студиски години на студиската програма Пејзажна архитектура. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Од увидот во трудот може да се заклучи дека е подготвен на едноставен и разбирлив јазик, кој го објаснува обработеното градиво.<br>Врз основа на изнесеното, ми претставува чест и задоволство овој практикум да го поддржам и да го предложам да се објави како учебно помагало по предметот Урбана дендрологија. |
| **Предлози за потребни корекции** | - |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини, утврдени со позитивните прописи во Република Северна Македонија** | Изјавувам дека во трудот не се содржат дискриминаторски содржини, утврдени со позитивните прописи во Република Северна Македонија. |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од овој правилник** | Изјавувам дека е мал процентот на промени согласно со член 27 од овој правилник. |
| **Други елементи** | - |

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Јане Ацевски, с.р.**

**ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: КУСТОС Д-Р УЛРИХ ПИЦАРКА (DR. ULRICH PIETZARKA)**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Трудот *Практикум по Урбана дендрологија,* наменет за кандидатите по предметот Урбана дендрологија од Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг, е напишан на македонски јазик, на високо техничко рамниште на вкупно 28 страници компјутерски обработен текст во формат А4, во фонт „SkolaSerifCnOffc“, со 1,15 проред и големина на букви 12, со 11 употребени фотографии.<br>Трудот е структуриран во 6 заглавија, од коишто 5 се однесуваат за реализација на вежби преку теоретска и практична настава.<br>Во содржината се нагласени морфоеколошките карактеристики и декоративните својства на често употребуваните голосеменици (Gymnospermae) и скриеносеменици (Angiospermae) до рамниште на култивар, како и нивна идентификација и детерминација. Посебен акцент е ставен на декоративните варијетети и форми, како и нивната способност за адаптација во урбаните средини и еколошки услови.<br>За практична примена на стекнатите знаења, вежбите се конципирани во групи растенија според соодветни морфоеколошки карактеристики и опфаќаат дрвенести ползавци, грмушки и дрвја за различни типови урбано озеленување, на начин што го поттикнува самостојното истражување.<br>Во трудот се развиени содржини во согласност со општите и конкретните цели на предметната програма, втемелени на научни факти, обработени на тој начин што на студентот му нудат современи и практични знаења преку усвојување нови и разбирливи поими. Едновремено, тие ќе придонесат за развивање на неговите способности и за поттикнување позитивен однос кон знаењето.<br>Текстуалните и визуелните прикази во трудот се прецизни и јасно разбирливи, приспособени на возраста на студентот, а употребената стручна терминологија е соодветна за секое од заглавијата.<br>Исто така, соодветно на обласата на обработената содржина во трудот, користени се кратенки, симболи и знаци нормирани во стандардите на македонскиот јазик, односно мерните единици во согласност со мерниот систем „SI“. |

| | |
|---|---|
| | Содржината е поврзана и со онлајн училницата креирана во *Google Classroom* по предметот Урбана дендрологија, со карактер на интерактивност. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Содржината на учебното помагало произлегува од предметната програма и е целосно усогласена со неа. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Трудот претставува одлично практично учебно помагало за изведување на вежбите по предметот Урбана дендрологија. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Врз основа на досега изнесеното, може да се заклучи дека овој практикум ги исполнува сите услови за оваа категорија труд и со задоволство предложувам да се објави како учебно помагало по предметот Урбана дендрологија. |
| **Предлози за потребни корекции** | - |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски содржини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | Изјавувам дека во трудот не се содржат дискриминаторски содржини, утврдени со позитивните прописи во Република Северна Македонија. |
| **Изјава за процентот на промените согласно со член 27 од овој правилник** | Изјавувам дека е мал процентот на промени согласно со член 27 од овој правилник. |
| **Други елементи** | - |

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Д-р Улрих Пицарка (Dr. Ulrich Pietzarka), с.р.**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Земјоделскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 18.10.2024 година, за избор на едно лице во сите научни звања во научното поле природно-математички науки, научно подрачје: хемија, област: аналитичка хемија и врз основа на Одлуката на Научниот совет бр. 0202-510/3, донесена на 6.11.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Јулијана Цветковиќ, редовен професор на УКИМ, Земјоделски институт – Скопје, проф. д-р Трајче Стафилов, редовен професор во пензија на УКИМ, Природно-математички факултет – Скопје и проф. д-р Горан Миланов, редовен професор на УКИМ, Земјоделски институт – Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) аналитичка хемија, во предвидениот рок се пријави д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски е родена на 8.11.1979 година, во Охрид. Средно образование завршила во 1998 година, во УСО „Св. Климент Охридски“ во Охрид. Со високо образование се стекнала на Природно-математичкиот факултет, Институт за хемија – наставна насока во јули 2004 година, а подоцна и применета насока со просечен успех 8,34.

Во учебната 2004/2005 година се запишала на втор циклус (постдипломски – специјалистички) студии на УКИМ, Природно-математички факултет, Институт за хемија, во Скопје. Студиите ги завршила во 2006 година, со просечен успех 10,0. На 5.7.2006 година го одбранила специјалистичкиот труд на тема: „Сепарирање на елементи во траги од минерали на бакар и железо и нивно определување со атомска апсорпциона спектрометрија“.

Во учебната 2006/2007 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на УКИМ, Природно-математички факултет, Институт за хемија, во Скопје. Студиите ги завршила во 2009 година, со просечен успех 10,0. На 30.1.2009 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Методи за определување на траги од елементи во минерали и соли на бакар, железо и манган со неутронска активациона анализа и атомска апсорпциона спектрометрија“.

Докторска дисертација пријавила во декември 2009 година на Природно-математичкиот факултет, Институт за хемија, во Скопје. Дисертацијата на тема: **Методи за определување на траги од елементи во минерали и соли со спектроскопски и радиохемиски техники** ја одбранила на 27.10.2014 година, пред Комисија во состав: д-р Катерина Чундева, редовен професор на УКИМ, Природно-математички факултет – Скопје (во пензија), д-р Радојко Јаќимовиќ, научен советник на Институтот „Јожеф Стефан“ во Љубљана, Р Словенија, д-р Јулијана Цветковиќ, редовен професор на УКИМ, Земјоделски институт – Скопје, д-р Петре Макрески, вонреден професор на УКИМ, Природно-математички факултет – Скопје и д-р Трајче Стафилов, редовен професор на УКИМ, Природно-математички факултет – Скопје. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на хемиски науки.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во моментот е виш научен соработник на УКИМ, Земјоделски институт – Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1213 од 15.4.2020 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1014 од 1.9.2011, бр. 1057 од 1.7.2013, бр. 1105 од 15.8.2015 и бр. 1213 од 15.4.2020, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Земјоделски институт, кандидатката д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски изведува настава и вежби на втор циклус студии на студиската програма Енологија.

Кандидатката е автор на рецензирано учебно помагало под наслов „Практикум по анализа на вино и јаки алкохолни пијалаци“.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски во последните пет години има објавено вкупно единаесет научни трудови од обласата, од кои еден во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание), девет научни труда во меѓународни научни списанија и еден труд во зборник на трудови од меѓународен научен собир.

Д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски во последните пет години има учествувано на научни/стручни собири со осум постерски презентации. Учествувала како соработник во пет национални научни проекти.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Земјоделскиот институт во Скопје. Има земено учество во различни експертски активности, во развивање, валидација, верификација и акредитирање на методи за анализа на различни параметри во вино, како член на работни групи и како учесник и предавач на стручни семинари.

Кандидатката е член на уредувачки одбор на јубилејниот годишен зборник на Земјоделскиот институт по повод 80-годишнината и на уредувачки одбор за издавање на Монографија на УКИМ, Земјоделски институт, по повод 80-годишнината, како и член на организационен одбор на конференција на тема: Темјаника. Исто така, зела учество во комисија при избор на ректор, како и пописни комисии и јавни набавки на УКИМ – Земјоделски институт.

Д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски е раководител на Лабораторијата за вино и алкохолни пијалаци и Одделение за винарство, како и заменик-менаџер за квалитет по МКС ЕН ISO 17025:2018.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за научноистражувачката дејност, Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област аналитичка хемија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, д-р Милена Тасеска-Ѓорѓијевски да биде избрана во звањето редовен професор во научната област аналитичка хемија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јулијана Цветковиќ с.р.**
**Проф. д-р Трајче Стафилов с.р.**
**Проф. д-р Горан Миланов с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **МИЛЕНА ВЕЛИЧЕ ТАСЕСКА-ЃОРЃИЈЕВСКИ**
**Институција:** **УКИМ – ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ – СКОПЈЕ**
**Научна област:** **АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * <br><br> Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,34. <br> Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира <br><br> Назив на научната област: природно-математички науки; поле: хемија; подрачје: аналитичка хемија. | Да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование <br><br> 3.1.1. <br> 1. Назив на научното списание: Contributuions, Section of Natural, Mathematical and Biotechnical Sciences, MASA. <br> 2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco. <br> 3. Наслов на трудот: „COMPARATIVE RESEARCH OF CONTENT OF ANTIOXIDANT IN THE FRUITS OF SOME AUTOCHTONOUS VARIETIES OF FRUIT SPECIES, GRAPES AND VEGETABLES“. <br> 4. Година на објава: 2021. <br><br> 3.1.2. <br> 1. Назив на научното списание: Bulgarian Chemical Communications. <br> 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, SCImago Journal Rank. <br> 3. Наслов на трудот: „POLYPHENOL COMPOSITION OF WINE FROM THE VARIETY CABERNET SAUVIGNON“. <br> 4. Година на објава: 2022. | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3.1.3.<br>1. Назив на научното списание: Jurnal of Agriculture and Plant Sciences, JAPS.<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco.<br>3. Наслов на трудот: „COMPARATIVE STUDIES OF THE CONTENT OF ANTIOXIDANTS IN FRUITS OF SOME AUTHOCHTHONOUS CHERRY VARIETES“.<br>4. Година на објава: 2022.<br><br>3.1.4.<br><br>1. Назив на научното списание: Jurnal of Agriculture and Plant Sciences, JAPS.<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco.<br>3. Наслов на трудот: „CHEMICAL COMPOSITION OF SOME AUTOCHTHONOUS FRUIT SPECIES FROM MACEDONIA “.<br>4. Година на објава: 2023. | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>3.2.1.<br>1. Назив на научното списание: Jurnal of Agricultural, Food and Environmental Sciences, JAFES.<br>2. Меѓународен уредувачки одбор:<br>Вкупен број членови: (29)<br>Број и припадност по земји:<br>Р.С. Македонија (11), Србија (6), Хрватска (3), Босна и Херцеговина (2), Црна Гора (2), Бугарија (2), Словенија (2), Албанија (1).<br>3. Наслов на трудот: „EXAMINATION OF THE CONTENT OF SOME ANTIOXIDANT SUBSTANCES IN SOME AUTHOCHTONOUS GRAPEVINE VARIETES (*VITIS VINIFERA* L.*)* IN R.N. MACEDONIA“<br>4. Година на објава: 2021.<br><br>3.2.2.<br>1. Назив на научното списание: Jurnal of Agricultural, Food and Environmental Sciences, JAFES.<br>2. Меѓународен уредувачки одбор:<br>Вкупен број членови: (29)<br>Број и припадност по земји:<br>Р.С. Македонија (11), Србија (6), Хрватска (3), Босна и Херцеговина (2), Црна Гора (2), Бугарија (2), Словенија (2), Албанија (1).<br>3. Наслов на трудот: „INVESTIGATION OF ORGANOLEPTIC CHARACTERISTICS OF POMEGRANATE (*PUNICA GRANATUM* L.) VARIETIES “<br>4. Година на објава: 2022. | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3.2.3.<br>1. Назив на научното списание: Jurnal of Agricultural, Food and Environmental Sciences, JAFES.<br>2. Меѓународен уредувачки одбор:<br>Вкупен број членови: (29)<br>Број и припадност по земји:<br>Р.С. Македонија (11), Србија (6), Хрватска (3), Босна и Херцеговина (2), Црна Гора (2), Бугарија (2), Словенија (2), Албанија (1).<br>3. Наслов на трудот: „DETERMINATION OF SOME PARAMETERS IN WINE PRODUCED FROM CLONE AND POPULATION OF VRANEC VARIETY VINES “<br>4. Година на објава: 2022.<br><br>3.2.4.<br>1. Назив на научното списание: Agro-knowledge Journal/Агрознање<br>2. Меѓународен уредувачки одбор:<br>Вкупен број членови: (29),<br>Број и припадност по земји: Босна и Херцеговина (14), Италија (3), Србија (1), Р.С. Македонија (1), Хрватска (2), САД (1), Црна Гора (1), Република Чешка (1), Словенија (2), Шведска (1), Германија (1), Холандија (1).<br>3. Наслов на трудот: „A COMPARATIVE STUDY OF THE CONTENT OF SOME ANTIOXIDANTS IN THE FRUITS OF AUTOCHTHONOUS POMEGRANATE VARIETIES“.<br>4. Година на објава: 2022.<br><br>3.2.5.<br>1. Назив на научното списание: Agro-knowledge Journal/Агрознање<br>2. Меѓународен уредувачки одбор:<br>Вкупен број членови: (29),<br>Број и припадност по земји: Босна и Херцеговина (14), Италија (3), Србија (1), Р.С. Македонија (1), Хрватска (2), САД (1), Црна Гора (1), Република Чешка (1), Словенија (2), Шведска (1), Германија (1), Холандија (1).<br>3. Наслов на трудот: „COPPER MONITORING IN VINEYARD SOILS OF THE TIKVESH REGION, NORTH MACEDONIA“.<br>4. Година на објава: 2022.<br><br>3.2.6.<br>1. Назив на научното списание: Agro-knowledge Journal/Агрознање<br>2. Меѓународен уредувачки одбор:<br>Вкупен број членови: (29),<br>Број и припадност по земји: Босна и Херцеговина (14), Италија (3), Србија (1), Р.С. Македонија (1), Хрватска (2), САД (1), Црна Гора (1), Република Чешка (1), Словенија (2), Шведска (1), Германија (1), Холандија (1). | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: „EFFECT OF FOLIAR CALCIUM AND NITROGEN TREATMENTS ON YIELD AND FRUIT QUALITY OF TABLE GRAPES CV. 'CARDINAL“.<br>4. Година на објава: 2023. | |
| 3.3 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>Назив на зборникот: Proceedings 2022<br>Назив на меѓународниот собир: XXVI International eco-conference® 2022, XII Safe food, 21nd – 23th september 2022 Novi Sad<br>Имиња на земјите: Србија, Русија, Италија.<br>Наслов на трудот: „CONTENT OF SOME ANTIOXIDANTS IN THE FRUITS OF AUTOCHTHONOUS APPLE VARIETIES“<br>Година на објава: 2022 | Да |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи:<br>Објавен рецензиран универзитетски учебник:<br>„Лозови подлоги“<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2023 година<br>Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи:<br>Објавен рецензиран универзитетски учебник:<br>„Лозови подлоги“<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2023 година<br>Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи:<br>Објавено рецензирано универзитетско учебно помагало:<br>ПРАКТИКУМ ПО АНАЛИЗА НА ВИНО И ЈАКИ АЛКОХЛНИ ПИЈАЛАЦИ од авторите Милена Тасеска-Ѓорѓијевски и Душко Неделковски.<br>2. Место и година на објава: УКИМ, Скопје, 2024 година | Да |
| 5 | Претходен избор во научно звање – виш научен соработник<br>датум и број на Билтен: бр. 1213 од 15.4.2020 година | Да |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапување во сила на Законот за високо образование (Службен весник бр. 82/2018).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јулијана Цветковиќ, с.р.**
**Проф. д-р Трајче Стафилов, с.р.**
**Проф. д-р Горан Миланов, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: МИЛЕНА ВЕЛИЧЕ ТАСЕСКА-ЃОРЃИЈЕВСКИ**
**Институција: УКИМ – ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ – СКОПЈЕ**
**Научна област: АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување настава на втор циклус студии – двогодишни студии; студиска програма: Растителна биотехнологија – Енологија: Хемиска анализа на вино (цел предмет) (3+0), 2020/21, 2021/22, 2022/23 | 6,75 |
| 2 | Одржување на вежби на втор циклус студии – двогодишни студии; студиска програма: Растителна биотехнологија – Енологија: Хемиска анализа на вино (цел предмет) (0+3), 2020/21, 2021/22, 2022/23 | 4,05 |
| 3 | Одржување на настава на втор циклус студии – едногодишни студии; студиска програма: Растителна биотехнологија – Енологија: Хемиска анализа на вино и јаки алкохолни пијалаци (3+0), 2020/21, 2021/22, 2022/23 | 3,375 |
| 4 | Одржување на вежби од втор циклус студии – едногодишни студии; студиска програма: Растителна биотехнологија – Енологија: Хемиска анализа на вино и јаки алкохолни пијалаци (0+3), 2020/21, 2021/22, 2022/23 | 2,025 |
| 5 | Одржување на настава на втор циклус студии – едногодишни студии; студиска програма: Енологија: Хемија на виното (цел предмет) (3+0), 2022/23, 2023/24 | 4,5 |
| 6 | Одржување на вежби на втор циклус студии – едногодишни студии; студиска програма: Енологија: Хемија на виното (цел предмет) (0+3), 2022/23, 2023/24 | 2,7 |
| 7 | Одржување на настава на втор циклус студии – едногодишни студии; студиска програма: Енологија: Анализа на вино и јаки алкохолни пијалаци (3+0), 2022/23, 2023/24 | 2,25 |
| 8 | Одржување на вежби на втор циклус студии – едногодишни студии; студиска програма: Енологија: Анализа на вино и јаки алкохолни пијалаци (0+3), 2022/23, 2023/24 | 1,35 |
| 9 | Одржување на настава на втор циклус студии – едногодишни студии; студиска програма: Енологија: Применета енологија (3+0), 2022/23, 2023/24 | 2,25 |
| 10 | Одржување на вежби на втор циклус студии – едногодишни студии; студиска програма: Енологија: Применета енологија (0+3), 2022/23, 2023/24 | 1,35 |
| 11 | Одржување на настава на втор циклус студии – едногодишни студии; студиска програма: Енологија: Технологија на вино (3+0), 2022/23, 2023/24 | 2,25 |
| 12 | Одржување на вежби на втор циклус студии – едногодишни студии; студиска програма: Енологија: Технологија на вино (0+3), 2022/23, 2023/24 | 1,35 |
| 13 | Консултации со студенти | 0,02 |
| 14 | Подготовка на нов предмет | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | - предавања (при подготовка на нова студиска програма) | |
| **15** | Подготовка на нов предмет<br>- вежби (при подготовка на нова студиска програма) | **2** |
| **16** | Позитивно рецензиран и објавен практикум:<br>ПРАКТИКУМ ПО АНАЛИЗА НА ВИНО И ЈАКИ АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ, Скопје, 2024 година. | **4** |
| | | |
| | **Вкупно** | **44,22** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **Учесник во национални научни проекти** | | |
| 1 | Антиоксидативна активнот на плодовите од автохтони сорти и популации овошје, зеленчук и грозје, УКИМ, 2021 | **3** |
| 2 | Содржина на бакар на лозовите насади во тивешкиот регион, УКИМ, 2022. | **3** |
| 3 | Ревитализација и комерцијализација на автохтоната винска сорта станушина (*Vitis vinifera* L.), УКИМ, Земјоделски институт, 2022 | **3** |
| 4 | Истражување на социоекономската состојба кај младите во руралните средини во РС Македонија, УКИМ, Земјоделски институт, 2022 | **3** |
| 5 | Халоморфни почви во регионот на Овче Поле, УКИМ Земјоделски институт, 2024 | **3** |
| **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование (8 + IF)** | | |
| 1 | Serafimovska A., Korunoska B. Milanov G., Taseska-Gjorgjijevski M., Nedelkovski D., 2022, POLYPHENOL COMPOSITION OF WINE FROM THE VARIETY CABERNET SAUVIGNON, *Bulgarian Chemical Communications*. ISSN: 0324-1130. Vol. 54. Issue 4 (pp. 291 – 294). DOI: 10.34049/bcc.54.4.4880. *Journal of the Chemical Institutes of the Bulgarian Academy of Sciences and of the Union of Chemists in Bulgaria.*<br>(8+0,170)*0,60=4,90 | **4,90** |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Selamovska, A., Gjamovski, V., Korunovska, B., Taseska-Gjorgjijevski, M., Beleski, K., Nedelkovski, D., Bandjo-Oreshkovikj, K., Djoljevska-Milenkovska, R. & Rajchin, V. 2021-2022. COMPARATIVE RESEARCH ON ANTIOXIDANT CONTENT IN THE FRUITS OF SELECT INDIGENOUS VARIETIES OF FRUIT SPECIES, GRAPES AND VEGETABLES. *Contributions, Section of natural, mathematical and biotechnical sciences,* Vol 42-43, No.1-2, 45-52. | 3 |
| 2 | Selamovska, A., Gjamovski, V., Taseska-Gjorgjijevski, M., Nedelkovski, D., Bandjo-Oreshkovikj, K., Korunovska, B. & Djoljevska-Milenkovska, R. 2022. COMPARATIVE STUDIES OF THE CONTENT OF ANTIOXIDANTS IN FRUITS OF SOME AUTOCHTHONOUS CHERRY VARIETIES. *Journal of agriculture and plant sciences (JAPS)*, 20, 1, 33-40. | 3 |
| 3 | Selamovska A., Taseska-Gjorgjijevski M., Markovski A., Korunoska B., 2023, CHEMICAL COMPOSITION OF SOME AUTOCHTHONOUS FRUIT SPECIES FROM MACEDONIA, *Jurnal of agricultural and plant sciences*, (JAPS), Vol. 21 No. 2, 63-70. | 3 |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | | |
| 1 | Selamovska, A., Gjamovski, V., Taseska-Gjorgjijevski, M., Nedelkovski, D., Beleski, K., Milanov, G. & Korunovska, B. 2022. COMPARATIVE STUDIES OF THE CONTENT OF SOME ANTIOXIDANTS IN THE FRUITS OF AUTOCHTONOUS POMEGRANATE VARIETIES. *Agro-knowledge journal,* 23, 4, 221-228. | 3 |
| 2 | Korunoska B., Taseska-Gjorgjijevski M., Nedelkovski D, Beleski K., Gjoljevska Milenkovska R, Milanov G., Rajcin V, 2021, EXAMINATION OF THE CONTENT OF SOME ANTIOXIDANT SUBSTANCES IN SOME AUTHOCHTONOUS GRAPEVINE VARIETES (*Vitis Vinifera* L.) IN R.N. MACEDONIA, *Jurnal of Agricultural, Food and Environmental Sciences,* Vol 75, No 1, 19-27 | 3 |
| 3 | Poposka H., Mukaetov D., Nedelkovski D., Taseska-Gjorgjijevsk M. 2023, EFFECT OF FOLIAR CALCIUM AND NITROGEN TREATMENTS ON YIELD AND FRUIT QUALITY OF TABLE GRAPES CV. ‘CARDINAL‘; *Agro-knowledge Journal*, Vol. 24 No. 3, 91-104 | 3 |
| 4 | Markovski A., Popovska M., Gjamovski V., Taseska-Gjorjijevski M., Nedelkovski D., 2022, INVESTIGATION OF ORGANOLEPTIC CHARACTERISTICS OF POMEGRANATE (*Punica Granatum* L.) VARIETIES, *Journal of agricultural, food and environmental sciences*, Vol 76, No 4, 1-9. | 3 |
| 5 | Taseska-Gjorgjijevski.M., Nedekovski D., Dzoljevska M.R, Poposka H. 2022, DETERMINATION OF SOME PARAMETERS IN WINE PRODUCED FROM CLONE AND POPULATION OF VRANEC VARIETY VINES; *Journal of agricultural, food and environmental sciences*, Vol 76, No 8, 46-51 | 3 |
| 6 | Poposka H., Mukaetov D., Cvetkovic J., Andreevski M., Tasevska G.M, Bandjo O.K., Nedelkovski D., Gjoljevska M.R. 2022 COPPER MONITORING | |

| | | |
|---|---|---|
| | IN VINEYARD SOILS OF THE TIKVESH REGION, NORTH MACEDONIA; *Agro-knowledge Journal,* Vol. 23, No. 4, 183-197. | **3** |
| **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | | |
| **1** | Selamovska, A., Gjamovski, V., Taseska-Gjorgjijevski, M., Nedelkovski, D. & Bandjo-Oreshkovikj, K. 2022. CONTENT OF SOME ANTIOXIDANTS IN THE FRUITS OF AUTOCHTONOUS APPLE VARIETIES. *Proceedings 2022, XXVI International eco-conference® 2022, XII Safe food, 21nd – 23th september 2022 Novi Sad,* 199-208. | **3** |
| **Учество на научен/стручен собир со реферат (постерска презентација)** | | |
| **1** | Dzoljevska-Milenkovska, R., Milanov, G., Taseska-Gjorgjijevski, M., Nedelkovski, D., Beleski, K., Korunoska, B., CHEMICAL COMPOSITION OF WINE RECEIVED FROM THE NEWLY INTRODUCED VARIETY REBO (*Vitis vinifera* L.), *XII International Symposium on Agricultural Sciences*, Trebinje, Bosnia and Herzegovina (24-26 May 2023) | **0,5** |
| **2** | Korunoska, B., Milanov, G., Taseska-Gjorgjijevski, M., Nedelkovski, D., Trišeska, H., Dzoljevska-Milenkovska, R., Rajčin, V., REDUCTION OF THE CONTENT OF HEAVY METALS IN WHITE WINES OF THE ITALIAN RIESLING VARIETY BY CERTAIN TREATMENTS USED IN RN MACEDONIA, *XII International Symposium on Agricultural Sciences*, Trebinje, Bosnia and Herzegovina (24-26 May 2023) | **0,5** |
| **3** | Korunoska, B., Taseska–Gjorgjievski, M., Beleski, K., Nedelkovski, D., Djolevska-Milenkovska, R., EXAMINATION OF WINE FROM THE VARIETY PINOT NOIR AND APPLICATION OF CLEARING TREATMENTS TO REDUCE THE CONTENT OF HEAVY METALS, *16th Serbian congress of fruit and grapevine producers, with international participation*, Vrdnik, Serbia (28.02-03.03.2022). | **0,5** |
| **4** | Taseska-Gjorgjijevski, M., Nedelkovski, D., Dzoljevska-Milenkovska, R., Milanov, G., Beleski, K., Korunoska, B., Rajčin, V., CONTENT AND CORELATION OF ORGANIC COMPOUNDS IN SOME AUTOCHTHONOUS GRAPEVINE VARIETIES (*VITIS VINIFERA* L.), *XII INTERNATIONAL SYMPOSIUM on Agricultural Sciences*, Trebinje, Bosnia and Herzegovina (24-26 May 2023) | **0,5** |
| **5** | Poposka H., Mukaetov D., Nedelkovski D., Taseska-Gjorgjijevsk M. 2023, EFFECT OF FOLIAR CALCIUM AND NITROGEN TREATMENTS ON YIELD AND FRUIT QUALITY OF TABLE GRAPES CV. 'CARDINAL',*XII INTERNATIONAL SYMPOSIUM on Agricultural Sciences*, Trebinje, Bosnia and Herzegovina, (24-26 May 2023). | **0,5** |
| **6** | Markovski A., Popovska M., Gjamovski V., Taseska-Gjorjijevski M., Nedelkovski D., 2022, INVESTIGATION OF ORGANOLEPTIC CHARACTERISTICS OF POMEGRANATE (*Punica Granatum* L.) VARIETIES, *IV International Symposium for Agriculture and Food - ISAF 2022,* Ohrid, (12-14 October 2022). | **0,5** |
| 7 | Taseska-Gjorgjijevski.M., Nedekovski D., Dzoljevska M.R, Poposka H. 2022, DETERMINATION OF SOME PARAMETERS IN WINE PRODUCED FROM CLONE AND POPULATION OF VRANEC VARIETY VINES. *IV International* | **0,5** |

| | | |
|---|---|---|
| | *Symposium for Agriculture and Food - ISAF 2022,* Ohrid, (12-14 October 2022). | |
| **8** | Selamovska, A., Gjamovski, V., Taseska-Gjorgjijevski, M., Nedelkovski, D. & Bandjo-Oreshkovikj, K. 2022. CONTENT OF SOME ANTIOXIDANTS IN THE FRUITS OF AUTOCHTONOUS APPLE VARIETIES, *XXVI International eco-conference® 2022, XII Safe food,* Novi Sad (21-23 September 2022) | **0,5** |
| **Апстракти објавени во зборник на меѓународен собир** | | |
| **1** | Dzoljevska-Milenkovska, R., Milanov, G., Taseska-Gjorgjijevski, M., Nedelkovski, D., Beleski, K., Korunoska, B., CHEMICAL COMPOSITION OF WINE RECEIVED FROM THE NEWLY INTRODUCED VARIETY REBO (*Vitis vinifera* L.), *XII International Symposium on Agricultural Sciences*, Trebinje, Bosnia and Herzegovina, *Book of abstracts*, 168 (24-26 May 2023). | **1** |
| **2** | Korunoska, B., Milanov, G., Taseska-Gjorgjijevski, M., Nedelkovski, D., Trišeska, H., Dzoljevska-Milenkovska, R., Rajčin, V., REDUCTION OF THE CONTENT OF HEAVY METALS IN WHITE WINES OF THE ITALIAN RIESLING VARIETY BY CERTAIN TREATMENTS USED IN RN MACEDONIA, *XII International Symposium on Agricultural Sciences*, Trebinje, Bosnia and Herzegovina, *Book of abstracts*, 165 (24-26 May 2023). | **1** |
| **3** | Korunoska, B., Taseska–Gjorgjievski, M., Beleski, K., Nedelkovski, D., Djolevska-Milenkovska, R., EXAMINATION OF WINE FROM THE VARIETY PINOT NOIR AND APPLICATION OF CLEARING TREATMENTS TO REDUCE THE CONTENT OF HEAVY METALS, *16th Serbian congress of fruit and grapevine producers, with international participation*, Vrdnik, Serbia, *Book of abstract*, 285 (28.02-03.03.2022). | **1** |
| **4** | Taseska-Gjorgjijevski, M., Nedelkovski, D., Dzoljevska-Milenkovska, R., Milanov, G., Beleski, K., Korunoska, B., Rajčin, V., CONTENT AND CORELATION OF ORGANIC COMPOUNDS IN SOME AUTOCHTHONOUS GRAPEVINE VARIETIES (*VITIS VINIFERA* L.), *XII INTERNATIONAL SYMPOSIUM on Agricultural Sciences*, Trebinje, Bosnia and Herzegovina, *Book of abstracts,* 164 (24-26 May 2023). | **1** |
| **5** | Popovska Stojanov D., Rajcin V., Dzoljevska Milenkovska R., Trisheska H., Taseska - Gjorgjijevski M., Nedelkovski D., Gjosheva-Kovachevikj M., MEAD AS AN INNOVATIVE AND POTENTIAL PRODUCT IN RURAL TOURISM IN N. MACEDONIA, *IV student conference "Critical issues in agriculture and the environment", Goce Delchev University,* Shtip, *Book of Abstracts*, 33 (09.XI.2023) | **1** |
| **Рецензија на научен/стручен труд** | | |
| **1** | 1 научен труд во списанието:<br>- *Jurnal of Agricultural, Food and Environmental Sciences.* Faculty for Agricultural Sciences and Food, Skopje, Vol 76, No 6, 2022 | **0,2** |
| **Пленарно предавање на научен стручен собир** | | |
| **1** | „Хемиски состав и сензорна анализа на вина од сортата Кратошија“, Втора научна конференција „Кратошија – винско наследство на Балканот“, Земјоделски институт – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 26 април 2023. | **2** |
| | **ВКУПНО** | **61,10** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Раководител на Лабораторија за вино и алкохолни пијалаци при УКИМ, Земјоделски институт (Решение бр. 02-233/1 од 1.6.2022) | 1 |
| 2 | Заменик-менаџер за квалитет по МКС EN ISO/IEC 17025:2018 по ISO 17025 од 2016 до денес на акредитираните лаборатории при УКИМ, Земјоделски институт – Скопје (Лабораторија за вино и алкохолни пијалаци, Лабораторија за квалитетни својства на семе и Лабораторија за почва, ѓубрива и растителен материјал) | 3 |
| 3 | Експертски активности: Контакт-лице за доставување на известувања за позитивни резултати и несообразности од лабораториски испитувања кон официјалните ветеринари и испектори за храна од Агенцијата за храна и ветеринарство | 1 |
| 4 | Експертски активности: Одговорно лице при спроведување на аудит во Лабораторијата за вино и алкохолни пијалаци, според критериумите дадени во контролна листа од Агенцијата за храна и ветеринарство | 1 |
| 5 | Експертски активности: Тестирање на доставени примероци и индивидуален стручен извештај за меѓулабораториско споредбено испитување кај различни типови и сорти вина, BIPEA ( годишен циклус од јуни 2021 до јуни 2022). | 1 |
| 6 | Експертски активности: Член на комисија за хемиска и сензорна анализа на примероци вино, по настаната хаварија во винарска визба во с. Возарци, по барање на вешто лице архивирано под број 14-405/1 од 4.9.2024, издавање на стручно мислење и извештај од тестирање. | 1 |
| 7 | Експертски активности: Определување на фенолен состав и тестирање на физичко-хемиски параметри во експериментални примероци вино, третирани со различни квасци за ферментација и издавање на извештај од тестирање, во рамки на магистерски работи на магистранд од Факултетот за земјоделски науки и храна. | 1 |
| 8 | Воведување на метода во институцијата: Определување на сорбинска киселина во вино, валидација на методата, пресметка на мерна неодреденост, проверка со сертифициран референтен материјал, учество во меѓулабораториско тестирање и докажување на компетентност и акредитација на методата. | 1 |
| 9 | Промотивни активности на Институтот | 0,5 |
| 10 | Член на Комисија за подготовка на елаборат за студиска програма: Енологија | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Раководител на внатрешна организациона единица – Одделение за винарство (Решение бр. 02-479/1 од 16.11.2022) | 3 |
| | Студиски престој пократок од 3 месеци Универзитет во Газенхајм, Гермахија – Hoochschule Geisenheim University (декември 2023) | 0,5 |
| 2 | Член на научен одбор за одржување на научна конференција по повод јубилејот 80 години од основањето на Земјоделски институт (Одлука бр. 0202-143/6 од 20.3.2024) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| **3** | Член на уредувачки одбор за издавање на Монографија по повод јубилејот 80 години од основањето на Земјоделски институт (Одлука бр. 0202-483/6 од 3.10.2023) | **0,5** |
| **4** | Член на организационен одбор за одржување на Научна конференција на тема „Темјаника“ (Одлука бр. 0202-463/3 од 10.10.2024) | **0,5** |
| **5** | Член на Одборот за соработка и односи со јавноста во УКИМ, Земјоделски институт – Скопје (Одлука бр. 0202-305/7 од 3.7.2024) | **0,5** |
| **6** | Член на Комисија за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за мандатниот период 2020 – 2023 (Одлука бр. 02-193/3 од 9.6.2020) | **0,5** |
| **7** | Член на Комисија за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за мандатниот период 2023 – 2026 (Одлука бр. 0202-248/4 од 9.5.2023) | **0,5** |
| **8** | Претседател на Комисија за издавање под закуп на недвижен имот (Одлука бр. 02-239/1 од 1.6.2020) | **0,5** |
| **9** | Заменик-претседател на Комисија за издавање под закуп на недвижен имот (Одлука бр. 03-357/1 од 6.7.2023) | **0,5** |
| **10** | Претседател на Комисија за издавање под закуп на недвижен имот (Одлука бр. 03-233/1 од 1.6.2020) | **0,5** |
| **11** | Член на Комисија за спроведување на постапка за селектирање на кандидати за избор на лице за вработување на работно место виш лаборант (Решение бр. 02-249/1 од 10.5.2021) | **0,5** |
| **12** | Член на Пописна комисија во Земјоделски институт за 2020 година (Одлука бр. 02-472/2 од 25.12.2020) | **0,5** |
| **13** | Член на Пописна комисија во Земјоделски институт за 2023 година (Одлука бр. 0201-606/3 од 28.11.2023)) | **0,5** |
| **14** | Одговорно лице за подготовка на документација за барање за субвенционирање на лаборатории од страна на Министерството за економија | **0,5** |
| **15** | Член на Комисија за јавна набавка на компјутерска опрема (Одлука бр. 0206-520/1 од 27.9.2021) | **0,5** |
| **16** | Член на Комисија за јавна набавка на хемикалии (Одлука бр. 0206-255/1 од 15.6.2022) | **0,5** |
| **17** | Член на Комисија за јавна набавка на стоки – гасен хроматограф со FID (Одлука бр. 0206-39/1 од 8.2.2022) | **0,5** |
| **18** | Член на Комисија за јавна набавка на услуги за мобилна телефонија (Одлука бр. 0206-554/1 од 3.11.2023) | **0,5** |
| **19** | Член на Комисија за јавна набавка на лабораториски прибор и стакларија (Одлука бр. 0206-347/1 од 25.7.2024) | **0,5** |
| **20** | Член на Комисија за јавна набавка на авиобилети и туристички услуги (Одлука бр. 0206-339/1 од 23.7.2024) | **0,5** |
| **21** | Член на Комисија за јавна набавка на течни горива (Одлука бр. 0206-294/1 од 24.6.2024) | **0,5** |
| **22** | Член на Комисија за јавна набавка на земјоделска механизација (Одлука бр. 0206-154/1 од 25.3.2024) | **0,5** |
| | **Вкупно** | **25,50** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **44,22** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **61,10** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **25,50** |
| **Вкупно** | **130,82** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јулијана Цветковиќ, с.р.**
**Проф. д-р Трајче Стафилов, с.р.**
**Проф. д-р Горан Миланов, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „КАРАНТИНСКИ ВИРУСИ И ФИТОПЛАЗМИ ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“, ПРВО ИЗДАНИЕ, ОД АВТОРКАТА Д-Р КАТЕРИНА БАНЏО ОРЕШКОВИЌ

Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, на својата седница одржана на 16.9. 2024, донесе Одлука бр. 0202-415/5, со која нè избра за рецензенти на учебникот „Карантински вируси и фитоплазми за Република Северна Македонија“, од авторката д-р Катерина Банџо Орешковиќ.

Со наведената одлука, за рецензенти се избрани: проф. д-р Раде Русевски и проф. д-р Билјана Кузмановска, кои заеднички го поднесуваат следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

**ЗАЕДНИЧКИ ДЕЛ**

| | |
|---|---|
| **Назив на учебникот, односно учебното помагало** | Карантински вируси и фитоплазми за Република Северна Македонија |
| **Име и презиме на авторот (авторите)** | д-р Катерина Банџо Орешковиќ |
| **Назив на предметната програма за која се однесува** | Карантински болести и штетници во органското производство |
| **Назив на студиската програма** | Органско и биодинамично растително производство |
| **Фонд на часови настава и вежби и ЕКТС-кредити** | Фонд на часови: 3+3, ЕКТС-кредити: 6 |
| **Број на студенти во една генерација кои ќе го користат предложениот учебник** | 20 |
| **Дали се работи за прво издание или не** | Прво издание |
| **Предлог за начинот на издавање на секој поединечен наслов (печатена или електронска форма). За издавање во електронска форма е потребна согласност од авторот.** | Електронска форма |
| **Предлог за тираж, формат, број на страници и прилози во боја за секој предложен наслов** | Форма А4, број на страници 219, слики во боја 174 |
| **Општи податоци за учебникот/ учебното помагало (број на страници, прилози, заглавија или делови и сл.)** | Учебникот има 219 страници, не содржи прилози, има 2 главни заглавија и второто заглавие има 2 подзаглавија. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Раде Русевски с.р.**
**Проф. д-р Билјана Кузмановска с.р.**

**ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р РАДЕ РУСЕВСКИ**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Учебникот „Карантински вируси и фитоплазми за Република Северна Македонија“ на авторката Катерина Банџо Орешковиќ претставува детално истражување и опис на разните карантински патогени кои ја загрозуваат растителната продуктивност во Република Северна Македонија. Фокусирајќи се на штетните вируси, вироиди и фитоплазми, книгата нуди систематско претставување на нивната структура, биологија и значајните карактеристики кои ги прават опасни за земјоделското производство. Книгата, исто така, ги опишува преносните патишта на овие организми, вклучувајќи вектори како што се нематодите и инсектите кои го пренесуваат вирусот од растение на растение, предизвикувајќи штети како хлоротични и некротични дамки, забавен раст и некроза кај чувствителните култури.<br>Книгата е структурирана на начин што обезбедува почетно разбирање на концептот на карантинските штетни организми, потоа нуди нивен детален приказ и завршува со дел посветен на економското значење и фитосанитарниот ризик што овие патогени го претставуваат за земјоделството. Ова дело е од посебно значење, бидејќи ги содржи најновите научни сознанија, комбинирани со практични препораки за ефикасно справување со патогените, вклучувајќи препораки за фитосанитарни мерки, како што се: контрола на увозот на посадочен материјал и регулирање на ризиците поврзани со интерконтиненталниот пренос на вирусите. Понатаму, книгата вклучува детални листи на штетните организми кои се предмет на забрана за внесување во земјата, со специфични насоки за карантинските мерки, кои ги следат регулативите на ЕУ и локалните закони. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Книгата е целосно во согласност со предметната програма. Таа ги покрива потребните информации за карантинските болести, особено од аспект на органското производство. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Книгата е детален извор на информации, напишана е со научна прецизност и е лесно разбирлива за студентите. Таа обезбедува доволно информации за разбирање на |

| | |
|---|---|
| | карантинските вируси и фитоплазми, што ја прави погодна како учебник. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | Книгата може да се категоризира како учебник, бидејќи обезбедува структуриран, сеопфатен материјал кој целосно одговара на наставната програма за специјализиран предмет. |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Публикацијата „Карантински вируси и фитоплазми за Република Северна Македонија“ е од исклучително значење за Република Северна Македонија, особено за студентите по земјоделство и за професионалците кои се занимаваат со заштита на растенијата. Со оглед на климатските и географските услови во регионот, оваа книга обезбедува солидна научна и практична основа за заштита на растителното производство од патогени со висок карантински ризик. Ова е значајно бидејќи карантинските вируси не само што можат да предизвикаат сериозни економски загуби, туку претставуваат и голем фитосанитарен ризик за локалното земјоделско производство.<br>Авторката успева да ги истакне важните аспекти на преносот на патогените преку вектори и значењето на фитосанитарните мерки за превенција на нивното ширење. Преку детални објаснувања за симптоматологијата кај заразените растенија и со воведување на практични препораки за спречување на ширењето на заразите, учебникот дава неопходни насоки за заштита на земјоделските култури. Поради овие квалитети и придонесот кон општествената свест за важноста на карантинските мерки, ова дело претставува основа во образованието и превентивната заштита на растителното производство, и неговото објавување е целосно оправдано. |
| **Предлози за потребни корекции** | Потребно е да се додадат повеќе визуелни примери за симптомите на зараза кај растенијата. Сликовито прикажување на различните болести предизвикани од различните видови вируси би го олеснило разбирањето на материјалот. |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски соджини утврдени со позитивните прописи во Република Северна Македонија** | Во оваа книга не се забележани дискриминаторски содржини. Трудот е усогласен со позитивните прописи на Република Северна Македонија. |

| | |
|---|---|
| **Изјава за процентот на промените согласно член 27 од овој Правилник;** | Овој учебник претставува прво издание, па не постојат претходни изданија за споредба на процентот на промени. |
| **Други елементи** | Книгата содржи научни референци, како и конкретни примери на карантински вируси од регионот, што ја прави релевантна и детална студија за потребите на земјоделските студии и заштитата на растенијата. |

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Раде Русевски, с.р.**

**ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: проф. д-р Билјана Кузмановска**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината** | Учебникот „Карантински вируси и фитоплазми за Република Северна Македонија“ од Катерина Банџо Орешковиќ е темелно конципирано дело кое има за цел да опфати и да анализира бројни патогени од категоријата карантински организми што ја загрозуваат земјоделската продуктивност во земјата. Во него се разгледани штетните организми, пред сѐ вируси, вироиди и фитоплазми, и се презентирани информации за нивната структура, симптоматологија кај различни економски значајни земјоделски култури, начинот на пренос, векторите и нивното влијание на локалните растителни култури. Карантинските патогени се добро детализирани, и јасно е дека авторката се труди да ги обработи клучните карактеристики на патогените, вклучувајќи ги начините на нивно ширење и методите за контрола. Книгата не остава простор за неодреденост околу тоа какви последици може да предизвикаат овие патогени. |
| **Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма** | Учебникот е во согласност со барањата на предметната програма Карантински болести и штетници во органското производство. Авторката опфаќа значајни аспекти на темата кои се неопходни за разбирање на предметот, и содржински е добро насочена кон потребите на студентите, кои треба да стекнат основни, но и продлабочени знаења за фитосанитарните ризици. |
| **Оцена на учебникот, односно учебното помагало** | Учебникот го исполнува барањето за основно помагало во наставата. Материјалот е јасно структуриран, и се забележува тежнеење кон прецизност, но недостигаат некои подетални практични примери, кои би го направиле материјалот повеќе релевантен за студентите со интерес за реални примери и апликации. Сепак, книгата обезбедува солидна основа и би била корисна за студентите и во контекст на други сродни дисциплини. |
| **Категоризација (учебник или учебно помагало)** | Во оваа форма, книгата може да се смета за учебник. За потребите на земјоделската настава, може да се смета за основен ресурс. |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот** | Објавувањето на ракописот „Карантински вируси и фитоплазми за Република Северна Македонија“ е оправдано. Недостасува поврзување на материјалот со локални примери и практични студии. Сепак, трудот е цврсто поставен, со доволно информации |

| | |
|---|---|
| | кои ги задоволуваат стандардите и обезбедуваат солидна база за понатамошно изучување на предметот. |
| **Предлози за потребни корекции** | Книгата би имала дополнителна вредност доколку се вклучат повеќе практични и визуелни материјали. Повеќе фотографии на симптомите кај заразените растенија би биле корисни за читателите, исто како и додаток со примери од реални случаи во земјата. |
| **Изјава дека трудот не содржи дискриминаторски соджини утврдени со позитивните прописи во Република Македонија** | Учебникот е напишан во професионален и академски стил и не содржи дискриминаторски содржини. Авторката почитува етички стандарди и позитивните прописи во Република Северна Македонија. |
| **Изјава за процентот на промените согласно член 27 од Правилник** | Бидејќи оваа публикација е прво издание, не постојат основи за споредба и проценка на процентот на промени. Понудената содржина во сегашната форма претставува солидна основа, која не би барала значителни измени во блиска иднина. |
| **Други елементи** | Книгата вклучува богата референца на релевантна литература и извори кои го поддржуваат текстот и му даваат научен кредибилитет. Делот со фитосанитарни мерки и препораки е соодветно обработен, но би можел да се зајакне со локални примери. |

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Билјана Кузмановска, с.р.**

*Забелешка: Рецензијата објавена во Билтен, може да изнесува најмногу 10 страници со проред 1.*

# РЕЦЕНЗИЈА
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПОДОБРЕНИ САМОЦЕНТРИРАЧКИ ЧЕЛИЧНИ РАМКИ СО ДИЈАГОНАЛИ ВО СЕИЗМИЧКИ АКТИВНИ РЕГИОНИ“ ОД М-Р АНГЕЛА ПОПОСКА, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА (УКИМ – ИЗИИС) ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ – ИЗИИС) во Скопје, на седницата одржана на 30.9.2024 година, со Одлука бр. 09-1740/1 од 1.10.2024, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Ангела Попоска со наслов „Подобрени самоцентрирачки челични рамки со дијагонали во сеизмички активни региони“, во состав: проф. д-р Александра Богдановиќ (претседател), проф. д-р Зоран Ракиќевиќ (член и ментор), проф. д-р Роберта Апостолска (член), проф. д-р Игор Ѓорѓиев (член) и Theodoros Karavasilis (Full Professor) од „University of Patras“ – Република Грција (надворешен член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ – ИЗИИС) во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ангела Попоска, со наслов „Подобрени самоцентрирачки челични рамки со дијагонали во сеизмички активни региони“, содржи 153 страници компјутерски обработен текст во фонт *Georgia,* со 1,0 проред и големина на букви 12*pt (10 pt за наслови на слики и текст во табели).*

Трудот е структуриран во 7 поглавја, во чии рамки се опфатени воведот, истражувањата и заклучните согледувања, како и 3 прилози. На крајот е даден список на литература во кој се наведени 113 библиографски референци, меѓу нив научни трудови, статии, книги, извештаи, елаборати, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **Поглавје 1,** дадени се воведни напомени и мотивацијата за предложеното истражување за подобрување на постојна самоцентрирачка челична рамка со центрични дијагонали преку имплементација на дополнителен систем за дисипација на енергијата. Исто така, изложени се предметот, главните цели и задачи за спроведување на истражувањето, а поглавјето завршува со преглед на содржината на докторската дисертација.

**Поглавје 2** содржи општ преглед на литературата за сеизмичката отпорност на конвенционалните челични системи со дијагонали и иновативните самоцентрирачки челични конструкции. Најпрво, даден е осврт на настанувањето на самоцентрирачките конструкции, механизмот за самоцентрирање, како и фундаментални истражувања врз кои се базираат сите понатамошни развиени системи. Понатаму, образложени се можностите за дисипација на енергијата кај самоцентрирачките системи, како и првичната примена на овие системи. Посебен осврт и генерален преглед во ова поглавје е даден на самоцентрирачките системи со имплементирани различни типови на уреди за дисипација на енергијата, меѓу кои вискозни уреди за дисипација на енергијата, хистерезисни уреди и други. На крајот на поглавјето, даден е преглед и на постојната литература во однос на експериментално-испитуваниот самоцентрирачки систем со класични дијагонали;

Во **Поглавје 3** е даден опис на експерименталните истражувања на самоцентрирачка рамка со класични дијагонали на сеизмичка виброплатформа во УКИМ – ИЗИИС, во рамки на меѓународен европски проект, од програмата Хоризонт 2020, Seismology and Earthquake Engineering Research Infrastructure Alliance for Europe

(SERA), GA 730900, http://www.sera-eu.org/en/home/. Резултатите се од јавен карактер и се достапни за користење при понатамошни истражувања. Подетално, даден е опис на експериментално-испитуваниот систем и конфигурациите кои произлегуваат како последица на промената на дијагоналите, опис на проектот за инструментација, опис на користената методологија, како и приказ и дискусија на поважните резултати од обемната експериментална програма. Од обработените резултати, добиени се генерални наоди за однесувањето на конструктивниот систем при дејство на реален земјотрес и добиена е поконкретна слика за придобивките, како и недостатоците на конкретниот систем.

Во **Поглавје 4,** детално е опишана е постапката за нумеричко моделирање на испитуваната самоцентрирачка рамка со конвенционални дијагонали, како и постапката за валидација на аналитичкиот модел согласно со експерименталните резултати. Подетално, моделирањето е направено во отворениот софтвер „OpenSees“ и е реализирано во неколку фази и на неколку нивоа, и тоа: моделирање на ниво на елемент, каде што акцентот е ставен на моделирање на дијагоналата и аголната плочка, и моделирање на ниво на рамка, кое дополнително е поделено во две фази – едноставен и робустен модел. При моделирањето се употребуваат модели базирани на линиски елементи кои користат претходно дефинирани елементи од базата на „OpenSees“, на пример греда – столб елементи, спрингови, како и елементи со нулта должина за моделирање на столбовите, гредите, дијагоналите и аголните плочки. Валидацијата на нумеричкиот модел е направена преку споредба на нумеричките и експрименталните резултати за поместувања, забрзувања и сили во основата за сите различни конфигурации. Од прикажаните резултати, јасно е изразено поклопувањето на експерименталните и аналитичките резултати, односно се забележува дека развиениот модел задоволително го доловува однесувањето на физичкиот модел испитуван на сеизмичката виброплатформа.Следствено, употребената техника за моделирање може да се примени и за конструкции во реални размери и притоа да се спроведат пообемни и покомплкесни анализи.

**Поглавје 5** го опфаќа проектирањето на прототипна повеќекатна конструкција, како конвенционална рамка и како самоцентрирачка рамка со конструктивна конфигурација соодветна на експерименатално-испитуваната. Конвенционалната рамка е проектирана согласно со Еврокод 8, додека самоцентрирачката рамка е проектирана да ги користи истите пресеци на главните конструктивни елементи како конвенционалната рамка и акцентот на проектирање е ставен врз претходно напрегнатата врска. Развиени се два нумерички модела за двете рамки, каде што за моделирање на конвенционалната рамка се користат препораките на OpenSees, додека за моделирање на самоцентрирачката рамка се користи валидираната техника на моделирање од поглавјето 4. Со намера да се оцени и оправда примената на овој тип системи, направена е споредбата на двата система врз база на резултатите од статичка и динамичка нелинеарна анализа. За спроведување на нелинеарната статичка анализа, користена е триаголна шема на товарење, додека за нелинеарната динамичка анализа, дефиниран е сет на земјотресни побуди со различни карактеристики во однос на магнитуда, растојание и фреквентен состав. Од извршените анализи, очигледни се позитивните ефекти од имплементацијата на самоцентрирањето, меѓутоа се идентификуваат и дел од недостатоците на системот.

Во **Поглавје 6,** образложена е постапката за подобрување и надградување на испитуваниот самоцентрирачки систем преку имплементација на дополнителен уред на база триење, за дисипација на енергијата и, воедно, за заштита на дијагоналата од извивање. Подетално, опишани се општите карактеристики на придушувачите на триење, дадени се прелиминарни пресметки, како и предлог-конфигурација за предложениот придушувач на триење. Последователно, даден е осврт кон филозофијата на проектирање на конструкции со придушувачи на триење, како и важност за оптимација на товарот на активација. Понатаму, оптималниот товар на активација за конкреткната прототипна рамка е определен преку параметарска нелинеарна динамичка анализа за три нивоа на активација на придушувачот. Крајно,

направена е споредбена аланиза на конвенционалната рамка, самоцентрирачката рамка со класични дијагонали и подобрената самоцентрирачка рамка со имплементиран придушувач на триење преку нелинеарна динамичка анализа за истиот сет на земјотреси дефинирани во поглавјето 5, скалирани следејќи го истиот тренд, односно за три различни интензитети – често очекуван земјотрес, проектен земјотрес и максимално очекуван земјотрес.

Во **Поглавје** 7 се дадени заклучоците од изработената докторска дисертација, систематизирани како генерални заклучоци од изработката на оваа докторска дисертација, како и конккретните, односно фактографските заклучоци произлезени од примена на анализите.

**Поглавје 8,** насловено „Референци”, ги систематизира научните и стручни трудови користени при изработката на дисертацијата.

На крај се прикажани прилозите кон овој труд, т.е. подетална програма за инструментација, експерименталните испитувања, дел од резултати од експерименталните испитувања дискутирани во Поглавје 3, како и одбрани фотографии.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражувањето во оваа дисертација е надградба и подобрување на постоен, сам по себе иновативен самоцентрирачки систем, којшто е експериментално испитуван на сеизмичка виброплатформа. Првата фаза на истражувањето опфаќа определување на динамичкиот одговор на испитуваниот конструктивен систем. За оваа цел, најпрво се искористени резултатите од експерименталните испитувања на системот и донесени се генерални заклучоци за неговото однесување под дејство на земјотрес. Паралелно, развиен е нумерички модел за испитуваниот систем и употребената техника на моделирање е валидирана преку споредба на аналитичките и експерименталните резултати.

Втората фаза на истражувањето опфаќа оцена на реалната примена на испитуваниот самоцентрирачки систем согласно со актуелните кодови. За таа цел, предложена е прототипна конструкција и таа е проектирана како конвенционална рамка и како самоцентрирачка рамка со класични дијагонали – конфигурациски соодветна на експериментално-испитуваната. За двете рамки развиени се нумерички модели и извршени се нелинеарни статички и динамички анализи. За релизација на нелинеарните динамички анализи, дефиниран е сет од 30 земјотресни побуди, кои се скалирани за три различни нивоа на интензитет: ниво на често очекуван земјотрес, проектен земјотрес и максимално очекуван земјотрес. Преку анализа на резултатите, идентификувани се предностите и недостатоците на основниот самоцентрирачки систем согласно со реалната примена во согласност со еврокодовите.

Третата фаза – подобрување на самоцентрирачкиот систем со класични дијагонали – се состои од предложување на дополнителен уред за пасивна дисипација на енергијата и негова имплементација во прототипната конструкција, односно дефинирање на пософистициран систем приспособлив на сеизмички дејства со различен карактер. За оваа намена дадени се прелиминарни пресметки, како и предлог-конфигурација за имплементација на придушувач на триење. Последователно, извршена е параметарска анализа за оптимизација на товарот на активација на придушувачот. За таа цел, развиени се три самоцентрирачки рамки со имплементиран уред за дисипација на енергијата, но со различно ниво на активација на уредот. Следејќи го истиот тренд за извршување на нелинеарната динамичка анализа, добиени се резултати за претходно дефинираниот сет на земјотреси, за три нивоа на земјотресни побуди за три подобрени самоцентрирачки рамки со различно ниво на товарот на активација.

Главната компаративна анализа е направена врз добиените резултати за три различни системи со исти динамички карактеристики и иста почетна крутост, но со различен систем за примање на товарот од земјотрес – конвенционална конструкција,

самоцентрирачка конструкција со класични дијагонали и самоцентрирачка конструкција со дијагонали и дополнителен уред за дисипација на енергијата.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Постојат повеќе типови на челични конструктивни системи кои според Еврокодот 8 може да бидат употребени во сеизмички активни подрачја, и тоа вклештените рамки отпорни на моменти на свиткување, рамки со центрични дијагонали, рамки со ексцентрични дијагонали, како и „двојни системи“, односно комбинација на рамки отпорни на моменти на свиткување и рамки со дијагонали. И покрај тоа што тие се разликуваат според геометрискиот распоред и начинот на дисипација на енергијата во системот, сите се проектираат нивниот одговор при дејство на земјотрес да биде надвор од еластична зона и со можност за формирање на пластични зони за дисипација на енергија во соодветните локации на конструктивните системи, додека, сепак, глобално се очекува стабилен одговор на конструкцијата и избегнување на жртви за време на земјотрес. Проектирањето на конструкциите во нелинеарно подрачје се доста погодни од финансиски аспект, меѓутоа тие имаат два поголеми недостатока. При средни и силни земјотреси, на местата каде што се очекува развојот на пластичните деформации ќе се појават големи оштетувања и заостанати деформации со што се зголемува можноста за нефункционалност и/или непоправливост на објектите по посилен случен земјотрес.

Погоре споменатите причини го нагласуваат значењето на имплементацијата на поотпорни конструкции кои се помалку подложни на оштетувања и полесни за поправка по силни земјотреси, со цел да се минимизираат или дури и да се спречат економските загуби предизвикани од земјотресите. Челичните самоцентрирачки конструкции со претходно напрегнати врски помеѓу главните конструктивни елементи претставуваат тип на конструкции отпорни на земјотреси кои спречуваат нееластични деформации во конструктивните елементи и ги намалуваат или целосно ги елиминираат преостанатите деформации. Дисипацијата на енергијата за овие системи доаѓа во форма на специјализирани уреди за придушување или елементи кои се наменети да подложат на нееластично однесување, притоа дисипирајќи дел од енергијата на системот, додека примарните елементи (гредата и столбот) остануваат еластични. Комбинирањето на овие две однесувања резултира со добивање на хистерезисен дијаграм во форма на „знаме“, којшто ја опишува дисипацијата на енергијата, како и враќањето во првобитната положба на системот за време на циклично оптеретување.

Самоцентрирачки челичен систем со класични дијагонали е тестиран на сеизмичката виброплатформа во лабораторијата за динамичко тестирање во УКИМ ИЗИИС, во рамките на проектот SERA (Seismology and Earthquake Engineering Research Infrastructure Alliance For Europe). Бидејќи, генерално, станува збор за систем со променливи динамички карактеристики, релативно големи поместувања и дисипација на енергијата преку дијагоналите, се пристапува кон давање предлог за подобрување на постојниот систем.

**Краток опис на применетите методи**

Со цел реализирање на поставените цели и задачи, во докторската дисертација соодветно се применети повеќе компатибилни методи:

- преглед на досегашните сознанија и практики во полето на самоцентрирачките челични рамки и нивната примена во сеизмички активни региони;
- анализа на резултатите од експериментални динамички испитувања на самоцентрирачка челична рамка со класични центрични дијагонали на сеизмичката виброплатформа во ИЗИИС за евалуација на реалното однесување на конструкцијата под дејство на земјотрес и донесување заклучоци за основниот систем;
- развивање на нумерички модел на експериментално испитуваната рамка и негово валидирање согласно со експериментално добиените резултати. Овој

метод на валидација е неопходен за предложената техника на моделирање оправдано да може да се примени и за реални прототипни конструкции;
- проектирање на повеќекатна прототипна конструкција за оцена на реалната примена на системот за самоцентрирање согласно со еврокодовите, како и негова анализа;
- предложување на дополнителен уред за пасивна дисипација на енергијата и негова имплементација во прототипната конструкција, односно дефинирање на пософистициран систем приспособлив на сеизмички дејства со различен карактер преку метод на параметарска анализа за дефинирање на товарот на активација;
- дефинирање на сет на земјотресни побуди со различни карактеристики во однос на магнитуда, растојание и фреквентен состав кои ќе дадат доволен број на информации за да се донесат заклучоци за однесувањето на овие системи во сеизмички активни подрачја;
- спроведување на нелинеарна динамичка анализа на три различни конструктивни системи отпорни за земјотрес – конвенционала рамка, самоцентрирачка рамка со центрични дијагонали и самоцентрирачка рамка со центрични дијагонали и придушувач за дисипација на енергијата.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Преку имплементација на дополнителен уред за дисипација на енергијата во постојната самоцентрирачка челична рамка со центрични класични дијагонали овозможено е намалување или целосно елиминирање на пластичните и заостатните деформации, како и заштитување на дијагоналата од извивање. Резултатите од извршените експериментални и аналитички истражувања се систематизирани во две одделни категории, и тоа: главни заклучоци кои се однесуваат, генерално, на овој тип системи, како и фактографски заклучоци произлезени од анализите врз конкретните пет рамки.

Деталната анализа на експерименталните резултати покажува дека основната самоцентрирачка рамка ги исполнува условите за самоцентрирање и поседува одреден капацитет за дисипација на енергијата преку дијагоналата изложена на затегнување. Понатаму, експерименталните резултати се употребени за развивање и валидирање на нумерички модел кој е погоден за извршување и на други дополнителни пообемни и посложени анализи. Со намера критички да се оцени и оправда примената на самоцентрирачки системи со дијагонали со и без имплементиран придушувач на триење согласно со актуелните кодови, проектирана е репрезентативна конструкција како конвенционална конструкција согласно со еврокодовите, како самоцентрирачка конструкција и како самоцентрирачка конструкција со придушувач на триење. Самоцентрирачките конструкции нумерички се моделирани согласно со валидираната техника на моделирање за физичкиот модел при експерименталните испитувања.

Понатаму, предложената постапка за проектирање во рамките на еврокодовите е едноставна за примена и резултира со дефинирање на попречни пресеци за сите конструктивни елементи, почетните сили на претходно напрегање во каблите, дијаметрите на каблите, како и потребните сили за активација на уредот за триење. Утврдено е дека сите проектирани рамки ги исполнуваат критериумите за максимално поместување, и истовремено самоцентрирачките рамки значително ја намалуваат или елиминираат заостатната деформација. При споредба на самоцентрирачката рамка со класични дијагонали и конвенционалната конструкција се забележува дека кај првата се намалуваат или целосно се елиминираат заостанатите деформации, меѓутоа максималните поместувања се просечно за 20 % поголеми од регистрираните кај конвенционалната конструкција. Причина за ова е помалиот борј на дозволени зони со пластични деформации кај самоцентрирачка конструкција. Со други зборови, таа дисипира помалку енергија од конвенционалната, генерално при земјотресни побуди со ниски фреквенции.

Предложениот придушувач на триење функционира како „осигурувач“ и ја заштитува дијагоналата од извивање без да го наруши сеизмичко однесување на рамката, односно оштетувањето и дисипацијата на енергијата се концентрирани во придушувачот на триење, додека остатокот од дијагоналата се очекува да остане неоштетен. Имплементацијата на овој уред дополнително овозможува основниот сеизмички отпорен систем на рамката да биде проектиран за помало оптоварување. Од параметарската анализа за три различни нивоа на активација на придушувачот на триење, се заклучува дека кога тој е проектиран да се активира при помала сила, заштитата на спрегот од извивање е поизразена, но од друга страна, придушената енергија е помала, а со тоа и максималните поместувања се поголеми. Односно, кога активацијата на придушувачот настанува при поголема сила, заштитата на дијагоналата од извивање не е на највисоко ниво, меѓутоа дисипираната енергија е поголема и максималните поместувања за време на земјотрес се значително помали.

Во однос на оштетувањата, по поголеми земјотреси, кај конвенционалната рамка настануваат пластични зглобови во дијагоналите, гредите и столбовите, кај основната самоцентрирачката рамка пластични деформации се очекуваат само во дијагоналите, додека подобрената самоцентрирачка рамка би била неоштетена, со потреба за контрола на придушувачот на триење. Финално, нелинеарните динамички анализи при интензитетите на проектен и максимално очекуван земјотрес покажуваат дека предложената рамка со дополнителен уред на дисипација има максимални катни поместувања слични или помали во споредба со поместувањата на конвенционалната рамка со исти пресеци, но значително пониски или елиминирани преостанати поместувања. Супериорноста на предложената рамка е особено изразена за максимално очекуван земјотрес.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ангела Попоска, со наслов: „Подобрени самоцентрирачки челични рамки со дијагонали во сеизмички активни региони“, претставува значајно и оригинално истражување во областа на земјотресното, конструктивно инженерство. Извршените истражувања во оваа докторска дисертација, особено предложениот ниско оштетлив самоцентрирачки систем со имплементирани придушувачи на база на триење, претставува посебен придонес во областа на земјотресното инженерство и контролата на конструкции. Придушувачот на база на триење се однесува како „осигурач“ и ја заштитува дијагоналата од извивање без да го наруши сеизмичко однесување на рамката. Понатаму, потврдената техника на моделирање може да се применува и за сродни рамки и конструкции во реални размери, притоа овозможувајќи спроведување на пообемни и покомплкесни анализи. Стекнатите сознанија и проектирањето на рамките согласно со еврокодовите претставуваат значајна основа за идната примена при дефинирање на насоки за проектирање на иновативни системи за прием на хоризонтални влијанија во поглед на зголемување на безбедноста на луѓето и намалување на последиците од оштетувањата и економските загуби.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Ангела Попоска, со наслов: „Подобрени самоцентрирачки челични рамки со дијагонали во сеизмички активни региони“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува условите и стандардите за докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила следниве рецензирани трудови:

(1) **A. Poposka,** Z. Rakicevic, A. Bogdanovic, A. Shoklarovski, F. Manojlovski, Numerical modelling of self-centering concentrically braced steel frames, 19th International Symposium of MASE, 28-29 September 2023, Skopje, North Macedonia, ISBN: 978-608-66946-3-0

(2) **A. Poposka,** A. Shoklarovski, F. Manojlovski, L. Krstevska, A. Bogdanovic, D. Filipovski, I. Markovski, N. Naumovski, Seismic qualification of non-structural elements by shake table testing according to AC-156, Third European Conference on Earthquake Engineering and Seismology - 3ECEES: September 5-September 9, 2022, Bucharest, Romania, ISBN 978-973-100-533-1 (1212-1219)

(3) Jamie Goggins, Yadong Jiang, Brian M. Broderick, Suhaib Salawdeh, Gerard J.O'Reilly, Ahmed Y. Elghazouli, Hatim Awahsh, Aleksandra Bogdanovic, Zoran Rakicevic, Igor Gjorgjiev, **Angela Poposka**, Borjan Petreski, Igor Markovski, Shake Table Testing of Self-Centring Concentrically Braced Frames, September 2021ce/papers 4(2-4):1949-1956, DOI: 10.1002/cepa.1508

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

### Главни научни придонеси

Главниот придонес на оваа дисертација претставува предложување на ниско оштетлив самоцентрирачки систем со дополнителен уред за дисипација на енергијата, базиран на триење.

За оваа цел, претходно се извршени експериментални испитувања на самоцентрирачки систем без дополнителен уред за дисипација на енергијата и притоа потврдени се предностите и негативностите на основниот систем. Понатаму, експерименталните резултати се употребени за валидирање на техника на моделирање на самоцентрирачки системи која може да се примени и кај останатите сродни системи.

Преку споредба со типична конвенционална конструкција со иста почетна крутост и основна периода, оценета е реалната примената на самоцентрирачките системи со дијагонали со и без имплементиран придушувач на триење согласно со еврокодовите. Поради екстензивноста на нелинеарните динамички анализи, од оваа дисертација произлегува значајна база на податоци за конвенционален систем, самоцентрирачки систем со класични дијагонали, како и три самоцентрирачки системи со дополнителен уред за пасивна дисипација на енергијата со различни нивоа на негова активација.

Потврдена е потребата од параметарска анализа за оптимизација на товарот на активација на уредот за да се исполнат барањата за однесување на конструкцијата. Преку резултатите од овие анализи, потенцирано е различното однесување на рамката во однос на товарот на активација и предностите, односно недостатоците според зададено ниво.

Сумарно, резултатите од спроведените аналитички, експериментални и нумерички истражувања даваат увид во предностите на употребата на дополителни уреди за дисипација на енергијата кои значително го олеснуваат или целосно го елиминираат постземјотресното опоравување на конструкциите, исполнувајќи ја значително високата поставена цел на економската политика кај поразвиените земји – обезбедување на континуирана функционалност и целосно оперативно ниво на конструкцијата и по дејство на земјотрес.

### Подрачје на примена и ограничувања

Согласно со претходно споменатите придонеси од истражувањето во докторската дисертација, главната цел е развој на ниско оштетлив самоцентрирачки систем преку имплементација на дополнителен уред за дисипација на енергијата. Во оваа насока, даден е предлог за употреба на придушувач, базиран на триење, каде што детално е анализирано влијанието на товарот на активација. Ова истражување придонесува значително во полето на контрола на конструкции и примената на системи со пасивна дисипација на енергијата.

Истражена е имплементацијата на овој систем во реални услови, согласно со актуелните прописи и потенцирани се неговите предности особено при максимално очекуван земјотрес. Клучна предност на овој систем е неоштетеноста на конструктивни елементи на објектот по земјотрес и релативно малата потреба за интервенција во конструкцијата во однос на проверка на додадениот уред за дисипација на енергјата.

Начинот на моделирање, валидиран преку експерименталните резултати, ги потврдува и ги дополнува досегашните истражувања за давање на препораки за моделирање на овој тип системи, што придонесува за понатамошна примена и развој во инженерската пракса.

Ограничувачките услови кои се дел од истражувањата на самоцентрирачките рамки се, главно, дискутирани низ поглавјата од самата докторска дисертација и најчесто се однесуваат на поедноставување на самите процедури за анализа и димензионирање на самоцентрирачките челични рамки со дијагонали. Понатаму, нотирани се и елементите од оваа студија кои не се земени предвид или се од приближен карактер, а може да имаат влијание врз резултатите од анализата:

- При нумеричкото дефинирање на придушувањето, коефициентите од влијанието на матрицата на маси и матрицата на крутости, a0 и a1, се пресметуваат според почетната крутост, додека матрицата на придушување се менува секогаш кога почетната крутост ќе се промени.
- Аголните плочки не се земени предвид при димензионирање, бидејќи тие не се од голема важност за глобалното однесување на конструкцијата доколку се правилно димензионирани според познатите важечки процедури кои произлегуваат од емпириски релации усвоени од експериментални анализи.
- Употребената техника на моделирање е доста сложена и не е приспособена за комерцијални софтвери и секојдневна употреба.
- При дефинирање на придушувачот на триење, определен е само товарот на активација како променлив и влезен параметар, додека проектирањето на уредот што вклучува дефинирање на детални технички цртежи, коефициентот на триење, карактеристиките на материјалите за триење, како и силата во завртките, не е предмет на ова истражување бидејќи нивното определување е зависно од дополнителни експериментални испитувања кои не беа предвидени во рамките на оваа дисертација.

**Можни понатамошни истражувања:**

Експериментално потврдената техника на моделирање вклучува бројни променливи параметри и голм број елементи кои предизвикуваат проблеми од конвергентна природа при нелинеарни анализи. Моделирањето е направно во истражувачки софтвер, што дополнително го комплицира процесот и ја отежнува комерцијалната употреба од страна на инженери кои работат во пракса. Следствено, дел од понатамошните истражувања може да се насочат во развивање на поедноставна постапка за моделирање на овој тип системи.

Исто така, можно е во некоја наредна фаза од истражувањето да се продолжи во насока на детално проектирање на предложениот уред за дисипација на енергијата на база на триење. Оваа фаза би подразбирала обемни аналитички и експериментални испитувања за определување на материјалот на плочките преку кои се извршува триењето, коефициентот на триење, дијаметарот на завртиките, како и силата на претходно напрегање на завртките.

Друг фактор за кој нема доволно информации и податоци претставува појавата на некакви тешкотии кои би произлегле од практичната примена, односно изведба на конструкциите во реална средина. Тука може да се напоменат ефектите од удари на врската при настанувањето на отворот, појавата на одредени оштетувања кај меѓукатните конструкции, инсталацијата на кабелски преднапрегнатите јажиња и слично.

Во наредна фаза на анализа би можела да се спроведе и сеизмичка проценка на повредливост и економска оправданост за различни проектирани нивоа на однесување, различни криви на хазард и други инженерски параметри кои влијаат на однесувањето на системот. Само со анализа на сите други параметри кои влијаат на резултатите од ова истражување може да се добие сеопфатна слика за самоцентрирачките челични рамки со центрични спрегови, со и без дополнителен уред за дисипација на енергијата.

Со оглед на сето наведено, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (УКИМ – ИЗИИС) во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже усна одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Ангела Попоска**, со наслов: **Подобрени самоцентрирачки челични рамки со дијагонали во сеизмички активни региони.**

**Комисија за оцена на докторската дисертација**

**Проф. д-р Александра Богдановиќ,**
**ИЗИИС – УКИМ (претседател), с.р.**

**Проф. д-р Роберта Апостолска,**
**ИЗИИС – УКИМ (член), с.р.**

**Проф. д-р Игор Ѓорѓиев,**
**ИЗИИС – УКИМ (член), с.р.**

**Theodoros Karavasilis (Full Professor),**
**University of Patras, Greece (член), с.р.**

**Проф. д-р Зоран Ракиќевиќ,**
**ИЗИИС – УКИМ (член и ментор), с.р.**

# R E V I E W

### FOR EVALUATION OF THE DOCTORAL THESIS
### “ENHANCED SELF-CENTERING BRACED STEEL FRAMES IN SEISMIC PRONE REGIONS“
### FROM MSC ANGELA POPOSKA, SUBMITTED TO THE INSTITUTE OF EARTHQUAKE ENGINEERING AND ENGINEERING SEISMOLOGY (UKIM-IZIIS) IN SKOPJE

The Scientific Council of the Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology (IZIIS) in Skopje, at the session held on September 30, 2024, with Decision No. 09-1740/1 dated October 1, 2024, formed a Commission for the evaluation of the doctoral dissertation of the candidate MSc Angela Poposka with the title "Enhanced self-centering braced steel frames in seismic prone regions", composed of: Prof. Dr Aleksandra Bogdanovic (president), Prof. Dr Zoran Rakicevic (member and supervisor), Prof. Dr Roberta Apostolska (member), Prof. Dr Igor Gjorgjiev (member) and Prof. Dr Theodoros Karavasilis from „University of Patras“ – Greece (external member).

The Commission, as listed, thoroughly reviewed, and evaluated the doctoral dissertation. The Scientific Council of the Institute of Earthquake Engineering and Engineering Seismology (IZIIS) in Skopje hereby submits the following

## R E P O R T

**Thesis analysis**

The doctoral dissertation of the candidate MSc Angela Poposka with the title "Enhanced self-centering braced steel frames in seismic prone regions" comprises 153 pages of computer-processed text in Georgia font, with a 1.0 line spacing and 12pt font size (10pt for figure captions and table text).

The work is structured into 7 chapters, covering the introduction, research, and concluding observations, along with 3 appendices. At the end, there is a bibliography listing 113 bibliographic references, including scientific papers, articles, books, reports, elaborates, national regulations, international acts, and internet resources. The sections are organized into points and subpoints with titles and subtitles, ensuring proper tracking of the material processed in the research.

In **Chapter 1**, introductory remarks, and the motivation for the proposed research to improve an existing self-centering steel frame with concentric braces through the implementation of an additional energy dissipation system are provided. Additionally, the subject matter, main goals, and objectives for conducting the research are outlined. The chapter concludes with an overview of the content of the doctoral dissertation.

**Chapter 2** contains a comprehensive overview of the literature on the seismic resistance of conventional braced steel systems and innovative self-centering steel structures. First, a review is provided on the developement of self-centering structures, the self-centering mechanism, as well as the fundamental research on which all subsequently developed systems are based. The chapter also discusses the possibilities for energy dissipation within self-centering systems and the initial application of these systems. A special review highlights self-centering systems with various types of integrated energy dissipation devices, such as viscous energy dissipation devices, hysteretic devices, and others. At the end of the chapter, an overview of the existing literature related to experimentally tested self-centering systems with conventional braces is presented.

**Chapter 3** provides an overview of an experimental research conducted on a self-centering concentrically braced frame on the shake table at DYNLAB-IZIIS within the framework of an European research project under the Horizon 2020 program, Seismology and Earthquake Engineering Research Infrastructure Alliance for Europe (SERA), GA 730900, http://www.sera-eu.org/en/home/. The results are public and available for further usage in research. This chapter thoroughly describes the experimentally tested system, the configurations resulting from brace modifications, the instrumentation scheme, and the used

methodology. Additionally, it presents and discusses key findings from the extensive experimental program. The processed results offered general insights into the behavior of the structural system under real earthquake conditions, providing a clearer understanding of the system's advantages and limitations.

**Chapter 4** provides a detailed description of the numerical modeling technique for the tested self-centering frame, along with the validation process for the analytical model according to the experimental results. The modeling is conducted using the open-source software "OpenSees" and was carried out in several phases and at multiple levels. This included element-level modeling, which focused on accurately representing the brace and gusset plate, as well as frame-level modeling, which was further divided into two phases: a simple model and a robust model. The modeling technique utilized line-based elements from the "OpenSees" library, such as elastic beam-column elements, truss elements, nonlinear beam-column elements and contact zero lengths springs.

The validation of the numerical model involved comparing the numerical results with experimental data for displacements, accelerations, and base forces for all different configurations. The comparison demonstrates a strong correlation between the experimental and analytical results, indicating that the developed model captures the experimental behaviour with sufficient accuracy. Consequently, the used modeling technique can be applied to full-scale structures, enabling more extensive and complex analyses to be carried out.

**Chapter 5** covers a design of a prototype multi-story building, as a conventional frame and as a self-centering frame with a structural configuration corresponding the experimentally tested system. The conventional frame is designed in accordance with Eurocode 8, while the self-centering frame utilizes the same sections for the structural elements as the conventional one. The post-tensioning connection is designed based on the literature recommended equations, using an iterative pushover analysis, to provide comparable shear strength to the conventional frame. Two numerical models are developed for both frames, where the self-centering frame model utilized the validated modeling techniques described in Chapter 4.

To assess and justify the application of these system, a comparative analysis was performed based on the results of both static and dynamic nonlinear assessments. Triangular loading scheme was used for the nonlinear static analysis, while for the nonlinear dynamic analysis, a set of earthquake excitations characterized by varying magnitudes, distances, and frequency content was defined and scale to three levels of interest. The results demonstrate clear positive effects from the implementation of self-centering mechanism; however, several drawbacks of the system were also identified.

**Chapter 6** outlines a procedure for improving and enhancing the tested self-centering system by implementing friction device for energy dissipation and protection of the brace. The general characteristics of friction devices are described, along with preliminary calculations and a proposed configuration for the suggested friction device. Additionally, the chapter discusses the design philosophy for structures with friction devices, emphasizing the importance of optimizing the activation load. The optimal activation load for the prototype frame is determined through a parametric nonlinear dynamic analysis carried out at three levels of damper activation.

Finally, a comparative analysis is performed for the conventional frame, the self-centering frame with concentric braces, and the enhanced self-centering frame with concentric braces and friction devices. This comparison is conducted using nonlinear dynamic analysis for the same set of earthquake excitations defined in Chapter 5, scaled according to the same trend, for three different intensity levels: frequently occurred earthquake, design-based earthquake, and maximum considered earthquake.

**Chapter 7** presents the conclusions of the doctoral dissertation, organized into general conclusions from the overall work and specific, fact-based conclusions derived from the application of the analyses.

**Chapter 8**, titled "References," systematizes the scientific and professional works used in the preparation of the dissertation.

Finally, the appendices to this work are provided, including a detailed instrumentation scheme for the experimental tests, parts of the experimental results discussed in Chapter 3, and a selection of photographs.

**Research topic**

This dissertation focuses on enhancing and improving an existing self-centering structural system. Given that the existing system has been experimentally tested on a shake table, the initial phase of this research focuses on evaluating its dynamic response. The results from these experiments provide valuable insights into the system's behavior during seismic events, pointing out its advantages and disadvantages. Simultaneously, a numerical model of the tested system was developed, and the modeling technique was validated by comparing the numerical results with the experimental data, ensuring accuracy and reliability.

The second phase of the research evaluates the practical application of the tested self-centering system in accordance with current regulations. To this end, a prototype structure is designed as both a conventional frame and a self-centering frame — configured accordingly to the experimentally tested structure. Numerical models are developed for both frames, and nonlinear static and dynamic analyses are performed. For the nonlinear dynamic analyses, a set of 30 earthquake excitations was defined and scaled to three different intensity levels: frequently occurred earthquake, design-based earthquake, and maximum considered earthquake. Through analysis of the results, both the advantages and limitations of the system are identified.

The third phase focuses on enhancing the self-centering system with conventional braces by proposing an additional passive energy dissipation device based on friction. For this purpose, preliminary calculations and a proposed configuration for the friction device are provided. Subsequently, a parametric nonlinear dynamic analysis is performed to optimize the device's activation load, considering three different levels.

Finally, a comparative analysis is conducted using the results from three structural systems with same initial stiffness and period of vibration but with different seismic load-resisting systems—a conventional structure, a self-centering structure with braces, and a self-centering structure with braces and friction devices.

**Data on the dissertation thesis field condition**

Various types of steel structural systems can be employed in seismically active areas according to Eurocode 8. These systems include moment-resisting frames, concentrically braced frames, eccentrically braced frames, and dual systems that combine moment-resisting frames with braced frames. Although these systems differ in terms of their geometric arrangement and method of energy dissipation, they are all designed to respond to earthquakes beyond the elastic range, allowing development of plastic zones that dissipate energy at predetermined locations within the structure, while the overall expectation is that the structure will maintain stable performance and prevent casualties during an earthquake.

While designing structures in the inelastic range is cost-effective, it has two significant drawbacks. In the event of moderate to strong earthquakes, regions that are expected to undergo plastic deformations may sustain considerable damage and experience residual deformations. This condition increases the risk of non-functionality and/or irreparability of the structures after the seismic event.

These reasons emphasize the importance of implementing more resilient structures that are less vulnerable and easier to repair after strong earthquakes, with the aim of minimizing or even preventing economic seismic losses.

Steel self-centering structures with prestressed connections between main structural elements represent a type of resilient seismic-resistant structure that prevent inelastic deformations in the main elements and reduce or eliminate residual drifts. Energy dissipation in these systems is achieved through specialized damping devices or components designed to

undergo inelastic behavior, dissipating part of the system's energy while keeping primary elements (beams and columns) elastic. This combination of behaviors results in a "flag-shaped" hysteresis that describes both energy dissipation and the self-centering capability of the system during cyclic loading.

A self-centering steel system with concentric braces was tested on the shake table at Dynlab IZIIS as part of the SERA project (Seismology and Earthquake Engineering Research Infrastructure Alliance for Europe). Since this system features variable dynamic characteristics, relatively large displacements, and energy dissipation through the braces, a proposal for improving the existing system is being made.

**Short description of the applied methods**

In order to achieve the set goals and objectives, several compatible methods were applied in the doctoral dissertation:

- Review of current knowledge and practices in the field of self-centering steel frames and their application in seismically active regions;
- Analysis of data obtained from experimental dynamic testing of self-centering steel frames with concentric braces on the shake table to evaluate the structure's actual behavior under earthquake loading and to draw conclusions regarding the system;
- Development of a numerical model for the experimentally tested frame and validation of the model based on the experimental results. This validation is essential for justifying the application of the modeling technique to real prototype structures;
- Design of a multi-story prototype structure to assess the application of the self-centering system according to Eurocode standards;
- Definition of a set of earthquake excitations with varying characteristics in terms of magnitude, distance, and frequency content to provide sufficient information for drawing conclusions about the behavior of these systems in seismically active areas;
- Proposal of an additional passive energy dissipation device and its implementation into the prototype structure, creating a more advanced system that can adapt to various seismic actions;
- Parametric analysis for determination device’s optimal activation load;
- Utilization of available powerful open-source software packages for performing nonlinear dynamic analysis on three different earthquake-resistant structural systems: a conventional frame, a self-centering frame with concentric braces, and a self-centering frame with concentric braces and an energy dissipation damper.

**Short description of the research results**

By integrating an additional energy dissipation device into the existing self-centering steel frame with conventional concentric braces, plastic and residual deformations are significantly reduced or even eliminated, while also protecting the brace from buckling. The findings from both experimental and analytical research are organized into two categories: general insights regarding the overall performance of such systems, and specific, fact-based results derived from the analysis of the five different frames.

Firstly, careful examination of the experimental results shows that the tested frame has the capability to offer the self-centering behavior and possesses a certain capacity for energy dissipation through the tensioned brace. Additionally, a numerical model is proposed that accurately replicates the experimental behavior and is suitable for conducting more extensive and complex analyses. To critically evaluate and justify the application of self-centering systems with braces —both with and without a friction damper—under current codes, a prototype building is designed with three different lateral force resisting systems, as a conventional one, as a self-centering, and as a self-centering frame with a friction damper. The self-centering structures are numerically modeled using the validated modeling technique from the experimental tests.

The proposed design procedure within the Eurocodes is simply to apply and results in definition of the cross-section profiles for all structural elements, the required diameters and initial posttensioning forces of the PT bars and the required activation forces for the friction

device. It is found that all designed self-centering frames satisfy the design peak drift criteria and at the same time reduce or eliminate the residual deformation. When comparing the self-centering frame to the conventional frame, the self-centering behavior is evident. However, the maximum displacements in the self-centering frame are, on average, 20% higher than those observed in the conventional frame. This difference is attributed to the limited plastic deformation zones in the self-centering structure, which leads to reduced energy dissipation compared to the conventional frame, particularly during low-frequency seismic excitations.

The proposed friction device acting as fuse, protect the brace from buckling without compromising the superior seismic behaviour of the frame. In other words, damage and energy dissipation are concentrated in the friction device, while the rest of the diagonal brace is expected to remain undamaged. The implementation of this device further allows the primary seismic-resistant system of the frame to be designed for a lower load. The parametric analysis performed for three different activation levels reveals that a lower activation force offers better protection of the brace against buckling but results in less energy dissipation, leading to larger maximum displacements. In contrast, a higher activation force provides less buckling protection but allows for greater energy dissipation, resulting in much smaller maximum displacements during an earthquake. Regarding damage after strong earthquakes, conventional frame exhibits plastic hinges in braces, beams, and columns, while the self-centering frame without device shows plastic deformations primarily in the braces. The improved self-centering frame remains undamaged, requiring only inspection of the friction damper, which highlights the advantages of the enhanced frame in terms of easier post-earthquake repair and recovery. Finally, nonlinear dynamic analyses at design-level and maximum considered earthquake intensities show that the proposed frame with the additional dissipation device experiences maximum story displacements comparable to or smaller than those of the conventional frame having the same cross-sections, but with significantly lower or eliminated residual displacements. The superiority of the proposed frame is particularly evident for maximum considered earthquakes.

**THESIS EVALUATION**

The doctoral dissertation of candidate MSc Angela Poposka with the title "Enhanced self-centering braced steel frames in seismic prone regions" presents significant and original research in the field of earthquake and structural engineering. The conducted research, particularly the development of a low-damage self-centering system with implemented friction-based devices, makes a significant contribution to the field of earthquake engineering and structural control. The friction-based device acts as a fuse, protecting the brace from buckling without compromising the seismic performance of the frame. Additionally, the confirmed modeling technique introduced in this work can be applied to similar frames and full-scale structures, enabling more extensive and complex analyses. The insights gained from this research are valuable for future applications in providing guidelines for the design of innovative systems for lateral load resistance, aiming to increase human safety and reduce the consequences of structural damage and economic loss.

According to the opinion of the Evaluation Committee, the doctoral dissertation of candidate MSc Angela Poposka with the title "Enhanced self-centering braced steel frames in seismic prone regions" fulfils the conditions and standards for a doctoral thesis.

**FULFILLMENT OF LEGAL REQUIREMENTS FOR THESIS DEFENSE**

The candidate, prior to the doctoral thesis defense, has published the following reviewed papers:

(4) **A. Poposka,** Z. Rakicevic, A. Bogdanovic, A. Shoklarovski, F. Manojlovski, Numerical modelling of self-centering concentrically braced steel frames, 19th International Symposium of MASE, 28-29 September 2023, Skopje, North Macedonia, ISBN: 978-608-66946-3-0

(5) **A. Poposka,** A. Shoklarovski, F. Manojlovski, L. Krstevska, A. Bogdanovic, D. Filipovski, I. Markovski, N. Naumovski, Seismic qualification of non-structural elements by shake table testing according to AC-156, Third European Conference on

Earthquake Engineering and Seismology - 3ECEES: September 5-September 9, 2022, Bucharest, Romania, ISBN 978-973-100-533-1 (1212-1219)

(6) Jamie Goggins, Yadong Jiang, Brian M. Broderick, Suhaib Salawdeh, Gerard J.O'Reilly, Ahmed Y. Elghazouli, Hatim Awahsh, Aleksandra Bogdanovic, Zoran Rakicevic, Igor Gjorgjiev, **Angela Poposka**, Borjan Petreski, Igor Markovski, Shake Table Testing of Self-Centring Concentrically Braced Frames, September 2021ce/papers 4(2-4):1949-1956, DOI: 10.1002/cepa.1508

**CONCLUSION AND SUGGESTION**

**Main scientific contributions:**

The main contribution of this dissertation is the proposal of a low-damage self-centering system enhanced with an additional friction-based energy dissipation device.

To achieve this, experimental tests are conducted on a self-centering system without any energy dissipation device. The experimental results point out both the advantages and drawbacks of the system. This data is subsequently used to validate a modeling technique applicable to same or similar self-centering systems.

| 4.3 | **Petar Petrov**, Mile Markoski, Tatjana Mitkova, (2014), The influence of foliar fertilizing with organic fertilizer on cabbage (Brassica oleracea L. var. capitata) yield in the Gevgelija region, Scientific conference: “Challenges in modern agricultural prodaction” Institute of Agriculture, Skopje; ISBN 978-9989-9834-9-8, (21-26), (proceedings); | 4 |
| 4.4 | **Petar Petrov**, Mile Markoski, Vidoja Trpeski, Tatjana Mitkova, (2015), The influence of foliar fertilizing with organic fertilizer on potato (Solanum tuberosum) yield in the Gevgelija region, The 2nd International Symposium for Agriculture and Food (ISAF 2015), Faculty of Agricultural Sciences and Food-Skopje, ISBN 978-9989-845-64-2 (757-762) (proceedings); | 3 |
| 4.5 | Mile Markoski, Zvezda Bogevska, **Petar Petrov**, Vjekoslav Tanaskovik, Margarita Davitkovska And Velibor Spalevic, 2015, The impact of foliar nutrition on the yield of beetroot crop grown in high fertility soil, Agriculture & Forestry, Vol. 61, Issue 2: 235-242, 2015, | 3 |
| 4.6 | **Petar Petrov**, Vesna Markoska, Bojan Mitrovski, (2016), The influence of folijar fertilizing on some chemical parameters of the broccoli (Brassica oleracea l. var. botrytis), Fourth International Conference on Radiation and Applications in Various Fields of Research, DOI: 10.21175/RadProc.2016.42, vol. 1, pp. 179-182, (proceedings); | 4 |
| **5.** | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| 5.1 | **Petar Petrov**, Daniela Belichovska, Bojan Mitrovski, Liljana Pushova, Vesna Markoska, (2016), Revitalization of chemical degraded soils using plant foliar nutrition, International conference contaminated sites 2016, Bratislava, Slovak Republic, p.182-184(proceedings) | 1,2 |
| 5.2 | Katerina Belichovska, Daniela Belichovska, **Petar Petrov**, Suzana Duraku, (2016), Chemical and microbiological characteristics of waste material from fishponds in Republic of Macedonia, International conference contaminated sites 2016, Bratislava, Slovak Republic, p.213-215(proceedings) | 1,2 |
| 6. | **Учество на научен собир со реферат** | |
| 6.1 | **Petar Petrov,** Daniela Belichovska, Bojan Mitrovski, (2017), Rationalization of mineral fertilizers in sugar beet production, European Conference on Remediation Market and Technologies, 20-22 September 2017, Ferrara, Italy, (постер) | 0,5 |
| 6.2 | Bojan Mitrovski, Daniela Belichovska, **Petar Petrov**, (2017), Microbiological analysis of basins water for fish farming, European Conference on Remediation Market and Technologies, 20-22 September 2017, Ferrara, Italy; (постер) | 0,5 |
| 6.3 | Vesna Markoska, **Petar Petrov**, Daniela Belichovska, Bojan Mitrovski, (2018), Physical and Chemical Characteristics of the Perlite from Macedonia and their Usage for Improving the Properties of the Soil, European | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Conference on Remediation Market and Technologies, 19-21 September 2018, Ferrara, Italy (постер) | |
| 6.4 | Daniela Belichovska, Bojan Mitrovski, **Petar Petrov**, Vesna Markoska, (2018), Microbiological Quality Of Commercial Fish Feeds, European Conference on Remediation Market and Technologies, 19-21 September 2018, Ferrara, Italy, (постер) | 0,5 |
| 6.5 | **Petar Petrov**, Lenka Cvetanovka, (2018), The Impact of Soil Fertility and Effective Microorganisms on the Soybean Yield (Glycine Max L. Merrill) in Gevgelija Region, European Conference on Remediation Market and Technologies, 19-21 September 2018, Ferrara, Italy; (постер) | 0,5 |
| 6.6 | Bojan Mitrovski, Vesna Markoska, **Petar Petrov**, Daniela Belichovska, (2019), Features and functions of glass packaging, International scientific conference “Food and its packaging. Risk management in the tourism” New Bulgarian University, Sofia, Republic of Bulgaria; (постер) | 0,5 |
| 6.7 | **Petar Petrov**, (2019), Bioremydiation of chemical degreed soils by application of biostimulants, European Conference on Remediation Market and Technologies, 18-20 September 2019, Ferrara, Italy; (постер) | 0,5 |
| 7. | **Апстракти објавени во зборник на конференција**<br>**-меѓународна** | |
| 7.1. | Blagica Cekova, Viktorija Bezhoska, **Petar Petrov**, Filip Jovanovski, (2016), Ginger-spice and medical plant, XXIV Congres of Chemists and Tehnologist of Macedonia, 11-14 September, 2016, Ohrid, R. Macedonia, ISBN 978-9989-760-13-6 (b.abstract, 109) | 1 |
| 7.2 | Vesna Markoska, **Petar Petrov**, Daniela Belicovska, Bojan Mitrovski, (2018), Aplication of perlite as substrate from the republic of macedonia for improvement on some physical properties ofclay soils, 7th International Symposium on Agricultural Sciences, AGRORES 2018, February 28-March 2, 2018 Banja Luka, Republic of Srpska, Bosnia and Herzegovina, ISBN 978-99938-93-45-5 | 1 |
| 7.3 | **Petar Petrov**, Vesna Markoska, Bojan Mitrovski, Daniela Belichovska, (2018), The impact of soil and foliar fertilization on the content of macrobiogen elements in cauliflower (brassica oleracea var. botrytis), 7th International Symposium on Agricultural Sciences, AGRORES 2018, February 28-March 2, 2018 Banja Luka, Republic of Srpska, Bosnia and Herzegovina, ISBN 978-99938-93-45-5 | 1 |
| 7.4 | Natasha Gjorgovska, Vesna Levkov, Daniela Belichovska, **Petar Petrov**, (2024), Evaluation of the imact of the footprint of poultry waste generated during egg production in farm condition, proceeding of abstracts V.international agricultural, biological, life science conference AGBIOL2024, 18-20 september 2024, Edrine, ISBN: 978-625-95132-0-1 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | **Труд со оригинални научни реултати, објавен во научно/стручно списание** | |
| 8.1 | **Петар Петров**, (2018), Имплементација на системот за контрола на плодноста на почвата и употреба на ѓубривата, превентивна мерка за здравствено безбедна храна, New Balkan Challenges, ISSN 2545-4862, p.67-70 | 3 |
| | **Вкупно** | 119,9 |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Координатор во подготовка на елаборат за нови студиски програми (5), МИТ Универитет, Скопје | 5 |
| 2 | Учество во промотивни активности на ФЗНХ 2012/2013, 2013/2014 | 1 |
| 3 | Учество во промотивни активности МИТ Универзитет 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, | 1,5 |
| 4 | Раководител на лабораторија 2017 –МИТ Универзитет | 1 |
| 5 | Воведување на нова акредитирана метода во соодветна област за прв пат во Институцијата според ISO 17025/2005, ФЗНХ (5) | 5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Член во организационен одбор на научен собир ,,Global challenges and opportunities-future perspectives of developing countries“ 2016 | 0,5 |
| 2 | Член во организационен одбор на научен собир ,,New direction and challenges in transforming societies through a multidisciplinary approach“ 2017 | 0,5 |
| 3 | Член на факултетска комисија за ЕКТС | 0,5 |
| 4 | Член на факултетска комисија за одржување испити | 0,5 |
| 4 | Претседател на Работна група на Институт за сточарство и рибарство за усогласување на научноистражувачките полиња од трето ниво | 0,5 |
| 5 | Заменик-претседател на Комисија за јавни набавки на Институт за сточарство и рибарство | 0,5 |
| 6 | Решение за овластување извршител на тестирања во акредитирана лабораторија за анализа на почва и ѓубрива на според ISO 17025/2005 | 0,5 |
| 7 | Сертификат за управување со потенциометриски уреди на Mettler Toledo | 0,5 |
| 8 | Учесник во едукативно-апликативен национален проект ,,Селектирај земјоделски отпад-добри агроеколошки практики“ 2022, Еклинкс Консалтинг | 0,5 |
| 9 | Изготвување на научен национален проект „Супер храна-јајца збогатени со јод“- соработник | 0,5 |
| 10 | Изготвување на научен национален проект ,,Сточарскиот отпад како суровина за производство на биостимуативни средства“ Супер храна-јајца збогатени со јод“- главен истражувач | 0,5 |
| 11 | Студиски престои во странство:<br>1. Солидарни млади во време на кризи и природни непогоди, 30.5 – 2.6.2018 Хрватска | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. 3rd Regional Youth Forum, RYCO - Regional Youth Cooperation Office, 29.6 – 1.7.2018, Novi Sad, Serbia | |
| 12. | Анализа на механички компоненти, физички и хемиски својства на почви за субвенции, МЗШВ, Скопје, 2007-2014 (аналитичар) | 0,5 |
| 13. | Контрола на квалитет на минерални, органски, органо-минерални ѓубрива, средства за подобрување на својствата на почвата, фитостимулатори, МЗШВ и привани увозници и производители, Скопје, 2007-2014 (аналитичар) | 0,5 |
| 14. | Стручно апликативни елаборати:<br>1. Елаборат за својства на почвите наменети за одгледување на јаболко распространети на површини во сопственост на АГРОПЛОД Ресен, 2013;<br>2. Елаборат Контрола на плодност на почвите со препораки за ѓубрење распространети на површини во сопственост на ДПТ Агроунија , Скопје, 2013,<br>3. Елаборат Контрола на плодност на почвите со препораки за ѓубрење распространети на површини во сопственост на АД Вардар Градско, Градско, 2013, 2014;<br>4. Елаборат Контрола на плодност на почвите со препораки за ѓубрење распространети на површини во сопственост на АД Црвени Брегови, Неготино, 2013, 2014;<br>5. Елаборат Контрола на плодност на почвите со препораки за ѓубрење распространети на површини во сопственост на АД Пелагонија, Битола, 2013, 2014;<br>6. Студија за плодноста на почвите наменети за одгледување на ориентални типови тутун со препораки за ѓубрење, Струмица Табак-Струмица, 2014;<br>7. Елаборат Својства на почвите наменети за одгледување на орев, лековити и зачински растенија распространети на површини во сопственост на Флорес, Радовиш, 2014<br>8. Елаборат за контрола на плодноста на почвата и употреба на ѓубрива во лозов насад во род за АД ТИКВЕШ - Р.Е. Барово, 2020<br>9. Елаборат за контрола на плодноста на почвата и употреба на ѓубрива во органски поледелски посев за АГРОМАКС, Куманово, 2020<br>10. Елаборат за контрола на плодноста на почвата и употреба на ѓубрива во органски овошен насад за МАР-ВИК, Скопје, 2020<br>11. Елаборат за контрола на плодноста на почвата и употреба на ѓубрива во органски посев од феникулум за АГРОСРМОШ, Куманово, 2020<br>12. Елаборат за контрола на плодноста на почвата и употреба на ѓубрива во конвенционален поледелски посев за АГРОЖИТО, Пробиштип, 2020<br>13. Елаборат за контрола на плодноста на почвата и употреба на ѓубрива во конвенционален лозов насад за АД ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ-ТИКВЕШ, Кавадарци, 2022<br>14. Елаборат „Мониторинг на агрохемиските својства на почвата и нивна продуктивност во Општина Конче“, Конче, 2022<br>15. Елаборат за контрола на плодноста на почвата и употреба на ѓубрива во конвенционален лозов насад за АД ГОЦЕ | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | ДЕЛЧЕВ- ТИКВЕШ, Кавадарци, 2023<br>16. Елаборат за контрола на плодноста на почвата и употреба на ѓубрива на лозов насад во род за АД ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ-ТИКВЕШ, Кавадарци, 2024 | |
| | **Вкупно** | 29 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 288,53 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 119,90 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 29,00 |
| **Вкупно** | 437,43 |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ленка Цветановска,**
**редовен професор на Природно-математички факултет во Скопје, претседател, с.р.**

**Д-р Ицко Ѓоргоски,**
**редовен професор на Природно-математички факултет во Скопје, член, с.р.**

**Д-р Божидарка Ѓошиќ-Марковска, редовен професор во пензија на Природно-математички факултет во Скопје, член, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ПРИФАТЕНА ТЕМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУД НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА ВО СКОПЈЕ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Наслов на темата | Ментор | Одлука од Советот на Институтот за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|
| 1. | м-р Елмазе Нура | Контрастни перспективи на театарот: компаративна анализа на методот на актерството на Станиславски и епскиот театар на Брехт<br><br>Contrasting Perspectives on Theatre: A Comparative Analysis of Stanislavsky's Method of Acting and Brecht's Epic Theatre | проф. д-р Мишел Павловски | Бр. 13 - 165/11 од 8.11.2024 |

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА ИСТРАЖУВАЧ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИТЕ ОБЛАСТИ ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА (6.01.01.01) И ИСТОРИЈА НА СТАРИОТ ВЕК (6.01.01.03) ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА АНТИЧКА И СРЕДНОВЕКОВНА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА (ДО 1371 ГОД.), НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА – СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 10.8.2024 година, за избор на еден истражувач во сите научни звања во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 год.), во научноистражувачките области од трето ниво: историја на Македонија (6.01.01.01) и историја на стариот век (6.01.01.03), и врз основа на Одлуката бр. 02-240/4 на Советот на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје од 3.9.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Катерина Младеновска-Ристовска, научен советник/редовен професор во ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, д-р Митко Панов, научен советник/редовен професор во ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, и д-р Драган Ѓалевски, научен советник/редовен професор во ЈНУ Институт за национална историја – Скопје.

По разгледувањето на приложената документација, Рецензентската комисија на Советот на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 10.8.2024 година за избор на еден истражувач во сите научни звања во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 год.) на ЈНУ Институт за национална историја, во научноистражувачките области од трето ниво: историја на Македонија (6.01.01.01) и историја на стариот век (6.01.01.03), во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, д-р Дамјан Донев.

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Дамјан Донев е роден на 29.6.1979 година во Скопје. Средно образование завршил во гимназијата „Орце Николов“ во Скопје, во 1997 година. Образованието го продолжил на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Институт за историја на уметност со археологија (1997 – 1999), а потоа на Колеџот „Дејвис и Елкинс“ во Западна Вирџинија, САД, каде што ги завршил студиите Summa Cum Laude на 6.5.2001 година.

На 2.10.2002 година, кандидатот се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Катедрата за историја на уметност со археологија при Факултетот за општествени и економски науки на Универзитетот „Билкент“ во Анкара, Република Турција. Студиите ги завршил на 28.5.2004 година, со просечен успех 3,94 (од 4,00). На 28.5.2004 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „St. Erasmus (Lychnid) and St. Thecla (Seleucia): a study of two early Christian cultic centers“, пред Комисија во состав: проф. д-р Julian Bennett (ментор), проф. д-р Charles Gates и проф. д-р Douglas Leighton.

Во март 2007 година, кандидатот пријавил докторска дисертација на Универзитетот во Лајден, Холандија. Дисертацијата под наслов: „Rural

Landscapes along the Vardar Valley: two site-less surveys near Veles and Skopje, Republic of Macedonia“, ја одбранил на 24.9.2014 година, пред Комисија во состав: проф. д-р John Bintliff (ментор), проф. д-р Božidar Slapšak, проф. д-р Peter Attema, проф. д-р Maarten Jansen, д-р Mihajlo Popović и д-р Tesse Stek, со што се здобил со научниот степен доктор по археолошки науки.

На 1.8.2013 година кандидатот пријавил втора докторска дисертација на Универзитетот во Лајден, Холандија. Дисертацијата под наслов „The Busy Periphery: urban systems of the Balkan and Danube Provinces (2nd – 3rd c. AD)“ ја одбранил на 6.11.2018 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Luuk de Ligt (ментор), проф. д-р Наде Проева, проф. д-р Jurgen Zangenberg, д-р Jana Horvat, д-р Jeremija Pelgrom и д-р Rens Tacoma, со што се здобил со научниот степен доктор по историски науки.

Во октомври 2005 година, кандидатот бил избран во звањето асистент на Катедрата за архитектура и дизајн при „Американ колеџ“ – Скопје. Во периодот септември 2008 – јули 2003 година, работел како асистент во Институтот „Евро-Балкан“ – Скопје, а од август 2013 до август 2017 година, како истражувач на проектот „An empire of 2000 cities: economic integration and urban networks in the Roman Empire“ при Универзитетот во Лајден, Холандија.

Од декември 2021 година, кандидатот е вработен како научен соработник во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 год.) на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје. Рефератот за избор во звањето научен соработник е објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1244 од 1.9.2021 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на УКИМ при претходниот избор на кандидатот во звање, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од изборот во звањето научен соработник до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**2. Научноистражувачка и наставно-научна дејност на кандидатот**

Од последниот ибор во звање, кандидатот д-р Дамјан Донев има објавено 9 научни трудови, од кои 2 дела од монографии, 4 статии со оригинални научни резултати во списанија со меѓународна редакција и во други научни списанија, како и 3 статии со оригинални научни резултати во зборници на трудови од научни собири.

Негови области на научен интерес и истражување се историјата на стариот век и класичната археологија на Македонија и на поширокиот регион, со посебен интерес за археолошката топографија, систематските рекогносцирања, населбинските мрежи на ниво на микрорегиони и на ниво на пошироки географски подрачја, урбанизацијата, палеодемографијата, како и разни теми од општествената и економската историја.

Од објавените трудови, од посебно значење се неговите два дела од монографии: „The urban corridors of Roman Pannonia“ (*Roman Urban Landscape. Towns and minor settlements from Aquileia to the Danube*, eds. J. Horvat et al., Archaeological Institute, Ljubljana, 2024, 33-51) и „Cocev Kamen: a building in the rock“ (*Prehistory in the Balkans. Interregional research and educational practices*, eds. Goce Naumov, Ljubo Fidanovski, CIP, Skopje, 2023, 121-142). Во првиот од нив, кандидатот се осврнува на урбаната географија на Римска Панонија. Со оглед на тоа што урбанизацијата на оваа провинција била ограничена на тесни појаси по должина на главните природни оски на комуникација, најчесто големите реки,

тој се зафаќа со детална анализа на т.н. урбани коридори како главни канали на протокот на информации, ресурси и население. Анализата укажува дека 80 % од сите археолошки препознатливи централни места биле лоцирани на три коридори кои ја поминувале нејзината периферија, додека областите надвор од нив биле слабо интегрирани во провинцискиот урбан систем, т.е. останале празни места на мапата на патиштата и населбите на Римска Панонија, па оттука е речиси невозможно да се реконструира нивната урбана географија. Вториот труд е посветен на недоволно истражениот археолошки локалитет „Цоцев камен“ и ги презентира резултатите од 3Д-скенирањето на засолништето во карпа, познато како „Голема Пешт“, најголемата од природните шуплини што ја прекриваат неговата површина. Давајќи сознанија за обликот, големината и распространетоста на поединечните карпести резби на ѕидовите и на подот на карпестото засолниште, кандидатот предлага можна реконструкција и интерпретација на овие остатоци, како и можно датирање на карпестите резби, врз основа на познатите факти за хронолошките фази на локалитетот.

Од останатите научни трудови, посебно внимание заслужуваат неговите два научни труда објавени во зборници на трудови презентирани на престижни меѓународни академски собири: „Patterns of urban settlement on and behind the Danube Limes: a geographical perspective“ (*Limes XXIIII*, *Proceedings of the 24th International Congress of Roman Frontier Studies*, eds. S. Golubović et al., Serbia 2018, Belgrade, Archaeological Institute, 2023, 531-542) и „Military forts from the period of the Principate in the Balkan Interior“ (*Strategy and Structures along the Roman Frontier. Proceedings of the 25th International Congress of Roman Frontier Studies 2*, eds. H. Van Enckevort et al., Leiden 2024, Sidestone Press, 69-78), кои претставуваат значајна презентација на нашата историска и археолошка наука пред европската и светската научна јавност.

Останатите научни трудови, објавени во релевантни научни списанија и зборници, се резултат на комплексни историски и археолошки истражувања на разнообразни теми, проследени со систематски рекогносцирања, сондажни ископувања, геофизички снимања, студиозна анализа на археолошки наоди и историски податоци и примена на интердисциплинарен методолошки пристап. Тие се од посебен интерес за осознавањето на топографскиот развој, населбинската динамика, локалната историја, како и археологијата на рударството. Тоа се трудовите: „Неолитската населба на локалитетот Цоцев Камен кај селото Шопско Рударе“ (*Macedoniae Acta Archaeologica* 24, 2023, 35-58, со П. Синадиновски), „Археолошки ископувања на неолитската населба кај Цоцев Камен“ (*Зборник на научни трудови*, ур. Илија Митевски, Музеј на Град Кратово, Кратово 2021, 136-202, со П. Синадиновски et al.), „Ревизиони археолошки рекогносцирања во Кратовско“ (*Зборник на Археолошки музеј* 15, 2023, 158-173, со Б. Вајзова et al.) и „Vidin Grad“, stratigraphic excavations 19/20: another contribution to the settlement topography“ (*Patrimonium* 19, 2021, 43-102). Освен тоа, кандидатот дал значаен придонес и со објавениот научен труд „За бројноста на населението на територијата на Република Северна Македонија во времето на Принципатот“ (*Гласник* 66, 2022, 9-26), збогатувајќи ја со нови сознанија недоволно истражената историска демографија на Македонија, како и на Балканот пошироко.

Кандидатот учествувал со реферати на 10 меѓународни и национални научни собири. Бил вклучен во 7 меѓународни и национални научноистражувачки проекти од областа на археологијата и историјата, од кои на 6 од нив како раководител. Бил член на уредувачкиот одбор на списанието *Journal of Greek Archaeology*, член на организацискиот одбор на Меѓународниот

научен симпозиум *Македонија и Европа: идеи, процеси и личности*, одржан по повод 75 години од основањето на Институтот за национална историја и рецензент на научен труд за зборникот од овој симпозиум.

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатот подготвил еден нов предмет за втор циклус студии на студиската програма Историја на Македонија, еден нов предмет за втор циклус студии на студиската програма Историја на Балканот и еден нов предмет за трет циклус студии на студиската програма Историја на Македонија на ЈНУ Институт за национална историја.

Во рамките на научноистражувачката дејност и наставно-научната дејност, Комисијата ги зеде предвид сите активности остварени од кандидатот во периодот од последниот избор во научно звање до денот на објавувањето на конкурсот, ги разгледа и ги вреднуваше со вкупно 88,2 поена. Комисијата констатираше дека во научноистражувачката и наставно-научната дејност, кандидатот го остварува и го надминува пропишаниот минимален број поени (60) со Правилникот за начинот и постапката за избор во повисоко научно звање, Правилникот за постапката и поблиските критериуми за предвремен избор во научни звања (Сл. весник на РМ бр.82/09) и Правилникот за утврдување на дополнителни критериуми за избор во повисоко научно звање и за предвремен избор во научно звање на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје.

### 3. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Во рамките на стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, д-р Дамјан Донев е претседател на Советот за квалитет на Институтот за национална историја (2024 – 2027) и бил член на две комисии на Институтот за национална историја. Тој, исто така, бил раководител на четири летни школи во рамките на проекти во соработка со Рурскиот универзитет во Бохум. Има одржано две предавања: на Универзитетот „Џон Мур“ во Ливерпул и во Археолошкиот музеј на Република Северна Македонија. Член е и на Македонското археолошко друштво и потпретседател на Здружението на граѓани „Институт за археолошки истражувања“ – Скопје.

Земајќи ги предвид сите активности остварени од кандидатот во периодот од последниот избор во научно звање до денот на објавувањето на конкурсот, Комисијата констатираше дека кандидатот бил активно вклучен во реализација на стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, со што остварил вкупно 22 поени согласно со Правилникот за начинот и постапката за избор во повисоко научно звање, Правилникот за постапката и поблиските критериуми за предвремен избор во научни звања (Сл. весник на РМ бр.82/09) и Правилникот за утврдување на дополнителни критериуми за избор во повисоко научно звање и за предвремен избор во научно звање на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје.

**Заклучок и предлог**

Разгледувајќи ја севкупната доставена документација, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува научноистражувачката, наставно-образовната и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Дамјан Донев.

Врз основа на изнесените податоци за активноста на кандидатот во периодот од последниот избор во научно звање до денот на објавувањето на конкурсот, Комисијата заклучи дека д-р Дамјан Донев поседува научни и стручни квалитети пропишани со Законот за научноистражувачката дејност, Правилникот за начинот и постапката за избор во повисоко научно звање, Правилникот за постапката и поблиските критериуми за предвремен избор во научни звања (Сл. весник на РМ бр.82/09) и Правилникот за утврдување на дополнителни критериуми за избор во повисоко научно звање и за предвремен избор во научно звање на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје. Во таа смисла, Комисијата утврди дека д-р Дамјан Донев, во периодот од последниот избор во научно звање до денот на објавувањето на конкурсот, остварил вкупно 110,2 поена, со што го надминува минималниот број потребни поени (75) за избор во звањето виш научен соработник и со тоа ги исполнува условите да биде предвремено избран во звањето виш научен соработник.

Во согласност со изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Советот на ЈНУ Институт за национална историја – Скопје, д-р Дамјан Донев да биде предвремено избран во звањето виш научен соработник во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 год.) во научноистражувачките области: историја на Македонија (6.01.01.01) и историја на стариот век (6.01.01.03).

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска, с.р.**
**Проф. д-р Митко Панов, с.р.**
**Проф. д-р Драган Ѓалевски, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Дамјан Донев
**Институција:** ЈНУ Институт за национална историја – Скопје
**Научна област:** историја на Македонија (6.01.01.01) и историја на стариот век (6.01.01.03)

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 4.00 (од 4.00).<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 3,94 (од 4.00).<br>Просечниот успех изнесува 3,97 за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: историја на Македонија (6.01.01.01) и историја на стариот век (6.01.01.03), поле: историски науки, подрачје: хуманистички науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: __________<br>2. Назив на електронската база на списанија: __________<br><br>3. Наслов на трудот: ______________ | |

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| | 4. Година на објава: _____________ | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>I<br>1. Назив на научното списание: *Патримониум*<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупен број на членови 11, Македонија (5), Србија (1), Бугарија (1), Грција (1), Чешка (1), Русија (1) и Романија (1)<br>3. Наслов на трудот: „Vidin Grad“, stratigraphic excavations 19/20: another contribution to the settlement topography<br>4. Година на објава: 2021<br><br>II<br>1. Назив на научното списание: *Гласник*<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупен број на членови 12, Македонија (7), Босна и Херцеговина (1), Грузија (1), Украина (1), Русија (1) и Турција (1)<br>3. Наслов на трудот: „За бројноста на населението на територијата на Република Северна Македонија во времето на Принципатот“<br>4. Година на објава: 2022 | ДА |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1.Назив на научното списание: __________<br>2.Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_________<br>3. Наслов на трудот: ______________<br>4. Година на објава: ______________ | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br><br>I<br>1. Наслов на книгата: *Roman Urban Landscape. Towns and minor settlements from Aquileia to the Danube*, „The urban corridors of Roman Pannonia“ | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Словенија<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Археолошки Институт САЗУ, 2024, Љубљана | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>I<br>1. Назив на зборникот: *Strategy and Structures along the Roman Frontier. Proceedings of the 25th International Congress of Roman Frontier Studies 2*, eds. H. Van Enckevort, M. Driessen, E. Graafstal, T. Hazenberg, T. Ivleva & C. Van Driel-Murray, Laiden, Sidestone Press, 2024.<br>2. Назив на меѓународниот собир: *25$^{th}$ International Limes Congress*<br>3. Имиња на земјите: Холандија, Велика Британија, Германија и Бугарија<br>4. Наслов на трудот: „Military forts from the period of the Principate in the Balkan Interior“<br>5. Година на објава: 2024<br><br>II<br>1. Назив на зборникот: *Limes XXIIII. Proceedings of the 24th International Congress of Roman Frontier Studies,* eds. S. Golubović, D. Breeze, S. Sommer, L. Vagalinski, M. Sanader, M. Korać, N. Mrđić, I. Kosanović, M. Marjanović, G. Jeremić & N. Gavrilović Vitas, Serbia 2018, Belgrade, Archaeological Institute, 2023.<br>2. Назив на меѓународниот собир: *24th International Limes Congress*<br>3. Имиња на земјите: Велика Британија, Германија, Хрватска, Бугарија и Србија<br>4. Наслов на трудот: „Patterns of urban settlement on and behind the Danube Limes: a geographical perspective“<br>Година на објава: 2023 | ДА |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: ________<br>2. Година на објава ___________<br>3. Издавач, место на издавање и година _______________ | |

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| | | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – научен соработник, датум и број на Билтен: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, број 1244, од 1.9.2021 година | ДА |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска, с.р.**
**Проф. д-р Митко Панов, с.р.**
**Проф. д-р Драган Ѓалевски, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Дамјан Донев
**Институција:** ЈНУ Институт за национална историја – Скопје
**Научна област:** историја на Македонија (6.01.01.01) и историја на стариот век (6.01.01.03)

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ (НИ, НН) | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјата | Во странство |
| 1. | **Дел од монографија** | | |
| 1.1 | „Cocev Kamen: a building in the rock“, *Prehistory in the Balkans. Interregional research and educational practices*, eds. Goce Naumov, Ljubo Fidanovski, CIP, Skopje, 2023, 121-142. | 4 | |
| 1.2 | „The urban corridors of Roman Pannonia“,*Roman Urban Landscape. Towns and minor settlements from Aquileia to the Danube*, eds. J. Horvat, S. Groh, K. Strobel & M. Belak, Archaeological Institute, Ljubljana, 2024, 33-51. | | 6 |
| 2. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание** | | |
| 2.1 | „Ревизиони археолошки рекогносцирања во кратовско.“, *Зборник на Археолошки Музеј* 15, 2023, 158-173 (со Б. Вајзова, Г. Гајгер, Р. Ивановиќ). | 3,6 | |
| 2.2 | „Неолитската населба на локалитетот Цоцев Камен кај селото Шопско Рударе“, *Macedoniae Acta Archaeologica* 24, 2023, 35-58 (со П. Синадиновски). | 5,4 | |
| 3. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во списание со меѓународна редакција** | | |
| 3.1 | „Vidin Grad“, stratigraphic excavations 19/20: another contribution to the settlement topography“, *Patrimonium* 19, 2021, 43-102. | 6 | |
| 3.2 | „За бројноста на населението на територијата на Република Северна Македонија во времето на Принципатот“, *Гласник* 66, 2022, 9-26. | 6 | |
| 4. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир** | | |
| 4.1 | „Археолошки ископувања на неолитската населба кај Цоцев Камен.“, во ур. Илија Митевски, *Зборник на научни трудови*, Музеј на Град Кратово, Кратово 2021, 136-202 (со П. Синадиновски, И. Митевски, Н. Пивко, Д. Митевски, Ј. Ристов). | 1,2 | |
| 4.2 | „Patterns of urban settlement on and behind the Danube Limes: a geographical perspective“, in: ed. Snežana Golubović, D. Breeze, S. Sommer, L. Vagalinski, M. Sanader, M. Korać, N. Mrđić, I. Kosanović, M. Marjanović, G. Jeremić, N. Gavrilović Vita, *Limes XXIIII*, *Proceedings of the 24th International Congress of Roman Frontier* | | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *Studies*, Serbia 2018, Belgrade, Archaeological Institute, 2023, 531-542. | | |
| 4.3 | „Military forts from the period of the Principate in the Balkan Interior“, in eds. H. Van Enckevort, M. Driessen, E. Graafstal, T. Hazenberg, T. Ivleva & C. Van Driel-Murray, *Strategy and Structures along the Roman Frontier. Proceedings of the 25th International Congress of Roman Frontier Studies 2*, Leiden 2024, Sidestone Press, 69-78. | | 3 |
| 5. | **Учество на национален научен собир со реферат** | | |
| 5.1 | „Ревизиони археолошки рекогносцирања во Преспа, 2019“, *25. Конгрес на Македонското археолошко друштво*, Скопје, декември 2021. | 1 | |
| 6. | **Учество на меѓународен научен собир со реферат** | | |
| 6.1 | „The princely burials of the Balkan Peninsula in context“, *II Conference Perspectives on Balkan Archaeology*, Охрид, 05.2022. | 1,5 | |
| 6.2 | „Military forts in the Balkan interior from the time of the Principate“, *25th LIMES Congress*, Nijmegen, 08.2022. | | 2 |
| 6.3 | „The urban corridors of Roman Pannonia“, *Roman Urbanism in the northeastern part of regio X, Noricum and the Pannonian provinces*, Целје, Словенија, 10.2022. | | 2 |
| 6.4 | „Ancient mining and settlement in Mount Osogovo“, *44th International Mediterranean Survey Workshop*, Brussels, 12.2022. | | 2 |
| 6.5 | „Merging survey data across scales“, *45th International Mediterranean Survey Workshop*, Groningen, 03.2023. | | 2 |
| 6.6 | „За придонесот на археологијата во македонската историографија“, Меѓународен научен симпозиум одржан по повод 75 години од основањето на ИНИ, *Европа и Македонија: идеи, процеси и личности*, Скопје, 09.2023. | 1,5 | |
| 6.7 | „The distribution of countryside chapels and sacred places in Skopjan Montenegro“, *Материјалните рефлексии на сакралното*, Охрид, 09.2023 | 1,5 | |
| 6.8 | „Margarit Dimica: the first classicist from Macedonia“, *The role of historical figures in history and collective memory*, Skopje, 11.2023. | 1,5 | |
| 6.9 | „Archaeological survey and test-probing at a multiperiod settlement in the Middle Vardar Valley“, *46th International Mediterranean Survey Workshop*, Athens, 04.2024. | | 2 |
| 7. | **Раководител на научен проект** | | |
| 7.1 | „Систематски рекогносцирања во атарот на село Наколец, Преспа“, во соработка со Рурскиот Универзитет во Бохум и Археолошкиот Музеј на Република Северна Македонија, ноември 2021. | 4 | |
| 7.2 | „Ревизиони и систематски рекогносцирања во кратовско и пробиштипско“, во соработка со Рурскиот | 4 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Универзитет во Бохум и Археолошкиот Музеј на Република Северна Македонија, март - април 2022. | | |
| 7.3 | Кратово 2022, регионални истражувања: обработка на движниот материјал, во соработка со Рурскиот Универзитет од Бохум, ноември 2022, Кратово. | 4 | |
| 7.4 | Преспа 2021, Кратово 2022, регионални истражувања: обработка на движниот материјал, во соработка со Рурскиот Универзитет во Бохум, јули 2023, Скопје-Кратово. | 4 | |
| 7.5 | Микротопографија на Видин Град: некрополи, во соработка со Археолошки Музеј на Република Северна Македонија, септември 2023, Водоврати, Градско. | 4 | |
| 7.6 | Стари рударски галерии во осоговскиот крај, во соработка со Институтот за Археолошки Науки при Универзитетот во Берн, Кратово, јули 2024. | 4 | |
| 8. | **Учесник во научен проект** | | |
| 8.1 | Заштитни ископувања на локалитет Меѓудрумје, кај новата клучка кај село Ветуница, општина Ранковце, проект на Националниот Конзерваторски Центар, Скопје, 07 и 08. 2023. | 2 | |
| 9. | **Член во уредувачки одбор на научно списание СЦИ/ЦА/друго** | | |
| 9.1 | Член на уредувачкиот одбор на списанието *Journal of Greek Archaeology* | 2 | |
| 10. | **Член на организациски одбор на меѓународен научен собир** | | |
| 10.1 | Член на организацискиот одбор на Меѓународниот научен симпозиум *Македонија и Европа: идеи, процеси и личности*, одржан по повод 75 години од основањето на ИНИ | 1 | |
| 11. | **Рецензент на научен труд/статија** | | |
| 11.1 | Рецензент на научен труд за Зборникот на трудови од меѓународниот научен симпозиум *Македонија и Европа: идеи, процеси и личности*, Скопје, ИНИ, 09.2023 | 1 | |
| 12. | **Подготовка на нов предмет на втор и трет циклус студии** | | |
| 12.1 | „Извори и историографија за античката историја на Македонија“ на втор циклус студии на студиската програма Историја на Македонија на ЈНУ Институт за национална историја | 1 | |
| 12.2 | „Извори и историографија за античката историја на Балканот“ на втор циклус студии на студиската програма Историја на Балканот на ЈНУ Институт за национална историја | 1 | |
| 12.3 | „Преглед на археолошките извори за античката историја на Балканот“ на трет циклус студии на студиската програма Историја на Македонија на ЈНУ Институт за национална историја | 1 | |
| | ВКУПНО ПОЕНИ: | 88,2 | |

| Ред. бр. | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјата | Во странство |
| 1. | **Раководител на научен семинар/летна школа** | | |
| 11.1 | Јули 2023, Обработка на керамичките наоди од рекогносцирањата во Преспа и Кратовско, раководител на проект и летна школа, соработка со Рурскиот универзитет во Бохум, Институт за археолошки науки | 4 | |
| 1.2 | Март – април 2022, Kratovo Regional Project and site revisits, раководител на проект и летна школа, соработка со Рурскиот универзитет во Бохум, Институт за археолошки науки | 4 | |
| 1.3 | Ноември 2021, Prespa Regional Project, соработка со Рурскиот универзитет во Бохум, раководител на проект и летна школа, Институт за археолошки науки | 4 | |
| 1.4 | Ноември 2022, Обработка на керамички наоди од ископувањата на локалитетот Големо Градиште, Коњух и систематското рекогносцирање во кратовскиот крај, раководител на проект и летна школа, соработка со Рурскиот универзитет во Бохум, Институт за археолошки науки | 4 | |
| 2. | **Предавања на институции од јавен интерес, културно-информативни центри** | | |
| 2.1 | Предавања одржани на 13.3.2024 г., на Универзитетот „Џон Мур“ во Ливерпул, на тема: „Археолошки истражувања во средниот тек на реката Вардар и Кратовско“ | 0,5 | |
| 2.2 | Предавање одржано на 28.5.2024, во Археолошкиот музеј на Република Северна Македонија, на тема: „Јужното подножје на локалитетот Големо Градиште кај село Коњух“ | 0,5 | |
| 3. | **Член на комисии при Институтот (експертски активности кои Наставно-научниот совет, односно Советот на Институтот ги утврдува со бодови)** | | |
| 3.1 | Претседател на Советот за квалитет на ИНИ, 2024 – 2027 | 1 | |
| 3.2 | Член на Комисијата за попис на инвентарот на ИНИ, јануари 2024 | 1 | |
| 3.3 | Член на Конкурсната комисија за избор на директор на ИНИ, мај 2023 | 1 | |
| 4. | **Член во комисии и тела на државни и други органи/здруженија** | | |
| 4.1 | Член на Македонското археолошко друштво | 1 | |
| 4.2 | Потпретседател на Здружението на граѓани „Институт за археолошки истражувања“ – Скопје | 1 | |
| | ВКУПНО ПОЕНИ: | 22 | |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | ПОЕНИ |
|---|---|
| Научноистражувачка и наставно-образовна дејност | 88,2 |
| Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес | 22 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ:** | **110,2** |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска, с.р.**
**Проф. д-р Митко Панов, с.р.**
**Проф. д-р Драган Ѓалевски, с.р.**